МЕЃУНАРОДЕН ЦЕНТАР ЗА СЛАВЈАНСКА ПРОСВЕТА - СВЕТИ НИКОЛЕ

«МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД»

(ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН, ИНФОРМАТИКА, ЕКОЛОГИЈА)

СПИСАНИЕ

на научни трудови

ОСМА МЕЃУНАРОДНА НАУЧНА КОНФЕРЕНЦИЈА МЕЃУНАРОДЕН СЛАВЈАНСКИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГАВРИЛО РОМАНОВИЧ ДЕРЖАВИН“

Година IV *Број 1* *Април 2017*

- СВЕТИ НИКОЛЕ, Р. МАКЕДОНИЈА -
- 2017 -

Издавач: Меѓународен Центар за Славјанска Просвета - Свети Николе

За издавачот: Доц. д-р Јордан Ѓорчев, директор

Наслов: «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК - ЗАПАД» (ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН, ИНФОРМАТИКА, ЕКОЛОГИЈА)

Организационен одбор:
Претседател: д-р Јордан Ѓорчев, Македонија
Заменик Претседател: д-р Стромов Владимир Јуревич, Русија
Член: м-р Борче Серафимовски, Македонија

Уредувачки одбор:
Проф. д-р Душан Николовски, Македонија
Доц. д-р Александар Илиевски, Македонија
Проф. д-р Мирослав Крстиќ, Србија
Проф. д-р Момчило Симоновиќ, Србија
Проф. д-р Тодор Галунов – Бугарија
Проф. д-р Даниела Тасевска – Бугарија
Доц. д-р Хаџиб Салкич, Босна и Херцеговина
д-р Татјана Осадчаја, Русија
Доц. д-р Вера Шунаева, Русија

Технички раководител: Михаела Ѓорчева

Технички секретар на конференцијата: м-р Милена Спасовска

Уредник: Доц. д-р Јордан Ѓорчев

Компјутерска обработка и дизајн: м-р Милена Спасовска

ISSN (принт) 1857-9299
ISSN (онлајн) 1857-9302

Адреса на комисијата: ул. Маршал Тито 77, Свети Николе, Р. Македонија

Контакт телефон: +389 (0)32 440 330

Организациониот одбор им се заблагодарува на сите учесници за соработката!

Напомена:
Организациониот одбор на Осмата меѓународна научна конференција «МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ: ИСТОК-ЗАПАД» не одговара за можните повреди на авторските права на научните трудови објавени во списанието. Целосната одговорност за оригиналноста, автентичноста и лекторирањето на научните трудови објавени во списанието е на самите автори на трудовите.

Печати: Печатница МЦСП, Свети Николе

Тираж: 100

МЕЃУНАРОДЕН ДИЈАЛОГ

ИСТОК - ЗАПАД

(ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН, ИНФОРМАТИКА, ЕКОЛОГИЈА)

ОБЛАСТ

ЕКОНОМИЈА, БЕЗБЕДНОСНО ИНЖЕНЕРСТВО, АРХИТЕКТУРА И ДИЗАЈН, ИНФОРМАТИКА, ЕКОЛОГИЈА

СОДРЖИНА

Д-р Ракип Малоски
ТРОШОЦИТЕ ВО ЗДРАВСТВОТО ВРЗ БАЗА НА АКТИВНОСТИ ИЗРАЗЕНИ ВО ЕДИНИЦА ВРЕМЕ **1**

Доц. д-р Јулијана Силјаноска
Доц. д-р Лидија Ѓошевска
Доц. д-р Стевчо Димески
Теодора Ристеска
МЕНАЏИРАЊЕ СО КОМУНИКАЦИТЕ ВО УСЛОВИ НА ДЕЛОВНА КРИЗА **9**

Доц. д-р Јулијана Силјаноска
Теодора Ристеска
Златко Силјаноски
ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
CAPITAL MARKET IN REPUBLIC OF MACEDONIA **15**

Доц. Д-р. Лидија Ѓошевска
Доц. Д-р. Стевчо Димески
Доц. Д-р. Јулијана Силјаноска
ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА **21**

Еленица Софијанова
Ѓорѓина Ќимова
КОДЕКСОТ НА ЕТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА ВО РАБОТНИОТ ПРОЦЕС **27**

Еленица Софијанова
Ѓорѓина Ќимова
Благица Накова
ФОРМУЛИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈА КАКО ЕДЕН ОД ЧЕКОРИТЕ ВО МЕНАЏЕРСКАТА ФУНКЦИЈА - ПЛАНИРАЊЕ
FORMULATION AND IMPLEMENTATION OF STRATEGY AS A STEP IN THE MANAGEMENT FUNCTIONS - PLANNING **33**

Д-р Димитар Аневски
Доц. д-р Елена Темелковска-Аневска
КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОЗНАЧАЈНИТЕ ФИНАНСИСКИТЕ СИСТЕМИ **37**

М-р Марица Антовска
ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНОВАЦИИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО МЕЃУНАРОДНАТА КОНКУРЕНЦИЈА (СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС СЕКТОР) **43**

Атанасовска Юлия
ГУМАНИТАРНО-ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫЕ РЕЗЕРВЫ ЭКОНОМИКИ РАЗВИВАЮЩИХСЯ СТРАН **49**

В. П. Гаврилова
Е. М. Емшова
ЕФЕКТОТ НА ПСИХОЛОНГВИСТИКАТА КАЈ ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ **53**

Vladimir Gonovski PhD
POSSIBILITIES OF SOCIAL MEDIA FOR SUCCESSFUL MARKETING **59**

Зоренко Ангелина Александровна
Грузденко Полина Витальевна
ГЕЙМИФИКАЦИЯ КАК НОВАЯ ТЕНДЕНЦИЯ В СОВРЕМЕННОМ МАРКЕТИНГЕ **65**

Прохоренко Алексей Сергеевич
ЭЛЕКТРОННАЯ КОММЕРЦИЯ В ЭКОНОМИКЕ **71**

Драган Ѓурчевски
РАЗВОЈ НА МЕЃУНАРОДНИТЕ ОДНОСИ И ЕКОНОМСКАТА СОРАБОТКА ПОМЕЃУ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА И РУСИЈА **75**

Штапова И.С.
ГОСУДАРСТВЕННОЕ РЕГУЛИРОВАНИЕ АНТИМОНОПОЛЬНОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ В РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ **81**

Елена Михайловна Джурбина
Олег Юрьевич Долгов
ИНСТИТУЦИОНАЛЬНЫЕ ФАКТОРЫ ДИНАМИКИ НАЛОГОВЫХ УСИЛИЙ РЕГИОНОВ РОССИЙСКОЙ ФЕДЕРАЦИИ **87**

Елена Михайловна Джурбина
Дмитрий Иванович Фатеев
АКТУАЛЬНЫЕ ПРОБЛЕМЫ ФУНКЦИОНИРОВАНИЯ НАЛОГОВОЙ СИСТЕМЫ РОССИИ В КОНТЕКСТЕ СОВЕРШЕНСТВОВАНИЯ ФИСКАЛЬНОГО ФЕДЕРАЛИЗМА **93**

Николче Талевски
Марија Котевска Димовска
Драган Романски
МОДЕЛ ЗА КВАЛИТЕТЕН МЕНАЏМЕНТ **99**

Волкова М.С.
КОМПЛЕКСНЫЙ ПОДХОД К ФОРМИРОВАНИЮ СИСТЕМЫ ИНФРАСТРУКТУРНОГО ОБЕСПЕЧЕНИЯ СОЦИАЛЬНО-ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСКОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ **103**

Проф. д-р Стевчо Димески
Доц. д-р. Лидија Ѓошевска
Доц. д-р Јулијана Силјаноска
ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ИМПЛИЦИРАНИ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА **111**

Д-р Дејан Крстевски
ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МАРКЕТИНГ – СТРАТЕГИИ ВО УСЛУГИТЕ **115**

Д-р Дејан Крстевски
РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 121

Д-р Дејан Крстевски
МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУГИ ВО ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР 129

Асс. м-р Мартин Ѓорѓиев
Асс. м-р Елена Златева
ПРАВНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА КАКО ФАКТОР ЗА НЕУСПЕХ НА КОМПАНИИТЕ И МЕНАЏЕРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА 135

Prof. Dr. Nikola Popovski
Prof. Dr. Lence Petreska
EMPLOYMENT POLICIES IN THE MIDDLE INCOME 139

Проф.д-р Ленче Петреска
Проф.д-р Павлина Стојанова
ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАЗАРНОТО УЧЕСТВО И ОСТВАРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ ПРЕКУ МЕРЏИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕЛЕКОМУНУКАЦИСКИ ПАЗАР 145

Митревска Кристина
ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И НЕЈЗИНИТЕ НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ ВРЗ ПАЗАРОТ НА ТРУД *151*

Проф. д-р Павлина Стојанова
Проф. д-р Никола Поповски
ПОТРЕБАТА ОД ФОРЕНЗИЧКА РЕВИЗИЈА КАКО НАДОПЛОНУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА НЕЗАВИСНА РЕВИЗИЈА ВО ОТКРИВАЊЕТО НА ИЗМАМИТЕ 157

Проф.д-р Емилија Стевановска
Проф. д-р Павлина Стојанова
Проф.д-р Ленче Петреска
ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ИНОВАЦИИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАЗАРНОТО УЧЕСТВО НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА 163

Д-р Борис Арсов
АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ТВ МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2011-2015 И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ 169

Проф. д-р Шекеринка Ивановска,
БРЕНД ИНДЕКСОТ НА ДРЖАВИТЕ КАКО ПОКАЗАТЕЛ ЗА КОМПЕТИТИВНИ ПРЕДНОСТИ НА ГЛОБАЛНИОТ ПАЗАР 179

Доц. д-р Костадин Дуковски
Проф. д-р Павлина Стојанова
Проф. д-р Ленче Петреска
ВАЖНОСТА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ СКЕПТИЦИЗАМ ВО ПРИСТАПОТ НА РЕВИЗОРОТ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА МОЖНА ИЗМАМА ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ **187**

Д-р Јордан Ѓорчев
Проф. д-р Душан Николовски
Доц. д-р Љупчо Вчков
МЕТОДОЛОШКИ КОНЦЕПТ ЗА ИЗБОР НА КОНСУЛТАНТ ЗА СИСТЕМ НА ЕНАЏМЕНТ **193**

Ibrahim Obhođaš, Ph. D.
Hadžib Salkić, Ph. D.
PRIMJENA REGRESIONE ANALIZE U UTICAJU FDI, STOPE NAZAPOSLENOSTI NA BUDŽET BOSNE I HERCEGOVINE **201**

Проф. д-р. Менде Солунчевски
Доц. д-р Лидија Стефановска
Доц. д-р Марија Котевска Димовска
СТРАТЕГИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ СО ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА КАКО УСЛОВ ЗА ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ПОЖАРНИКАРИ ВО АКЦИИТЕ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ **209**

Доц. д-р Синиша Цветковиќ,
Проф. д-р Зоран Трифунов
ТРЕТМАНОТ НА НОВИТЕ РИЗИЦИ ВО ПОДЕМ ВО СТРАТЕГИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА **217**

Доц. д-р Синиша Цветковиќ,
БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИЈА НА ЗАПАЛИВА ПРАШИНА **223**

Раце Трајковски
Росе Смилески
УПРАВУВАЊЕ СО ГОРИВА, МАСЛА И МАЗИВА **229**

V.P. Gavrilova
V. N. Bogdanova
ESTRANGEMENT: CREATIVE VIRTUE OF BUILDING PSYCHOSOMATIC HEALTH IN THE CITY **237**

Д-р Снежана Малцов
М-р Силивија Мироновска
БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ **245**

Д-р Снежана Малцов
М-р Силивија Мироновска
ИДНИТЕ СТРАТЕГИИ И МОДЕРНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА **251**

Д-р Снежана Малцов
НАЧИН НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТЕЊЕ СО ОПАСНИ ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИ **261**

Д-р Снежана Малцов
ЛОГИСТИКАТА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА **269**

СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА **277**

Мартин Савевски
ТЕХНИЧКАТА ДИЈАГНОСТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА **285**

Д-р Слободан Бундалевски
БЕЗБЕДНОСНИ АСПЕКТИ ПРИ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ОДРЕДУВАЊЕ НА СИЛАТА НА ПОТИСОКОТ НА РАКЕТНИ МОТОРИ **291**

Д-р Дејан Крстевски
БУЧАВАТА КАКО ЕКОЛОШКО ЗАГАДУВАЊЕ **299**

Проф.д-р. Алексадар Грозданoвски
КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ **303**

Проф.д-р. Алексадар Грозданoвски
НАЧИНИ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА **309**

Доц. д-р Жанета Сервини
М-р Јани Сервини
РАЗВОЈ НА АНР МОДЕЛ (ХИЕРАРХИЈА) НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИОРЕТИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ **315**

Доц. д-р Жанета Сервини
М-р Јани Сервини
МОДЕЛ НА СИСТЕМ ЗА ПОДДРШКА НА ОДЛУЧУВАЊЕТО (СПО) СО МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ПРИСТАП **323**

Гвоздкова И.Н., к.пед.н., доцент
Омельченко Д.И., студентка
ИНФОРМАЦИОННАЯ СОСТАВЛЯЮЩАЯ СОБЫТИЙНОГО ДИЗАЙНА В СОВРЕМЕННЫХ УСЛОВИЯХ **331**

Mahir Zajmović, MA.
Hadžib Salkić, Ph. D.
INFORMACIJSKI SISTEM ZA UNAPREĐENJE POSLOVANJA VELETRGOVINE **337**

Д-р Ѓоко Стрезовски
ПРИМЕНАТА НА АКТИВНИТЕ ЕКОЛОШКИ МЕРКИ ВО ФУНКЦИЈА НА ЗНАЧИТЕЛНОТО ПОДИГНУВАЊЕ НА КВАЛИТЕТОТ НА ВОДАТА НА ПРЕСПАНСКОТО ЕЗЕРО **345**

Мартин Савевски
Бојан Михајловски
НОВ ПРИСТАП ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДОТ И ФУТУРИСТИЧКА ГАРБОЛОГИЈА **355**

Ю.В. Алтабаева
ОЦЕНКА ПРИМЕНИМОСТИ МЕМБРАННЫХ НОСИТЕЛЕЙ В КАЧЕСТВЕ СРЕДСТВА ПРОБООТБОРА И ТРАНСПОРТИРОВКИ БИОМАТЕРИАЛА РАСТЕНИЙ ДЛЯ ДНК-ДИАГНОСТИКИ ФИТОПАТОЛОГИЙ **361**

657.471:614.2

Д-р Ракип Малоски
e-mail: rakipmaloski@hotmail.com

ТРОШОЦИТЕ ВО ЗДРАВСТВОТО ВРЗ БАЗА НА АКТИВНОСТИ ИЗРАЗЕНИ ВО ЕДИНИЦА ВРЕМЕ

Апстракт: Во здравството секоја здравствена услуга вклучува третман на повеќе различни ресурси, како што се медицинскиот и помошен персонал, медицинската опрема и технологија, медицински и други материјали, администрација, простор итн. Овие основни ресурси нудат различни можности со различни трошоци во здравството.

При користење на здравствени услуги, за секој третман е потребно време и ангажирање на различни видови ресурси. Во зависност од времетраењето на овие активности и ангажираните ресурси, здравствената организација со примена на методата за пресметување на трошоците според активностите врз база на времето (Time-Driven Activity-Based Costing = TDABC метода) може да има увид врз трошковната искористеност или неискористеност на својот капацитет. Оваа TDABC метода, својот фокус го става првенствено врз трошоците на фактички искористените ресурси и ресурсите со кои располага самата здравствена организација. Здравствената организација, теоретски може да добие информација за трошоците притоа да има увид во кој сегмент доволно или недоволно ги користи своите расположиви ресурси.

Клучни зборови: Здравствени трошоци, единица време, TDABC метода, здравствена организација.

HEALTHCARE COSTS ON THE BASIS OF THE ACTIVITIES EXPRESSED IN THE UNIT OF TIME

Abstract: In healthcare, every health service includes treatment of multiple resources such as medical and paramedical staff, medical equipment and technology, medical and other supplies, administration, space etc. These resources offer different possibilities with different costs in health care.

When using medical services each treatment takes time and engaging different types of resources. Depending on the duration of these activities and the resources used, the health organization with the method for calculating the eligible costs of the activities on the basis of time (Time-Driven Activity-Based Costing = TDABC method) may be inspected on the cost utilization or underutilization of its capacity. This TDABC method has its focus primarily on the costs of the actual use of resources and resources available to the health organization. The health organization, can theoretically obtain cost information thus have insight into that segment enough or not enough use of its available resources.

Keywords: health care costs, the unit time, TDABC method, Health Organization.

ВОВЕД

Секоја здравствена организација во пружењето на своите здравствени услуги (ЗУ) прави трошоци. Точното мерење на трошоците во здравството е

тешка задача главно поради инхерентната сложеност на самото здравство. [1]Според TDABC методата најпрво се пресметуваат трошоците на капацитетот на расположивите ресурси. Се опфаќаат трошоците на сите ресурси (персонал, опрема, технологија, медицински и други материјали итн.) со кои располага здравствената организација (ЗО).

Се утврдуваат вкупните трошоци на годишно ниво, потоа истите се делат со капацитетот на времето кое е потребно вработените да ја извршат својата работа, со цел да се добие стапката на трошоци на капацитетот. Вкупните трошоци се собираат по вработен, потоа се делат со расположивото време на вработениот. Фактички, стапката на трошоци на капацитетот е еднаква на односот помеѓу вкупните трошоци на капацитетот и расположивиот капацитет на време по вработен во здравствената организација.

Стапката на трошоци на капацитетот се користи во секој сегмент на различните видови ресурси (оддели во ЗО) со цел да се процени потребното време т.е. активностите за спроведување на здравствената услуга (ЗУ) или третман. За подобро разбирање на TDABC методата што воедно е предмет на овој труд, ќе се послужиме со теоретски пример и хипотетични податоци за нејзина примена во здравството.

ТЕОРЕТСКА ПРИМЕНА НА TDABC МЕТОДАТА ВО ЗДРАВСТВОТО

За примена на TDABC методата во здравството, неопходно е да располагаме со соодветни податоци како што се:

- Опис и износ на трошоците на годишно ниво во ЗО
- Времето поминато на работа и стапката на трошоци на годишно ниво
- Потребното време за спроведување на ЗУ или третманот
- TDABC профитот изразен во денари
- Потребните средства изразени во денари на годишно ниво Број на посети (пациенти) за добивање на ЗУ или третман на годишно ниво
- Трошоците на годишно ниво на ЗО т.е. нивната искористеност или неискориетеност на расположивите ресурси.

Гореспоменатите податоци ќе бидат дадени во табели со цел да се направат соодветни пресметувања на трошоците во здравството. Притоа укажувајќи на придобивките од примената на TDABC методата.

Во табела 1 (види), описно се дадени трошоците на годишно ниво заедно со нивните хипотетични износи. Исто така е даден бројот на вработените и нивниот различен профил (оддел во ЗО - лекари, медицински сестри, помошен персонал, администрација). Основна цел претставува определување на вкупните трошоци и трошоците по вработен на годишно ниво. Кога вкупните трошоци ќе ги поделиме со бројот на вработени ќе ги добиеме годишните трошоци во ЗО по вработен (4370000:3=1456667).

Во табела 2, е дадено времето поминато на работа притоа обрнувајќи внимание на бројот на работни недели и работни часови. Од вкупниот број на недели во годината се одзема бројот на неработни недели (52-6=46) за да се добие бројот на работни недели. Додека пак, од работните часови во денот се одзема времето поминато на пауза, состаноци, средби и слично, за да се добие бројот на работни часови кога се достапни (8-1,5=6) во извршувањето на своите работни задачи. Бројот на минути се добива едноставно со множење на работните часови кога се достапни со 60 (6,5 x 60 = 390).

1 Kaplan, R.S. and Porter, M.E. (2011) – How to solve the cost crisis in healthcare, Harvard Business Review, p.46-52.

Трошоци на годишно ниво	Лекари	Медицински сестри	Помошен персонал	امини-страција	Вкупно
Плата и надоместоци	3 240 000	1 116 000	2 976 000	744 000	8 076 000
Административни, режиски и други трошоци	180 000	90 000	240 000	120 000	630 000
Потрошени медицински материјали и опрема	950 000				950 000
Вкупни трошоци	4 370 000	1 206 000	3 216 000	864 000	9 656 000
Број на вработени	3	3	8	2	16
Годишни трошоци по вработен	**1 456 667**	**402 000**	**402 000**	**432 000**	

Табела 1. Опис на трошоците во здравствената организација на годишно ниво (Извор: Хипотетични вредности)

Опис	Лекари	Медицински сестри	Помошен персонал	امини-страција
Број на недели во годината	52	52	52	52
Број на неработни недели (боледување, одмори...)	6	6	6	6
Број на работни недели во годината	46	46	46	46
Работни часови во денот	8	8	8	8
Време поминато на пауза, состаноци, средби...	1,5	1,5	1,5	1,5
Работни часови кога се достапни	6,5	6,5	6,5	6,6
Број на минути во ЗО во текот на денот	390	390	390	390
Капацитет на минути во годината	89 700	89 700	89 700	89 700
Годишни трошоци по вработен	**1 456 667**	**402 000**	**402 000**	**432 000**
Стапка на трошоци по минута	**16,24**	**4,48**	**4,48**	**4,81**

Табела 2. Време поминато на работа и стапката на трошоци (Извор: Хипотетични и пресметани вредности)

Капацитетот на минути во годината се добива кога бројот на работни недели ќе се помножи со бројот на минути или (46x5 работни дена=230 дена) помножено со бројот на минути (230x390=89700) на тој начин го добиваме капацитетот на минути во годината. Сега, за да ја добиеме стапката на трошоци по минута треба да ги имаме во предвид годишните трошоци по вработен што се дадени во табела 1, така што истите ќе ги поделиме со капацитетот на минути во годината (1456667:89700=16,24). Оваа стапка на трошоци по минута ќе овозможи пресметување на TDABC профитот. Секако, ако претходно го имаме потребното време за реализирање на ЗУ или третманот т.е. времето (изразено во минути) кое што е потребно лекарот да го прегледа пациентот односно сите вработени си ја завршат својата работа при реализирање на здравствената услуга.

За таа цел во табела 3, се дадени активностите – ангажманот на вработените (во минути) за секоја ЗУ посебно. Сега со множење на ангажманот по минута со стапката на трошоци по минута ќе се добие износот на трошоци за секоја ЗУ или третман на пациентите. Така што, со тие податоци ќе се овозможи пресметување на TDABC профитот.

Во табела 4, е даден TDABC профитот. Истиот се добива со множење на стапката на трошоци по минута од табела 2 и бројот на минутите за ангажманот при реализирање на ЗУ даден во табела 3 односно 16,24x20=324,8 денари (4,48x15=67,2). Вака добиениот износ укажува на фактот, колку фактички се трошат расположивите ресурси на ЗО при реализирањето на ЗУ што ги нуди на своите пациенти. Оваа TDABC метода овозможува согледување на трошоците пооделно за секоја ЗУ и различниот профил на персоналот во ЗО.

(изразени во минути)

Опис на здравствената услуга		Лекари	Медицинс ки сестри	Помошен персонал	Админи-страција
ЗУ-1	Болнички ден во стационар (сместување и оброци) за придружник на болно дете на возраст до три години	20	15	30	10
ЗУ-2	Болнички ден во стационар со вклучени ЗУ и медикаментозна терапија за болни во герентологија	24	20	40	10
ЗУ-3	Болнички ден во стационар (сместување, оброци и труд на персоналот) со вклучени ЗУ и медикаментозна терапија во психијатрија за болните	30	25	50	10

Табела 3. Потребно време (изразено во минути) за активностите-ангажманот во реализирањето на здравствената услуга или третманот (Извор: Хипотетични вредности и опис на ЗУ според Фондот за здравствено осигурување на Македонија (ФЗОМ) – Ценовник на ЗУ од 16.01.2017 година)

Опис	Лекари	Медицинс ки сестри	Помошен персонал	Админи-страција	Вкупно трошоци	Приватно лекување	Цени ФЗОМ	TDABC профит
1	2	3	4	5	6	7	8	9
ЗУ-1	324,8	67,2	134,4	48,1	574,5	1 200	350	(-224,5)
ЗУ-2	389,8	89,6	179,2	48,1	706,7	1 500	760	53,3
ЗУ-3	487,2	112	224	48,1	871,3	1 800	960	88,7

Табела 4. TDABC профит изразен во денари (Извор: Хипотетични и пресметани вредности; Цени според ФЗОМ-Ценовник на ЗУ од 16.01.2017 година.)

Исто така, во табела 4 се прикажани поединичните трошоци според профилот (лекар, сестра итн.) и вкупните трошоци (колона 6) според ЗУ или третман. Во колона 7, се дадени износите кога пациентот користи ЗУ без здравствено осигурување. Додека пак, во колона 8, се дадени износите според ФЗОМ-Ценовникот т.е. кога пациентот има здравствено осигурување. Фондот според овие цени им го плаќа ЗУ на ЗО. TDABC профитот се добива како разлика помеѓу цените според ФЗОМ (колона 8) и вкупните трошоци (колона 6) односно (350–574,5=(-224,5); 760-706,7=53,3). Може да се забележи дека ЗУ-3 е најпрофитабилна, а ЗУ-2 помалку профитабилна, додека пак ЗУ-1 не е профитабилна бидејќи ЗО повеќе троши отколку што добива од Фондот.

Во табела 5, се дадени потребните средства во денари на годишно ниво. Притоа се зема во предвид бројот на вработени, годишните трошоци (поединечно и вкупно) преземени од табела 1. Додека пак, од табела 2, се преземени податоците за капацитетот на минути во годината(89700). Со овие податоци ќе се пресмета вкупниот капацитет во минути на годишно ниво како производ помеѓу бројот на вработени и капацитетот во минути

(3x89700=269100). Исто така, се пресметани вкупните годишни трошоци (3x402000=1206000). Меѓутоа, за да ги добиеме фактички направените трошоци потребно е да се знае бројот на посети за трите ЗУ на годишно ниво (види табела 6). Со пресметување се добиваат годишните трошоци на ЗО за ЗУ што ги нуди. Притоа може да се утврди искористеноста или неискористеноста на расположивите ресурси на ЗО.

Опис	Лекари	Медицински сестри	Помошен персонал	Админи-страција	Вкупно
Годишни трошоци (поединечно)	1 456 667	402 000	402 000	432 000	
Капацитет во минути на годишно ниво	89 700	89 700	89 700	89 700	
Вработени	3	3	8	2	
Вкупни годишни трошоци	**4 370 000**	**1 206 000**	**3 216 000**	**864 000**	**9 656 000**
Вкупен капацитет во минути на годишно ниво	**269 100**	**269 100**	**717 600**	**179 400**	

Табела 5. Потребни средства изразени во денари на годишно ниво

Опис	ЗУ 1	ЗУ 2	ЗУ 3
Број на посети	4 800	3 500	2 700

Табела 6. Број на посети на годишно ниво (Извор: Хипотетични вредности)

Опис	Лекари	Медиц. сестри	Помошен персонал	Админи-страција	Трошоци
Вкупни годишни трошоци	4 370 000	1 206 000	3 216 000	864 000	**9 656 000**
Вкупен капацитет во минути на год. ниво	269 100	269 100	717 600	179 400	
Искористен капацитет во минути на год. ниво	261 000	209 500	419 000	110 000	
Процент на искористени трошоци на капацитетот	97 %	78 %	58 %	61 %	
Искористен капацитет во денари на год. ниво	**4 238 462**	**938 896**	**1 877 793**	**529 766**	**7 584 917**
Неискористен капацитет во денари на год. ниво	**131 538**	**267 104**	**1 338 207**	**334 234**	**2 071 083**

Табела 7. Годишен трошок на здравствената организација за соодветните здравствени услуги (Извор: Хипотетични и пресметани вредности)

Во табела 7 се дадени и пресметани годишните показатели за искористеноста или неискористеноста на ресурсите во ЗО. Вкупните годишни трошоци се преземени од табела 1, додека пак, вкупниот капацитет во минути на годишно ниво е преземен од табела 5. Искористениот капацитет во минути на годишно ниво се добива кога бројот на посети (види табела 6) ќе се помножи

со бројот на минути (потребното време, ангажманот на ЗО) даден во табела 3 (види) односно (4800посети x 20минути = 96000; 3500x24=84000; 2700x30=81000; 96000+84000+81000=261000 минути).

Вака добиениот искористен капацитет во минути (261000) се дели со вкупниот капацитет во минути (269100) за пресметување на процентот на искористеност на трошоците на капацитетот (261000:269100=0,9698997 или приближно 97%). Овој процент (0.9698997) се множи со вкупните годишни трошоци (4370000) со цел да се добие искористениот капацитет во денари (4238462). Оттука, многу лесно ќе се добие неискористениот капацитет изразен во денари т.е. разликата помеѓу вкупните годишни трошоци и искористениот капацитет. Таа разлика го претставува неискористениот капацитет (4370000–4238462=131538 денари).

Најголема искористеност на ресурсите имаат лекарите дури 97% а најмала помошниот персонал (58%). Знаењето за фактички направените трошоци е најважно за ЗО бидејќи врз нивна база може да се пронајде рамнотежата во искористувањето на своите капацитети. Со оглед на ограничените средства, менаџерите во ЗО многу внимателно треба да одберат како да ги користат ограничените ресурси. Притоа да имаат прегледност врз неискористените капацитети и да размислуваат како да ги намалат трошоците на неискористените ресурси без да го нарушат квалитетот на своите здравствени услуги.

ЗАКЛУЧОК

TDABC методата е едноставна за имплементација и нуди поточни информации без притоа да побарува поголеми трошоци од здравствената организација околу нејзината примена. Кога еднаш ќе се воспостави оваа метода во пресметувањето на трошоците понатаму за секоја нова здравствена услуга или третман едноставно се проценуваат потребните средства и потребното време за секоја нова активност (изразено во единица време) во здравствената организација.

Потребни податоци врз кои ќе може да се врши пресметувањето со оваа метода се: вкупните и поединечните трошоци, бројот на вработени, број на минути, број на здравствени услуги и број на посети од страна пациентите кои ги користат здравствените услуги. Додека пак, преостанатите вредности опишани во табелите се добиваат со пресметување.

За менаџментот е особено важно добиените резултати од примената на оваа метода да се заосноваат на точно прибрани податоци, со цел да се донесат соодветни одлуки. Точноста на податоците кои се обработуваат со TDABC методата, несомнено треба да ја отсликуваат фактичката состојба во ЗО. Тогаш единствено и фактички ќе може да се лоцираат оние сегменти во ЗО кои се помалку или повеќе профитабилни.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Kaplan, R.S. and Porter, M.E. (2011) – How to solve the cost crisis in healthcare, Harvard Business Review
2. Фонд за здравствено осигурување на Македонија – Ценовник на здравствени услуги од 16.01.2017 година
3. Kaplan, R.S. (2014) – Introduction to Time-Driven Activity-Based Costing in

Health Care, Dublin, Irska
4. http://www.fzo.org.mk/default.asp?ItemID=A42693296772A24ABE422F658201C225
www.fzo.org.mk пристапено на 26.02.2017 година

005.57:005.59

Доц. д-р Јулијана Силјаноска, e-mail: j.siljanoska@yahoo.com
Доц. д-р Лидија Ѓошевска, e-mail: lidija.godevska@hotmail.com
Доц. д-р Стевчо Димески, e-mail: stevco.dimeski@gmail.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Теодора Ристеска, e-mail: t.risteska@yahoo.com
Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Р. Македонија

МЕНАЏИРАЊЕ СО КОМУНИКАЦИТЕ ВО УСЛОВИ НА ДЕЛОВНА КРИЗА

Апстракт: Криза претставува секое интерно и екстерно случување кое го попречува нормалното деловно работење на претпријатието и кое многу лесно може да го наруши тешко стекнатиот углед и работењето на претпријатието. Силата и потенцијалот на комуникациите во услови на деловна криза, можат непредвидливите ситуации да ги претворат во предвидливи, при што учесниците во кризата ќе имаат свои дефинирани улоги и ќе делуваат усогласено. Комуникациите во услови на криза може да бидат главна алатка во совладувањето на кризата.

Клучни зборови: криза, комуникации, кризен менаџмент, комуникации во услови на криза.

COMMUNICATION MANAGEMENT IN CONDITIONS OF BUSINESS CRISIS

Abstract: Crisis is every internal and external occurrence that interferes with the normal business operations of the company and which can easily disrupt hardly acquired reputation and performance of the enterprise. The force and potential of communication in conditions of business crisis can convert the unpredictable situations in predictable ones, so that participants in the crisis will have their defined roles and acting in compliance. The communication in conditions of business crisis may be the key tool for overcoming the crisis.

Key words: crisis, communications, crisis management, communications in conditions of crisis

КРИЗА, ЖИВОТЕН ЦИКЛУС НА КРИЗАТА

Зборот криза своето етимолошко потекло го има од грчкиот збор krisis што значи прелом, минлива кризна состојба во секој природен, општествен и мисловен процес.[1] Кризата е пресврт во животниот циклус на претпријатијата, а со самото тоа е и прилика да се изгради подобар углед кај купувачите и деловните партнери. Кризата претставува опасност, но и шанса. Деловната криза, предизвикува реална, замислена или потенцијална загрозеност на претпријатието, неговото работење, сигурноста, финансиското работење и неговиот имиџ[2]:

Слика 1: Развој на кризата

1 Osmanagić Bedenik N., Kriza kao šansa, Školska knjiga, Zagreb, 2007. str.44,
2 Novak B., Krizno komuniciranje i upravljanje opasanostima, Bionoza Press, Zagreb, 2010., , str.127

Извор: Ramljak D.: Krizno komuniciranje, Master rad, Knin, 2015, стр.56,

Кризата настапува тогаш кога интересната група во јавноста, односно медиумите, ќе испратат информации кои на негативен начин делуваат врз работењето на претпријатието и со тоа го активираат „алармот". Медиумите со своите објавени информации создаваат чувство на опасност, а погоденото претпријатие се брани со тоа што дава изјава со која сака да ја убеди јавноста дека нивните производи или услуги се сигурни, дека нема толкава опасност од криза. Со оглед на тоа дека во медиумите веќе е пласирана негативна вест за претпријатието, јавноста почнува да ги избегнува тие производи или услуги со што се јавува до пад на продажбата.

Во почетокот на деведесеттите Hanworth i Menge го претставиле сопствениот модел на животниот циклус на кризата и истиот го опишале како цикличен процес составен од четири степени:[3]

Извор: Ramljak D.: Цитирано дело, стр.5,

Степен 1: извор или потенцијална опасност- во овој степен обично менаџерите не ја забележуваат опасноста, односно постоењето на потенцијален страв, не го признаваат постоењето на проблемот. Проблемите во оваа фаза не го привлекуваат вниманието на менаџерите и на медиумите.

Степен 2: јакнење или пораст на кризата- кај овој степен посебно е важно претпријатието со мудри постапки да го спречи понатамошниот развој на кризата на начин што ќе креира план за комуникација со кој ќе ја реши кризната ситуација.

Степен 3: врв и критичност на кризата- кај овој степен опасноста во целост прераснува во криза, а со самото тоа и претпријатието се потешко може

3 Ibidem, стр. 128

да ја контролира ново настанатата ситуација.

Степен 4: решавање или смирување на кризата- по завршувањето на кризата, медиумите своето внимание го насочуваат кон други потенцијални опасности и со тоа го намалуваат притисокот врз јавноста за претпријатието.

ВАЖНОСТА НА КОМУНИКАЦИИТЕ ЗА НОРМАЛНО ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Комуникацијата се дефинира како процес на размена на информации помеѓу поединци по пат на познати сигнали, знаци или однесување, односно како пренос на информации, идеи, ставови или емоции на една личност или група до други, првенствено по пат на симболи.[4]

Комуницирањето во претпријатието е успешно ако испраќачот на пораката и примателот достигнуваат висок степен на разбирање на пренесената порака. Постојат различни методи на комуницирање кои се користат во комуникациите на претпријатието, а истите се прикажани во следната табела (Табела 1):

Табела 1: Методи на комуникации во претпријатието

	Усни	**Писмени**
Директни	Лице во лице, продажба, медиуми	Лични, публикации, пишани дела и слики
Индиректни	Говорот на телото, бојата на гласот, звукот, висина на тон, музика, став	Симболи, слики, стил, боја, амбалажа, марка

Извор: Ibidem, str.201,

Табела 1: Методи на комуникации во претпријатието (Извор: Ibidem, str.201)

Комуникацијата во рамките на претпријатието *има три основни функции*, а тие се: *контрола, мотивација и емоционално изразување и информирање*, и мора да се напомни дека секоја од нив има свое посебно значење.

Секое претпријатие претставува комуникациска мрежа за размена на информации, односно примање и давање на информации, планирање и одлучување, лојалност и наредби. Таа комуникациска мрежа е општествен механизам составен од поединци и група на луѓе кои мора да бидат во меѓусебна интеракција, се во интерес на нормалното функционирање на претпријатието. Лошата комуникација доведува до послаб успех, а вештачката- искривената комуникација лесно може да ги демотивира вработените во извршувањето на своите задачи.

КОМУНИКАЦИИ ВО УСЛОВИ НА КРИЗА НА ПРЕТПРИЈАТИЕТО

Комуникациите во услови на криза може да се дефинираат како систем за прибирање, обработка и издвојување на информациите кои се потребни за решавање на кризните ситуации.

Во денешните пазарни услови на стопанисување, важноста на комуникациите во услови на криза е многу голема за секое претпријатие. Ниту едно претпријатие, без оглед на тоа колку финансиски е успешно, и има јак имиџ на пазарот, не е имуно на кризата. Добриот и професионален пристап кон кризната ситуација

4 Tafra-Vlahović M.: Komunikacijski menadžment, Strategija, modeli, planiranje, Visoka škola za poslovanje i upravljanje „Baltazar Adam Krčelić" Zaprešić, 2013, стр. 168-171

може многу да придонесе за подобрување на рејтингот на претпријатието, но исто така и многу лесно може да го симне претпријатието на самото дно на неговото постоење.

За да може кризата успешно да се реши, многу важно и потребно е да се има однапред разработен генерален план, кој што се состои од план за решавање на кризата и план за комуникација во услови на кризни ситуации, поточно комуникација во услови на криза. Од аспект на ефикасноста, првиот план е позначаен од причини што со него може брзо да се реши кризата и тоа уште во фазата на самото нејзино појавување или непосредно пред нејзиното настанување при што целосно се елиминираат можните негативни последици кои може да бидат со голем размер. Но, ако првиот план не вроди со плод, тогаш со квалитетно подготвена комуникација во услови на криза, претпријатието има шанси, не само да ги минимизира загубите, туку и со соодветни активности и со внимателно водени комуникации, да го издигне својот имиџ и повеќе од оној кој до тогаш го имал.

Комуникациите во претпријатието се средство со кое претпријатието со својот идентитет ја запознава внатрешната и надворешната јавност. За успешно менаџирање со комуникациите во услови на криза најважно е да се контролира кризата, а тоа контролирање претпријатието може да го оствари само доколку се исполнети трите основи услови: [5]

1. ако има целосни информации за настаните,
2. однапред се подготви за кризната ситуација и
3. ако комуникацијата е проактивна.

Планот за комуникација во услови на криза го сочинуваат следните елементи:[6]

» кризен комуникациски тим: прв чекор во решавањето на настанатата кризна ситуација е основање на кризен тим.
» интерната комуникација во кризна ситуација.
» определување и оспособување на лице одговорно за односите со јавноста: изборот на ваква личност е многу важен.
» изработка на сценарио и симулација на криза: претпријатијата кои имаат изработено сценарија за можните кризи, многу се поуспешни за време на кризните ситуации и секако имаат поуспешни кризни комуникации.

одредување на целна јавност: многу е важно да се определи на која јавност ќе и се обрати претпријатието, освен на медиумите.

» да се дефинираат клучните пораки според јавноста.
» да се определат најделотворните методи за комуникација.
» анализа.

Додека трае кризата важно е континуирано да се прибираат информации, со што тимот за кризи би имал јасна слика за состојбата со кризата.

ЗАКЛУЧОК

Ако претпријатијата во 21 век сакаат да се одржат на светскиот пазар, нивната, пред се пазарна природа и насоченост не е доволна за нивен опстанок. За успешно водење на комуникациите во услови на криза, најважно е пред се да се контролира

5 Jurković,Zvonimir mag. oec.(2012): Цитирано дело, стр. 343,
6Bjornlund, Lydia: Komuniciranjem do rezultata, AKD, Zagreb, 2006, стр. 22- 227,

кризата, а за да се успее во тоа потребно е сите информации кои се поврзани со настаните да се точни и навремени и за да се постигне тоа, претпријатието мора да е претходно подготвено и да биде комуникациски проактивно, затоа што во спротивно лошото раководење со кризните ситуации и лошата комуникација во услови на криза може да предизвикаат огромна материјална и нематеријална штета. Кога кризата ќе настапи во едно претпријатие, најважно е менаџментот да го признаат постоењето на кризата и да се соочат со нејзината стварност, да го активираат тимот за кризни комуникации, да дефинираат кој е одговорен за поодделни задачи се со цел кризата што побрзо да се реши. Доброто разбирање на проблемот е основниот предуслов за успешно решавање на кризата, за успешно управување со информациите кои доаѓаат од различни извори, бидејќи успешното комуницирање ќе помогне да се сузбие кризата.

336.76(497.7)

Доц. д-р Јулијана Силјаноска, e-mail: j.siljanoska@yahoo.com
МСУ „Г.Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Теодора Ристеска, e-mail: t.risteska@yahoo.com
Економски факултет, Универзитет „Св. Климент Охридски"- Битола, Р. Македонија

Златко Силјаноски, e-mail: zlatko.siljanoski@yahoo.com
МСУ „Г.Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Финансискиот пазар, како сегмент на вкупниот пазар, се јавува во улога на механизам којшто треба да влијае врз оптимална алокација на финансиските средства и урамнотежување на реалните инвестиции и паричната акумулација. Пазарот на капитал во Република Македонија, се одликува со неразвиена примарна трговија, ограничена ликвидност на секундарниот пазар, скромна понуда на инвестициски алтернативи и изразена чувствителност на одлуките на инвеститорите од економските и неекономските случувања на регионално и меѓународно ниво. Ефикасното функционирање на пазарот на капитал е условено и од постоењето на побарувачката на капитал.

Клучни зборови: пазар на капитал, примарен пазар на капитал во Република Македонија, секундарен пазар на капитал во Република Македонија, инструменти на пазарот на капитал во Република Македонија

CAPITAL MARKET IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Abstract: The financial market as a segment of the overall market is appearing in a role of mechanism that should influence over optimal allocation of financial assets and equilibrium of real investments and accumulation of money. The capital market in Republic of Macedonia is characterized by underdeveloped primary trade, limited liquidity of the secondary market, modest supply of investment alternatives and expressed sensitivity to the decisions of the investors of the economic and non-economic developments at regional and international levels. The efficient functioning of the capital market is affected by the existence of demand for capital.

Key words: Capital market, primary capital market in Republic of Macedonia, Secondary capital market in Republic of Macedonia, instruments of the capital market in Republic of Macedonia

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Пазарот на капитал во Република Македонија, се одликува со неразвиена примарна трговија, ограничена ликвидност на секундарниот пазар, скромна понуда на инвестициски алтернативи и изразена чувствителност на одлуките на инвеститорите од економските и неекономските случувања на регионално и меѓународно ниво. Имено, домашните акционерски друштва како емитенти на хартии од вредност се јавуваат преку приватни понуди, и тоа при делење скрипдивиденда (дивидендаво акции) или при докапитализација. Дополнително на

тоа, пак, често се случува акционерските друштва, особено банките, да вршат откуп на сопствени акции и подоцна да ги продаваат по пат на приватна понуда. Македонската економија не остана имуна и изолирана од влијанието на светската економска криза од 2008 година. Глобалната рецесија предизвика намалување на извозот на производи, намален прилив на странски инвестиции, пад на македонскиот берзански индекс, како и зголемување на невработеноста.

Пазарот на капитал во Република Македонија се карактеризира со сиромашен асортиман на финансиски инструменти коишто се издаваат и со кои се тргува на Македонската берза. Постојат повеќе фактори што го детерминираат функционирањето на пазарот на капитал во Република Македонија, а од сите нив најзначајни се следниве:

» **степенот на развиеност на Македонската берза**
» **нивото на штедење во националната економија**
» **големината и приливот на странските директни инвестиции во земјата**
» **улогата и значењето на небанкарските финансиски посредници**

Во Република Македонија, во досегашниот период, на пазарот на капитал најзначајно место заземаше кредитниот пазар, во којшто главна улога имаа банките. Постојното ниво на развиеност на банкарскиот сектор во Република Македонија, неговата концентрација на традиционалното банкарство и нискиот степен на меѓународна финансиска интегрираност, придонесуваат тој, во голема мера, да остане надвор од светските финансиски текови, па поради тоа и директните негативни ефекти од глобалната криза беа почувствувани со оној изразен интензитет како во останатите земји. Банките во Република Македонија воопшто не вршеа вложувања на пазарот на структурирани кредитни производи и оттука немаат кредитна изложеност кон финансиските институции, погодени од кризата.

ПРИМАРЕН ПАЗАР НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

И покрај позитивните раздвижувања на примарниот пазар на капитал во 2014 година, тој и понатаму се карактеризира со релативно мал број и ниска вредност на нови емисии на хартии од вредност. Имено, претпријатијата речиси и да не користат пазарно финансирање, во смисла на прибирање средства преку емисија на нови акции и/или должнички инструменти, што претставува ограничувачки фактор за позначителен раст на вкупниот обем на активности кај корпоративниот сектор. Од друга страна, пак, Министерството за финансии на Република Македонија е еден од поактивните издавачи на долгорочни хартии од вредност, со цел прибирање средства за тековно или долгорочно финансирање на потребите на државата, што го потенцира значењето на овој пазар во управувањето со јавниот долг. Истовремено, банките и пензиските фондови, често, се јавуваат во улога на инвеститори во издадените државни обврзници на примарниот пазар на капитал, наметнувајќи се како едни од позначајните доверители на државата. Имајќи ги предвид ваквите карактеристики, движењата на примарниот пазар на капитал имаат значење за финансиската стабилност на Република Македонија.

Структура на остварените емисии на долгорочни хартии од вредност
во милиони денари

Остварени емисии на долгорочни хартии од вредност	2010 година	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година
Вредност на остварени емисии на долгорочни државни хартии од вредност	1.848	1.845	10.466	12.359	13.362
1. двегодишни континуирани обврзници	0	0	0	3.055	4.841
2. тригодишни континуирани обрзници	0	0	2.082	1.417	912
3. петгодишни континуирани обрзници	0	1.168	7.768	7.085	4.213
4. десетгодишни континуирани обврзници	0	0	0	0	2.782
5. обврзници за денационализација	1.848	677	616	802	615
Вредност на остварени емисии на долгорочни недржавни хартии од вредност	3.327	3.531	10.032	121	6.325
1. Корпоративни обврзници	0	0	0	0	0
2. Акции	3.327	3.531	10.032	121	6.325
- Издадени од банки	414	3.314	2.546	0	0
- Издадени од други финансиски друштва	17	217	191	111	267
- Издадени од нефинансиски друштва	2.897	0	7.295	10	6.059
Вкупна вредност на остварени емисии на долгорочни хартии од вредност	5.175	5.376	20.497	12.481	19.687

Слика 1: Структура на долгорочни хартии од вредност (Извор: Билтен на финансиски пазари и емисија на хартии од вредност, НБРМ 2014, стр. 26)

Вкупната вредност на новите емисии на долгорочни хартии од вредност остварени во 2014 година достигнала 19.687 милиони денари, што е повеќе за 7.207 милиони денари, или за 57,7%, во однос на претходната година.[1] Најголем дел од издадените долгорочни хартии од вредност се континуирани државни обврзници со различни рочности (од две до десет години), а веќе традиционално, биле издадени и обврзници за денационализација. Вкупниот издаден износ на државни обврзници во текот на 2014 година претставува 5,5% од вкупниот јавен долг на државата на 31.12.2014 година, односно 18,2% од внатрешниот јавен долг.[2] Побарувачката на државните обврзници, генерално, соодветствуваше со понудениот износ на хартии од вредност, како во денари, така и во денари со девизна клаузула, што упатува на отсуство на поголеми нерамнотежи меѓу понудата и побарувачката на државни хартии од вредност на овој пазар. Извесно отстапување меѓу овие две големини се забележува кај двегодишните државни обврзници, каде што инвеститорите побарувале повисок износ од понудениот, дури и при аукциите одржани во последниот квартал од 2014 година, кога беа понудени пониски купонски каматни стапки за овие хартии од вредност. Наспроти тоа, побарувачката за државни обврзници со подолги рокови до достасување (од пет и десет години) беше, генерално, пониска од понудениот износ, што веројатно упатува на повисока барана стапка на принос од страна на инвеститорите, при пласирањето средства во државни хартии од вредност, на рокови од пет и повеќе години. Во 2014 година доаѓа до постепено намалување на учеството на државните обврзници со девизна клаузула во вкупните издадени државни хартии од вредност. Од вкупниот износ на издадени континуирани обврзници, 53,1% се во денари, а останатите се во денари со девизна клаузула.[3] Во сопственичката структура на државните континуирани обврзници во денари, доминантно место имаат банките од Република Македонија (78,3%), додека околу 60% од износот на континуирани државни обврзници во денари со девизна клаузула се поседувани од небанкарски субјекти .[4]

1 http://www.nbrm.mk/, 21.01.2017,
2 Ibidem,
3 http://www.cdhv.mk/, 22.01.2017,
4 Ibidem,

СЕКУНДАРЕН ПАЗАР НА КАПИТАЛ

Порастот на остварениот промет на Македонската берза од класичното тргување во 2014 година не беше доволен за поизразено издигнување на значењето на секундарниот пазар на капитал во Република Македонија, во однос на останатите сегменти од финансискиот систем.[5] Имено, македонскиот пазар на капитал и понатаму се карактеризира со неликвидност и неатрактивност, како и изразена чувствителност на инвеститорите и нивните одлуки од економските и неекономските регионални и меѓународни случувања. Нивото на цените на пазарот, мерено преку движењето на вредноста на македонскиот берзански индекс МБИ-10 порасна, особено во втората половина од 2014 година. Во 2014 година, домашните правни лица ја задржаа улогата на единствени нето-купувачи на хартии од вредност, со што ја зајакнаа позицијата на главен долгорочен инвеститор на пазарот на капитал во Република Македонија. И покрај благото зголемување на обемот на вложување на странските инвеститори во македонски хартии од вредност, нивниот интерес за продажба и понатаму беше поголем. Останатите емисии по пат на приватна понуда, генерално беа заради зголемување на основната главница, односно заради создавање услови за непречено вршење на редовното работење на друштвото, преку трансформација на заеми во траен влог. Сите одобрени емисии имаа процент на успешност од 100%. Прометот остварен при класичното тргување не ги вклучува блок-трансакциите, прометот остварен на јавните берзански аукции, како и јавните понуди на хартии од вредност.

Сепак, поволниот амбиент за спроведување на монетарната политика, ниската и благо негативна стапка на инфлација, ниските каматни стапки, неодамнешното укинување на законските мерки кои влијаеја за дестимулирање на исплатата на дивиденди и здружувањето на македонската, хрватската и бугарската берза, би требало да бидат добар поттик за развој на македонскиот пазар на капитал. Во 2014 година прометот на Македонската берза остварен при класично тргување (акции и обврзници) достигна 2.527 милиони денари, што е повеќе за 404 милиони денари, или за 19,0%, во споредба со претходната година. Со тоа, беше прекинат трендот на намалување на берзанскиот промет од класично тргување, забележан во изминатите две години.[6] Главен двигател на зголемениот промет при класичното тргување во 2014 година беше зголеменото тргување со акциите.

ИСТРУМЕНТИ НА ПАЗАРОТ НА КАПИТАЛ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

На пазарот на капитал на Република Македонија законски е потврдена трговијата со определени финансиски инструменти, односно се тргува со акции и обврзници. Деривативните инструменти сè уште го немаат завземено соодветното учество во берзанските трансакции. Сепак, со нивната законска регулираност се отвора простор за нивен понатамошен развој и учество на пазарот на капитал на сите наведени инструменти. Но, мора да се истакне дека покрај основните финансиски инструмнети, на пазарот на капитал во Република Македонија имаат и опциските и фјучерс договорите.[7]

Опциските и фјучерс договорите се договори со строго пропишана форма. Формата и елементите на опциските и фјучерс договорите ги пропишува

5 Д-р Јовановски П.: „Финансиски пазар и институции", Економски факултет Скопје, 2004, стр.202
6 http://www.cdhv.mk/, 22.01.2017
7 Д-р Јовановски Т.: „Финансиски пазар ", Економски факултет Скопје, 2004,стр.76-77

Комисијата за хартии од вредност. Опцискиот договор може да гласи на акции, обврзници, девизи, берзански индекси и фјучерс договори. Опцискиот договор може да биде куповен и продажен. Фјучерс договорот е договор за терминска продажба, и со него едната договорна страна се обврзува да изврши предавање на предметот на фјучерсот, а другата договорна страна се обврзува да ја плати договорената цена на однапред утврден ден. Фјучерс договорите можат да гласат на акции, обврзници, девизи, стоки, берзански индекси и каматни стапки.

Реформите во функционирањето на пазарот на капитал се од круцијално значење за стопанството и економијата на земјата. Република Македонија, како млада пазарна економија сеуште ги вградува темелите на овој пазар, а воедно мора да се прилагодува на барањата на глобалниот пазар. Од тие причини следниве промени иницијално мора да профункционираат во следните сектори: - законските и подзаконските акти -врз основа на примената и имплементирањето на директивите на Европската унија од областа на пазарот на капитал, т.е. натамошното имплементирање на принципите на ИОСЦО, како и домашните, и странски искуства ќе се овозможи создавање правна рамка за поефикасно функционирање на контролата и адекватна реализација на задачите на Секторот за контрола на КХВ, - соодветна примена на новите измени и дополнувања на постојните закони, што сенадлежност на Комисијатаза Хартии од вредност, - имплементација на новите правилници согласност со ЗХВ; - имплементација на новините од измените на законите во постојната подзаконска регулатива на Комисијата; - разгледување на можноста за подготвување на регулативата заведување интегриран пристап кон супервизијата од страна на овластените учесници на пазарот на капитал.

ЗАКЛУЧОК

Пазарот на капитал своите функции ефикасно може да ги извршува преку функционирање на финансиските институции. Намалувањето на референтната каматна стапка на НБРМ, како и повисокиот интерес на инвеститорите за инвестирање во државни записи имплицираа намалување и на каматните стапки на овој пазарен сегмент. Знаејќи ја големината на пазарот на капитал во Република Македонија, недоволната развиеност на пазарот на капитал е проблем за којшто треба брзо да се реагира. На пазарот на капитал многу ретки се случаите компаниите да издаваат нови емисии на хартии од вредност, без разлика дали станува збор за сопственички акции или должнички обврзници. Македонските компании, пак, како да имаат фобија од котирањето на берза и отворањето кон јавноста за начинот на нивното работење, што секако е дополнителен проблем за развојот на пазарот на капитал.

338.121:334.722(497.7)

Доц. Д-р. Лидија Ѓошевска, e-mail: lidija.gosevska@hotmail.com
Доц. Д-р. Стевчо Димески, e-mail: stevco.dimeski@gmail.com
Доц. Д-р. Јулијана Силјаноска, e-mail: j.siljanoska@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ВЛИЈАНИЕТО НА ПРЕТПРИЕМАЧКИОТ МЕНАЏМЕНТ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Влијанието на претприемачкиот менаџмент на економскиот развој се состои во неговото стратегиско планирање со цел економско развивање,унапредување на инвестициската клима,зголемување на продуктивноста и конкурентноста на претпријатијата, на претприемачите и на вработените, зголемување на вработеноста и сл. Секако секоја држава треба да води и претприемачка политика на креирање на нови олеснителни економски можности, со цел да се отвораат нови претпријатија кои со нивните претприемачки идеи ќе доведат до развој на државата. Во сегашните услови на стопанисување кога има економска криза ова да се реализира навистина претставува вистинска потешкотија ако се има во предвид дека треба да се оствари поконкурентна пазарна економија.

Клучни зборови: претприемачки менаџмент, економски развој, претпријатија, пазарна економија, претприемачка политика

THE IMPACT OF THE ENTREPRENEURIAL MANAGEMENT OF ECONOMIC DEVELOPMENT IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Abstract: The impact of entrepreneurial management of economic development lies in its strategic planning with the purpose of economic development, improvement of the investment climate, increase productivity and competitiveness of enterprises, entrepreneurs and employees, job etc. Of course every country should lead and entrepreneurial policy of creating new economic opportunities facilitated in order to open new companies to entrepreneurial ideas will lead to the development of the country. In the current economic conditions when there is an economic crisis to realize this really is a real difficulty if one takes into account the need to achieve a more competitive market economy.

Key words: entrepreneurial management, economic development, enterprises, market economy, entrepreneurial policy

1.ВОВЕД

Економскиот развој претставува и градење на економски капацитет со цел да се овозможи економски просперитет на државата од економски аспект. Тука посебно место завзема и претприемаштвото кое е вметнато во сите сфери на живеење, творење и опстојување: јавен сектор, бизнис секторот, невладиниот сектор, и сл. кои соработуваат со намера да создадат економски раст и развој.

Бизнис секторот, како неделива компонента на економскиот развој има свои стратегиски цели. Стратегиските цели на менаџирањето на постојните

бизниси се насочени кон профит, пазарно учество и одржлив економски развој. За менаџирањето на таквите стратегии се користат разновидни менаџерски алатки. Но, појавата „бизнис" има две лица, како и што секоја монета има две лица.Тоа е едната страна на појавата „бизнис." Но, што преставува другата страна на појавата „бизнис"?Секако дека на неа мора да се креираат производи, нови фирми, нови пазари а тоа претставува претприемачки процес воден од претприемач. Менаџирањето на тој вид на стратегии се нарекува претприемачки менаџмент.Алатките кои се применуваат за менаџирањето на тој процес се разликуваат од оние за менаџирање на веќе воспоставените бизниси.[1]

Влијанието на претприемачкиот менаџмент на економскиот развој се состои во неговото стратегиско планирање со цел економско развивање,унапредување на инвестициската клима, зголемување на продуктивноста и конкурентноста на претпријатијата, на претприемачите и на вработените, зголемување на вработеноста и сл. Секако секоја држава треба да води и претприемачка политика на креирање на нови олеснителни економски можности, со цел да се отвораат нови претпријатија кои со нивните претприемачки идеи ќе доведат до развој на државата. Во сегашните услови на стопанисување кога има економска криза ова да се реализира навистина претставува вистинска потешкотија ако се има во предвид дека треба да се оствари поконкурентна пазарна економија.

Треба да се потенцираат и некои компоненти кои се поврзани со стратегиското планирање на економскиот развој: воведување на современи технолошки промени,флексибилност и иновативност на претпријатијата,селење на бизнисите во точките со најпродуктивна примена,развој на претприемачки знаења, вештини и ставови,олеснителни финансиски можности за развој на малите бизниси, развивање на стратегиски можности за локален економски развој, слободни економски зони и сл.

Одредени ставови покажуваат дека државите не му придаваат големо значење на стратегиското планирање на економскиот развој, што резултира во губење на пазарните можности, недоволна конкурентност, профитабиност.

Превземените претприемачки акции од страна на претприемачкиот менаџмент кои се проследени и со ризик можат да доведат до значителен економски развој за односната држава. Мотивацијата и постојаниот стимул за развој на претприемачкиот менаџмент ќе доведат и до економски развој, како да постои корелативна врска меѓу нив а тоа и праксата го докажува и поткрепува. Мотивацијата треба да се надополнува со нови предизвици и олеснувања за примена и развојот на претприемачкиот менаџмент кој е значителен фактор за економскиот развој на државите.

2. ФАКТОРИ НА ЕКОНОМСКИОТ РАЗВОЈ

На економскиот развој влијаат многу фактори од економска и неекономска природа. Од економска природа се сметаат факторите за производство, што претставуваат и како основни фактори на развојот. Тие спаѓаат во материјално-економски фактори или тоа се сите оние фактори „чие учество е неопходно во процесот на производство и без кое е невозможно да се организира материјалниот процес на производство на било кое ниво од организацијата на општественото

[1]Дејан Пендев, Економски институт – Скопје:„Претприемништвото како фактор на економскиот развој", стр. 25. Научен собир,Претприемништво- проблеми, дилеми и перспективи, Скопје 2007.

производство."[2] Како фактори на производство спаѓаат: трудот, работната сила, земјата (природните богатства) капиталот и претприемаштвото. Постојат различни мислења за тоа кои се неекономски фактори што влијаат врз развојот Без нивно пошироко елаборирање и постоење на нивна оптимална комбинација на сите фактори на економскиот потенцијал нема да се постигнат очекуваните ефекти, ако тие не се насочат,активираат, координираат.Современите стопанства и нивните развојни тенденции се непосредно поврзани и со развојот на претприемаштвото. Се доаѓа до заклучокот дека без ефикасно претприемаштво, нема ефикасно производство, пласман на производите и заработувачка односно профит. Исто така без претприемаштво нема развој, ако се разгледува како фактор на производствениот процес.

Факторите на економскиот развој можат да се третираат и како развојни ресурси. Со посебни развојни карактеристики се истакнуваат капиталот и работната сила.

Претприемачот како водител на својата деловна активност се доведува до искушение, како во услови на променливи пазарни турболенции да дојде до поволни финансиски средства. Со финансиите односно капиталот, се поврзани и нивните извори , нивниот обем, структура, роковите, условите, ризикот и сл. Постојат мрежа на организации, финанасиски институции што се занимаваат со овој развоен ресурс, како и административно-системски услови за негово непречено функционирање.Финансискиот систем на државите со пазарни економии е насочен кон ефикасна мобилизација и алокација на капиталот или преку рационално инвестирање со цел да се поттикне преструктуирање и развој.[3] Трудот се смета и како развоен фактор и со неговата адаптација, реконструкција и доквалификација, се искористуваат вработените во оние сектори каде се остварува максимален профит. Многу експерти се согласни дека поважна карактеристика е квалитетот изразен преку возраста, степенот на образование, квалификациона структура и сл. Затоа инвестирањето во човечкиот капитал, односно потрошените пари, труд и енергија за стекнување на знаења и вештини низ разни форми на образование(редовниот едукативен систем, специјалистичките и последипломските студии, докторатите, разните форми на тренинг, освежување и продлабочување на знаењата низ работата и сл.) станува еден од најважните фактори за пораст и динамизирање на економскиот раст во земјата.

Истражувањата покажуваат дека малку се вложува во човечкиот фактор, можеби тоа е и последица на неисполнувањата на стратегиските цели на организацијата но, менаџерите ,,треба да сватат" дека тоа не е ризик тоа е насока кон успешност и профитабилност.Пазарот и неговите пулсирања ги водат претприемачите да ги разместат ресурсите при што треба да се земат во обзир желбите, вкусовите и преференциите на купувачите. За успешна релокација се потребни и предходни знаења. Најлошата работа што може да ја направи едно претпријатие, доколку не го направи ова селење на капиталот или да мисли дека може да продолжи со продажбата на истите производи и услуги на истите потрошувачи на ист начин и со иста цена. Перманентниот процес на релокација на ресурсите кои истовремено се и фактори на економскиот развој има се поголем удел во малите и средни претпријатија.

[2]Кљусев Никола, Теорија и политика на економскиот развој,Ниро Книжевне новине, Београд, 1987,стр94.
[3]Mark Backin :„Poduzetnistvo- bitnapretpostavka prestruktuiranje privrede",Poslovnapolitika, Zemun, 7|1990. Str.3-
[4]Таки Фити:„Економија "(второ издание), Економски факуктет, Скопје, 2008 год.стр.323.

3. ОДРЖЛИВ ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ ВО Р.МАКЕДОНИЈА

Искажаните согледувања за економскиот развој би се согледале преку соодветни статистички показатели и графикони што ја согледуваат актуелната состојба на македонското стопанство и економија. Преку нив може да се извлечат и соодветни заклучоци и претпоставки кои ќе одат во насока на нивно подобрување односно зголемување на економскиот развој во Р.Македонија.

Движењето на инфлацијата во последните години укажува на фактот дека таа е едноцифрена и укажува дека таа се намалува во десеттогодишниот период кој може да се проследи и од наведениот графикон:

Графикон бр. 1: Инфлација о нејзина тенденција во период 2008-2016 год (Извор: Статистички завод на Р.М.Годишен извештај за 2016 год.)

Бруто-домашниот производ проследен во период од од 2015-2016 год. во квартални периоди укажува на падови во 2016 година , и тоа во третото тромесечие стапката на раст е 2,4% и во наредната табела може да се увиди во кои сектори.

	Тримесечје				Година Year	Тримесечје		
	2015[1)]				2015[1)]	2016[2)]		
	I	II	III	IV		I	II	III
Бруто-домашен производ	**104,2**	100,8	104,5	106,0	103,8	102,6	103,1	102,4
Финална потрошувачка	**100,8**	103,3	105,5	103,9	103,4	104,2	101,3	104,4
Финална потрошувачка на домаќинствата, вклучувајќи НПИСД	101,5	103,3	104,7	105,2	103,7	104,1	102,0	105,6
Финална јавна потрошувачка	98,3	103,0	108,9	98,8	102,1	104,7	98,6	99,6
Бруто-инвестиции[3)]	**112,7**	88,5	93,2	120,0	103,6	95,6	111,5	96,0
Извоз на стоки и на услуги	**109,3**	109,3	105,9	103,2	106,7	109,1	107,4	115,6
Увоз на стоки и на услуги	**107,0**	104,4	101,8	107,7	105,2	105,8	107,1	113,3

Табела бр.1: Бруто-домашен производ според расходниот метод, волуменски индекси во однос на истиот период од претходната година (%) (Извор: Статистички завод на Р.М. Годишен извештај за 2016 год.)

Стапката на вработеност во 2016 година изнесува 43,4% што претставува нагорен тренд во однос на предходниот период.

Сето ова води кон соодветни заклучни согледувања и насоки кон подобрување на економскиот раст во Р.Македонија со посебен осврт кон поголем регионален развој, подеднаква финансираност на општините што доведува до рамномерен економски развој.

ЛИТЕРАТУРА

1. Дејан Пендев, Економски институт – Скопје:„Претприемништвото како фактор на економскиот развој“,. Научен собир,Претприемништво-проблеми, дилеми и перспективи, Скопје 2007.
2. Кљусев Никола, Теорија и политика на економскиот развој,Ниро Книжевне новине, Београд, 1987
3. Mark Backin :„Poduzetnistvo- bitnapretpostavka prestruktuiranje privrede“,Poslovnapolitika, Zemun, 7|1990.
4. Таки Фити:„Економија “(второ издание), Економски факуктет, Скопје, 2008 год..

005.73:174

Еленица Софијанова
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за економија, Штип, Р. Македонија

Ѓорѓина Ќимова
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

КОДЕКСОТ НА ЕТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА ВО РАБОТНИОТ ПРОЦЕС

Апстракт: Однесувањето на луѓето подразбира правила, морални практики и вистински вредности. Се формира кодекс на морални принципи и вредности кои управуваат со однесувањето на индивидуата или групата во однос на она што е добро или лошо. Целта е безбедност при работниот процес. Се создаваат интерни компоненти преку кои се прави препознатлива самата организација, во која во континуитет се гради организациска култура со колективна одговорност кон екстерната околина. Збирот на моралните принципи и стандарди, колективната свест и зголемениот безбедносен фактор го имплицираат однесувањето во деловниот свет, во деловната етика.

Клучни зборови:кодекс на морални принципи, безбедност при работниот процес, колективна одговорност, организациска култура

CODE OF ETHICS IN FUNCTION OF THE SAFETY OF THE OPERATIONAL WORKFLOW

Abstract: People's behavior implies rules moral practices and real values.They form a code of moral principles and values that govern the behavior of an individual or group in terms of what is good or bad.The goal is security in the working process.Create internal components through which a recognized organization itself, which continually builds organizational culture with collective responsibility towards the external environment.The sum of moral principles and standards, collective consciousness and increased safety factor imply behavior in the business world, business ethics.

Keywords: code of ethics, safety workflow, collective responsibility, organizational culture

ВОВЕД – ЕТИЧКО ОДНЕСУВАЊЕ ПРЕКУ ЕТИЧКО ОДЛУЧУВАЊЕ

Целта во секоја организација е создавање и произведување најголем број добри практики за поголемиот број на вработени.Се пресметува ефектот од секоја алтернатива за на крајот да се избере најкорисната преку таканареченото утилитарен приод.[1]

При донесувањето на етички, морални, а пред се, безбедносни одлуки менаџерите треба да го минимизираат кршењето на фундаменталните права на вработените согледани преку:

» Право на согласност
» Право на приватност
» Право на слободна волја
» Право на слобода на говор

1 Gareth R.J, and George,J.M. (2008).Contemporary management,, Глобал комуникации, Скопје, стр.22

» Право на правен процес
» Право на живот и сигурност

Сепак, не е толку едноставно сето ова јасно да се издвои и издиференцира бидејќи различните цели и интереси многу често се извори на организациските конфликти,а сепак присутни во процесот на одлучување од страна на сите стеихолдери инволвирани во работниот процес.

Постојат различни пристапи во одлучувањето кои немораат да се исклучуваат. Напротив, често пати овие пристапи се комплементарни:

1. Одлучување кое се засновува на факти - за донесување на одлуки е потребно собирање на податоци и различни показатели. Откако ќе се соберат и средат фактите одлуката се донесува скоро автоматски односно таа непосредно произлегува и се наметнува од расположливите информации.

2. Одлучување засновано на искуство - стекнатите знаења, преживеаните ситуации, утврдени судови и оформени мислења во голема мерка помагаат во слични ситуации ефикасно и ефективно да се одлучува.

3. Одлучување засновано на институција - овој вид на одлучување се засновува на непосредно запазување, инстинктивно знаење и способност на непосредното реагирање без темелно расудување, уважување на фактите и постојаното искуство. Интуитивното однесување претпоставува натрупано искуство, но е и повеќе од тоа.

4. Одлучување засновано на причинско – последичен пристап - овој вид на одлучување претпоставува оформување на рационални основи на сите битни елементи во процесот на одлучување.

За да се утврди дали одлуката е правилно донесена постои само еден начин да се провери во нејзината практична реализација. Тоа подразбира двонасочна комуникација и грижа од страна на менаџерите кон интересите на сите стеихолдери. [2]

КОДЕКС НА ЕТИКА – ВОДИЧ ВО СЕКОЈА ОРГАНИЗАЦИЈА КОН ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ ВО РАБОТАТА

Секоја организација е задолжена да создаде и да поседува документ – кодекс на етичко однесување, во кој се дадени смерници, насоки за разрешување на сите појавени етички дилеми. Тоа претставува пишан извештај за почитување на организациските вредности и стандарди по кои се одвиваат активностите во организацијата. Составен е генерално од три компоненти кои појасно се конкретизирани во секоја организација поединечно.

2 http://data.bls.gov/cgi-bin/surveymost



Сл. 1 Социјална етика претставена преку професионална и индивидуална етика



Сл.2Дијагностичко проценување преку организациските димензии и индикатори

Индивидуалноста во кодексот на етика се согледува во ситуации кога треба да се донесат одлуки, но кога начинот за тоа како да се однесуваат не е сосема јасно прецизиран.[3]

Во една организација професионалните правила и норми одредуваат како вработените треба да донесуваат одлуки и да дејствуваат во одредени ситуации и овие правила и норми можат да станат кодекс на етика на таа организација. Кога ќе го сторат тоа, вработените интерно ги усвојуваат правилата и нормите на сопствената професија и понатаму во континуитет се следат по пат на автоматизам кога се решава како да се однесуваат.

Тоа зависи и од познавање на состојбата на потенцијалниот ризик при работата и ситуацијата на зголемена ризичност која се однесува на веројатноста на остварување на посакуваните резултати под влијание на познати и претпоставени услови.

Кога постојат голем број фактори кои треба да се земат во обзир, кога тие неможат да се стандардизираат, кога се наоѓаат во процес на континуирано менување – доносителите на одлуки се соочени со услови на неизвесност.

ЗАКЛУЧОК

Менаџментот е создавање и одржување на систем. Организациите зависат од можностите на менаџерите да постават визија на организацијата и да постават клучни цели при работниот процес. Со некои безбедносни проблеми при работата

3 Dulić, D., (2005). Etički problemi upravljanja ljudskim resursima, Beograd, Fakultet bezbednosti, стр.55-56

можат и се запознаени менаџерите, но некои мораат сами да ги предвидуваат или да ги пронајдат. Менаџерите се обидуваат да ги предвидат проблемите, одлучуваат како да ги спречат или што да прават доколку се појават.

Видовите на проблеми и можности врз кои работат менаџерите се под влијание на нивните вредности и бекграунди, кои индивидуално преку ситуацискиот пристап, се инкорпорираат во кодексот на етичко однесување.

Иако менаџерите и другите вработени, примарно се мотивирани од економските вредности, тие обично одлучуваат и за практични работи како што се безбедносните фактори во работниот процес.

Тие, во основа, овозможуваат да се обезбеди координиран пристап во работењето, преземање на акции со кои на секој поединец во процесот на работењето ќе му се даде прилика да го даде својот максимален придонес, а со тоа многу поуспешно да се извршат задачите на определена група или организација.

ПРЕПОРАКИ

Недоволната соработка, губење на соодветна работна документација, промени кон зголемена неодговорност, доведува до лични, индивидуални и неетички однесувања, неисполнување на сопствените норми и работни задачи. Глобално тоа се манифестира во ,,несоодветно квалитетна,, реализација на вкупните работни задачи. Голема и одговорна е улогата на менаџментот.

Менаџментот е збир на активности (вклучувајќи го планирањето и донесувањето одлуки, организирањето, водењето и контролата), управувањето со средствата (човечки, финансиски, физички и информатички) со цел да се остварат поставените цели на ефикасен и ефективен начин.

Со координирањето на напорот на вработените за извршување на работите задачи се обезбедува постигнување на саканиот краен резултат, односно состојба.

Целта да се постигне поголем успех, односно подобар резултат или подобро да се функционира, претпоставува предизвик кој успешно се постигнува со менаџментот.

Следниот приказ се обидува сликовито да го претстави тој процес: [4]

4 Dessler, G., (2007). Osnovi menadžmenta ljudskih resursa, Beograd, Data Status, стр.78-79

REFERENCES

1. Bahtijarević, Š., Sikavica, P., Vokić Pološki, N., (2008). Suvremeni menadžment, Zagreb, Školska knjiga.
2. Dessler, G., (2007). Osnovi menadžmenta ljudskih resursa, Beograd, Data Status.
3. Dulić, D., (2005). Etički problemi upravljanja ljudskim resursima, Beograd, Fakultet bezbednosti.
4. Gareth, R.J., George. J. M. (2008). Contemporary management,,Скопје: Глобал комуникации.
5. Nešković S.(2006).Bezbednost i reforme u Srbiji, Beograd
6. Thomson., Jr., Strickland, A., Gamble, J., (2008). Strateški menadžment, U potrazi za konkurentskom prednošću, Zagreb, Mate.
7. Weinrich H., Koontz H.,(2003).Management, McGraw-Hill Inc.
8. http://data.bls.gov/cgi-bin/surveymost

005.51:005.21

Еленица Софијанова, e-mail: elenica.sofijanova@ugd.edu.mk
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за економија, Штип, Р. Македонија

Ѓорѓина Ќимова, e-mail: gorgina.kimova@slavinst.edu.mk
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Благица Накова, e-mail: blagica.nakovska@gmail.com
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Факултет за економија, Штип, Р. Македонија

ФОРМУЛИРАЊЕ И ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТРАТЕГИЈА КАКО ЕДЕН ОД ЧЕКОРИТЕ ВО МЕНАЏЕРСКАТА ФУНКЦИЈА - ПЛАНИРАЊЕ

Апстракт: Збирот од корпоративни и функционални стратегии овозможуваат системско анализирање на влијанието на внатрешните и надворешните фактори кои делуваат во остварување на организациската цел. Со нив се прецизираат организациските силни и слаби страни, организациските можности и закани во надворешното окружување во кое егзистира самата организација. Покрај многубројните стратегии за реализација на бизнисот, Michael Porter создал теоретска основа за стратегија на три нивоа со која се остварува конкурентска предност, а која денес во современите услови за водење бизнис, наоѓа се поголема практична примена. Преку насочување на енергијата на организацијата за намалување на трошоците, преку видлива диференцијација, разликување на сопствените производи од оние на конкуренцијата со квалитет и дизајн се создаваат реални услови за организациска успешност, продуктивност и лојалност на човековите ресурси.

Клучни зборови:организациска стратегија, намалување на трошоците, видлива диференцијација, стратегии на корпоративно ниво

FORMULATION AND IMPLEMENTATION OF STRATEGY AS A STEP IN THE MANAGEMENT FUNCTIONS - PLANNING

Abstract: The sum of corporate and functional strategies enable systematic analysis of the impact of internal and external factors that affect the achievement of organizational purpose.They specify organizational strengths and weaknesses, organizational opportunities and threats in the external environment in which the organization exists.Besides numerous strategies to deliver business, Michael Porter created the theoretical basis for strategy at three levels in order to effectuate a competitive advantage, which in the modern conditions of doing business have more and more practical application.By directing the energy of the organization to reduce costs through a visible differentiation, differentiate of their products from those of the competition by quality and design to create real conditions for organizational performance, productivity and loyalty of human resources.

Key words:organizational strategy, cost reduction, visible differentiation, strategies at the corporate level

ВОВЕД – ПРЕКУ ОСМИСЛЕНА СТРАТЕГИЈА, ДО РЕАЛИЗИРАНИ ЦЕЛИ

Во секое претпријатие се чувствува голема потреба од организациска стратегија која помага да се реализираат поставените цели, без разлика дали станува збор за корпоративна, функционална или стратегија по оддели. Всушност, тоа е почетна анализа на сите релевантни фактори кои имаат влијание за постигнување на резултати на претпријатието. Голем број на постапки и активности за зголемуваат конкурентската предност и се насочени кон остварување на организациските цели. Стратегијата всушност е генерален план за постигнување на долгорочни цели. При тоа, се анализираат организациските потенцијали кои го водат претпријатието кон конкурентска предност, слабостите на претпријатието, потенцијалните можности, како и потенцијалните закани од надворешната средина. Ова е таканаречената практична SWOT анализа од која произлегуваат неколку планови за акции:[1]

- Акции за управување со растот и развојот на претпријатието
- Акции за остварување на предност од појавените можности
- Акции за унапредување на способноста за создавање вредност

КОНКУРЕНТСКИ ФАКТОРИ ВО НАДВОРЕШНОТО ОКРУЖУВАЊЕ

Голем број на фактори како што се добавувачи, конкуренти, дистрибутери, потрошувачи влијаат на способноста на претпријатието да обезбеди влезови од кои се добиваат резултати, тие имаат најнепосреден и најдиректен ефект врз менаџментот. Michael Porter[2] посочил на пет фактори од кои се создаваат закани за намалување на профитот. Тоа се:



Сл. 1 Michael Porter – овите пет фактори за закани кон претпријатието

Денес, современите менаџери од сите три хиерархиски нивоа, правејќи анализи на работниот процес, се согласуваат и практично ги согледуваат овие наведени фактори, овие индикатори од кои произлегуваат сите можни закани на претпријатието. Од ден на ден се зголемува конкурентноста, создавајќи хипер конкурентност, предизвикана од напредната технологијаи променливите барања на потрошувачите. Затоа станува се потешко да се реализира менаџерската функција – планирање. Потребно е „паметно" избирање, создавање на стратегија според која ќе се води бизнисот, со која би се зголемувал профитот, а би се избегнувале заканите кои се погоре посочени.

Современиот менаџмент под успешна стратегија подразбира:

- Стратегија со која се намалуваат трошоците
- Стратегија која доведува до диференцирање на производите кои се произведуваат

1 Bloisi, W., Cook, C.W. and Hunsaker, P.L. (2006) Management and organizational behaviour, Berkshire, McGraw-Hill. pg 19-20
2 Morgan, G. (2006) Images of organization, updated edition, London, Sage.pg 59

Сепак, истражувањата од областа на стратегискиот менаџмент укажуваат на фактот дека не може во ист момент да се користат овие две стратегии во денешнава турбулентна средина. Потребно е континуирано едуцирање и подучување на секторските менаџери од страна на врвните менаџери да се преземаат акции кои ќе бидат препознатливи или по ниските трошоци при нивното извршување, или по големиот број на различни видови производи. Целта е идентична – задоволување на потребите на потрошувачите.[3]

Стратегијата на користење на ниски трошоци се применува на одредени сегменти од пазарот и се создава препознатливост на одреденото претпријатие како претпријатие со ниски трошоци за тој конкретен сегмент. Исто така, стратегијата за диференцијација опслужува одредени делови или сегменти на пазарот и преку тие диференцирани производи ја гради сопствената препознатливост. Така се создаваат специјализирани производи на специјализирани пазари, од специјализирани претпријатија.

Ова е метод кој го користат малите претпријатија за да можат да ја издржат конкурентноста на поголемите и помоќни претпријатија. Со користење на информатичката технологија се намалуваат трошоците, со за гарантираниот квалитет на производите ги привлекуваат потрошувачите, континуирано се усовршуваат и со својата специјализираност остваруваат висок профит и сигурна позиција на пазарот.

ПОТРЕБА ОД СТРАТЕГИИ ЗА КОРПОРАТИВЕН РАЗВОЈ

Основна задача на менаџментот е остварување профит, кој понатаму, ќе се инвестира во потребни ресурси со кои, во иднина ќе продолжи развојот на претпријатието во целост. Со тоа се отвораат можности за долгорочно планирање, за анализа на работниот процес, за нови производи по мерка на потрошувачите, со што ќе се намалат заканите кои произлегуваат од променливата средина, од пазарот. Главни димензии во корпоративниот план се:

- Насочување и развивање на една дејност која всушност е потреба за намалување на претпријатието во целост, но со тоа се зголемува извршувањето во таа конкретна дејност;
- Нагорна и надолна интеграција[4] со која преку ефективна работа и искористување на сопствените постоечки ресурси расте бизнисот создавајќи нови вредности – нови производи, или усовршувајќи ги досегашните производи. Со вертикалната интеграција има можност за зајакнување на конкурентската предност, но заради зголемување на претпријатието се намалува можноста за флексибилност и брзи промени кои потекнуваат од променливите услови на окружувањето;
- Видливото зголемување на бизнисот укажува на диверзификација на нови производи, со споделување на синергетските способности и вештини што веќе постојат во одделните производни сектори, со што се овозможува сигурна заштеда и намалување на трошоците;

ЗАКЛУЧОК

Планирањето како менаџерска функција развива стратегии кои водат кон остварување и реализација на организациската визија и мисија. Патот кон тоа

3 Clegg, S., Kornberger, M. and Pitsis, T. (2005) 'Managing and organizations: an introduction to theory and practice',London, Sage.pg.104
4 Rumelt, R. P. (2011).Good startegy or bad strategy. Crown Business. str.62

подразбира:

- » Делегирање на одговорност на поедини вработени;
- » Создавање детални, конкретни планови за преземање на акции во корелација со соодветната стратегија;
- » Задолжителна временска рамка и нејзино почитување;
- » Имплементирање на секторските цели и нивна реализација;

Само преку формулирање и имплементирање на еден од видовите на стратегии, претпријатието има одредена насока за раст и развој, само на овој начин можат да станат конкурентни на пазарот.

ПРЕПОРАКИ

Кога ќе биде избрана соодветна стратегија при процесот на планирање, таа треба да биде и имплементирана. При имплементацијата можно е видоизменување на стратегиите кои се поврзани меѓу себе, во зависност од промените во турбулентното окружување во кое денешните претпријатија опстојуваат и егзистираат.

За комплементарно практикување на соодветно избрана стратегија, менаџментот на претпријатието врши SWOT анализа од која, понатаму, се согледува потребата од видот и практикување на стратегијата која е во насока на намалување на трошоците или во насока на диференцирање на производите.

За успешно водење на бизнисот, за квалитетен избор на стратегиите, потребна е континуирана едукација, континуирани обуки и тренинзи на сите нивоа на менаџери. Само на тој претпријатието ќе стане продуктивно, лојално и конкурентно на пазарот.

REFERENCES

1. Bloisi, W., Cook, C.W. and Hunsaker, P.L. (2006) Management and organizational behaviour, Berkshire, McGraw-Hill.
2. Clegg, S., Kornberger, M. and Pitsis, T. (2005) 'Managing and organizations: an introduction to theory and practice',London, Sage.
3. Jones G.R., George,J.M.,(2008), Contemporary management,, Глобал комуникации, Скопје
4. Morgan, G. (2006) Images of organization, updated edition, London, Sage
5. Rumelt, R. P. (2011).Good startegy or bad strategy. Crown Business.
6. The Institute for Strategy and Competitiveness (ISC),Harvard Business School in Boston, Massachusetts.http://www.isc.hbs.edu/resources/

336.71/.73(4-672ЕУ)

Д-р Димитар Аневски
Комерцијална банка АД Скопје

Доц. д-р Елена Темелковска-Аневска
Правен факултет - Кичево, Универзитет Св. Климент Охридски - Битола

КАРАКТЕРИСТИКИ НА ПОЗНАЧАЈНИТЕ ФИНАНСИСКИТЕ СИСТЕМИ НА ЗЕМЈИТЕ ЧЛЕНКИ ВО ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Апстракт: Земјите членки на Европската унија, особено основачите се класифицирани како високо развиени земји, што подразбира дека покрај другото имаат и високо развиен правен и финансиски систем. Целта на земјите аспиранти за влез во политичката и економска унија е достигнување на нивото на развој на земјите членки. Преку прилагодување на правната регулатива и имплементација на софицистицирани финансиски системи квалитативно се развиваат финансиските институции, стануваат се постабилни и поотпорни на кризи, со што директно влијаат и врз стабилноста на економијата. Иако за регулативата на финансиските институции во Европската унија, во кои најголемо учество имаат банките е доверена на единствен регулатор, сепак различната историја, демографските, политичките, економските и други карактеристики го прават финансиски систем различен во секоја земја членка. Финансискиот сектор е во постојано менување како структурно така и квалитативно, заради унапредување на функциите на институциите, пред се во насока на поддршка и развој на економијата. Во трудот се анализирани повлијателните финансиски системи на државите во Европската унија и изведени се заклучоци за нивната сличност и разлики во нејзините рамки.

Клучни зборови: Европска унија, финансиски институции.

Abstract:

The Member States of the European Union, especially the founders, are classified as highly developed countries, which imply that in addition to rest have highly developed legal and financial systems. The purpose of the aspirant countries for entry into the political and economic union is achievement of the level of development of the Member States. Through the adaptation of the legal regulations and the implementation of sophisticated financial systems, the financial institutions are gaining in quality, becoming resistant to the crisis, they are more stable which directly affect the stability of the economy. Regulations of financial institutions in the European Union, in which the main part are the banks, have been entrusted to the single regulator. However different history, demographic, political, economic and other features makes the financial system different in each Member State. The financial sector is constantly changing as a structurally and qualitatively in order to improve the functions of the institutions, primarily aimed at supporting and developing the economy. Analyzed influential financial systems in the EU countries brought to conclusions about their similarities and differences within.

Key words: European Union, finance institutions.

ВОВЕД

Правниот и финансискиот систем во Европската унија се резултат на бројни сукцесивни меѓународни договори, секој надополнувајќи го претходниот. Специфичноста на самите системи доаѓа од самата промена на неколку политички и економски системи. Постојаните промени се со цел обезбедување стабилност на унијата и нејзините членки. Не сите земји членки имаат исто ниво на развој, затоа целта на унијата е урамнотежување преку воведување на заеднички регулативи со кои би се приближале поединечните системи со цел поефикасно да функционираат.[1] Софистицираните и ефикасни финансиски системи кои се карактеристика на развиените економии се следени од помалку развиените земји со аспирации за постигнување поквалитативно ниво. Овие земји ги имаат и најкомплексните финансиски институции чија активност влијае врз растот економијата. За една земја да стане членка на Европската унија, потребно е да исполни бројни политички, институционални и економски критериуми. Последните се предмет на интерес на овој труд, каде спаѓа и капацитетот на финансиските институции за справување со силната конкуренција и притисокот од пазарот во Европската унија.

Финансискиот систем на една држава се состои од различни по карактер институции, разлики има во големината и структурата која е разликува во земјите од Европската унија. Врз структурата на системите може да влијае концентрацијата на типовите институции, учеството на странските претставништва и нивната големина и др.[2] Во Луксембург финансискиот систем е до таа мера голем што бруто домашниот производ на државата е помал за сто пати, за разлика од Литванија каде соодносот е приближен. Различно е и движењето во самите системи, во некои држави како Австрија, Беглија и Кипар има контракција, додека пак во Грција и Финска е забележан раст. Разликите се големи и во структурата на самиот финансиски сектор, со банкарско учество од 20% до 95% во вкупните средства. Забележат висок процент има во Лукесбург со 75%, Малта 70%, како и во Холандија, Беглија и тн. Во Франција и Германија учеството на осигурителните компании е поголемо, што влијае на учеството на банките со само 30%. И сосема различна структура имаат финансиските системи во Холандија, Естонија и Словачка каде значаен дел од секторот имаат пензиските фондови. Разликите во финансиските системи во земјите од Европската унија претставуваат предизвик за одржување на правна стабилност и промовирање на економски раст. И покрај разликите, развојот на финансиските системи е карактеристичен по проширување на активностите на финансиските институции во земјите од Унијата [3], а значителна појава се инвестициите, односно отворањето на претставништва и надвор од Европската унија. [4]

Имајќи предвид дека едни од најмоќните и највлијателните системи се на Велика Британија, Франција и Германија, во продолжение се прави анализа на нивните финансиските системи, со акцент на банкарскиот сектор на овие три држави.

1 de Haas R., Naaborg I., Foreign Banks in Transition Economies: Small Business Lending and Internal Capital Markets, 3rd Halle Workshop on Monetary and Financial Economics EconWPA0504004, April 2005, p.9-13.
2 Stremmel H., Zsámbok B., The relationship between structural and cyclical features of the EU financial sector, European Central Bank Working Paper Series No 1812 , June 2015, p. 10-11
3 Niepmann F, Banking Across Borders, Deutsche Bundesbank Discussion Paper No 19, 2013, p.4.
4 Niepmann F., Banking across Borders with Heterogeneous Banks, Federal Reserve Bank of New York, Staff Report No. 609, April 2013, p 1-2.

ФИНАНСИСКИОТ СИСТЕМ НА ВЕЛИКА БРИТАНИЈА, ФРАНЦИЈА И ГЕРМАНИЈА

Во британскиот финансиски систем домининатно учество имаат банките, а самиот тој е високо концентриран. Концентрацијата е во четири поголеми банки, географски централизирани во еден центар - Лондон. Основан е на два столба, централната банка како еден столб и сите останати институции во вториот столб.[5] Самата концентрацијата на активностите во банкарството е историска, верификувана со податокот од 1994 година, според кој NatWest и Barclays банките имаа по 25% од кредитните пласмани, Lloyd со 20% и Midland со 12% [6], додека пак остатокот го имаа TSB, Royal Bank of Scotland, Bank of Scotland и Yorkshire Bank. Концентрацијата се зголеми со спојувањата на банките кои се случија подоцна. Иако бројот на кредитни институции надминува 350 [7], структурата на пазарот покажува висока концентрираност. Пооделно, во Англија, Велс и Северна Ирска пазарното учество припаѓа на најголемите четирите најголеми банки со 90%, а во Шкотска трите најголеми банки имаат учество над 90%, односно концентрираноста е уште повеќе изразена. Високата концентрација може да влијае негативно за развојот на економијата, имаќи предвид дека и покрај се постојат високи бариери за влез и развој на нови банки.

Концентрацијата е присутна и во финансискиот систем на Франција и истата е последица на низа спојувања на банки во изминатите години. Во оваа држава има скоро двојно поголем број[8] на кредитни институции во однос на Велика Британија, но сепак главно учество имаат шесте големи банкарски групации и тоа BNP Paribas, Banque Populaire Group, Caisse d'Epargne Group, Crédit Agricole Group, Crédit Mutuel Group, La Banque Postale и Société Générale. Високата концентрација означува пазарно учество од над 80% во тековните сметки на правните субјекти. Кредитните институции се поделени на општи кредитни институции, инвестициски институции и специјализирани кредитни институции како муниципалните банки, финансиските компании и специјализирани финансиски институции. Квантитативната бројчана предност како и различните типови на кредитни институции придонесуваат кон поголема поддршка за стопанството, каде над 90% од малите и средните претпријатија изјавиле дека не се соочиле со проблеми во кредитните услови, потврдено и со цената на парите со просечна каматна стапка пониска за 0,40 процентни поени во споредба со просекот во Еврозоната . [9]

За разлика од претходните два, германскиот банкарски систем не е централизиран, имала помала концентрација на активостите во одредена група на банки и е похетероген, последица на посилното влијание на штедните и другите помали банки. Овој систем е сочинет од три типови банки[10] , јавни банки, приватни комерцијални банки и кооперативни банки. Германскиот сектор е

5 Banks in England, достапно на http://banksinengland.blogspot.mk/2012/08/the-banking-system-of-great-britain.html, посетено на 11.03.2017 година.

6 Lane C., Quack S., How banks construct and manage risk: a sociological study of small firm lending in Britain and Germany, Discussion paper Wissenschaftszentrum Berlin für Sozialforschung, Forschungsschwerpunkt Arbeitsmarkt und Beschäftigung, Abteilung Organisation und Beschäftigung, No. FS I 02-101, 2002, p.6-12.

7 Sme Lending And Competition: An International Comparison Of Markets, Institute For Employment Studies, Bis Research Paper No. 270, May 2016, p.24.

8 http://www.fbf.fr/en/files/8H5HJ9/Organisation_french_banking_system_2011_EN.pdf, посетено на 10.03.2017 година.

9 The French Banking Sector, Federation Bancaire Francaise, April 2008, p.3

10Brauning F., Fecht F., Relationship lending in the interbank market and the price of liquidity, Deutsche Bundesbank, Discussion Paper No 22/2012, 2012, p.6.

составен од рекорден број од над 1.800 кредитни институции, во кои најголемо учество имаат кооперативните банки со 58%, следени од штедните банки со 23%, потоа комерцијалните 15% и 4% се други.[11] Карактеристично за овој систем е лојалноста на субјектите и меѓусебната поврзаност, бидејќи финансиските институции покрај традиционалните банкарски услуги нудат и консултативни, сметководствени и други како поддршка на работењето на правните субјекти. [12]Во однос на традиционалниот дел, пристапот до кредити е непречен со бидејќи помалку од 10% од правните субјекти го истакнале како проблематично, додека пак каматните стапки е со просечна каматна стапка помала 1,65 процентни поени од просечната во Европската унија, со над 3/4 одобрени барања. Податокот од 26% правни субјекти кои поднеле барања за кредити во Германија е поголем од Велика Британија кој изнесува 18% но пониска од европскиот просек од 28%. Како компаративна предност која ја има Германија е улогата на државните финансиски институции, како KfW-Group, државната банка задолжена за финансирање на јавни проекти и проекти за мали и средни претпријатија како што се: [13] High-Tech Gründerfonds од 573,5 милиони ЕУР, ERP regional development programme со фонд од 410 милиони ЕУР, ERP-Kapital für Gründung со фонд од над 130 милиони ЕУР и др.

Во продолжение е дадена табела од која може компаративно да се направи анализа на кредитните институции на погоре анализираните земји.

Земја	Број на банки	Број на деловни единици на кредитните институции	Број на вработени во кредитнитеинституции
Германија	1.898	39.494	667.900
Франција	660	38.958	/
Велика Британија	373	н.п.	455.306
Европска Унија 27	**н.п.**	**231.161**	**2.700.806**

Табела 1 - Компаративни показатели за кредитните институции во Германија, Франција и Велика Британија со состојба 31.12.2010 година (Извор: www.epp.eurostat.ec.europa.eu, BSCEE Review 2010)

Табелата го покажува и претходно анализираното во литературата, односно соодносот на бројот на банки не отстапува многу, Франција има двојно повеќе од Велика Британија а Германија има тројно повеќе од Франција, со што се потврдува хетерогеноста и деконцентрацијата на активносите на поголем број кредитни институции.

Разликите на финансиските системи во Европската унија уште повеќе доаѓаат до израз со приклучувањата на нови земји членки, особено што во периодот од 2004 до 2013 година бројот на членки се зголеми за единаесет. Нивното членство

11SME lending and competition: an international comparison of markets, Institute For Employment Studies, Bis Research Paper No. 270, May 2016, p. 48-50.
12 Lane C., Quack S., How banks construct and manage risk: a sociological study of small firm lending in Britain and Germany, Discussion paper Wissenschaftszentrum Berlin für Sozialforschung, Forschungsschwerpunkt Arbeitsmarkt und Beschäftigung, Abteilung Organisation und Beschäftigung, No. FS I 02-101, 2002, p.6-13.
13 SME Lending And Competition: An International Comparison Of Markets, Institute For Employment Studies, Bis Research Paper No. 270, May 2016, p.53-58.

го олесни пристапот и овозможи влез на финансиските институции во другите држави, изразено преку спојувања на банки, консолидација и понатамошна концентрација, пред се регионална.

ЗАКЛУЧОК

Финансиските системи и институциите во земјите предмет на анализата се карактеризираат со различности меѓу себе изразени во повеќе аспекти. Разликите се појавуваат во бројноста на институциите кои во одредена земја се неколкукратно повеќе во однос на друга, што секако е во корист на крајните корисници, обезбедувајќи им подобар пристап до услугите. Голема разлика во креирањето на компаративна предност прават и типовите на кредитни институции, особено во Германија каде е најуспешен моделот на државни финансиски институции кои нудат силна поддршка за правните субјекти изразена во финансии но и во консултативни услуги. Големината и концентрацијата на банкарските активности е карактеристична за поголемиот број на земји, со исклучок на Германија, каде постои хетерогеност на активностите поделена со поголем број мали и средни банки, со изградени цврсти релации со стопанството. Заедничко за сите е тоа што условите за финансирање во овие држави се меѓу најдобрите во Унијата, со цена на кредитите пониска од просекот, што е еден од важните услови за развој на економијата. Може да се заклучи дека членството на земјите во единствена политичка и финансиска унија, каде е потребна хармонизација на регулативата не влијаело врз посебните карактеристики на секоја земја. Напротив, посебностите доаѓаат до израз, се унапредуваат следејќи ги искуствата од подобрите и поусовршени системи, остварувајќи ја посебната и заедничката цел, стабилна и силна унија преку стабилни и силни членки.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Banks in England, http://banksinengland.blogspot.mk/2012/08/the-banking-system-of-great-britain.html,
2. Brauning F., Fecht F., Relationship lending in the interbank market and the price of liquidity, Deutsche Bundesbank, Discussion Paper No 22/2012, 2012,
3. de Haas R., Naaborg I., Foreign Banks in Transition Economies: Small Business Lending and Internal Capital Markets, 3rd Halle Workshop on Monetary and Financial Economics EconWPA0504004, April 2005,
4. Lane C., Quack S., How banks construct and manage risk: a sociological study of small firm lending in Britain and Germany, Discussion paper Wissenschaftszentrum Berlin für Sozialforschung, Forschungsschwerpunkt Arbeitsmarkt und Beschäftigung, Abteilung Organisation und Beschäftigung, No. FS I 02-101, 2002,
5. Niepmann F, Banking Across Borders, Deutsche Bundesbank Discussion Paper No 19, 2013,
6. Niepmann F., Banking across Borders with Heterogeneous Banks, Federal Reserve Bank of New York, Staff Report No. 609, April 2013,
7. Sme Lending And Competition: An International Comparison Of Markets, Institute For Employment Studies, Bis Research Paper No. 270, May 2016,
8. SME Lending And Competition: An International Comparison Of Markets, Institute For Employment Studies, Bis Research Paper No. 270, May 2016,

9. Stremmel H., Zsámbok B., The relationship between structural and cyclical features of the EU financial sector, European Central Bank Working Paper Series No 1812 , June 2015,
10. The French Banking Sector, Federation Bancaire Francaise, April 2008.

334.722:[339.9:339.137.2(497.7)

М-р Марица Антовска
МАНУ, Центар за стратегиски истражувања
e-mail: mantovska@manu.edu.mk

ЗНАЧЕЊЕТО НА ИНОВАЦИИТЕ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО МЕЃУНАРОДНАТА КОНКУРЕНЦИЈА (СЛУЧАЈОТ НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС СЕКТОР)

Апстракт: Трудот има за цел, преку краток осврт на теоријата од областа на претприемништвото и иновациите, анализа на иновативноста на македонскиот бизнис сектор и компарација на неговата иновативна перформанса со европскиот просек, да го потенцира значењето на иновациите за фирмите кои ги воведуваат особено за зголемување на ефикасноста во работењето и зајакнување на конкурентската способност, а во правец на успешно справување со меѓународната конкуренција.

Клучни зборови: иновации, бизнис сектор, иновациска активност, меѓународна конкуренција.

IMPORTANCE OF INNOVATION IN DEALING WITH THE INTERNATIONAL COMPETITION (THE CASE OF THE MACEDONIAN BUSINESS SECTOR)

Abstract: The aim of this paper is, through a brief overview of the theory in the field of entrepreneurship and innovation, analysis of the innovativeness of the Macedonian business sector and the comparison of its innovative performance with the European average, to highlight the importance of the innovation for the companies, particularly concerning the increase of the work efficiency and the strengthening of the competitiveness, due to successful dealing with the international competition.

Keywords: innovation, business sector, innovation activity, international competition.

ИНОВАЦИИТЕ И КОНКУРЕНТСКАТА СПОСОБНОСТ НА ФИРМИТЕ

Економската теорија одамна докажала дека иновациите се еден од најзаслужните фактори кои го детерминираат динамизмот во економската активност и ја зголемуваат конкурентската сила на претпријатијата и воопшто на националните економии кои ги воведуваат. Значењето на иновациите за осигурување на економскиот динамизам е елаборирано во трудовите на проминентни автори од областа на претприемништвото и иновациите: Schumpeter (1934), Drucker (1991), Birch (1987), Baumol (2005), Casson and Wadeson, (2010) и др. Додека од макроекономски аспект, иновацијата денес најчесто се поврзува со претприемништвото како посебен (четврти) развоен фактор, од микроекономски аспект таа се означува како diferentia specifica на типично претприемничките фирми. Еден од најзначајните извори на моќта на иновацијата е фактот што таа не претставува само технолошки феномен туку, многу често се јавува и

како организациски, социјален, пазарен и демографски феномен, со што се овозможува нејзина масовна примена (Фити и др., 2007). Ваквата карактеристика на иновацијата овозможува таа да биде широко применувана од претпријатијата кои дејствуваат во различните сектори и индустрии, од високо технолошките индустрии до традиционалните или трудоинтензивни индустрии Birch (1987). Сфаќањето на иновацијата како мултидимензионален феномен (технолошки, организациски, маркетиншки, социјален итн.), покажува зошто современите национални статистики за иновативната активност на бизнисите разликуваат и евидентираат четири видови иновации: иновација на производ, иновација на процес, маркетинг иновација и организациска иновација (Eurostat, 2012).

Кои се основните мотиви на фирмите за иновирање? Најсинтетички гледано, и од економската теорија и од емпириските истражувања, можат да се селектираат четири клучни фактори кои даваат одговор на прашањето зошто фирмите иновираат, а тие се: зголемување на продажбите, зголемување на пазарното учество, намалување на трошоците и зголемување на профитот. Ако тезата се следи по обратната логика, лесно може да се заклучи дека остварувањето на претходно споменатите перформанси не е можно без иновирање на производите и усугите на фирмите. Имено, иновативната активност на фирмите секогаш се сведува на диференцирање на квалитетот на нивните производи и услуги во однос на конкуренцијата т.е. во крајна линија на зголемување на конкурентната способност на фирмите. Иновативните фирми ја зголемуваат својата конкурентна способност и поради намалување на трошоците на производство, но и поради подобрување на квалитетот на производите и услугите, т.е. бенефицираат и од ценовните и од неценовните фактори кои ја условуваат конкурентската способност на фирмите.

ИНОВАТИВНОСТА НА МАКЕДОНСКИОТ БИЗНИС СЕКТОР

Република Македонија, а посебно македонскиот бизнис сектор (секторот на претпријатијата), според најзначајните показатели покажува слаби перформанси во однос на иновациската активност. Имено, четирите институционални сектори во Република Македонија (владиниот сектор, бизнис - секторот, високото образование и непрофитниот сектор) во периодот од 2005 до 2012 година за истражување и развој (ИР) заедно издвоиле само 0,22% од бруто домашниот производ (БДП), што е речиси 10 пати помалку од европскиот просек (World Bank, 2014). Во овој контекст, уште повеќе загрижува фактот што македонскиот бизнис сектор издвојува сосема незначителни износи за ИР како процент од БДП - само 0,04% од вкупните 0,22% (Erawatch, 2013). Тоа, понатаму значи дека ако македонските претпријатија во вкупните издвојувања за ИР учествуваат со 15% - 20%, бизнис секторот во ЕУ учествува дури со 60% - 65% (European Commission, 2014).

Македонија нема поволна позиција ниту во однос на бројот на научни работници, т.е. истражувачи со полно работно време. Според податоците на Светска банка (World Bank, 2014), во Република Македонија бројот на истражувачи со полно работно време во периодот 2005–2012 година изнесува 425 истражувачи на милион жители, наспроти, на пример, 1.235 во Србија, 1.553 во Хрватска, итн., односно 3.277 истражувачи со полно работно време во рамките на еврозонта. Покрај малиот број истражувачи на државно ниво, загрижувачки е и податокот за маргиналното учество на истражувачите во бизнис-секторот на земјата. Конкретно, во 2010 година бизнис-секторот на Република Македонија

учествува само со 1,3% во вкупниот број истражувачи во земјата (Erawatch, 2013). Во поново време е евидентна и тенденција на намалување на бројот на истражувачи во земјата, во значајна мера поради миграцијата (особено на млади високообразовани кадри) во странство. Судејќи и според низа други релевантни индикатори Република Македонија бележи слаба перформанса, а особено доколку се спореди со европскиот просек. Така на пример, учеството на извозот на индустриски производи со висока технолошка содржина во вкупниот извоз на индустриски производи на Република Македонија е околу 3% - 4%, наспроти 17% во ЕУ–27; учеството на вработените во услужните сектори базирани на знаења е 19%, наспроти 33% во ЕУ–27; соработката наука - индустрија е многу слаба (само 5% од македонските фирми имаат некаква конекција со истражувачките институции во земјата) итн. (OECD, 2011). Оттука, Република Македонија има речиси 2,5 пати помал композитен индекс на иновативност во однос на просекот во ЕУ.

Државниот завод за статистика, од неодамна, започна да лиферува податоци за иновативните фирми во Република Македонија, врз основа на посебно спроведена анкета според методологија на Еуростат (Eurostat). Во анкетата не се вклучени микропретпријатијата (кои иако се доминантни, т.е. чинат околу 90% од вкупната популација на активни бизниси во земјата), затоа што се смета дека станува збор за фирми кои немаат услови за иновирање. Притоа, за иновативни фирми се сметаат сите фирми кои вовеле некаков вид на иновација (на производ, на процес, организациска и маркетинг иновација) (ДЗС, 2014).

Претпријатија според големина	Вкупно	Иновативни број	%	Неиновативни Број	%
Вкупно	4818	2060	42,8	2757	57,2
Мали	3967	1583	39,9	2384	60,1
Средни	719	377	52,4	342	47,6
Големи	132	100	75,8	32	24,2

Табела 1. Иновативни мали, средни и големи претпријатија во Република Македонија (2010 - 2012 година) (Извор: ДЗС на Република Македонија, Соопштение бр. 2.1.14.25, од 27.06.2014, стр. 2.)

Од вкупниот број иновативни претпријатија во Република Македонија (Табела 1), 24,7% имаат воведено иновација на производ и процес, 46,4% вовеле организациски и маркентинг иновации, а 18,2% од иновативните претпријатија ги вовеле сите типови иновации. Гледано од аспект на големината на претпријатието, најголема застапеност на иновативни претпријатија е присутна кај групата на големи претпријатија (75,8%), потоа следат средните по големина претпријатија (52,4%) и на крај малите претпријатија (39,9%). И во случајот на Република Македонија се покажува дека интензитетот, застапеноста и видот на иновациите главно се детерминирани од природата на секторите. Така, на пример, иновативната активност е најзастапена во секторот Финансиски дејности и дејности на осигурување, каде што дури 89,1% од претпријатијата се означени како иноватори и во секторот на Информации и комуникации со 69,5% иновативни претпријатија. Најслаба иновативност е присутна во секторите Градежништво, каде што одреден вид на иновации вовеле само 25% од вкупниот број на

претпријатија, во Транспорт и складирање (34,1%) и во Земјоделство, шумарство и рибарство (35,4%) (ДЗС, 2014).

Последната анкета на Државниот завод за статистика на Република Македонија за периодот 2012 – 2014 година, којашто во анализата не ги вклучува претпријатијата од секторите Земјоделство, шумарство и рибарство, Градежништво, Трговија на мало и Објекти за сместување и сервисни дејности со храна, покажува уште пониска иновативност на македонските претпријатија. Според податоците на ДЗС (2016), учеството на иновативните деловни субјекти во периодот 2012–2014 година изнесува 36% и е за 6,8% помало во споредба со учеството на иновативните деловни субјекти во периодот 2010–2012 година.

Без оглед на релативно ниската иновативност на македонските фирми, овде ќе истакнеме дека целите и мотивите заради кои нашите фирми иновираат покажуваат дека меѓу македонските претприемачи расте свеста и разбирањето на користите од иновациите (Табела 2).

Цели	Степен на значење на целите (%)			
	Голем	Среден	Мал	Не е релевантен
Зголемување на прометот	57,1	21,6	10,1	11,1
Зголемување на пазарното учество	39,9	27,5	10,6	22,0
Намалување на трошоците	51,3	21,7	9,7	17,4
Зголемување на профитната маржа	33,2	28,3	15,2	23,3

Табела 2. Значење на целите на деловните субјекти, 2010 - 2012 година

Иако се забележува пораст на свесноста кај македонските деловни субјекти за значењето и предностите од воведувањето на иновациите, пред се во правец на зголемување на ефикасноста во работењето и зајакнување на конкурентноста сепак македонскиот бизнис сектор се карактеризира со скромна иновациска склоност.

Ова посебно доаѓа до израз доколку се земе во предвид дека учеството на македонските иновативни фирми во периодот 2010–2012 година (42,8%), споредено со просечното учество на иновативните фирми од ЕУ–28 (51,6%, со исклучок на Грција) за истиот период е помало за речиси 10 процентни поени, како и дека дистрибуцијата помеѓу технолошките и нетехнолошките иновации во ЕУ–28 е, речиси 1:1, наспроти состојбите во Македонија каде што нетехнолошките иновации се доминантни (Eurostat, 2012).

КАКО ДА СЕ НАДМИНАТ СЛАБОСТИТЕ

Според нашето мислење, постојат неколку значајни комплексни групи на фактори кои можат да ги подобрат состојбите во доменот на иновативната активност на македонските фирми.

Меѓу нив, посебно, ќе ги издвоиме следниве:

Прво, треба интензивно да се работи на зголемување на свеста на менаџерите и претприемачите за корисноста на иновациите за бизнисот - иновациите го подобруваат квалитетот на производите и услугите, ги намалуваат трошоците на производство, ја зголемуваат продуктивноста на трудот, ја подобруваат конкурентската предност на фирмите и им овозможуваат да остварат економски,

т.е. надпросечни профити. Искуствата на многу земји покажуваат дека ова најдобро се постигнува преку организирање на стручни и научни расправи (конференции, тркалезни маси, работилници, едукација на претприемачи и сл.) од страна на научните и високообразовните институции, институциите за подршка на претприемништвото (регионални центри за мали бизниси, бизнис - инкубатори, кластери и сл.), преку владини кампањи за промоција на претприемништвото и сл.

Второ, неопходно е да се работи на засилување на конкурентниот притисок во економијата, преку подобрување на дел од сегментите на бизнис климата во кои Македонија покажува лоша перформанса. Тоа посебно се однесува на корупцијата, инволвирањето на политиката во бизнисот и на регулативата во доменот на јавните набавки и банкротот на фирмите. Пазарниот притисок и развојот на конкуренцијата, се најефикасен лек кои ќе ги натера фирмите да иновираат за да опстојат на пазарот.

Трето, подобрувањето на пристапот на бизнисите до средства за финансирање на нивниот развој е исто така значајна мерка којашто може да го олесни процесот на иновирање во секторот на претпријатијата. Тука е битно да се изврши докапитализација на Македонската банка за поддршка на развојот, а во нејзини рамки да се воспостави и сектор за официјален ризичен капитал кој посебно ќе ги подржува иновативните фирми. Исто така е неопходно да се зголемат средствата (буџетски) и на Фондот за иновации и технолошки развој. Фирмите, од своја страна треба да го подигнат квалитетот на деловното планирање и квалитетот на инвестициските проекти со кои настапуваат пред банките.

Четврто, иновациите се позитивна екстерналија и владата, како што е тоа случај во многу земји во светот, треба да ги охрабрува и поттикнува преку добро конципиран систем на даночни олеснувања.

Петто, зајакнување на врските и соработката помеѓу индустријата и науката, преку оспособувањето на научните институции (јавни и приватни) и на консалтинг фирмите во земјата за нудење на нови и применливи знаења за секторот на претпријатијата, развој на бизнис инкубатори, воспоставување на првите научни паркови во земјата (кај бизнис инкубаторите и научните паркови присуството на универзитетите е неопходно), вмрежувањето на научните институции и поголема ангажираност на стопанските комори во поддршката на иновативната активност на нивните членки.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Baumol, W. J. (2005) Return of the Invisible Men: The Microeconomic Value of Inventors and Entrepreneurs. EntInvisibleMen2sw.doc, pp. 1-37.
2. Birch, D. (1987) Job Creation in America: How Our Small Companies Put the Most People to Work. New York, NY: The Free Press.
3. Casson, M., & Wadeson, N. (2010) Entrepreneurship and macroeconomic performance. In Casson M., Entrepreneurship: Theory, Networks, History, (pp. 61 - 87). Northampton, MA, USA: Edward Elgar Publishing, Inc.
4. Drucker, P. F. (1991) Inovacije i preduzetnistvo - praksa i principi, Privredni pregled, Beograd.
5. Државен завод за статистика на Република Македонија (2014) Соопштение бр.2.1.14.25, од 27.06.2014, Скопје.
6. Државен завод за статистика на Република Македонија (2016)

Соопштение бр.6.1.15.14, од 1.6.2016, Скопје.
7. Erawatch Country Reports 2013: Former Yugoslav Republic of Macedonia – The European Commission's science and knowledge service.
8. European Commission (2014). Innovation Union Competitiveness Report 2013, Luxembourg.
9. Eurostat: Science, technology and innovation in Europe, Eurostat Pocketbooks, 2012 Edition.
10. Фити, Т., Хаџи Василева-Марковска, В. и Бејтмен, М. (2007) Претприемништво, Економски факултет – Скопје, Скопје.
11. OECD (2011). The Former Yugoslav Republic of Macedonia: Review of the National Innovation System, OECD Development Center, Paris.
12. Schumpeter, J. A. (1934) Theory of Economic Development. Harvard, MA, USA: Harvard University Press.
13. World Bank (2014) World Development Indicators: Science and Technology [online] wdi:worldbank.org./table/5.13 (accessed 15 May 2016).

338.48:641(100-773)

Атанасовска Юлия
Международный славянский университет «Гаврило Романович Державин»
(Республика Македония)

ГУМАНИТАРНО-ОБРАЗОВАТЕЛЬНЫЕ РЕЗЕРВЫ ЭКОНОМИКИ РАЗВИВАЮЩИХСЯ СТРАН

Аннотация: Экономика развивающихся стран, кроме базиса, имеет серьёзный резерв в образовательно-гуманитарной сфере. Важными источниками пополнения бюджета может стать туризм в его мало пока реализуемых формах и направлениях. Таковыми являются образовательный, экологический (сельский), гастрономический туризм как часть культивируемого в цивилизованных странах здорового образа жизни.

Ключевые слова: гуманитарно-образовательные резервы, экономика развивающихся стран, гастрономический туризм, энотерапия, ампелотерапия, гуманитарная сфера, доходы государства.

HUMANITARIAN-EDUCATIONAL RESERVES OF THE ECONOMY OF DEVELOPING COUNTRIES

Abstract: The economy of developing countries, except for the basis, has a serious reserve in the educational and humanitarian sphere. Important sources of replenishment of the budget can be tourism in its little-realized forms and directions. Such are educational, ecological (rural), gastronomic tourism as part of a healthy lifestyle cultivated in civilized countries.

Keywords: Educational reserves, economy of developing countries, gastronomic tourism, enoteraphy, ampeloteraphy, humanitarian spehere, countries profit.

В этом смысле Республика Македония обладает поистине уникальными возможностями: выгодное местоположение, удивительное разнообразие ландшафта на небольшой территории, чистый воздух и не протравленная химическими удобрениями земля – всё это располагает к оздоровлению организма в благоприятных условиях. Даже не очень хорошая туристическая инфраструктура (отсутствие достаточного количества гостиниц с высоким сервисом обслуживания) здесь не помеха, так как указанные виды туризма предполагают достаточно аскетический образ жизни и отдыха.

Внутренний туризм из-за небольшого количества населения Македонии не может стать серьёзным экономическим фактором, а вот туризм въездной – клондайк, котороый при правильном подходе и организации может стать существенным фактором экономики страны.

Исходя из природно-климатических ресурсов Македонии, актуализации подлежат следующие направления:

- Бальнеологический туризм. Приоритетными направлениями являются Негорски бани, Дебарски Бани и Баня-Банско.

Негорски бани расположены близ города Гевгели (баня– купальня, источник с минеральной водой, санаторий). Здесь два источника – «Вряла баня» (кипящий

источник, температура воды 40 градусов по Цельсию) и Студена баня (холодный источник, температура воды 38 градусов по Цельсию). Курорт находится у подножия горы Кожух среди густых рябиновых зарослей. Это целебное место известно с 1864 года, а в 1950 году здесь был создан бальнеологический комплекс, воды которого богаты радоном и другими минералами.

Дебарски Банибогаты термальными источниками, основная часть сосредоточена недалеко от деревень Баниште и Косоврасти, где имеются два СПА-центра. Кристально чистый воздух способствует лечению заболеваний органов дыхания, в том числе астмы и различных аллергий.

Не активно используются для въездного туризма резервы горнолыжных курортов Македонии – Попова шапка,Маврово и Крушево, которые являются излюбленным местом отдыха македонцев.

- Гастрономический туризм – направление с огромным экономическим потенциалом и очень плохо представленное (или не представленное вообще) на туристической карте мира.

При стремительном ухудшении экологии, качества продуктов и, как следствие, качества жизни перспективы этого направления очевидны.

На территории Македонии гастрономический туризм (лечебный) может быть представлен как минимум тремя направлениями – энотерапией, ампелотерапией и яблоколечением.

Энотерапию (лечение вином) предложил Гиппократ, который указал, какие вина, в каких дозах и при каких заболеваниях следует употреблять.

В современной медицине энотерапия– это серьёзная наука,раздел клинической медицины, изучающий свойства виноградных вин, их влияние на органы и системы организма человека.

При упоминании о вине возникает первая реакция на него как на алкогольный напиток. Но мы забывваем, а многие и не знают, что вино (особенно красное) – это значительная часть таблицы Менделеева. В вине как продукте из винограда содержится большое количество минералов:железо, калий, кальций, медь, марганец, цинк, кислоты (яблочная, винная и др.), витамины группы В и много-много других ценных продуктов.

Вино является хорошим антисептиком. Учёные давно доказали, что в вине гибнут вирусы гриппа, полимиелита, туберкулёза и других опасных инфекций. Не зря во всех южных странах бокал красного вина к обеду – национальная традиция. Жители жарких стран не опасаются есть мясо, рыбу и другие скоропортящиеся продукты, так как еду обильно заправляют специями (в первую очередь перцем) и запивают вином. Оно является естественным антисептиком.

Говоря о вине, мы давно забыли постулат швейцарского медика, естествоиспытателя, философа XV – XVI веков Парацельса: «Всё – яд, всё – лекарство; то и другое определяет только доза».Вино в большом количестве – яд, зло и большая беда миллионов людей. Вина в правильных дозах – лекарство, способное исцелять.

Возможно, скептики скажут, что македонское вино не может конкурировать с испанским или французским. А вот и нет! Во-первых, не все вина из указанных стран являются высокого сорта. Во-вторых, в Македонии есть достойные сорта винограда, выращенного по всем правилам виноградорского искусства. И из него готовятся вина, вполне конкурентоспособные на европейском рынке.

Просто французские и испанские бренды более раскручены. В бренд (имидж вина) надо вкладывать деньги, и немалые. Но и здесь есть альтернатива. Красные вина невысокого качества вполне подходят для косметических обёртываний, так популярных у женщин при борьбе с лишним весом и косметическими недостатками кожи тела.

Отрадно и то, что энотерапия имеет незначительные, мы бы сказали безобидные противопоказания: беременность, период лактации, сочетание с антибиотиками и некоторые другие.

То, что в Македонии большие перспективы для энотерапии, говорит вполне раскученный бизнес соседей-болгар, где уже давно (по аналогии с Францией) устраиваются винные туры. Они пользуются стабильным спросом у иностранных туристов.

Ампелотерапия (лечение виноградом) – новое направление в клинической медицине и косметологии, на которое целесообразно обратить внимание при разработке туристических направлений, хотя целебных свойствах винограда говорил ещё Гиппократ и его ученики.

В 90-х годах XX века официальной медициной было доказано, что виноградные косточки обладают уникальной способностью бороться со свободными радикалами – продуктом плохой экологии и нездорового образа жизни. Масло виноградных косточек хорошо увлажняет кожу. Экстракты винограда и виноградной лозы, продукты ферментации винограда способствуют производству коллагена, повышают эластичность кожи, освобождая её от свободных радикалов, препятствуют старению.

Отрадно и то, что в ампелотерапии почти нет отходов, так как пищелекарственное значение имеют молодые побеги винограда, семена, выжимки, листья. Вспомним традиционное восточное блюдо – долма.Дары виноградных плантаций Македонии могут стать серьёзным экономическим фактором, дающим дополнительные доходы в казну государства.

Ещё одним направлением, инновационным по своему характеру, может стать оздоровление туристов яблоками. В фольклоре многих народов мира яблокам приписываются удивительные свойства, и, как доказала современная медицина, не без оснований. Так, в русских народных сказках яблоки называются молодильными, что подчёркивает их замечательные свойства, способствующие сохранению молодости и здоровья.

В августе православные христиане отмечают большой праздник — Преображение Господне. В народе его именуют как Яблочный Спас. В этот день совершается обряд освещения плодов, которые с этого дня можно есть, так как они достигли своей зрелости.

В яблоках содержатся пищевые волокна, органические кислоты, пектины, большое количество витаминов, минеральных веществ и микроэлементов: алюминий, железо, йод, фтор, селен и много-много других.

Яблоки, как и виноград, являются уникальным продуктом с низкой степенью отходности. Это не только сезонный продукт, хотя климатические условия Македонии позволяют увеличить потребление свежих яблок в течение всего календарного года.

Отходов при переработке яблок может и не быть совсем, так как яблочные выжимки (жом) хороши для производства яблочного уксуса. Он используется в

народной медицине с давних времён, содержит много полезных веществ и кислот (яблочную, лимонную, уксусную и другие).

Яблочный уксус хорошо поддерживает имунную систему человека, нормализует вес, является натуральным успокаивающим и косметическим средством.Уникальность яблок заключается в том, что противопоказаний для их использования в лечебных и профилактических целях почти нет.

Наверное, каждому довелось видеть горы гниющих ресенских яблок, сбыт которых из-за утраченных после распада Югославии связей затруднён. Но яблоки Ресена – это достояние Македонии. К сожалению, об этом мало кто задумывается в наши дни.

Удивительная кладовая яблок из Ресена может стать привлекательным фактором для иностранных туристов, желающих поправить своё здоровье самым естественным, природным образом, что сейчас очень актуально в Европе.

Таким образом очевидно, что при грамотной организации туристической деятельности, Македония может претендовать на место одной из ведущих стран Европы в развитии гастрономического туризма, что принесёт немалые доходы государству.В становлении этого бизнеса есть промежуточные формы деятельности,которые не требуют на начальном этапе больших капиталовложений. Здесь возможны два пути: создание и реализация программы-минимум с перспективой на три-четыре года и программы-максимум с долгосрочной перспективой развития.

Время предлагает Македонии занять выгодную экономическую нишу, свободную до сих пор на европейском пространстве.

СПИСОК ЛИТЕРАТУРЫ

1. «Советская социально-экономическая география», В. Вольский, Москва, 2005 г.
2. «Европейская интеграция», О. Буторина, Москва, 2011 г.
3. «Мировая экономика», З. Раджабова, Москва, 2006 г.

366.1:81'23

В. П. Гаврилова
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола, Р. Македонија

Е. М. Емшова
Жито Лукс АД Скопје

ЕФЕКТОТ НА ПСИХОЛОНГВИСТИКАТА КАЈ ОДНЕСУВАЊЕТО НА ПОТРОШУВАЧИТЕ

Апстракт: Глобализацијата на пазарите како и интернационалната конкуренција налагаат компаниите сè повеќе да бидат во мултикултурна средина. Миграцијата и транснационалните комуникациски медиуми креираат мултикултурни популации во домашните пазари при што ги изложуваат потрошувачите на алтернативни однесувања и потреби. Истражувањата кои се фокусираат на лингвистичкиот аспект на културата и имаат корени во когнитивната психологија и маркетингот, покажуваат дека јазикот на една култура може да има витална улога во детерминирањето на перцепциите, процените како и одлуките на потрошувачите.

Клучни зборови: компанија, пазар, маркетинг, култура, потрошувач

THE EFFECT OF PSYCHOLINGUISTIC ON CUSTOMER BEHAVIOUR

Abstract: The globalizations of markets as well as the international competition impose companies to be increasingly present in a multicultural environment. Migration and transnational communication media create multicultural populations within domestic markets thus presenting the consumers alternative behaviours and requirements. Researches focusing on linguistic aspect of culture and having their roots in the cognitive psychology and marketing, show that the language of a culture can have a vital role in determination of perceptions, estimations as well as decisions of consumers.

Key words: company, market, marketing, culture, consumer

Потрошувачкото однесување се дефинира како „придобивање, потрошувачка и распоред на производи, услуги, време и идеи од страна на единици за донесување одлуки". Утврдено е дека структуралните својства на јазикот и лексико-семантичките и фонолошките својства на јазикот се важни. Според актуелните истражувања, овие својства на јазикот влијаат врз тоа како потрошувачите ги перципираат, и како реагираат на, различните маркетиншки стимулуси (на пример реклами и имиња на брендови).

Истражувачите од областа на крос-културниот менаџмент традиционално ја користат дефиницијата за култура на Hofstede која гласи „колективното програмирање на умот кое ги издвојува членовите на една група или категорија од друга". Фокусот на оваа дефиниција е компарација на една култура со друга (етички пристап – од анг. Etic). Алтернативен пристап е пристапот кој се фокусира на разбирање на проблемите од гледиштето на субјектите кои се проучуваат

(емички пристап – од анг. Emic). Од перспектива на примената, овие дефиниции се две страни на истата паричка. Културата е леќа - ја обликува реалноста, и шематски план – специфицира план за акција.

Однесувањето на една индивидуа е резултат на нејзиниот културно вредносен систем за одреден контекст. Културните вредносни системи се развиваат со текот на времето како што таа индивидуа се социјализира во една група. Општествената култура како и регионалната суб-култура и семејните вредности имаат влијание врз формацијата на културниот вредносен систем на една индивидуа. Па така, културниот вредносен систем вклучува културни елементи кои индивидуите ги делат со групата на која и припаѓаат, како и идиосинкратски вредности уникатни за индивидуата. Потрошувачкото однесување на една индивидуа може да биде гледано и имитирано или отфрлено од други. Може да стане норма на однесување на групата и да биде идентификувано како дел од културата на дадена популација. Маркетиншките акции служат како возило за трансфер на значење или вредности од културно конституираниот свет до потрошувачките добра.

Што се однесува до симболите и когницијата, и тие го истражуваат импактот на јазикот на когницијата на потрошувачите, најмногу во маркетиншки контекст. Проучувањето на когницијата и когнитивните структури се одвива со помош на когнитивната психологија. Затоа неколку студии во оваа област применуваат психолингвистички теории во процесирањето на информации кај потрошувачите. Работата во оваа област потекнува од таканаречената Ворфова хипотеза или принцип на лингвистички релативитет. Основната идеја е дека јазикот влијае на когницијата, односно разликите во начинот на кој јазиците кодираат културни и когнитивни категории влијае на начинот на кој луѓето мислат, па така говорители на различни јазици ќе размислуваат и ќе се однесуваат различно во зависност од јазикот кој го користат.

Истражувањата за потрошувачите покажуваат дека категоризацијата има влијание врз барањето информации, меморијата, просудувањето и изборот. Според пристапите базирани на сличност, индивидуите формираат категории со набљудување и споредување на својствата на предметите. Луѓето покажуваат изненадувачка флексибилност при формирањето на категории и се чувствителни на контекст. Процесите на создавање и пребарување во категоризацијата се ограничени од внатрешни структури во умовите на луѓето што резултира со обработување на информациите од-горе-надолу (хиерархиско).

Структурата на јазикот е битен внатрешен ограничувачки фактор. Некои јазици поседуваат класификациски елементи, наречени „класификатори", кои имаат синтактички и семантички функции и обезбедуваат специфични шеми за класифицирање на предметите во светот. Говорителите на јазик со класификаторен систем ги користат овие класификаторни шеми својствени за нивниот јазик за организација на перцепциите од надворешните стимулуси како што се физичките предмети и потрошувачките добра. Класификаторите се лингвистички етикети за класифицирање на светот во категории. Тие се однесуваат на заедничките својства на физичките предмети и креираат концепт-класи. Отсликуваат перцептивни својства на предметите како облик, големина, дебелина и должина, и концептуални својства како свитливо, еластично, фатливо, и така натаму. Употребата на класификатори е широко распространет лексички и синтактички феномен во кинескиот јазик како и во јапонскиот, корејскиот, тајландскиот, но и во други јазици како Навахо и јазикот на Маите на Јукатан. Но, речиси и не се

среќаваат во Индо-Европските јазици. Класификаторите се специјални видови на мерки кои се употребуваат заедно со броеви или детерминанти (ова, тоа, the, this, that) за конструкција на именски фрази.

Процесот на формирање на категории и поврзување на случај со категорија е најверојатно различен за оние кои зборуваат мајчин јазик со и без класификатори. Додека оние кои зборуваат мајчин јазик без класификатори треба да градат категории со набљудување на својства и регуларности во светот, оние кои зборуваат мајчин јазик со класификатори можеби се вклучуваат, делумно, во процес (хиерархиски) од-врвот-надолу при којшто имаат пристап до концептуалното знаење (на пример, перцептивни и концептуални својства) претставени во класификаторот.

Како класификаторите влијаат врз однесувањето на потрошувачите? Сознанијата поврзани со класификатори имаат влијание врз заклучоците на потрошувачите затоа што класификаторите содржат очекувања за својствата на производите. Исто така имаат влијание врз процените и изборот преку асоцијативниот и афективниот трансфер. Во литературата за социјална когниција и во истражувањата за потрошувачите, на шемите се гледа како на обрасци на очекувања. Односно, кога еднаш индивидуите ќе ги категоризираат предметите, луѓето или настаните во категории базирани на перципирани сличности, тие очекуваат одредени атрибути да бидат присутни и, како резултат на тоа, извлекуваат заклучоци конзистентни со шемата.

Ефектот на јазикот врз ставови поттикнати од реклами привлекол внимание. На пример, Koslow et al (1994)[1] користеле социолингвистички пристап во нивното истражување за рекламирање насочено кон Латино-американци во Соединетите Американски Држави. Релевантноста на употребата на шпанскиот јазик е хетерогена во Латино американската заедница со тоа што некои индивидуи преферираат да употребуваат англиски а други преферираат шпански јазик. Иако Alba (1990) забележува дека лингвистичка асимилација навистина настанува кај етничките имигранти, процесот е бавен и зависи од интергенерациски механизми. Portes и Truelove исто така забележуваат дека настанува лингвистичка асимилација кај Латино американците на долгорочен план, но ја потврдуваат „отпорноста на Шпанците со текот на времето и очигледната потешкотија за многу имигранти во учењето на англискиот јазик дури и после значителен период на престој во земјата". Ваквите откритија сугерираат на континуирана потреба за набљудување и разбирање на ефектите од употребата на шпанскиот јазик во мас-медиумите.

Според Sapir-Whorf-овата хипотеза на лингвистички релативитет, јазикот служи како еден вид на шема низ која се разбира и интерпретира светот. Во последниот половина век, хипотезата извршила влијание во истражувања од областа на антропологијата, психологијата, истражувања за потрошувачите итн. На пример, во една таква варијација на Sapir-Whorf-овата хипотеза за потрошувачко истражување, Valencia тврди дека огласувачите треба да ги признаат уникатните културни вредности на Латино-американската заедница и да развијат реклами кои ќе ги нагласуваат тие вредности. Sapir-Whorf-овата хипотеза е воспоставена, корисна и робустна на широко и концептуално ниво, но е тешка за операционализирање па со тоа и тешка за тестирање во различни услови. Овој контраст е нагласен од Hunt и Agnoli, кои забележуваат дека социјалните

1 Koslow, S., Shamdasani, P.N. and Touchstone, E.E. (1994), ``Exploring language effects in ethnic advertising: a sociolinguistic perspective", Journal of Consumer Research, Vol. 20, March, pp. 575-85.

перцепции, како што е лингвистичкиот ефект врз рекламирањето, е област, „каде, во една смисла, треба да бидат најдени најинтересните Whorf-ови ефекти, но....е исто така област каде што најтешко се добиваат прецизни мерења".

За разбирање на Латино-американските реакции за употребата на шпанскиот јазик во печатени реклами, Koslow et al. позајмиле теоретски перспективи од аплицирана социолингвистика кои потекнуваат од Sapir-Whorf-овата хипотеза. Колективно, овие социолингвистички теории спаѓаат под теоријата на прилагодливост, која била користена да го испита јазичното однесување и интеракции во најразлични услови и медиуми вклучувајќи го говорот, пишувањето, песни, радио преноси, судски постапки и човек-компјутер интеракција. Кога се применува врз истражувања за потрошувачите, теоријата на прилагодливост обезбедува корисен увид во тоа како потрошувачите ја перципираат и реагираат на употребата на јазикот во маркетиншки комуникации.

Звучен симболизам - лингвистичкиот процес при кој звуците на еден збор обезбедуваат знаци за значењето на зборот, не е нов феномен. Платон прв го опишал ефектот во дијалозите на Кратил, и автори низ историјата ги користеле звуците во зборовите за да опишат луѓе (на пример, минијатурните Лилипутанци и џиновите од Бробдингнаг во Гуливеровите Патувања на Џ. Свифт) и предмети (на пример, големите и опасни Bludgers, големите и тркалезни Quaffle, и малиот и брз Golden Snitch во играта Квидич во Хари Потер и Каменот на Мудрецот од J. K. Rowling) претставени со тие зборови. Кога се среќаваат со фиктивни или непознати зборови, индивидуите конзистентно се служат со звучен симболизам за да ги интерпретираат значењата од имињата на односните предмети. Ефектот е многу добро документиран без разлика на мајчиниот јазик на испитуваните индивидуи. Звучниот симболизам се среќава во јазиците во Северна Америка, Латинска Америка, Азија, Австралија и Африка, како и во поразвиени јазици како англиски, фински, француски, германски, модерен грчки, и јапонски. Истражувањата од областа на звучниот симболизам во минатото се фокусирале на два аспекта: досегот на ефектот (на пример, неговата универзалност) и аспектите на значењето врз кои влијае. Помалку се знае за самиот процес на звучен симболизам. На пример, некои истражувања покажале како формалниот систем на пишување на една индивидуа (логографски наспроти фонетски) влијае врз процесирањето, но не е познато како или зошто луѓето користат звучен симболизам како извор на значење.

Звучниот симболизам е признат како важен фактор за тоа како индивидуите извлекуваат специфично значење од непознати за нив имиња на брендови. Името на брендот се состои од индивидуални звуци наречени фонеми. Овие фонеми имаат две намени. Прво, тие се основни елементи на јазикот и со нивна комбинација се формираат слогови, а пак со нив зборови. Овие зборови и слоговите од кои се составени го даваат она што го нарекуваме смислени единици на едно име на бренд. Второ, фонемите можат самите да обезбедат значење преку звучен симболизам. Овие звуци даваат индиции за тоа каков ќе биде перформансот на брендот на некои атрибут димензии. Јоркстон (Yorkston) и Менон (Menon) со нивните истражувања откриле дека доколку името на брендот содржи фонеми коишто репрезентираат атрибути кои се пожелни за потрошувачите, потрошувачите ќе имаат попозитивни ставови и ќе прикажат поголеми куповни намери наспрема тој бренд. Процесот со кој звучниот симболизам се манифестира во просудувањето на потрошувачите е неконтролиран, надвор од свесноста,

без напор, што го прави автоматски. Со разбирање на теоретските процеси кои подлежат на звучниот симболизам, се постигнува поголемо разбирање за тоа како потрошувачите интерпретираат имиња на брендови и како ги користат при процената на брендовите.

Како што пазарите стануваат сè повеќе глобално ориентирани, прашањето како најдобро да се преведе име на бренд од еден јазик на друг станува сè поважно. Иако преведувањето често е јасен процес, во многу случаи не е. Треба да се истакне дека лингвистите разликуваат два типа на системи на пишување: фонографски систем (на пример, англиски јазик) каде што пишаните зборови ги претставуваат звучните компоненти на говорниот јазик; и логографски системи (на пример, кинески јазик) каде што напишаните „знаковни" симболи претставуваат и зборови и концепти. Што значи, во фонографски системи како англискиот јазик, можно е да се изговори непознат напишан збор, но не е можно да се погоди неговото значење, а додека пак во логографски системи како кинескиот јазик честопати обратното е вистина.

Импликациите од звучниот симболизам за имињата на брендовите се јасни. Ако звуците пренесуваат некакви видови на значење, тогаш перцепциите на брендови можат да бидат засилени кога склопот помеѓу звучниот симболизам и атрибутите на производот е максимизиран. Голем број на студии демонстрирале дека склопот помеѓу категорија на производот и името на брендот има ефект врз варијабли како сеќавање, преференција и заклучок. Други истражувања укажуваат на тоа дека потрошувачите имаат општа, но често слабо дефинирана и артикулирана, идеја дека одредени имиња на брендови и производи се вклопуваат заедно.

Поновите истражувања обезбедуваат докази дека ефектите на звучниот симболизам навистина се префрлаат на имињата на брендови. Овие студии позајмуваат директно од концептите и методите претставени од почетните студии на Sapir и Newman во напор да се изолираат одредени ефекти. Една од првите такви студии е студијата на Heath, Chatterjee и France. Тие систематски варирале измислени зборови, во однос на тоа дали почетните согласки биле фрикативни или преградни, и дали самогласките биле предни или задни (на пример, Sige, Suge, Kige, Kuge). Испитаниците требало да ги индицираат нивните перцепции во врска со цврстината, ставови на брендовите, и намери за купување. Резултатите покажале општ (иако некогаш само маргинално статистички значаен) ефект и кај согласките и кај самогласките. Предните самогласки и преградните согласки биле асоцирани со перцепција на грубост до поголем степен отколку фрикативните согласки и задните самогласки. Но, овие перцепции не изгледало дека се превеле во ставови кон брендот и намери за купување на конзистентен начин.

ЗАКЛУЧОК

Истражувањата во перцепцијата на имињата на брендовите се многубројни и комплексни, при што постојат различни фактори кои влијаат врз преференциите на потрошувачите на еден бренд во однос на друг. Звукот на името преку неговиот звучен симбионизам влијае врз преферирањето на едно име на бренд во однос на друго. Тоа се случува преку склопот на звучниот симболизам на името со атрибутите на производот. Луѓето преферираат одредени зборови како имиња на брендови кога атрибутите конотирани со самогласката во зборот се складни со атрибутот на производот. Овој ефект е доста стабилен. Разбирањето на различните видови

на јазици, вклучувајќи ги нивните граматички структури и системи на пишување, може значајно да го информира донесувањето на одлуки кај трговците. Во земјите каде се користат јазици со класификатори, трговците би имале поголема корист доколку ги идентификуваат класификаторите поврзани со нивните производи и да направат напор да ги инкорпорираат тие класификатори во нивните рекламни кампањи. Како што трговците стануваат сè поинтернационални во нивниот фокус, така истражувачите поминуваат повеќе време испитувајќи ги крос-културните разлики во проценката и однесувањето на потрошувачите.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Akmajian, A., Richard A. Demers, Ann K. Farmer and Robert M. Harnish (1992), Linguistics: An Introduction to Language and Communication, Cambridge, MA: MIT Press, p. 467
2. Barsalou, L. (1992) Cognitive Psychology: An Overview for Cognitive Scientists, Hilsdale, NJ: Erlbaum
3. Camerer, C. and U. Malmendier (2005) Behavioral Economics of Organizations, in Diamond, P. and H. Vartiainen (eds.), Economic Institutions and Behavioral Economics, Yrjö Jahnsson Foundation, Princeton University Press.
4. Гаврилова, В. (2014) Психологија на менаџмент и лидерство, ПВУ МСУ „Г.Р. Державин"
5. Heath, T. B., Subimal Ch., (1990) Using the Phonemes of Brand Names to Symbolize Brand Attributes in The AMA Educator's Proceedings: Enhancing Knowledge Development in Marketing, ed. William Bearden and A. Parasuraman, Chicago: American Marketing Association, 38–42.
6. Klink, R. (2000) Creating Brand Names with Meaning The Use of Sound Symbolism, Marketing Letters, 11 (1), 5–20
7. Koslow, S., Shamdasani, P.N. and Touchstone, E.E. (1994), ``Exploring language effects in ethnic advertising: a sociolinguistic perspective", Journal of Consumer Research, Vol. 20, March, pp. 575-85.
8. Lowrey, T. M., L. J. Shrum, and Tony M. Dubitsky (2003) The Relation between Brand-Name Linguistic Characteristics and Brand-Name Memory Journal of Advertising, 32 (3), 7–17
9. Schmitt, B. and Shi Zhang (1998) Language Structure and Categorization: A Study of Classifiers in Consumer Cognition, Judgment and Choice, Journal of Consumer Research, 25
10. Solomon, M.R. (1983), The role of products as social stimuli: a symbolic interactionism perspective, Journal of Consumer Research, Vol. 10, December, pp. 319-29.

658.8:004.773.61.7

Vladimir Gonovski PhD, e-mail: gonovski@gmail.com

POSSIBILITIES OF SOCIAL MEDIA FOR SUCCESSFUL MARKETING

Abstract: Today's development of science and computer technology allows a single person to be connected in communication with a large group of people. Social media such as Facebook, Twitter, LinkedIn and many others enables people to communicate with each other for many themes, products and issues. The emergence of social media completely changed the way the functioning of the people, and thus the functioning of marketing. We cannot imagine any serious company that performs in the markets not to be present on social media. While television still remains the number one medium for getting news in people's lives, social media gradually overtake all other media and they are currently the second medium in attendance, with tendency to become the most important medium. For all this any company that want successful market performance, in their marketing strategy must use the social network as a channel for advertising.

Keywords: social media, marketing, market performance

INTRODUCTION

There are major differences in the functioning of marketing in past and present. A formerly purpose of marketing was to sell more products to the target customer group. The aim was to meet only interest of shareholders through higher profits, thus, omit the interests of customers, suppliers, employees and other stakeholders. At that time purpose of marketing was to create consumer needs by creating marketing messages and then placed through available media such as television, radio, newspapers. The purpose of marketing was to create a marketing message that will target more consumers and will encourage them to come to the store and buy products. They worked on creating brands that were more powerful in marketing aspect and not so much in terms of quality.

But that time is now behind us. Today purchase and operation of marketing are completely change. Consumers often do not have time to go to stores to try and buy products. They are doing it from the comfort of their home through e-commerce. They are away from the stores just one click, which stores are available 24/7 and receive orders at any time. The objective of the modern marketing is no longer just the maximisation of profit but also creating long-term customers. Today big sales are not done only with a strong marketing message. There are a number of ways of communication of consumers via review, forums, blogs where they can consult about the products so that manufacturers now need to pay attention to the quality of products and long-term satisfaction of consumers. Modern marketing takes into consideration not only interest of shareholder but also of stakeholders.

LITERATURE REVIEW

Social media are now a reality. Without them, the everyday social life of the people and the business community cannot be imagined. Without participation in social media, one company cannot imagine successfully perform on world markets. They are strongest tools of modern marketing.

Vangie Beal (2016) definr Social media as a term used to describe a variety of Web-based platforms, applications and technologies that enable people to socially interact with one another online. Some examples of social media sites and applications include Facebook, YouTube, Twitter, Digg, blogs and other sites that have content based on user participation and user-generated content (UGC).

Boyd, d. m. and Ellison, N. B. (2007) define social network sites are also define as web-based services that allow individuals to (1) construct a public or semi-public profile within a bounded system, (2) articulate a list of other users with whom they share a connection, and (3) view and traverse their list of connections and those made by others within the system. The nature and nomenclature of these connections may vary from site to site.

Social networks can be defined as Web-based platforms and applications where people can realise mutual communication and interaction. Social networks can be a general entertainment, professionally connected to a branch of the society, as a network with different content. With the help of social networks, people can connect everywhere and with everyone.

POSSIBILITIES OF SOCIAL MEDIA FOR SUCCESSFUL MARKETING

As the impact of social networks growing in people›s daily lives grows and the impact on business. Today social networks strongly influence companies so that companies cannot ignore them, but rather that more should be used to achieve their goals.

The development of information systems and technology greatly contributed to the development of the business environment worldwide. Today the world becomes a global market in which everybody cans equally tactics and all that thanks to the development of information systems and technology. As a result of this development have emerged social networks which contribute to the development of modern marketing. Without their use, we cannot imagine a successful marketing campaign.

Traditional marketing methods no longer work in modern economic conditions.

Вака наведени сите чекори во трудот на еден јасен начин ќе дадат една слика на тоа која постапка во кој момент треба да се превземи. Затоа слободно може да се заклучи дека само со помош на современите менаџмент пристапи, примена на современите менаџмент перформанси, и менаџмент методи може да се постигне одржливост и применливост на менаџмент стратегија во функција на електо – енергетскиот систем на одредена држава.

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Заклучок кој би се согледал од овај труд е следен, со научни методи да се дојде до примена на мерки и решенија од доменот менаџирање во функција на електо – енергетскиот систем со што и секој жител да почувствува квалитет од воведувањето на современите начини и третмани на оваа појава. Но секогаш трудот да има своја тежина треба да има поширока примена тоа овај труд во своите делови го овозможува во целост со еден уникатен флексибилен приод.

Затоа слободно може да се констатира дека трудот како актуелен и погоден за истражување е оправдан посебно во област која не е доволно истражувана кај нас, а со тоа сериозно ќе придонесе за подигнување на научната мисла на повисоко ниво кога станува збор менаџмент, модел и стратегија во функција на електо – енергетскиот систем.

РЕЗИМЕ

Овај труд претставува почеток за формирање менаџмент модел во функција на електо – енергетскиот систем на одредена држава (Република Македонија). Трудот го третира менаџмент при=стапот во постапките и податоци кои се основа за старт и уникатност кога станув*а збор за согледувања на работите кои ќе овозможат економска и стратегиска придобивка за граѓаните на долг период во функција на електо – енергетскиот систем.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Докторска дисертација на д-р Николче Талевски под наслов: Логистички модел за стратешко управување со комуналниот отпад на ниво на региони во Република Македонија, Универзитет Св. Клилент Охридски од Битола, Технички Факултет од Битола, 01 октомври 2015 година, Битола, Република Македонија
2. www.stat.gov.mk
3. http://www.elem.com.mk

334.722:364-3(470)

Волкова М.С.
ФГБОУ ВО «Тамбовский государственный университет имени Г.Р. Державина»
e-mail: Maria40ina@mail.ru

КОМПЛЕКСНЫЙ ПОДХОД К ФОРМИРОВАНИЮ СИСТЕМЫ ИНФРАСТРУКТУРНОГО ОБЕСПЕЧЕНИЯ СОЦИАЛЬНО-ПРЕДПРИНИМАТЕЛЬСКОЙ ДЕЯТЕЛЬНОСТИ

Аннотация: В статье рассматривается проблема формирования системы инфраструктурного обеспечения социально-предпринимательской деятельности. Отмечается низкий уровень развития инфраструктуры в области социального предпринимательства в Российской Федерации и недостаточное участие государственных структур в процессе её формирования. Отсутствие методических разработок и подходов к формированию системы инфраструктурного обеспечения социально-предпринимательской деятельности снижает эффективность проводимых региональных и федеральных мероприятий. Предложенный автором комплексный подход к формированию инфраструктуры поддержки социально-предпринимательской деятельности позволяет учесть специфику данного вида предпринимательской деятельности в единстве всех её компонентов. Также комплексный подход, опирающийся на сетевые связи в процессе социально-предпринимательской деятельности, способствует активизации инновационной составляющей социального предпринимательства и подразумевает формирование «социально-предпринимательского инновационного интегративного комплекса». Указанный комплекс не только является инфраструктурной сетью поддержки социально-предпринимательской деятельности, но и обеспечивает плотные сетевые взаимодействия по инновационному типу: бизнес – образование-государство.

Ключевые слова: социально-предпринимательская деятельность, инфраструктура поддержки социально-предпринимательской деятельности, интегративный комплекс

COMPREHENSIVE APPROACH TO THE FORMATION OF A SYSTEM OF INFRASTRUCTURAL SUPPORT FOR SOCIAL – ENTREPRENEURIAL ACTIVITY

Abstract: The article deals with the problem of creating a system of infrastructural support for social- entrepreneurial activity. There is a low level of development of infrastructure in the field of social entrepreneurship in Russian Federation and insufficient participation of state structures in the process of its formation. The lack of methodological developments and approaches to the formation of a system of infrastructural support for social - entrepreneurial activity reduces the effectiveness of regional and federal events. The comprehensive approach proposed by the author to the formation of the infrastructure for supporting social - entrepreneurial activity allows us to take into account the specifics of this type of entrepreneurial activity in the unity of all its

components. Also, an comprehensive approach, based on network links in the process of social -entrepreneurial activity, contributes to the activation of the innovative component of social entrepreneurship and implies the formation of a "social and entrepreneurial innovation integrative complex." This complex is not only an infrastructure network for supporting social and entrepreneurial activity, but also it provides dense network interactions on an innovative type: business - education-state.

Key words: social-entrepreneurial activity, infrastructure for supporting social-entrepreneurial activity, integrative complex

В последние годы в регионах Российской Федерации всё больше прослеживается тенденция интеграции предпринимательства и социальной сферы, выражающаяся в активизации социально-предпринимательской деятельности (СПД). Несмотря на активное распространение предпринимательской деятельности, нацеленной именно на социальные эффекты во многих субъектах федерации: Москве, Санкт-Петербурге Вологодской, Волгоградской, Свердловской и Иркутской области, республике Башкортостан и Пермском крае и др., - говорить о наличии социально-экономической предрасположенности пока преждевременно. Рынок социальных услуг для бизнеса сейчас только начинает открываться. Успешность тиражирования представления о том, что есть социальное предпринимательство, зависит от многих факторов, среди которых основное место занимает вопрос обеспечения социально-предпринимательской деятельности соответствующей инфраструктурой.

Безусловно, социально-предпринимательская деятельность благоприятно влияет на развитие региона. Большинство проектов социального предпринимательства носят инфраструктурный характер: создание дополнительных мест в образовательной сфере, поддержка региональной инновационной среды, обеспечение населения спортивными и рекреационными объектами и т.д.. Но, как и любая предпринимательская деятельность, социальное предпринимательство само нуждается в инфраструктурной поддержке. Опираясь на тот факт, что социально-предпринимательская деятельность как обособленный институциональный элемент в российской экономике начала развивать сравнительно недавно, отметим недостаточный уровень её инфраструктурообеспеченности. В настоящий момент в России на государственном уровне социально-предпринимательская деятельность рассматривается в качестве деятельности социально-ориентированных некоммерческих организаций, что определенным образом воздействует на инфраструктурные федеральные и региональные программы. Основной акцент в данном случае ставится на субсидирование и гранты в процессе конкурсного отбора проектов СО НКО, а также образование неправительственных фондов. Коммерческая составляющая социально-предпринимательской деятельности пока находится в противоречивом состоянии и попадает под правовые ограничения. В сложившихся условиях теряется суть социального предпринимательства, которое несмотря на гуманистические аспекты, всё же в большей степени является бизнесом. Финансовая прибыль от социально-предпринимательской бизнес - деятельности необходима для реализации общественно полезной цели, ради которой инициировался сам проект. Другими словами, инфраструктурой должен быть обеспечен весь коммерческий процесс социально-предпринимательской

деятельности, включая банки, кредитные центры, маркетинговые организации, рынки сбыта социально – ориентированного продукта.

Во многих зарубежных странах элементы инфраструктурной поддержки социально-предпринимательской деятельности формируют комплексы: местные фонды поддержки объединяются с крупнейшими банками (Великобритания), государство вкладывает свои активы в частные компании (Польша), коммерческие корпорации создаются на базе специализированных фондов социального предпринимательства (Канада). Учет комплексного подхода к формированию системы инфраструктурного обеспечения социально-предпринимательской деятельности необходим и в РФ для повышения эффективности мероприятий по развитию социального предпринимательства в регионах [1].

Применение комплексного подхода обуславливается спецификой социально-предпринимательской деятельности. Во-первых, усиленный социальный аспект вносит в предпринимательскую деятельность структурные коррективы. Помимо коммерческого, социально-предпринимательская деятельность включает некоммерческие и государственно-партнерские компоненты (см. таблицу 1).

	Некоммерческий компонент	Коммерческий компонент	Государственно-партнерский компонент
Социально-предпринимательская деятельность	Определенная степень институционализации.	Цель – получение дохода	Социальная цель
	Обособленность от органов государственного управления.	Действует на рынке, в условиях конкуренции	Превращение частных интересов в общий
	Прибыль не должна распределяться между членами, учредителями или руководством.	Высокий риск деятельности	Долгосрочный характер взаимодействия
	Самоуправление	Необходимость в инновации	Разделение риска
	Добровольность	Инициативность и самостоятельность	Проектная структура
Социально-предпринимательская деятельность			

Таблица 1. Компоненты социально-предпринимательской деятельности

Обращаясь к таблице 1, стоит отметить аналогию между тройной спиралью инноваций и структурой социально-предпринимательской деятельности, объединяющей три сектора экономики: коммерческий, некоммерческий и государственный (см.рисунок 1). Модель «тройная спираль» Г. Ицковица и Л.Лейдесдорфа считается универсальным примером сетевых взаимодействий. Она налаживает необходимые связи между субъектами, позволяет непрерывно создавать блага и ценности, расширяя их разнообразие, и снижает уровень неопределенности. Формируя механизм саморазвития сложных нелинейных систем любого уровня, тройная спираль определяет институциональное устройство как инновационных кластеров, так и всей экономики, содействуя ее кластеризации. Как модель коллективного производства инноваций, тройная спираль включает в себя три основных элемента: (1) в обществе, основанном на научном знании характерно усиление роли университетов во взаимодействии с промышленностью и правительством; (2) три института (Университет (Наука), Предприятие(Бизнес), Государство (Власть)) стремятся к сотрудничеству, при

этом, инновационная составляющая происходит из данного взаимодействия, а не по инициативе государства; (3) в дополнение к традиционным функциям, каждый их трех институтов «частично берет на себя роль другого»[2].

В соответствии с комплексным подходом, непрерывное наращивание производительности СПД возможно только тогда, когда все её компоненты обеспечены соответствующей инфраструктурой, а инфраструктурные объекты возникают на пересечениях кругов спирали (см. рис 1). Это и социально-предпринимательские университеты (комплекс бизнес-образование), специализированные кредитные и микрофинансовые организации с государственным участием (комплекс бизнес-государство), муниципальные центры информационной и консультационной поддержки социального предпринимательства (комплекс государство-образование).

Рисунок 1. Структура СПД по принципу «тройной спирали» инноваций.

Во-вторых, СПД по сути, кластерная инициатива, особый бизнес¬ проект, выдвигаемый методом снизу инициативной группой в целях формализации отношений между участниками кластера[3]. То есть динамизация развития СПД происходит путем поощрения непрерывного образования межфирменных сетей и свободного перелива информации и знаний. Другими словами, формирование инфраструктурной системы обеспечения СПД невозможно без учета не только комплекса компонентов, но и комплекса сетевых связей, образуемых в процессе СПД.

В-третьих, СПД в процессе создания инструментов социальной поддержки и социального развития тесно внедряется в общественную систему за счет стимулирования интеграционных процессов между экономическими агентами в рамках локальных территориальных образований. В целях обеспечения комплексности при формировании системы инфраструктурного обеспечения СПД в первую очередь необходимо создать условия для благоприятного взаимодействия между Образованием – Предпринимательством – Административными органами в регионе. Причем для наибольшей эффективности обязательным является одновременное взаимодействие субъектов СПД со всеми тремя сторонами. Другими словами социальное предпринимательство должно присутствовать во всех сферах общественной жизни и надежно закрепить свои позиции. Указанные направления, с которыми должно интегрироваться социальное предпринимательство, в итоге, и будут поддерживать сетевые

взаимодействия в процессе СПД (см. рисунок 2):

1. Социальное предпринимательство ⟷ Образование (Вузы, НИИ в регионе, школы, дополнительное образование);
2. Социальное предпринимательство ⟷ Бизнес (предпринимательская бизнес среда, предприятия региона, финансовые организации);
3. Социальноепредпринимательство ⟷ Административные органы региона (административные органы, муниципальные образования региона).



Рисунок 2. Направления сетевого взаимодействия в процессе СПД

В качестве методической основы по стратегическому управлению взаимодействиями данного типа рассмотрим разработки ученых из Спб ГУ. Н.В.Басов анализирует одну из форм подобных взаимодействий Наука-Образование-Бизнес и называет его «интегративным» комплексом», в рамках которого предусматривается разработка и внедрение инноваций. Интегративный комплекс в его понимании – это сетевая структура, самоорганизующаяся на определенной территории и характеризующаяся высокой степенью внутренней интеграции. Н.В. Басов выделяет следующие характеристики интегративного комплекса:

» четкая структура;
» открытость и гибкость;
» пространственная локализация взаимодействия;
» развитая инфраструктура;
» надежные каналы связи и системы кооперации;
» преобладание признаков сетевой коммуникации;
» максимальный эффект разделения и кооперации труда;
» доступ к ресурсам на выгодных условиях;
» создание «публичных благ»[4].

Комплексный подход к формированию системы инфраструктурного обеспечения СПД подразумевает управление интегративным комплексом на базе «тройной спирали» инноваций: Образование – Предпринимательство – Административные органы. То есть такой тип объединения можно считать «инновационным интегративным комплексом», когда *степень взаимодействия и сетевых коммуникаций между институциональными агентами территориального образования достигает высокого уровня, что способствует дальнейшему саморазвитию комплекса и повышению внутренней инновационной активности.*

Мы предлагаем на основе комплексного подхода организовать формирование системы инфраструктурного обеспечения СПД по типу «Социально-предпринимательского инновационного интегративного комплекса» (см. рисунок 3).



Рисунок 3. Основные инфраструктурные объекты социально-предпринимательского инновационного интегративного комплекса.

Для внедрения СПИИК на территории региона необходимо выполнить следующие условия:

1. Обосновать и утвердить нормативно-правовую базу регулирования деятельности социальных предприятий. Закрепить понятие социального предпринимательства и социально-предпринимательской деятельности и распределить уровни государственного субсидирования и налоговых льгот.
2. Создать информационный центр СП. Необходимо, чтобы и предприниматели и инвесторы получали экономическую информацию на региональном уровне систематически и централизованно. Информационный центр позволит обеспечить доступность, многообразие информации, ее постоянство и возможность проводить сравнительный анализ на основе различных источников. Также Центр сможет проводить сбор и обработку вторичной информации, что является большим объемом работы для предпринимателя в условиях малого предприятия, когда ограничены человеческие и финансовые ресурсы. Данные должны накапливаться и систематизироваться с целью их использования при принятии решения. Смогут быть созданы необходимые базы данных и будет профессионально проводится работа с ней. Здесь может быть заложен дополнительный резерв для эффективного социального маркетинга.
3. Создать инкубатор социальных проектов. Социально-предпринимательское направление может быть внедрено в любой существующий в регионе бизнес-инкубатор, но для большей эффективности желательно образование специализированного Центра развития СП. Основной функцией Центра должна являться поддержка начинающих социальных предпринимателей с полным сопровождением проектов, а также оказание консалтинговых услуг в сфере ведения социального бизнеса.

4. Образовать Фонд поддержки СП с участием регионального бюджета, филиалов федеральных фондов и возможностями для фандрайзинга. В обязанности Фонда должно входить проведение конкурсных отборов проектов социального предпринимательства и сотрудничество с банками.
5. Ввести дисциплину «Социальное предпринимательство» в образовательный процесс в вузы на территории региона. Более того, конечной целью по данному направлению должно стать появление в регионе Социально-предпринимательского вуза.

Таким образом, для успешного формирования системы инфраструктурного обеспечения социально-предпринимательской деятельности в регионе необходим комплексный подход, который отвечает особенностям интеграции экономического и социального аспекта данного вида предпринимательства. При этом региональные инфраструктурные программы поддержки социально-предпринимательской деятельности должны учитывать совокупность всех субъектов и объектов, взаимодействующих в процессе создания и реализации продукта социального предпринимательства.

СПИСОК ИСПОЛЬЗОВАННЫХ ИСТОЧНИКОВ

1. Соболев И.С. / Опыт поддержки и развития социального предпринимательства: многосторонние партнерские проекты с участием финансовых организаций//И.С. Соболев// материалы конференции «Рынок труда и социальные инвестиции» в рамках VII Недели российского бизнеса от19 марта 2014 / http://www.eng.rspp.ru/news/view/4377 доступ от 3.03.2017
2. Дежина И.Г., Киселева В.В. /Государство, наука и бизнес в инновационной системе России / И .Г. Дежина , В.В. Киселева– М.: ИЭПП, 2008. – 227 с.
3. Катуков Д.Д. Кластерная инициатива как особый экономический проект: европейская и российская практика/ Д.Д.Катуков //Инновации .-2014.-№7(189).-С 47-52.
4. Басов Н.В. Интегративный комплекс как форма сетевого взаимодействия науки, образования и бизнеса // Н.В. Басов, В.Н. Минина, И.Д. Демидова// Журнал социологии и социальной антропологии. Тема- тический номер «Сети в глобальном мире». Т. XV,№5.-2012.-С 307-326.

336.71-027.511

Проф. д-р Стевчо Димески, e-mail: stevco.dimeski@msu.edu.mk
Доц. д-р. Лидија Ѓошевска, e-mail: lidija.gosevska@hotmail.com
Доц. д-р Јулијана Силјаноска, e-mail: j.siljanoska@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ПРЕДИЗВИЦИТЕ НА БАНКАРСКАТА ИНДУСТРИЈА ИМПЛИЦИРАНИ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈАТА

Апстракт: Актуелноста на сегашноста не упатува на често поимање на терминот глобализација на финансиските пазари, која сама по себе како неопходност ја наметнува потрбата за трансформација на ентитетите, почнувајќи од мисијата и целта на постоење на ентитетот, обликот на организирање како и начинот на функционирање. Претходното, подразбира ревидирање на стратегиите на деловните банки, реорганизација на економските единки, апликација на современите научни достигнувања во насока на функционирање на ентитетот согласно барањата на новите правила на пазарот.

Клучни зборови:глобализација, банкарство, пазарно учество

BANKING INDUSTRY CHALLENGES IMPLIED BY GLOBALIZATION

Abstract: The relevance of the present indicates us to understand the term globalization of financial markets, which is necessary for transformation of entities, ranging from the mission and purpose of existence of the entity, the shape of the organization and how it functions.

It means revision of the strategies of commercial banks, reorganization of economic entities, application of modern scientific achievements in order to establish an entity in accordance with the requirements of the new rules of the market

Keywords: globalization, banking, market share

Овој труд е фокусиран на два значајни сегменти: ефектот од глобализација на микро ниво во функција на доближување на банките до комитентите како и ефектот од пенетрација на национален пазар на клиент на банката во функција на доближување на банките до комитентите.

ЕФЕКТ ОД ГЛОБАЛИЗАЦИЈА НА МИКРО НИВО ВО ФУНКЦИЈА НА ДОБЛИЖУВАЊЕ НА БАНКИТЕ ДО КОМИТЕНТИТЕ

Глобализацијата најчесто во практиката се ефектуира со превземање на национални компании (компании кои се основани и се во сопственост на национално ниво) од страна на мултинационални компании и групации. Кога дефинираме компании се мисли како на компании од финансискиот, така и на компании од нефинансискиот сектор, како на стопански субјекти, така и на компании од банкарската индустрија. Во контекст на нашиот предмет на истражување истото ќе го илустрираме преку еден симплифициран пример. [1]

1 „А" – национална компанија; „Б" – национална компанија; „В" – национална компанија; "BAN1"- национална банка, "BAN2H"- национална банка во сопственост на мултинационална банка од држава "H", "BAN3U"- национална банка во сопственост на мултинационална банка од држава "U";

Национална компанија „А“ е комитент на:[2]

» банка «BAN1» 80%
» банка «BAN2H» 20%

Национална компанија „Б“ е комитент на:

» банка «BAN2H» 80%
» банка «BAN3U» 20%

Национална компанија „В“ е комитент на:

» банка «BAN3U» 80%
» банка «BAN1» 20%

Под претпоставка дека станува збор за компании со исти параметри и показатели, согласно презентираната почетна состојба пазарното учество на трите банки е еднакво.

Следи превземање на компанијата „Б“[3] од страна на мултинационалната компанија «BU» и истовремено превземање на компанијата „А“ од страна на мултинационалната компанија «AU». После даден временски период практиката покажува дека се извршуваат пазарни прегрупирања.[4] Најверојатна нова состојба по извршените предефинирања и прегрупирања е следна:

Национална компанија „А“ е комитент на:

» банка «BAN1» 20%
» банка «BAN3U» 80%

Национална компанија „Б“ е комитент на:

» банка «BAN2H» 20%
» банка «BAN3U» 80%

Национална компанија „В“ е комитент на:

» банка «BAN3U» 80%
» банка «BAN1» 20%

Во новонастанатата ситуација извршено е пазарно прегрупирање на компаниите во поглед на избор на банка за соработник. Настанатите промени предизвикаа промена на пазарното учество на трите банки. Евидентно е дека согласно предефинирањето на позициите «BAN3U» е со најголемо пазарно учество. Тоа укажува дека банкарскиот менаџмент во современи глобализирани финансиски пазари е исправен пред предизвик имплициран од фактот дека глобализацијата од своја страна подразбира и интеграција, окрупнување на капиталот врз основа на национален критериум.

2 Кога станува збор за комитент истото ја опфаќа соработката на најшироко можно ниво: депозитно работење, денарски и девизен платен промет, корпоративни кредити, трансакциски сметки на вработени за подигање на плати, следствено и продажба на контокорентен кредит и други производи за население;

3 „А“ – национална компанија; “BU”- национална компанија во сопственост на мултинационална компанија од држава U; “VU”- национална компанија во сопственост на мултинационална компанија од држава U; “BAN1”- национална банка, “BAN2H”- национална банка во сопственост на мултинационална банка од држава “H”, “BAN3U”- национална банка во сопственост на мултинационална банка од држава “U”

4 Прегрупирањата се очекувани и реални имајќи ги во предвид следниве предуслови: станува збор за сериозни и големи компании, за добро организирани држави од кадешто потекнуваат мултинационалните компании и банки.

ЕФЕКТ ОД ПЕНЕТРАЦИЈА НА НАЦИОНАЛЕН ПАЗАР НА КЛИЕНТ НА БАНКАТА ВО ФУНКЦИЈА НА ДОБЛИЖУВАЊЕ НА БАНКИТЕ ДО КОМИТЕНТИТЕ

Во овој случај ќе направиме согледување како банката го зголемува своето пазарно учество преку својот клиент којшто го зголемува своето пазарно учество во една национална економија, што подразбира дека останатиот банкарски сектор ја губипретходната позиција.

Конкретно, тоа би го илустрирале преку следниот пример. Почетна позиција: Компанија „А“ е клиент на банка „А“,Компанија „Б“ е клиент на банка „Б“,Компанија „В“ е клиент на банка „В“. Компанија „А“ може да биде производствена компанија која отворила свои продавници или дистрибутивни центри во други градови (прехрамбена, чевларска, текстилна и сл), магацини на големо, генерални увозници- компании кои би отвориле свои продавници или дистрибуции во други градови (бела техника, автомобили и сл), хипермаркети кои би отвориле свои продавници во други градови. Од друга страна компаниите „Б“ и „В“ се локални (градски) компании, кај коишто во најголем дел како значаен добавувач се јавува компанијата „А“ (генерален увозник).

Тековна актуелна состојба којашто би ја дефинирале како почетна состојба за конкретно пазарно учество (пазарното учество на компаниите се идентификува со пазарното учество на банката), во поглед на еден од претходните сегменти во даден град „Н“ е следно: банка „А“ има пазарно учество од 20%, банка „Б“ од 30% и банката „В“ има пазарно учество од 50%.

Графикон 1 Преглед на почетно пазарно учество



Согласно интерни пресметки на авторите

Претпоставуваме дека клиентот или клиентите „А“ ја прошируваат својата дистрибутивна мрежа или отвораат свои продавници во градот „Н“. Бидејќи станува збор за големи системи,[5] истите предизвикуваат значајни промени во структурата на пазарот. Ако во анализата земеме дека од сите претходно наброени можни дејности т.е компании „А“ е извршено проширување, т.е зглемување на пазарното учество, во тој случај би добиле значајно пазарно поместување во покриеноста на пазарот на претходно споменатите банки. Поконкретно, во дадениот град „Н“,

5 Постојната конкуренција пред влезот на национална компанија „А“ е следна: кај продажбата на бела техника во градовите има 3-4 главни продавници кои имаат пазарно учество од 60-80%, кај маркетите има поголем број на помали маркети, но сепак 3-4 локални маркети имаат 30-50% од пазарот пред влезот на национален маркет. Во новонастаната ситуација во зависност од конкретната гранка се забележуваат значајни пазарни придвижувања, посебно во делот на бела техника, маркети. Процентите се хипотетични за илустративно да се долови сликата (претпоставена состојба дека сите клиенти „А“ се клиенти на банка „А“ што во реалноста е малку веројатно, но, сепак имаат значително влијание во пазарната покреност на конкретна банкана среднорочен и долгорочен план. Истото, се поткрепува врз основа на емпириско работно искуство

новонастанатата состојба е следна: банка „А“ има пазарно учество од 50%, банка „Б“ од 20% и банката „В“ има пазарно учество од 30%.

Графикон 2 Преглед на пазарното учество после промените

Согласно интерни пресметки

Од новонастанатата состојба, како резултат на пазарна пенетрација на националниот пазар на омпанијата „А“, т.е компании „А“ во поглед на покриеност како пазарно учество во овој пазарен сегмент кој не е за занемарување, би можеле да се излечат неколку заклучоци.

Наместо заклучок:

» Глобализацијата од своја страна подразбира и интеграција, окрупнување на капиталот врз основа на национален критериум
» Најголемо зголемување (раст на банката) е евидентиран кај банката којашто има клиенти кои се развиваат на ниво на национална економија;
» Најголемо намалување на пазарното учесто е кај банката со претходно најголемо пазарно учество, а умерено намалување кај банката со средно ниво на пазарен удел.

35.07:005

Д-р Дејан Крстевски
e-mail: dkrst@hotmail.com

ИМПЛЕМЕНТИРАЊЕ НА МАРКЕТИНГ – СТРАТЕГИИ ВО УСЛУГИТЕ

Апстракт: Современиот начин на давање услуги вклучува примена на современи компјутерски решенија (компјутерски хардвер, софтвер и комуникациска опрема) кои овозможуваат да се даваат квалитетни и навремени услуги на клиентите во услови на енормно зголемување на квантитетот и квалитетот на услуги на стопанскиот и општествениот конзум. Со ова е овозможено да се задржи и подобри квалитетот на давање услуги на клиентите (при енормно големо зголемување на услуги) без да се зголеми бројот на вработени во јавната администрација. За да се постигне ова треба јавната администрација да биде високо професионална, остручена и обучена, одговорна и мотивирана за новите предизвици (високо ниво на концентрација, љубезност, чесност, ослободена од коруптивни влијанија, ослободена од партиски влијанија и притисоци), администрација која не треба да стравува за својата иднина и напредување во кариерата.

Клучни зборови: Кориснички услуги, Јавна администрација, услужни процеси, компјутерски решенија, менаџмент на услуги.

IMPLEMENTATION OF MARKETING STRATEGIES IN THE SERVICES

Abstract: The modern way of provision of services includes application of modern computer solutions (computer hardware, software and communicational equipment) that enable it to provide quality and timely customer service in terms of hugely increasing the quantity and quality of services of economic and social consumption. This enabled it to maintain and improve the quality of service delivery to customers (at enormous increase in services) without increasing the number of employees in public administration. To achieve this, public administration must be highly professional, skilled and trained, responsible and motivated for new challenges (high concentration, courtesy, honesty, free from corruptive influences, free from political influences and pressures), administration that shouldn't worried about their future and career advancement

Keywords: Customer Services, Public administration, Service Processes, computer solutions, Service Management.

ВОВЕД

Целта на секоја услужна стратегија мора да биде да создаде вредност за своите клиенти. Колку е поголема вредноста и клиентот ја забележува во самата услуга, толку поголема цена тој е спремен да плати. Клиент кој ја забележува вредноста на услугата е задоволен клиент, а задоволен клиент е како полиса за осигурување за иднината на услужната организација.

Вредност е создадена за клиентот кога услугата ги задоволува неговите

потреби или овозможува некоја придобивка за него самиот.

1.ОСНОВНИ ЕЛЕМЕНТИ НА СТРАТЕГИСКА ВИЗИЈА НА ДАВАЊЕ УСЛУГИ

Во науката за управување со процесот на давање услуги дефинирани се четири основни стратешки услуги: целен пазарен сегмет, концепт на услуга, оперативна стратегија и систем за испорака на услуги[1].

1.1.Целен пазарен сегмент

Повеќе производи и услуги се од голема вредност само за некои луѓе. Една услужна организација не може да ги задоволи сите клиенти и сите нивни потреби. Како резултат на тоа, таа треба внимателно да ги селектира и идентификува клиентите што може и планира да ги опслужи. Ова се нарекува сегментација. Сегментацијата се обидува да идентификува група на клиенти со заеднички карактеристики, потреби и однесување при купување или шеми на користење. Ефикасната сегментација резултира во групирање на клиентите што се доста слични за овие или други димензии, но истовремено доста се различни од другите сегменти. Сегментацијата може да биде базирана врз географски, демографски, психографички или други релевантни основи.

1.2.Концепт на услуга

Услужниот концепт ја опишува услугата за клиентите, вработените и другите засегнати страни. Услугата мора да биде дефинирана од гледна точка на крајните резултати или бенефити што таа ги овозможува за своите клиенти. Концептот на услугата го дефинира услужниот концепт и покажува која е основната работна функција на компанијата. Концептот на услугата на една организација треба да биде доволно широк за да не ги елиминира идните очекувања што можат да произлезат поради предностите на технологијата, менувањето на потрошувачките навики на клиентите или други можности. Но, бизнисот не треба да се води премногу широко надвор од можностите и компетенциите на организацијата.

1.3.Оперативна стратегија

Оперативна стратегија претставува множество од стратегии, планови и политики кои ги земаат предвид операциите на компанијата, нејзиното финансирање, маркетингот, човечките ресурси и контрола, за да може да го реализира својот концепт. Стратегијата вклучува политики на организацијата, контрола на квалитет и трошоци, како и начини за поддршка на вредноста наспроти трошоците.

1.4Систем на испорака на услуги

Систем за испорака на услуги е начин на кој една организација се организира и подготвува да го реализира процесот на давање на услуги. Тој ги вклучува објектите и нивниот изглед, употребената опрема и технологија, процесите и процедурите за испорака на услугите и описот на работа и работните места на вработените, како и улогата што ја играат самите вработени, како и самите клиенти за време на соочување со услугите. Секоја организација мора да дизајнира

[1]James L. Heskett (2003), Managing in the Service Economy, Harvard Business School Press, Boston, MA, III ed., p.30

систем за испорака на услуги за да се постигне максимум во реализирање на задоволството на клиентите. Добро дизајниран систем е оној кој не е копиран од конкурентите, туку ги одразува спецификите на дадена организација во процесот на давање услуги.

2.ПОЗИЦИОНИРАЊЕ

Позиционирање е начин како една организација се диференцира себеси од своите конкуренти. За одредена организација добро да се позиционира, потребно е длабоко познавање и разбирање на потребите на клиентите, способностите на компанијата и она што го нуди конкуренцијата и нејзините способности, како и можноста концептот на услугата да ги исполни и задоволи потребите на клиентите. Уникатност може да се постигне од гледна точка на трошоците, карактеристиките на услугите, рекламирањето и промоцијата, каналите за дистрибуција и системите за испорака[2].

3.ВРЕДНОСТ/ТРОШОЦИ И НИВНО ПОРАМНУВАЊЕ

Добро дизајниран и позициониран концепт на услуга овозможува уникатни придобивки за клиентите и оттука создава вредност или поголема вредност од она што го овозможуваат конкурентите. Ваквата уникатност ги оправдува цените за услугата, но исто така чини и повеќе за да се создаде. Ако една компанија успее да испорача ваква вредност без да ги зголеми многу трошоците, се вели дека ги порамнила вредноста и трошоците и дека користи повисоки маржи од своите конкуренти. Со други зборови, вредноста е порамнета со трошоците кога пресметаната дополнителна вредност изразена во денари доста многу ги надминува трошоците за нивно создавање. Јасно е дека ова бара доста вештини. Може да се употребат различни тактики за порамнување на вредноста со трошокот, вклучувајќи измена на одредени карактеристики кои се доста вреднувани од страна на клиентите и стандардизирање на други, внимателно управување со квалитетот кај критичните точки во процесот на услугите, управување со побарувачката и набавката и вклучување на клиентот во процесот на создавање на услугите.

4.СТРАТЕГИЈА/СИСТЕМ ЗА ИНТЕГРАЦИЈА

Во контекст на конзистентноста меѓу целниот сегмент и концептот на услугата, во концептот на услугата мора да се постигне конзистентност со системот на испорака за стратегијата да стане целосна. Една беспрекорна компанија постигнува конзистентност меѓу својата оперативна стратегија и системот за испорачување на услуги преку внимателно дизајнирање на нејзините политики за најмување, услужните процеси и објектите. Исто така, се обрнува внимание за надомест на вработените, промоција и политики за наградување.

Интегративните елементи им помагаат на основните елементи да се вклопат заедно во дизајнирање на стратегијата на постојана услуга. Тие овозможуваат насоки за планирање на дејствата за спроведување на визијата на услугите и вклучуваат позиционирање, приспособување на трошоците и интеграција на системот за стратегија.

Клиентите ќе бидат задоволни и оттука вредноста ќе биде создадена за нив, доколку нивната перцепција за она што тие го добиле се совпаѓа или ги

[2]Sak Onkvisit & John J. Shaw (2002), International Marketing: analysis and strategy, IV edition, Prentice Hall, NJ

надминува нивните очекувања за самата услуга. Силните атрибути на една услуга се бенефити кои им се овозможуваат на клиентите. За да се создаде вредност за клиентите, услужната организација мора да ја испорача суштината на самата услуга беспрекорно и без никаква пречка. Атрибутите се поврзани со услугата, но тие постојат надвор од услужниот пакет, а тоа значи дека сите психолошки бенефити се поврзани со самата услуга.

ЗАКЛУЧОК

Најважна компонента за ефикасно управување со побарувачката во процесот на давање услуги е да се знае кои се клиентите и да се разберат нивните потреби. Услужната организација мора да собира податоци за демографските карактеристики на своите клиенти, како што се полот, возраста, приходот и занимањето, како и карактеристики на животниот стил, нивните потреби и барања или кои било релевантни податоци што може да се најдат. Исто така, треба да се знаат мотивациите на клиентите со цел да можат да ги купат услугите.

Секоја услужна организација користи одредена технологија. Сепак, најважни компоненти се нивото на софистицираност на технологијата и степенот на користење. Ова најмногу се должи на природата на самиот бизнис. Некои организации, како телефонските компании, развивачите на софтвер и интернет-провајдерите на услуги се во бизнисот на развивање на информатичка технолгија. Некои други инвестираат во технологија од други причини, главно за да останат конкурентни. Банките спаѓаат меѓу најголемите потрошувачи на нови информатички технологии, не само на услужниот сектор, туку и глобално.

Непобитен е фактот дека технологијата направила и продолжува да прави големо влијание врз нашите дневни животи преку многу производи и услуги. Тие се резултати на технолошкиот напредок. Информациската технологија може да ѝ помогне на една услужна компанија да ги диференцира своите понуди од конкурентните услуги. Инвестициите во технологија исто така ја зацврстуваат позитивната перцепција на клиентите и вработените околу организацијата и нејзините услуги.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Hussey, David E.: The Implementation Challenge, Wiley Publiching Inc., Chichester, 1996.
2. Imai, Masaaki, Kaizen: The Key to Japan's Competitive Succes, McGraw-Hill, New York, 1986.
3. Jacobs, Margaret: "Young Lawyers Surf for Clients in New Media", The Wall Street Journal, 11 April 1997.
4. Johnston, B. & B. Morris: Operations Management in Service Industries and the Public Sector, Wiley & Spns, London, 1985.
5. Jones, Gareth R. & Jennifer, M. George: Contemporary management, McGraw-Hill, Inc, New York, 2003.
6. Jones, Peter & Emma Peppiatt: "Managing Perceptions of Waiting Times in Service Queues", International Journal of Service Industry Management 7, no 5, 1996, 47-61,
7. Juran, Joseph M., & Frank, M. Gryna: Quality Planning and Analysis, McGraw-Hill, New York, 1993.
8. Leonard, Berry L. & Valerie, A. Zeithaml: Five Imperatives for Improving Service quality, Sloan Management Review 31, 1990.

9. Levering, Robert & Milton, Moskowitz: "The 100 Best Companies to Work for in America", Fortune, 12 January 1998, 84-95.
10. Leung, Kenneth: "Keep This in Mind about Internet Marketing", Marketing News, June 1997.

338.48-027.12(497.7)

Д-р Дејан Крстевски
e-mail: dkrst@hotmail.com

РАЗВОЈ НА СОВРЕМЕН ТУРИЗАМ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Нужна претпоставка за пропулзивен развој на туризмот претставува ИНОВИРАЊЕ на производи и услуги што ги испорачува туристичката индустрија. Иновативните туристички производи претставуваат туристички современ и автентичен идентитет, и дава слика на целата наша земја, особено во очите и перцепцијата на странските туристи. Тоа значи продажба на визуелни константи кои потенцијалните странски туристи ги врзуваат за нашата земја и кои ги пренесуваат на други потенцијални туристи од нивните држави.

Географски Информациони Системи (GIS) претставува компјутерско процесирање на информации за просторот. Овозможува развој на апликации кои управуваат и користат географски информации во комбинација со други медиуми.

Клучни зборови: Автентичен туризам, современ туризам, компјутерска технологија (ГИС), иновирање.

DEVELOPMENT OF MODERN TOURISM IN REPUBLIC OF MACEDONIA

Abstract: The important supposition for intensive development in tourism present INNOVATION for products and services what deliver tourist industry. Innovative tourist products presents modern touristic and authentic identity and give image to all our country, personal in eyes and perception in foreign tourists. It present sale of visual constants what potentional foreign tourists to bind for our country and deliver to others potentional tourist in theirs countries.

Geographical Information Systems (GIS) presents computer processing spatial's information. It create development of applications for management and to be useful geographic information in combination with others medijums.

Keywords: Authentic tourism, modern tourism, computer technology (GIS), inovations.

ВОВЕД

Конкуренцијата на туристичкиот пазар и агресивноста на туристичката понуда е насекаде присутна и е изразена во сите облици. Спротивно на ваквата состојба, понудата на нашата земја што ја нудат туристичките работници е недоволно присутна на европскиот и светскиот туристички пазар.

Посебна идна цел на развојот на туризмот до 2020 година треба да биде унапредување на туризмот со странски гости. Ако се има во предвид дека Република Македонија има релативно ниска стартна основа, а притоа да се земе во предвид дека има компаративни предности и диверзифицирана структура од различни дејности (езерски туризам, зимски, бањски, ловен, историско-културен туризам, спортски, рекреативен и др.), тогаш реално треба да се очекува реален

пораст на на туристичкиот промет за околу 15% (просечна годишна стапка) и реализација на на околу 700 милиони евра во 2025 година.

Исто така, нудењето и производството на ЕКО храна на туристичкиот пазар може да има свој придонес за развој на високодоходовен туристички промет (ова особено е тренд во последните десетина години на глобално ниво и тоа особено во постарата популација која најмногу користи туристички услуги).

За поголеми инвестициски активности кои ќе бидат неопходни во наредниот период, а без кои не ќе биде можно постигнување на развојните цели (високо-квалитетни и современи), на туризмот треба да му се обезбеди квалитетен странски капитал во разни форми (директни инвестиции, партнерство, концесии и кредити). Еден од важни патишта за привлекување на странски капитал е вклучување во постојните познати светски хотелски брендови и ланци. Во исто време треба систематски да се вложува и во едуцирање и подигање на професионалното, етичкото, чесно и културното ниво на вработените во угостителските и туристичките објекти.

Иновирањето, Преструктурирањето и РЕПРОГРАМИРАЊЕТО на севкупниот пакет на услуги и производи што може да ги понуди туризмот во Република Македонија, претставуваат приоритетни активност на македонскиот туризам, во насока на негово брзо осовременување и активирање (со прифаќање на светски современи стандарди). Значаен чекор во оваа насока е креирање АВТЕНТИЧЕН македонски туристички пакет на услуги и производи, подобрување на културните и еколошките стандарди на сите видови услуги и осмислување и креирање активности на ПРОМОЦИЈА со учество на врвни експерти, професионалци и институции во оваа област.

1.ПРИМЕНА НА ГИС ТЕХНОЛОГИЈА ВО ТУРИЗМОТ – КОМПЈУТЕРСКО ПРОЦЕСИРАЊЕ НА ИНФОРМАЦИИ ЗА ПРОСТОРОТ

Туризмот е една од најголемите, најдинамичните и најсложените социо - економски феномен во последните времиња. Покрај тоа, таа е една од најбрзо растечката гранка на светската економија. Туризам вклучува широка комбинација на појавите и односите кои се јавуваат за време на туристичките патувања, а неговите спроведувања не влијанија само во економски туку и во животниот, социјалниот и културниот аспект на животот.

GIS во туризмот подразбира примена на повеќе различни пристапи:

- Собирање, манипулација и складирање на информации поврзани со областа каде се врши попис на туристички и рекреативни ресурси,
- Истражување услови, преку интерактивни дигитални мапи во процесот на идентификација најпогодни локации за развој на туристички активности,
- Интеграција на базите на податоци за анализа на трендови како последица на туристички активност во оваа област,
- Создавање патувања и туристички рути на движење,
- Просторна анализа на врски и односи што постојат помеѓу различните видови на туристички и рекреативни ресурси,
- Просторни ефекти на потенцијалните влијанија на туризмот на одредена област на студии.

Денес, GIS се користат за утврдување на соодветни области за развој на еко - туризмот, т.е за да се утврди областа во кое е присутно човековото изразено влијание и обласата каде се уште може да се нарече "природна".

Во туризмот, GIS се користи за да се обезбеди квалитетни дигитални картографски и визуелни мултидисциплинарни податоци (слики, видео ефекти, финансиска понуда, локациски податоци и сл.):

» Дигитална (компјутерски процесирана) мапа за печатени на мапи за различни потреби.
» Дигитални датотеки од бази на просторно/атрибутни податоци за интернет мапи.
» Дигитални датотеки со ажурирани просторни и атрибутни податоци за мобилно мапирање.
» Визуелизациски ефекти и Атракции на мапи.
» Веб-страници со интерактивни мапи од тековни мултидисциплинарни податоци.

GIS технологија нуди големи можности за развој на модерен туризам апликации со употреба на квалитетни и ажурирани дигитални мапи. Оваа технологија интегрира операции заедничка со базата на податоци како што се пребарување со унифицирана и ефективна визуелизација и географска анализа на придобивките кои ги нуди дигиталната мапа. Интеграцијата на податоци за туризам и GIS податоци се голем предизвик за туризизам индустрија, денес и е светски тренд.

Планирањето на туризмот бара повеќе прибирања на просторни податоци и обработка, како и локации и нивните меѓусебни односи кои треба да се дефинираат и анализираат и во просторниот контекст. За таа цел, GIS може да се опише и да го идентификува туризмот, инфраструктурните елементи, геометриски, тематски и тополошки. Покрај тоа, GIS може да се справи со двета вида на објектни податоци, како и областа на податоците од кои двата вида можат да бидат претставени во која било мрежа или формат на векторот на податоци.

2.ПРИМЕНА НА ГИС ТЕХНОЛОГИЈА ВО МАРКЕТИНГ НА ТУРИСТИЧКИ ДЕСТИНАЦИИ

Во почетокот GIS системот служел за помагање на туристи во одредени привлечни локации или избор на хотел, а денес употребата на GIS е проширена на маркетинг туристички дестинации и анализа на сообраќајот на туристи.

Денес, туризмот се повеќе изразува барање за нови технологии и управување со контрола на туристички активности, како и во процесот на донесување одлуки. На почетокот тоа беа развиени само неколку основни функции за потребата на туристите. Меѓутоа како туристичката индустрија се развива брзо, GIS наскоро ги наоѓа своите употреби, не само во изборот на локација, исто така и за дистрибуција, маркетинг, анализа и сообраќај на туристи. Промоција на туристичките дестинации преку интернет маркетинг, врз основа на податоците собрани од голем број на истражување на пазарот и статистиката. За да се направи тоа успешно потребно е да се создаде веб-портали со планот за урбан транспорт, туризам ознаки и други точки на интерес како кафичи, ресторани и слично.

Планирање на развојот на туризмот е сложен процес поради голем број на фактори во процесот на донесување одлуки. Одржлив развој на туризмот, за

зачувување на природното и културното наследство на дестинацијата, како и балансирање интерес на многу партнери, вклучувајќи ја и локалната заедница, ја наметнува потребата примената на GIS системот.

Улогата на GIS во управувањето на одржлив развој на туризмот:

» *Управување со информации во туризмот* - точни и веродостојни информации за туристите можат да спаси многу време и пари. Развојот на информатичката технологија во областа на туризмот , трговијата на мало заостанува зад развојот на туризмот, туристички информации се расфрлани и не можат да ги користат сите туристи, со недостаток на анализа на мултимедијалнара технологија во текот на процесот на истражување туристи кои не се задоволни од добиените производи. GIS ги поседува сите информации и анализи, а исто така обезбедува услуги во две полиња.

» *Поглед на целокупната тематска мапа* – Мапата од хартија има премногу малку места за да ги вклучи деталните информации за одредени области или објекти на мапата, од таа причина голема предност на GIS е можноста за детални информации, и со тоа ја намалува цената на планирање и го намалува недостатокот на традиционалните картички. Предноста на GIS е дека одредени информации може да биде и исклучени од мапата или да се прикаже само одредени.

» *Обезбедување на препораки за развој на туризмот* - GIS има функција на просторна анализа која најчесто се користи во урбанистичкото планирање. Користење на просторна анализа на одредени области, транспорт, клима, топологија, вегетација, животинскиот и растителниот свет може да биде полесно за развој на туристичка дестинација и да се воспостави на туристички атракции. Исто така, дополнително планирање може да се развива за да се предвидат идните туристички атракции врз основа на информациите собрани досега.



Слика 1: Три-димензионален ГИС модел на туристичкиот регион КОЗЈАК

ЗАКЛУЧОК

Иновативните туристички производи претставуваат туристички современ и автентичен идентитет, и дава слика на целата наша земја, особено во очите и перцепцијата на странските туристи. Исто така, туристичкиот производ претставува и продажба на визуелни константи кои потенцијалните странски туристи ги врзуваат за нашата земја и регионот и кои ги пренесуваат на други потенцијални туристи од нивните држави. Значаен чекор во оваа насока е креирање АВТЕНТИЧЕН македонски туристички пакет на услуги и производи, подобрување на културните и еколошките стандарди на сите видови услуги и осмислување и креирање активности на ПРОМОЦИЈА со учество на врвни експерти, професионалци и институции во оваа област.

Денес, туризмот се повеќе изразува барање за нови технологии и управување со контрола на туристички активности, како и во процесот на донесување одлуки. На почетокот тоа беа развиени само неколку основни функции за потребата на туристите. Меѓутоа како туристичката индустрија се развива брзо, GIS наскоро ги наоѓа своите употреби, не само во изборот на локација, исто така и за дистрибуција, маркетинг, анализа и сообраќај на туристи. Промоција на туристичките дестинации преку интернет маркетинг, врз основа на податоците собрани од голем број на истражување на пазарот и статистиката. За да се направи тоа успешно потребно е да се создаде веб-портали со планот за урбан транспорт, туризам ознаки и други точки на интерес како кафичи, ресторани и слично.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Науме Мариноски: Туристичка географија на Република Македонија, 2001 година.
2. Сашо Манасов, ГИС системи – компјутерско процесирање на информации за просторот, Скопје, 2015..
3. Бошко Јаќовски, Снежана Јовановска, Панче Јовановски, "Маркетинг на услужни дејности", Европски Универзитет, Скопје, 2006.
4. Македонска Академија на Науки и Уметности: Национална стратегија за економски развој на Република Македонија, Скопје, 1997.
5. Berry, Leonard L.: On Great Service: A Framework for Action, The Free Press, New York, 1996.
6. Bitner, Mary Jo: "Servicescapes: The Impact of Physical Surroundings on Customers and Employees", Journal of Marketing 56, April 1992, 57-71.
7. Chase, Richard B.: Where Does the Customer Fit in a Service Operation, Harvard Business Rewiew 56, November 1988.
8. C.A. O'Reilly and L.R. Pondy, "Organizational Communication", Organizational Behavior (Columbus, OH: Grid, 1999).
9. Collier, David A.: Service Management, Prentice-Hall, New Jersey, 1987.

37.07:005

Д-р Дејан Крстевски
e-mail: dkrst@hotmail.com

МЕНАЏМЕНТ НА УСЛУГИ ВО ИНСТИТУЦИИ ОД ЈАВНИОТ СЕКТОР

Апстракт: Управувањето со процесот на давање услуги, а особено нивното стратегиско управување, според современите теоретичари од областа на стратегискиот менаџмент и организациско однесување, како и сознанијата и искуствата на менаџерските тимови на многу успешни компании во светот, претставува подрачје кое интензивно го зазема врвниот научен и практичен интерес.

Основните причини за нагласена актуелност на управување со процесот на давање услуги лежи во фактот дека, задоволувањето на барањата на потрошувачите е централно за опстанок на компаниите. Бидејќи потрошувачите се витални за опстанок на организацијата, менаџерите мора точно да идентификуваат кои се потрошувачите, и да применуваат стратегии, кои резултираат во производи/услуги, кои најдобро ги задоволуваат нивните потреби.

Клучни зборови: Услуги, Јавен сектор, услужни процеси, корисници на услуги, менаџмент на услуги.

SERVICE MANAGEMENT IN INSTITUTIONS OF PUBLIC SECTOR

Abstract: Managing the process of providing services particulary at their strategic management, according to modern scholars in the field of strategic management and organizational behavior as well as the knowledge and experience of the management teams of many successful companies in the world is an area which occupies the top intensive scientific and practical interest.

The main reasons for the highly actuall management process to provide services lies in the fact that, meeting the demands of consumers is central to the survival of companies. Because the consumers are vital for the survival of the organization, managers must accurately identify who are the customers, and therefore to apply strategies that result in products or services that meet their needs in a best way.

Keywords: Services, Public Sector, Service Processes, Customer Service, Service Management.

ВОВЕД

Управувањето со процесот на давање услуги, а особено нивното стратегиско управување, според современите теоретичари од областа на стратегискиот менаџмент и организациското однесување, како и сознанијата и искуствата на менаџерските тимови на многу успешни компании во светот, претставува подрачје кое интензивно го зазема врвниот научен и практичен интерес.

Основните причини за нагласената актуелност на управувањето со

процесот на давање услуги лежи во фактот дека задоволувањето на барањата на потрошувачите е централно за опстанокот на компаниите. Бидејќи потрошувачите се витални за опстанокот на организацијата, менаџерите мора точно да идентификуваат кои се потрошувачите и да применуваат стратегии кои резултираат во производи и услуги, кои најдобро ги задоволуваат нивните потреби. Токму затоа маркетинг-функцијата има толку важна улога во ланецот на вредности, а добриот менаџмент на ланецот на вредности бара маркетинг-менаџерите да се фокусираат на дефинирање на бизнисот на нивната компанија во насока на потребите на потрошувачите, кои се задоволуваат или не, според типот на производите кои ги произведува – во спротивно може да има катастрофални резултати.

Современиот менаџмент сè повеќе користи една функционална стратегија, која може да ја применува јавниот сектор за да им се доближи на клиентите и да ги разбере нивните потреби. Тоа е менаџмент на односот со клиентот (CRM). Тоа е техника која користи IT за развивање на тековен однос со клиентите за да ја максимизира вредноста која јавниот сектор со тек на време им ја доставува на клиентите. IT на јавниот сектор, во односот со клиентот ги набљудува, контролира и поврзува сите функционални активности вклучени во давањето услуги на клиентите.

Доменот во кој управувањето со процесот на давање услуги ќе претставува научен придонес најилустративно се согледува во изградбата на заокружена теоретска основа за научно предвидување, планирање, примена и контрола на управување на процесот на давање услуги, со што расте и потребата од практична примена на овој концепт. Најочигледна потврда на ова сознание се дијаметрално различните нивоа на успешност на јавните установи кои поседуваат квалитетни и искусни менаџери, кои поседуваат знаења, вештини и способности за примена на современите теоретски и практични знаења од областа на управување со процесот на давање услуги, наспроти оние кои неактивно се однесуваат кон овие современи светски трендови.

1.УЛОГАТА НА УСЛУГИТЕ ВО ЕКОНОМИЈАТА

Услугите лежат во центарот на економската активност во секое општество. Пишувајќи за улогата на услужниот сектор во светскиот развој, Дороти Ридл[1] формулирала економски модел прикажан на сликата 1. Овој модел го покажува протокот на активности меѓу главните сектори во економијата: екстрактивни (рударство и земјоделие), производство и услуги кои се поделени во пет подгрупи. Сите активности на крајот водат до потрошувачот. Примери од услуги во секоја од следниве пет подгрупи се:

- Бизнис-услуги: консалтинг, финансии, банкарство.
- Трговски услуги: малопродажба, одржување, поправки.
- Инфраструктурни услуги: комуникација, транспорт.
- Општествени/лични услуги: ресторани, здравствена заштита.
- Јавна администрација: образование, влада.

Постојат неколку полиња со области кои се поврзани меѓу себе. На пример, бизнис-услугите се поврзани со секторот за јавна администрација и со секторот за екстракција (extractive sector). Секторот за јавна администрација, пак, е поврзан со инфраструктурните услуги, секторот за производство, секторот за трговија и

1 Dorothy I. Riddle (2006), Service-Led Growth, Praeger, New York, p.39

општествено-личните услуги, а тој, пак, е поврзан со потрошувачот и секторот за трговија. Со еден збор, сите меѓу себе се испреплетени.

Инфраструктурните услуги, како што се транспортот и комуникациите, се есенцијални линкови меѓу сите сектори на економијата, вклучувајќи го и финалниот потрошувач. Во една комплексна економија, инфраструктурата и трговските услуги функционираат како посредници меѓу секторот за екстракција и секторите за производство, а и како канали за дострибуција до крајниот потрошувач. Инфраструктурните услуги се предуслов за економијата да стане индустријализирана, затоа ниедно напредно општество не може да биде без овие услуги.

Во една индустријализирана економија, специјализирани компании можат да обезбедуваат бизнис-услуги за компании за производство, поевтино и поефикасно отколку самите производствени компании тоа да го прават самите за себе. На тој начин, сè повеќе и повеќе видови услуги, како што се рекламирањето, консултантските услуги, финансиите, тестирањето, и другите бизнис-функции кои се испорачуваат до секторот за производство, се реализираат од страна на услужни компании.

Освен за основното живеење, каде што индивидуални домаќинства сами си ги задоволуваат потребите, услужните активности се апсолутно потребни за да може економијата да функционира и да го зајакне квалитетот на животот. Јавната администрација игра критична улога во овозможувањето на стабилна околина за инвестирање и економски раст. Услугите, како државното образование, здравствената заштита, одржувањето на патиштата, овозможувањето на чиста вода за пиење, на чист воздух и на јавна безбедност се неопходни за да опстане секоја економија на дадена нација, како и за просперитет на луѓето.

Затоа, императив е да се препознае дека услугите не се периферни активности, туку интегрални делови на општеството. Тие заземаат централно место во функционирањето на една здрава економија и се наоѓаат токму во нејзиното срце. Услужниот сектор не само што ги помага, туку и ги овозможува активностите за произведување на добра на производствениот сектор. Услугите се круцијална сила за денешната промена кон глобалната економија.



Dorothy I. Riddle (2006), *Service-Led Growth*, Praeger, New York, p.39

Слика 1: Интерактивен модел на економија

2.ЕКОНОМСКИ РАЗВОЈ НА УСЛУГИТЕ

Успешниот раст на услужниот сектор зависи од иновациите и вештините на менаџментот кој промовира етика на континуирано подобрување во квалитетот и продуктивноста.

Пакет на услуги се дефинира како збир од добра и услуги што се на располагање во дадена околина. Овој пакет се состои од следните четири карактеристики:[2]

1. Објект за поддршка: Физички ресурси што мора да бидат на дадена локација пред да се понуди една услуга. Примери за ова може да бидат терен за голф, скилифт, болница, авион.
2. Добра за поддршка: Купен или консумиран материјал од страна на купувач или, пак, предмети обезбедени од страна на клиентот. Примери за ова се палки за голф, скии, храна, менување на автоделови, правни документи, медицински испитувања.
3. Експлицитни услуги: Бенефити што се подготвени за перцепција од страна на сетилата и што се состојат од неопходни карактеристики. Примери за овој вид на услуги се отсуството на болка откако е поправен некој заб, убавото и мазно возење на автомобил по поправка и времето на одговор на повик од страна на противпожарната единица.
4. Имплицитни услуги: Психолошки придобивки што клиентот може да ги почувствува многу бледо или надворешни карактеристики на услугата. Примери се: приватноста на една канцеларија за нудење заеми и поправката на автомобили без грижа.

Сите овие карактеристики се почувствувани од страна на клиентот и ја формираат неговата перцепција за услугата. Важно е менаџерот на услуги да нуди целосно искуство за клиентот што се состои од посакуван пакет на услуги.

ЗАКЛУЧОК

Феноменот на раст и развој на услугите е еден од најголемите светски трендови во последните години. Ова повлекува зголемена потреба од правни и сметководствени услуги, јавна администрација, одржување на хигиена, рекламирање и многу други услуги. Исто така за растот на услугите влијаат и социјалните промени, владините политики, бизнис-трендовите, силниот напредок во информатичката технологија и процесот на глобализација.

Основните причини за нагласената актуелност на управувањето со процесот на давање услуги лежат во фактот дека задоволувањето на барањата на потрошувачите е централно за опстанок на компаниите. Бидејќи потрошувачите се витални за опстанок на организацијата, менаџерите мора точно да идентификуваат кои се потрошувачите и да применуваат стратегии, кои резултираат во производи и услуги, кои најдобро ги задоволуваат нивните потреби. Токму затоа маркетинг-функцијата има толку важна улога во ланецот на вредности, а добриот менаџмент на ланецот на вредности бара маркетинг-менаџерите да се фокусираат на дефинирање на бизнисот на нивната компанија во насока на потребите на потрошувачите кои се задоволуваат или не, според типот на производите кои ги произведува – во спротивно може да има катастрофални резултати.

Крајните резултати од услужниот систем се задоволни клиенти и средства кои ја зголемиле својата вредност. Улогата на оперативниот менаџер за услуги е

2 Christopher Lovelock and Lauren Wright (2001), Service Marketing and Management, Prentice Hall, New Jersey, p.12

да ја надгледува и контролира услугата и целиот услужен процес кој се заснова на позитивна реакција со цел да се осигура дека потребите на клиентите и услужниот персонал се исполнети. Со други зборови, позитивниот коментар од клиентите и вработените го прават осигурувањето на квалитетот возможно.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Andrews, Kenneth R.: The Concept of Corporate Strategy, Homewood, IL, Irwin, 1987.
2. Ashforth, Blake & Ronald, Humphrey: "Emotional Labor in Service Roles: The influence of Identity", Academy of Management Review 18, no 1, 1993.
3. Bechhard, Richard: Organizational Development: Strategies and Models, Addison - Wesley Publishing Co., 1999.
4. Berry, Leonard L.: On Great Service: A Framework for Action, The Free Press, New York, 1996.
5. Bitner, Mary Jo: "Servicescapes: The Impact of Physical Surroundings on Customers and Employees", Journal of Marketing 56, April 1992, 57-71.
6. Chase, Richard B.: Where Does the Customer Fit in a Service Operation, Harvard Business Rewiew 56, November 1988.
7. Collier, David A.: Service Management, Prentice-Hall, New Jersey, 1987.
8. Daniels, P. W.: Service Industries in the World economy, Blackwell Publishers, Oxford, UK, 1993.
9. Davenport, Thomas H.: Reengineering Work through Information Technology, Harvard Business School Press, Boston, 1993.
10. DiPrimio, Anthony: Quality Assurance in Service Organizations, Radnor, PA: Chilton Book co., 1987.

334.72.055.3:34.04-022.212
334.72-057.12:34.04-022.212

Асс. м-р Мартин Ѓорѓиев, e-mail: martin.gjorgjiev@msu.edu.mk
Факултет за економија и ОП, МСУ„Г.Р.Державин" Свети Николе-Битола

Асс. м-р Елена Златева, e-mail: elena.zlateva@msu.edu.mk
Факултет за правни науки, МСУ„Г.Р.Державин" Свети Николе-Битола

ПРАВНИТЕ ОГРАНИЧУВАЊА КАКО ФАКТОР ЗА НЕУСПЕХ НА КОМПАНИИТЕ И МЕНАЏЕРИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Овој абстракт го објаснува и вооедно го демонстрира влијанието на правната регулатива и нејзиниот ефект врз работењето на компаниите и врз успешноста на работењето на менаџерите и нивната способност да се справат со правните ризици.Исто така ефектот на законските рамки врз компаниите, како и импликациите од брзите законски измени и неповолните закони ги ограничиваат компаниите во нивното работење, кои создаваат негативен импакт, неповолна бизнис клима и сето тоа како еден фактор кој влијание врз (не)успехот на компаниите и ја намалува нивната профитабилност.

Клучни зборови: компании, правна регулатива, профитабилност, ограничувања, ризици

LEGAL RESTRICTIONS AS A FACTOR FOR FAILURE OF COMPANIES AND MANAGERS IN MACEDONIA

Abstract: The abstract explains and the same time, it demonstrates the impact of legislation and its effect on the performance of companies and the effectiveness of the operations of the managers and their ability to cope with legal risk. Also the effect of the legal framework on companies, as well as implications of rapid legislative changes and unfavorable laws reducing companies in their operations, creating negative impact, unfavorable business climate and all that as one factor that affects the (un) success of the companies and it reduces their profitability.

Key words: companies ,legislation, profitability, limitations, risks.

ВОВЕД

При самото формирање и при секое отпочнување со работа, дали се работи за домашниот или за странски пазар, компанијата пред се ги проверува политичките и правните услови кои важат за таа земја. Тоа преставуваат важни фактори на кои компанијата може но некогаш и не може да влијае.

При формирање на компанијата или долку компанијата е со намера за влез на нови пазари, покрај истражувањето за тоа колку производот или услугата која ја нуди е барана на тој пазар, се испитуваат и правните регулативи кои владеат во тој регион или пошироко, бидејќи компанијата е обврзана да ги почитува сите законски обврски поставени од владата.

Компанијата треба да ги провери правните ограничувања поставени од страна на законодавецот и да одлучи дали ќе може да се вклопи на таков пазар.

Одредени земји создаваат поволни законски решенија и нудат економски

поволности за компаниите кои ќе работат во тие подрачја, преку доделување на евтини локации, поволни кредити, намалени даночни обврски, намалена цена на енергенси и сл.

Компаниите кои се основаат и оние кои веќе се постоечки во зависност од земјата во која ја извршуваат својата дејност, се соочуваат и со голем број на проблеми и потешкотии од постоечката и промената на тековната регулатива и законска рамка која е поставена од страна на законодавецот во земјата, како и од воведување на нови законски прописи кои ги засегаат компаниите.

ВЛИЈАНИЕТО НА ПОЛИТИЧКИТЕ И ПРАВНИТЕ ФАКТОРИ

Стабилните политички фактори, овозможуваат создавање и функциоинирање на стабилен правен систем. За зачувување на интересите на секоја компанија важно е владата да не носи законски измени преку "ноќ". Во тој смисол закони може да бидат: зголемување на даноци, воведување на такси, зголемување на цените на енергенсите, промена на регулативите од областа на дејноста со која се занимава компанијата неповолна за нејзиното понатамошно работење и опстанување.

Некои пак од ваквите законски дополнувања се и добри за компанијата, но компанијата колку и да е погодена од така донесените одлуки во принцип избегнува да се противи и конфронтира, бидејќи тоа би допринело за создавање на негативен публицитет во јавноста, а секоја компанија настојува да го избегне тоа.

Одредени законски решенија може да бидат донесени под притисок, се со цел да се полни државниот буџет на штета на компанијата, но во пракса се јавуваат и случаи кога одредени правни решенија се носат заради остварување на приватните интереси на одредени моќни политичари.

Со носењето на така непредвидливи законски решенија, владата директно може да ги загрози предвидливите параметри кои се потребни за да бизнисот функционира профитабилно и на директен начин се меша во работењето и интересите на компанијата.

Правното опкружување вклучува флексибилност и адаптибилност на правото и другите правни норми со кои се регулира бизнисот. Тоа може да вклучува точни одлуки и донесувања на судовите. Ова во голема мера влијае на бизнисот и неговите менаџери.

ПРАВНАТА РЕГУЛАТИВА КАКО ОГРАНИЧУВАЊЕ И ТОВАР ЗА КОМПАНИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА И НИВНИТЕ МЕНАЏЕРИ

Од направените анализи на изјавите на менаџерите на компаниите тука може да се наведат неколку причини кои ја ограничуваат и се товар за компанијата и тоа:

- Честите промени на регулативата
- Честите законски измени кои го ограничуваат долгорочното планирање на менаџерите во компаниите
- Ригорозните казнени одредби
- Слабата присутност и учество на бизнис заедницата во подготвување на регулативата и сл.

Менаџерите на компаниите во Македонија се согласни дека придржувањето до генералната регулатива им одзема многу време на компаниите.

Компаниите се жалат на честите законски измени , но и на тоа дека регулативата служи за полнење на државниот буџет , а се намалува флексибилноста и со тоа и успешноста на компаниите.

Исто така ригорозните казнени одредби имаат силно негативно влијание врз работењето на компаниите, како што се лоша репутација, плаќање на казни кои го загрозуваат финансискиот опстанокот на компаниите, поготово на малите и средни претпријатија.

Слабата присутност и учеството на бизнис заедницата во подготовка ја намалува флексибилноста на законската регулатива во корист на компаниите и сметаат дека до подобрување на квалитетот на регулативата би дошло само преку зголемување на времето за консултации со бизнис- заедницата.

ПРОБЛЕМИТЕ КОИ НАСТАНУВААТ ОД ЗАКОНСКИ РЕГУЛАТИВИ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ НА КОМПАНИИТЕ ВО МАКЕДОНИЈА

Сепак, кај повеќето фирми во Македонија даночното оптоварување претставува главен ограничувачки фактор за инвестирањето на фирмите.

Кај компаниите преставува проблем и „просечното време кое е потребно претпријатијата да ги исполнат обврските пропишани со даночната регулатива" и „висината на даноците за приход".

Исто така, фирмите во Макдонија како главен недостаток го наведуваат фактот што даноците се профитно- несензитивни, што значи дека тие мора да ги плаќаат даноците, без оглед дали претпријатието остварува профит или не.

Покрај леснотијата при влезот на пазарот, пазарната ефикасност зависи и од леснотијата при излезот од пазарот. Најважната причина за затворање на бизнисите во Македонија е непрофитноста на бизнисот, по што следуваат проблемите врзани за обезбедувањето финансии.

Како проблем кај компаниите се јавува и кусиот временски период за усвојување на новата регулатива и за нејзината примена од страна на компаниите.

Промените во законите за работни односи може да се предвидат со внимавање на политичките трендови. Политичките кандидати често ги нагласуваат своите ставови во однос на минимална плата, потреби за осигурување, даноци за работна рака и регулирање на условите за вработување.

Било каква промена во законите за работни односи може да значи промена на трошоците на еден бизнис и тие трошоци може да се значајни за малите бизниси без големи резерви на кеш. Промена во минималната плата, на пример, може директно да влијае на профитабилноста на една мала компанија.

ЗАКЛУЧОК

Како заклучок може да се наведат неколку измени и насоки кои би довеле до подобрување на бизнис климата и задоволување на потребите на компаниите и тоа:

- Подобрување на квалитетот на регулативата преку зголемување на времето за консултации со бизнис- заедницата;
- Спроведување на мотото „Најпрвин мисли на мало" на сите нивоа на управување и во сите фази на креирањето на политиките;
- Укинување на непризнаените расходи со што законот за данок на добивка би станал почувствителен на профит;
- Изготвување детална анализа на влијанието на даночните регулативи

врз компаниите според нивната големина;

- » Прилагодувања на даночниот систем т.е. даночни поволности за микро и малите претпријатија;
- » Спроведување селективно намалување на стапките на социјалните придонеси, или прилагодување на минималната основа за плаќање социјални придонеси во однос на минималната плата;
- » Воведување брза стечајна постапка;
- » На компаниите да им се даде повеќе време да ја применат новата или изменетата трудова регулатива,
- » Водење силни информативни кампањи за запознавање на јавноста и компаниите со законските измени и новите регулативи и сл

Менаџерите на компаниите во Македонија не се однапред толку добро информирани за правната регулатива и негативни импликации кои се одразуваат врз успешното водење на компаниите. Сепак пред донесување на нови законските прописи и правната регулатива компаниите се сложни дека најголем успех би се постигнал доколку во креирањето на законската регулативата би се вклучила бизнис заедницата и сето тоа би резултирало со поголема флексибилност и прилгодливост на законите, а со тоа би се избегнале правните ограничувања кои се причина за неуспех на компаниите Македонија.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. http://www.pretpriemac.com/
2. Интервјуа со менаџери од македонски компании од неделниот магазин за бизнис и политика "Капитал"

331.5.024.5(497.7)

Prof. Dr. Nikola Popovski, e-mail: nikopop@yahoo.com
FON University, Skopje, Macedonia

Prof. Dr. Lence Petreska, e-mail: mr_petreska@yahoo.com
ISU „G.R.Derzhavin" Sveti Nikole-Bitola, Macedonia

EMPLOYMENT POLICIES IN THE MIDDLE INCOME COUNTRIES - CASE OF MACEDONIA

Abstract: Middle income countries have different problems with their unemployment. Many of them suffer of high unemployment. This paper researches their active labor market policies (ALMPs) studying several countries and if there is any similarity in their approaches. Findings are that many of the policies and measures of the governments are similar and it can be grouped in three types. Still results are different depending on many factors. Macedonian case is not different but the research shown that it is a kind of specific. Macedonia has ALMP for a long period with very diversifying programs but with poor budgetary support. Results are also very poor and unemployment stays very high.

Key words: employment policies, middle income countries, Macedonia

1.INTRODUCTION

Employment policies are very seldom used instruments to fight high unemployment in the world. On the other side the unemployment rates throughout the world are very different and seldom very similar according to the level of economic development of a certain group of countries. On the contrary – there are cases of high or low unemployment in developed economies with high per capita income and high and low unemployment in developing or emerging economies. Due to a various classification of economies in the world based on different methodologies which exists, for the purpose of this research we will use the WB methodology. According to the World Bank Atlas method based on annual income per capita the countries are classified into four groups: low income (LIC), lower middle income, upper middle income, and high income (HIC) - using gross national income (GNI) per capita valued per year in US dollars and using a 3-year average exchange rate. The breaks between each of the groups are fixed in real terms: they are adjusted each year in line with price inflation. The classification is revised once a year on July 1, at the beginning of the World Bank fiscal year[1]. Over time it has become part of the development discourse frequently used as a benchmark to analyze developmental trends or other basic economic issues for both analytical and operational purposes. In this paper we use it also as a benchmark to analyze some employment policies. By the fiscal year 2016 classification, there are now just 31 low income (49 in FY 1989), 51 lower middle income and 53 upper middle income countries. It is total of 104 middle income countries (MIC) with population of 5,24 billion – 72,2% of world total. On the other end of the spectrum, the number of high income countries is 80 (41 in FY 1989). Income classification thresholds are as follows: below 1.045 US$ for LIC; 1.045-4.124 US$ for LMIC; 4.125-12.735 US$ for UMIC;

[1]Fantom Neil and Serajuddin Umar: "The World Bank's Classification of Countries by Income", Policy Research Working Paper 7528, WB Group, Washington DC, USA, January 2016, p. 2

and higher than 12.735 US$ for HIC. The group of the middle-income countries is the biggest and the most diverse one spread on all continents except North America.

Unemployment rates itself in the middle-income countries are very different[2]. Some of them have no any significant problem with unemployment keeping the unemployment rates in their economies to a very low level of less than 5 percent (China, India, Malaysia, Thailand, Mexico, Azerbaijan, Bangladesh, Bhutan, Bolivia, Cameroon, Cambodia, Honduras, Moldova, Nepal, Vietnam, Tanzania), some have sustainable unemployment rates of 5-10 percent (Russia, Indonesia, Pakistan, Philippines, Argentina, Colombia, Venezuela, Bulgaria, Nigeria, Romania); some have high unemployment rates of 11-19 percent (Turkey, Brazil, Egypt, Albania, Armenia, Dominican Republic, Iraq, Iran, Libya, Montenegro, Zambia, Uzbekistan) and some very high unemployment rates of more than 20 percent (Bosnia and Herzegovina, Botswana, Gabon, Macedonia, Mozambique, Serbia, Palestine). According to the latest available data the average unemployment rate in LMIC and UMIC is 5 and 6 percent respectively. As can be seen from the country data presented, the differentiation is significant.

It is very obvious that the countries from the one group of the WB classification based on per capita income have very big margin of unemployment rates.

2. ACTIVE EMPLOYMENT POLICIES

Many MIC don't have serious problems with unemployment although some of them face the problem of so called "hidden unemployment", especially if they have very centralized economic systems and mainly has rejected the market mechanisms. But those which have high or very high unemployment rates systematically improve their employment policies. Some additional problems for them arise in the last decade. Since the financial crisis of 2008 and the world recession of 2009, the decreasing of unprecedented rise of long-term unemployment has become a priority for that group of countries. In recent years the situation has improved, but with economic growth rates decreasing across MIC, this problem is bound to persist. Closer inspection of the data reveals a substantial degree of cross-country variation. The presences of such large percent of long-term unemployment described above represents a fundamental challenge to economies, institutions and policymakers in those countries. This paper collects some of the views and policies of MIC economies from across the world on these issues. Many MIC countries use active labor market policies to combat unemployment and also long-term unemployment. It is a case even with HIC which spend some 0,4 to 1,8 percent of GDP on active labor market policies[3]. Their interventions are based one of the following five types of targeted active labor market policies: 1. Classroom or on-the-job training; 2. Job-search assistance, monitoring, or sanctions for failing to search; 3. Subsidized private sector employment; 4. Subsidized public sector employment; and 5. Other programs combining two or more of the above types (typically these are job-search assistance combined with training or wage subsidies).

Active labor market policies in MIC are different but jobs are among most important policy concern of governments in many of them. Labor market policies are providing many measures as vocational training, wage subsidies, job search assistance, job creation and other assistance. By the theory, in a economies with well-functioning labor market, firms that want workers and workers who want jobs are able to find one

[2] "World Development Indicators 2016", IBRD/WB Group, Washington DC, USA, 2016, pp. 70-74 and "Euro area unemployment", News Release 55/2017, Eurostat Press Office, Brussels, 3 April 2017

[3] Bentolila Samuel and Jansen Marcel, Editors: "Long-Term Unemployment After the Great Recession: Causes and remedies", Centre for Economic Policy Research (CEPR), London, UK, 2016, p. 11-12

another reasonably easily, and the only unemployment is low, frictional, and temporary. "However, in practice, governments have long engaged in a variety of active labor market policies (ALMPs) that directly intervene in the labor market with the aim of generating more and better employment opportunities for workers.[4]" Policies include training programs that aim to increase the skills of the labor, wage subsidies that aim to increase firms' demand for labor, and job search or matching assistance that aims to better enable firms and workers to find and contract with one another. While states have long employed ALMPs and interest in their effectiveness has increased, until recently most of the evidence as to their effectiveness came from developed and transition middle income countries. The work by Betcherman et al. (2004) describes some 41 evaluations of ALMPs from developing and transition MIC. The last decade has seen growth in the number of evaluations of ALMPs in MIC with more rigorous evidence for the impacts of these programs, but still suffer from some of the same problems faced by many studies such as survey attrition, the difficulty in accounting for general equilibrium effects, and concerns with the right timing over which to measure impacts. Some shows that many of the formal sector manufacturing jobs that these programs are intended to foster are not that highly valued by workers.

From a categorical point of view the ALMPs can be divided into three main categories. The first set of programs operate on the labor supply side, aiming to increase the employability of workers through vocational training for a separate review of programs that foster self-employment through business training. A second set of programs operates to increase the demand for labor, through subsidizing the cost of labor to firms with employment subsidies. Finally, the third search and matching assistance programs aim to lower frictions that prevent demand meeting supply in the labor market.

Vocational training programs were the most common ALMP used by governments following the global financial crisis of 2007-08. The premise of such programs is that a lack of certain technical skills is the reason that particular individuals are unemployed, and that these skills can be taught and learned in a relatively short period of time. In practice, these programs are typically used with two target groups of beneficiaries. The first is to offer the program to the general population of unemployed workers. This is a common policy option, used, for example, by Turkey's program for the unemployed. Typical programs here last duration of 3 months, and cover a wide range of occupations. The second approach is to more narrowly focus on low-income or risky categories. Programs focusing on youth have been particularly common in Latin America, and act as a substitute to the formal schooling system for youth who have dropped out. There has been rapid growth in the number of these programs. A number of the programs have also considered formal employment as an outcome. This is of interest in its own right, because of a belief that formal employment may offer additional benefits and stability to workers, as well as being a measure that can be obtained from administrative data. In search of a more positive role for vocational training, ALMP have pursued two approaches. The first is to find training programs that can be provided much more cheaply, such as the NGO programs. If skills training can be delivered much cheaper, it does not need to deliver large budgetary resources. The second approach has been to investigate whether the returns to training might be different for some subgroups of the population or training types, to argue that tar-

[4]McKenzie David: "How Effective Are Active Labour Market Policies in Developing Countries? A Critical Review of Recent Evidence", Policy Research Working Paper 8011, WB Group, Washington DC, USA, March 2017, p. 2

geted training might work.

Wage subsidies are intended to help overcome these causes of unemployment. A temporary wage subsidy given to a worker lowers the cost to a firm of hiring that worker. This should then lead to an increase in employment for the period the subsidy is in effect. In a simple model of the labor market, workers are paid their marginal product, and so if young workers are not very productive to begin with, they would simply be paid low wages. Indeed, in some African MIC under the ALMP the workers actually receive negative wages, paying firms for the privilege of learning on the job. However, in many MIC labor markets, "minimum wages and subsistence constraints set a lower bar on the amount firms can pay for labor, and additionally the presence of hiring and firing frictions means that if there is uncertainty about the productivity of a worker, firms may prefer not to hire them. The result is that individuals who are willing to work may be unemployed, particularly youth who are inexperienced and untested, and less able to signal productivity."[5] Many ALMP on the impact of wage subsidies given to workers exists. For example, in South Africa young workers were given vouchers that would pay the firm a monthly subsidy for up to 6 months, if the firm formally registered the worker. Only 22 firms used the voucher, hiring only 30 workers out of 1,500 given the voucher. In Jordan was not requiring firms to formally register the worker, following the norms of the labor market in which most employment was informal. Their subsidy was also valid for six months. Half of the individuals given the voucher in their study used it, and there was a 38 percentage point increase in employment during the period the subsidy was in effect. The result was no long-term significant impact on employment. Subsidies did not provide the stepping stone to additional work that theory might suggest. Argentina used vouchers too. An alternative for giving subsidies to workers is to give the subsidies to companies and encourage them to hire more new workers. In Jordan some 24 percent of firms use the subsidy to hire a worker, resulting in an increase in employment while the subsidy is in effect. A wage subsidy program was used in Mexico during the global financial crisis. Analysis comparing the employment trajectories of durable manufacturers in industries eligible for the program to those in industries ineligible for the program showed that employment was 6 to 13 percent higher in the affected industries during the program, growing faster after the crisis, suggesting the program helped firms to recover more quickly from the shock.[6]

Many governments provide employment services in the form of helping job-seekers with preparing resumes, hosting labor exchanges, and helping to match firms with workers seeking employment (search and matching assistance). Evaluations from Brazil and Uruguay shows that such programs may be less effective in countries with large informal sectors if workers typically use other channels to find jobs, and if they work at all, might work best for more educated job-seekers. But information about vacancies may be more difficult to come by if workers and firms are not all online, and match quality may be worse if informal networks are relied upon to fill vacancies. The program focus in Turkey was on unemployed persons in general with measures duration of 1 year.

These three models are the most used ALMP in the MIC. But what can the alternatives be? One set of alternative policies maybe could be to move away from interventions on the labor supply side and focus more on policies to help firms overcome the obstacles they face in innovating, growing and in that way creating more jobs. On

[5] Ibid, p. 9

[6] Bruhn, Miriam: "Can Wage Subsidies Boost Employment in the Wake of an Economic Crisis?", World Bank Policy Research Working Paper No. 7607, WB Group, Washington DC, USA, 2016

the other side, on the labor supply side, the most popular interventions appear to be ones that help workers access different labor markets, overcoming possible sectoral and, especially, spatial mismatches.

3. CASE OF MACEDONIA

Unemployment rate in Macedonia is extremely high, officially reaching some 23.1 percent at last quarter of 2016. [7] Active but highly inefficient LMP in Macedonia exists long time or at least two decades. Most of them were based on wage subsidies (1997/1998; 2002/2003) but also vocational training programs exist. Recent programs are mostly based on various governmental measures and even loans to unemployed youth to start business. Formally some 13 different active programs exist. They are: 1. Program for self-employment; 2. Wage subsidies; 3. Pilot – program on active use of a state-owned agricultural land; 4. Program on preparing to employment; 5. Training at employer; 6. Training at employer with subsidies; 7. Training for demanded skills; 8. Training on advanced IT skills; 9. Practice as first experience; 10. Education for start-up business; 11. Informing on free jobs; 12. Organizing of public works and 13. Self-employment by crediting. There is also two IPA projects and EU-funded Twinning Project "Support to the Employment Service Agency for Implementation of Active Labor Market Measures and Services".

As obvious, there are many ALMP with limited financing and modest results. Most of it exists more than 5 years but it doesn't give good results as unemployment is still very high. Budgetary support of the programs is very limited. In 2017 it account only 767,6 million denars or 12,5 million euros projected for all 13 ALMP. But realization is also problem so for the same programs in 2016 was realized much less or 537,6 denars or 8,7 million euros.

4. CONCLUSION

Although with a similar level of development the group of MIC has different problems with unemployment. Many of them have very low or sustainable unemployment rates. Most of the MIC in the world which suffer of high or very high unemployment use ALMP to fight this problem. Most used policies are those which can be grouped in the basic three types of programs: vocational training, wage subsidies and search and matching assistance. Their results are different depending on a country applied it. Macedonia as a MIC has ALMP which exists long time with different programs. Currently all basic three types of programs are implemented through 13 specific domestic programs, two IPA programs and one EU-funded Twinning Project. Total amount of budgetary support for programs is poor and it allocate only 12,5 million euros per year, so the results are very limited and unemployment stay as one of the heaviest economic and social problem of the country.

BIBLIOGRAPHY

1. Bentolila Samuel and Jansen Marcel, Editors: "Long-Term Unemployment After the
2. Great Recession: Causes and remedies", Centre for Economic Policy Research
3. (CEPR), London, UK, 2016
4. Betcherman, Gordon, Karina Olivas and Amit Dar: "Impacts of Active Labor Market

[7] State Statistical Office: "Active Population in the Republic of Macedonia, Results from the Labour Force Survey, 2016", News Release, No: 2.1.17.06, State Statistical Office of Macedonia, 20.03.2017

5. Programs: New Evidence from Evaluations with Particular Attention to
6. Developing and Transition Countries", World Bank Social Protection Discussion
7. Paper Series No. 29142, WB, Washington DC, USA, 2004
8. Bruhn, Miriam: "Can Wage Subsidies Boost Employment in the Wake of an Economic
9. Crisis?", World Bank Policy Research Working Paper No. 7607, WB Group,
10. Washington DC, USA, 2016
11. Eurostat: "Euro area unemployment", News Release 55/2017, Eurostat Press Office,
12. Brussels, 3 April 2017
13. Fantom Neil and Serajuddin Umar: "The World Bank's Classification of Countries by
14. Income", Policy Research Working Paper 7528, WB Group, Washington DC, USA, January 2016
15. McKenzie David: "How Effective Are Active Labor Market Policies in Developing
16. Countries? A Critical Review of Recent Evidence", Policy Research Working
17. Paper 8011, WB Group, Washington DC, USA, March 2017
18. Piketty Thomas: "Capital in the Twenty-First Century", The Belknap Press of Harvard
19. University Press, Cambridge, Massachusetts, London, England 2014
20. State Statistical Office: "Active Population in the Republic of Macedonia, Results from
21. the Labor Force Survey, 2016", News Release, No: 2.1.17.06, State Statistical
22. Office of Macedonia, 20.03.2017
23. Stewart I., De D. and Cole A.: "Technology and people: The great job-creating
24. machine", Deloitte LLP, London, UK, 2015
25. World Bank Group: "World Development Indicators 2016", IBRD/WB Group,
26. Washington DC, USA, 2016

654:339.137.2(497.7)

Проф.д-р Ленче Петреска, e-mail: mr_petreska@yahoo.com
МСУ „Г.Р.Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Проф.д-р Павлина Стојанова, e-mail: p_vitanova@yahoo.com
МСУ „Г.Р.Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА ПАЗАРНОТО УЧЕСТВО И ОСТВАРУВАЊЕ НА КОНКУРЕНТСКА ПРЕДНОСТ ПРЕКУ МЕРЏИРАЊЕ НА МАКЕДОНСКИОТ ТЕЛЕКОМУНУКАЦИСКИ ПАЗАР

Апстракт: Значаен тренд кој ја карактеризира глобалната економија и кој за многу земји е единствен извор на раст, е трендот на меѓународното движење на капиталот во форма на странски директни инвестиции. Имено, како што брзината на пазарните промени се зголемува, така, спојувањата и превземањата (M&A) почнаа да стануваат валидна стратешка опција за влез во нов бизнис или за спојување со бизнис инфраструктури за компаниите воопшто. Забрзаната динамика на процесот на консолидација на фирмите-играчи на пазарите, во чии рамки е и влезот на странски компании, за многу домашни компании може да значи соочување со предизвикот за бизнис интеграција. Остварувањето на конкурентска предност на телекоминикациските компании на македонскиот пазар зависи од многу фактори. Оттука компаниите преземаат одредени стратегии за да го зголемат уделот на пазарот, а со тоа и да ја зголемат својата конкурентска предност. Во овој труд ќе биде образложено мерџирањето на два мобилни оператори VIP и ONE при што и двете оперираат на македонскиот пазар, а кои се подружници на Telekom Austria Group и Telekom Slovenije Group

Клучни зборови: мерџирање, аквизиции, пазарно учество, конкурентска предност, телекомуникации.

INCREASING MARKET SHARE AND ACHIEVE COMPETITIVE ADVANTAGE THROUGH MERGING ON MACEDONIAN TELECOMMUNICATION MARKET

Abstract: ++Significant trend that characterizes global economy, which, at the same time, for many countries is the only source of growth, is the trend of international movement of capital in the form of foreign direct investment. Namely, as the speed of market change increases, mergers and acquisitions (M&A) are becoming valid strategic option for the companies in general to enter into a new business or to merge with a business infrastructure. The accelerated pace of the process of consolidation of the companies - players on the markets, including the entry of foreign companies, for many domestic companies may imply confrontation with the business integration challenge. The achievement of competitive advantage for the telecommunication companies on the Macedonian market depends on many factors. Hence, the companies are implementing specific strategies to increase the market share, and thus to increase their competitive advantage. This paper elaborates the merging of two mobile operators,

VIP and ONE, both opereating on the Macedonian market, which are subsidiaries of Telekom Austria Group and Telekom Slovenia Group respectively.

Key words: merging, acquisitions, market share, competitive advantage, telecomunications

1.ЗНАЧЕЊЕ НА M&A

M&A ги вклучуваат превземањата и сите други проблеми поврзани со преструктуирањето, корпоративната контрола, промената во сопственичката структура на фирмите итн[1]. Или во поширок контекст, M&A ги опфаќаат сите трансакции кои водат кон промени во сопственичката структура на компаниите (Bagterp, Bach, 2010). Терминот M&A се однесува на аспектите на корпоративна стратегија, корпоративни финансии и справувањето на менаџментот со купувањата и продажбите кои во комбинација со финансиите на друга компанија може да и помогнат на првата компанија да оствари побрз раст во самата индустрија без потреба од основање на нов бизнис ентитет. Или, попрецизно, кога една компанија се впушта во M&A активност, таа инвестира. Доколку инвестицијата создава придобивки во поглед на создавање на вредност за акционерите, тогаш компанијата превземач треба да донесе одлука за превземање на таргетот и да ја реализира трансакцијата во целост.[2] Мерџерите обично се дефинираат како консолидација на две претходно одвоени компании, во една единствена организација, додека пак, аквизициите обично се дефинираат како купување на една компанија од страна на друга, при што, компанијата купувач ја задржува главната контрола. [3]

За да се намали ударот од падот на приходите и да се овозможат соодветни услуги за корисниците, во ЕУ, а и во светски рамки постои тренд на консолидација на пазарите. Овој тренд е единственото решение за повеќето компании, кои освен што на тој начин обезбедуваат поголема продуктивност, овозможуваат и најновата технологија од светот на комуникациите да ја направат достапна за своите корисници. Овој тренд го потврдуваат бројни примери – во Холандија Т Мобиле го презема Оранге, со што на пазарот од 4 мобилни оператори сега оперираат 3 оператори. На уште поголемиот пазар во Велика Британија Т мобиле го презема Оранге и од 5 станаа 4 оператори, додека со преземањето на Е-плус од страна на О2 од 4 станаа 3 оператори. Македонија малку го чувствува тој тренд преку преземањето на кабелскиот оператор Близу од страна на Телеком Австрија групацијата, сопствени на Вип оператор. Telekom Austria Group влезе во партнерство со Telekom Slovenije Group за да ги спојат македонските оператори, Vip и One. Австрискиот телеком ќе задржи 55 отсто од уделот, и со тоа ќе има контрола од новиот ентитет, додека останатит 45 отсто одат за словенечкиот телеком. Двата телекоми добија одобрување од властите во почетокот на 2015-та година, со што заседоа околу 51 отсто од македонскиот пазар за мобилни услуги. Но, One веќе нуди фиксен интернет и дигитална телевизија, а од неодамна Vip го купи и Blizoo за да го прошири своето портфолио на услуги. Двете компании го следат трендот во Европа кој е наметнат од намалените годишни приходи, што се карактеристични на европскиот пазар кој е воден од строги регулативи.

[1] Yesilyurt, O. (2012), International Expansion Strategies: Are Cross-Border Mergers & Acquisitions Successful? Aarhus School of Business, Aarhus University
[2] Bruner, R.F., (2004), Applied Mergers and Acquisitions, Wiley Finance, New York.
[3] UNCTAD, WIR, 2011

2.ФАКТОРИ ЗА M&A

Има голем број на мотиви што можат да играат голема улога во активностите на спојувања и превземања. Како генерален мотив се смета тоа што фирмата купувач ја гледа аквизицијата како профитабилна инвестиција. Најчесто застапен став, во економските трудови кои ја објаснуваат активноста на спојување, е дека M&A често се третираат како алтернативна форма на инвестирање. [4] Фирмите ќе пристапат кон аквизиција кога тоа ќе го сметаат за најпрофитабилно од аспект на зголемување на капацитетот, стекнување на нови знаења и вештини, воведување на нови производи или влез на нови географски области, или пак реалокација на ресурсите и нивна контрола од страна на ефективните менаџери/сопственици.[5]

Од тука следува дека, многу од факторите што имаат влијание врз најголемите инвестициски одлуки, исто така влијаат и врз активностите на M&A. Како и да е, овој поглед на спојувањата и превземањата, како посебен вид на бизнис инвестиција, не е универзално прифатен. Истражувањата иницираат дека активностите на M&A се нешто поразлично од просто проширување на бизнис инвестирањето. Така, потпирајќи се на генералните мотиви за спојување и превземање, издвоени се неколку категории на фактори кои играат улога во овие активности: [6]

- Ефикасност;
- Финансиски и даночни бенефити;
- Ефекти на пазарна моќ;
- Менаџерска алчност или лично глорификување;
- Издејствување на добра куповна моќ;
- Експропријација на стејхолдерите.

3.МОТИВИ ЗА M&A

Поголем број од мотивите за мерџери и аквизиции во рамките на глобалните стратегии на мултинационалните корпорации, во суштина се мотиви за преобликување на компетитивните предности во рамките на, за нив, значајни индустрии. Мерџерите не се специфични за одредени сектори бидејќи тие имаат, поголем или помал ефект врз МНК во сите, или повеќето од индустриите. Како и да е, некои мотиви повеќе ги афектираат одредени индустрии, па затоа може да се очекува тие да бидат поврзани со поголем интензитет на активности на M&A во соодветните сектори.

Имено, идентификувана е поголема наклоност кон мерџери во вкрстените индустрии и поголемо влијание на општите фактори кои го промовираат новиот бран на M&A, врз глобалната стратегија на МНК во сите индустрии. Последните бранови на спојувања и превземања го стимулираа истражувањето на еден поширок дијапазон на теоретска литература, кој во центарот на своето истражување ги имаше мотивите за превземање на иницијативите за спојување, како и недостатоците кои истите можат да ги генерираат. Главните мотиви кои литературата ги идетификувала, се групирани во три групи: [7]

- Конкурентски размислувања;
- Реакции на промените во окружувањето;

[4] Jorgensen Bagterp V. and Bach I. (2010), The Importance of Mergers&Acquisitions within the Danish banking sector during a financial crisis, BSC in business administration and international management department of business, May

[5] Pautler P. A. (2001), Evidence on mergers an aquisitions, Bureau of Economics, Federal Trade Commission., September 25, page 2

[6] Alfaro, A. & Charlton, A. (2007). "Intra-industry foreign direct investment", Working Paper 13447, National Bureau of Economic Research, Cambridge

[7] Hill W.L. C. & Gareth R.J. (2005), Strategic management, Houghton Mifin Co.

» Неефикасни пазари на капитал.

4.ВЛИЈАНИЕ НА M&A НА МАКЕДОНСКИОТ ПАЗАР

M&A како форма на нов вид на инцестиции, најмногу го афектираат економскиот развој преку нивното влијание во неколку области, и тоа: [8]

» Финансиски ресурси и инвестиции- M&A ги афектира волуменот и карактеристиките на финансиските ресурси кои ќе бидат инвестирани, како и самата инвестиција во земјата во која дејствуваат компаниите. Во овој случај спојувањето на VIP and ONE влијае и на билансот на плаќање на земјата домаќини и поделбата на бенефитот од инвестицијата помеѓу нив и другите земји.

» Технологија - Трансферот на технологијата и нејзината ефикасна апликација и дифузија се едни од најзначајните придобивки од M&A. Преку спојувањето на компаниите VIP and ONE, се зголемува нивото на меки и тврди технологии, поради технолошката моќ која како компании засебно ја поседуваат. Бидејќи технолошките разлики помеѓу овие две компании не се големи, но со сигурност располагаат со најдобрите технологии, тогаш и ефектот врз технологијата ќе биде поголем. Сите новитети и усовршувања ќе бидат споени, при што со тоа се зголемува и конкурентската предност на VIP and ONE на македонскиот пазар на телекомуникациски услуги. Исто така дифузијата на технологија преку M&A вклучува и институции како, истражувачки центри, универзитети, институции за гарантирање на квалитетот и сл, кои странските филијали поинтезнивно ги користат од локалните фирми, поради нивната поголема свесност за значењето на технологијата и вештините. Дифузијата на технологијата може да добие форма и на прелевања на високо обучена работна сила кон локалните конкуренти.

» Вработеност - M&A како форма на стратешко партнество на VIP and ONE, влијаат врз квантитетот на работната сила. M&A може да доведат до пораст на вработеноста, доколку процесите на преструктуирање и интеграција кои го следат мерџирањето, успешно се спроведат. ,Ефектите врз вработеноста зависта од мотивот на компаниите кои вршат спојување, односно од мотивите на Telekom Austria Group and Telekom Slovenian Group.[9] Ако мотивот е ,,потрага по нови пазари,, ефектот врз вработеноста ќе биде неутрален или позитивен на краток до среден рок. Компаниите ја задржуваат постојната работна сила со намера да го зголемат бројот на работниците доколку пазарот се зголеми или пак филијалата го зголеми својот пазерен удел, како што е случајот со VIP and ONE . M&A кои се во ,,потрага по стратешки средства", компаниите настојуваат да ги задржат вработените во споените компании поради значајните вештини и способности кои тие ги поседуваат. Доколку M&A резултира со продуктивна синергија, тогаш порастот на вработеноста може да биде очекуван и кај вака мотивираните компании. Во M&A на компаниите кои се во ,,потрага по ефикасност,, превземените фирми со застарена технологија и менаџмент или вишок капацитет, очигледно е дека ќе изгубат вработени во процесот на преструктуирањето. Отстранувањето на функциите кои се повторуваат исто така може да доведе до загуба на работни места. Но, после зајакнувањето на другите

[8] Porter M., (2004), Building the microeconomic foundations of prosperity, findings from the business competitiveness index, Harvard University Press
[9] UNCTAD, WIR, 2012

функции, вработеноста може да расте. Доколку VIP and ONE кои ги земаат во предвид „финансиските резултати" на краток рок, може да имаат ефекти на редуцирање на вработеноста кога е потребно преструктуирање. Но со оглед на фактот дека спојувањето на овие две компании е заради зголемување на пазарното учество и остварување на конкурентска предност, може да се заклучи дека редукција на кадарот нема да настане.

» Конкуренција – VIP and ONE можат да ја редуцираат конкуренцијата преку монополизирање на спојувањата. Тие вршат конкурентски притисок врз другите компании на македонскиот пазар. Искуствата покажуваат дека овој притисок што го направија двете компании на македонскиот пазар преку нивните оператори VIP and ONE, води кон подобрување на квалитетот на телекомуникациските услуги, нивна диференцијација и иновација. Во овој случај, настојувањата и на другите компании кои се занимаваат со оваа дејност е во насока на подобрување на квалитетот на услугите, намалување на цените, но и зголемување на задоволството на корисниците. Затоа, потребата од воведување ефективна конкурентска политика помеѓу телекомуникациските компании на македонскиот пазар е неминовна.

ЗАКЛУЧОК

Ефектите на M&A на Telekom Austria Group and Telekom Slovenian Group и нивните филијали Vip Operator and One врз пазарната структура и конкуренцијата се доста комплексни и обемни. Спојувањето за корисниците секако е изненадување, бидејќи One и Vip веќе седум години се лути ривали на македонскиот пазар. Но, за познавачите на индустријата, спојувањето на двата помали операттатори е логично. Доколку M&A вклучат спојувања на постоечки компании на пазарот како што е случајот со мобилните оператори Vip and One кои инаку би биле истиснати од пазарот, тогаш, ефектите врз конкуренцијата ќе бидат позитивни. Најголемите ефекти во достигнувањта ќе бидат насочени кон зголемување на пазарниот удел и остварувањето на конкурентска предност. Преку спојувањето, Vip and One можат да ја редуцираат конкуренцијата преку монополизирање на спојувањата и превземањата и тоа во неколку ситуации. Имено, преку комбинирање на бизнис јадрата на двете компании, Telekom Austria Group and Telekom Slovenian Group , се гради еден „нов организам со уникатна организациска култура".

Неможноста да се остварат реални и мерливи подобрувања во компетитивната предност преку јасно дефинираните потенцијали на додадена вредност, го зголемува ризикот од донесување на лоша одлука. Најчестите подобрувања во компетитивните предности ги вклучуваат зголемувањето на приходите, редукцијата на трошоците, намалување на трошоците за даноци, редукција на средствата и редукција на работниот капитал. Од тука следува дека, комбинирањето на две компании во нова компанија може да резултира во синергија во приходите, синергија во намалувањето на трошоците, синергија во намалувањето на средствата и даночни и финансиски синергии.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Andrade, Mitchell & Stafford, (2001), New evidence and perspectives on mergers, 15 Journal of economics perspectives, Spring.
2. Alfaro, A. & Charlton, A. (2007). "Intra-industry foreign direct investment",

Working Paper 13447, National Bureau of Economic Research, Cambridge
3. Bruner, R.F., (2004), Applied Mergers and Acquisitions, Wiley Finance, New York.
4. Hill W.L. C. & Gareth R.J. (2005), Strategic management, Houghton Mifin Co.
5. Jorgensen Bagterp V. and Bach I. (2010), The Importance of Mergers&Acquisitions within the Danish banking sector during a financial crisis, BSC in business administration and international management department of business, May
6. Pautler P. A. (2001), Evidence on mergers an aquisitions, Bureau of Economics, Federal Trade Commission., September 25, page 2
7. Porter M., (2004), Building the microeconomic foundations of prosperity, findings from the business competitiveness index, Harvard University Press
8. Yesilyurt, O. (2012), International Expansion Strategies: Are Cross-Border Mergers & Acquisitions Successful? Aarhus School of Business, Aarhus University
9. UNCTAD, WIR, 2011
10. UNCTAD, WIR, 2012

331.5-027.511(100-773)
331.56.055.3:334.726(100-773)

Митревска Кристина
МСУ „Г.Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ГЛОБАЛНАТА ЕКОНОМИЈА И НЕЈЗИНИТЕ НЕГАТИВНИ ЕФЕКТИ ВРЗ ПАЗАРОТ НА ТРУД

Апстракт: Досегашниот економски развој во светот во форма на поттик на либерализацијата и приватизацијата на економијата и други активности поврзани со тоа се смета за глобализација. Глобализација, секако претставува мега феномен формиран од денешните трендови. Нејзиното влијание се чувствува во сите сфери на економијата, меѓутоа покрај бројните позитивни таа има и негативни ефекти. Глобализацијата има бројни негативни влијанија врз пазарот на трудот,како во високо развиените земји, така и во помалку развиените и земји во развој. Земјите кои што се поразвиени сметаат дека глобализацијата ја намалува нивната вработеност преку зголемена конкуренција на увоз од земјите со пониски плати.Странските директни инвестиции т.е. мултинационалните компании за земјите во развој допринесуваат за намалување на невработеноста како стапка за покачување на економијата. Глобализацијата како процес на 21 век , колку што има негативно влијание има и позитивни ефекти за малите земји како што е примерот со странските инвестиции во Р. Македонија.

Клучни зборови: глобализцција, пазар на труд, економија, економски развој, СДИ, ЕУ,САД, МНК.

THE GLOBAL ECONOMY AND IT'S NEGATIVE EFFECTS ON THE LABOR MARKET

Abstract: The current economic development in the world in the form of incentive to the liberalization and privatization of the economy and other activities related to it are considered as globalization. Globalization certainly is a mega phenomenon formed by current trends. Her impact is felt in all spheres of the economy, but despite the numerous positive has negative effects. Globalization has numerous negative impacts on the labor market, both in developed countries and in the less developed and developing countries. More developed countries believe that globalization reduces their employment through increased competition of imports from countries with lower wages. Foreign direct investments i.e. multinational companies in developing countries contributes for the reduction of unemployment and increasing the rate of economic growth. Globalization as a process of the 21st century despite the negative influence has positive effects on small countries such as the example of foreign investment in the Republic Macedonia.

Key words: globalization, labor market, economy, economic development, FDI, EU, USA, MNC

Современиот свет денес се повеќе е поврзан и се повеќе зависен од глобална економија. Глобалната економија се однесува на економијата на светот, која во суштина се состои од различни економии на одделни земји, така што секоја економија од една земја се поврзува со различна економија на друга земја, на

еден или друг начин. "Клучен концепт врз кој што почива глобалната економија е глобализацијата- поим кој се користи за да ги опише промените во општествата и светската економија како резултат на драматично зголемената трговија и културна размена". [1]

Во суштина глобализацијата е кратка форма на кластер на поврзани промени: економски, идеолошки, технолошки и културни. Економските промени вклучуваат интернационализација на производството, значително зголемена мобилност на капиталот и транснационални корпорации како и продлабочување и интензивирање на степенот на економската меѓузависност. Економските манифестации на глобализацијата вклучуваат просторни реорганизации на производството, взаемно проникнување на индустриии преку границите, ширење на финансиските пазари, дифузија на идентични потрошувачки добра низ различни земји и масивен трансфер на население[2] ; Идеолошките промени вклучуваат инвестиции и трговска либерализација, дерегулација, приватизација и усвојување на политичка демократија во институционалниот свет; Технолошките промени вклучуваат информации и комуникациски технологии кои ги стеснуваат времето и просторот како и пренесувањето на добрата и услугите; Културните промени вклучуваат трендови кои водат кон хармонизирање на вкусовите и стандардите, како и универзална светска култура која ја надминува националната држава. Освен тоа, глобализацијата претставува процес којшто незапирливо и лично ги пробива постојните развојни бариери, ги разнишува веќе етаблираните вредносни системи и наметнува потреба од суштинска трансформација на развојните визии, стратегии и модели. Во еден ваков амбиент секој национален ентитет настојува да ги артикулира своите потреби и интереси на начин што ќе кореспондира со глобалната развојна динамика и ќе обезбеди ефикасна интеграција во глобалниот систем. Процесот на глобализација создава нови можности за земјите во развој, води до поголема акумулација на капитал, а со тоа и до зголемување на степенот на економски развој на земјите во развој. Процесот на глобализација уште придонесува и за создавање нови начини на размислување, а со тоа и создавање на нови стратегии. Меѓутоа, значајно е да се напомне дека светската економија, покрај низата позитивни има и низа негативни ефекти.

Глобализацијата има бројни негативни влијанија врз пазарот на труд, како во високоразвиените, така и во помалку развиените земји и земјите во развој. Се смета дека глобализацијата ги повредува работниците. Таа има бројни негативни ефекти врз пазарот на труд. Земјите кои што се поразвиени сметаат дека глобализацијата ја намалува нивната вработеност преку зголемената конкуренција на увоз од земјите со ниски плати. Со оглед на тоа што локалните производители се често неспособни да ја издржат оваа конкуренција, се смета дека глобализацијата води кон затворање на фирмите и кон делоцирање (префрлување на активностите од земјите со висок кон оние со низок доход). Сепак, ова ќе нанесе опасност во права смисла на зборот, само доколку работната сила не е прераспределена на работни места со повисок доход во сектор кој може да ја издржи меѓународната конкуренција или во некој од заштитните услужни сектори. Се поставува прашање дали стравот од невработеност како резултат на трговијата е потврден со емпириски податоци. За одговор на ова прашање се направени два типа на студии. Првиот тип на студии биле предизвикани од

[1] Learn and Study Economics 101, What is Economics? http://www.whatiseconomics.org/the-global-economy последен пристап кон линкот 06.02.2014 год.

[2] Mittelman, H. James ,"The Dynamics of Globalization", 1996, pg.11

претераното зголемување на невработеноста во сите земји на OECD која се совпаднала со зголемувањето на увозот од земјите во развој. Имплицитната идеја била дека постои одредена причинско-последична врска. Сепак, резултатите од овие студии не го поддржуваат ова гледиште. Други фактори, како промени во побарувачката и технологијата, се сметале за позначајни. Ова не треба да изненади ако во предвид се земе релативно малото учество на увозот од земјите во развој во вкупниот увоз на големите економски области како ЕУ и САД. Оттогаш се спровеле бројни теоретски и емпириски анализи. Резултатите од нив покажале дека глобализацијата во форма на зголемена трговија и инвестиции со земјите во развој, не е главна детерминанта на невработеноста. За разлика од првиот тип, вториот тип студии се фокусираат на делокацијата. Карактеристичниот случај на делокација се однесува на фирма која го затвара погонот, главно постројка во традиционалната индустрија во развиена земја и го преместува производството кон локација во земјите во развој со ниска плата. Луѓето кои останале без работа директно ја обвинуваат глобализацијата за нивната невработеност. Прашањето за ефектите на глобализацијата врз вработувањето има контрадикторни ставови од страна на економските аналитичари. Во пракса многу реформи кои што биле наменети за подобар економски развој на земјите во развој се однесувале на либерализацијата на трговските политики и пазарите на капитал и довеле до различни ефекти за секоја група на земји. Трендот на станување на земјите во развој дел од меѓународната трговија и светскиот пазар влијае и врз распределбата на ресурсите во рамките на овие земји, а воедно генерира и значителен дистрибутивен ефект. Од тука, може слободно да се каже дека настапот на земјите во развој на глобалниот пазар е последица на промените во нееднаквата распределбата на приходите. Влијанието на глобалниот процес врз економиите на земјите во развој веќе долго време е предмет на испитување од страна на многу научници. Раните теории на нео- колонијализмот тврдат дека мултинационалните компании негативно делуваат врз економскиот раст на земјите во развој. Зависноста од странските инвестиции создала можност за експлоатација што негативно влијаела врз економски послабите земји-домаќини. Сепак овие тврдења вежеле за одредена група на земји во развој, кои што иако преку интеграцијата во глобалната економија доживеале брз економски развој, сепак истиот бил проследен со зголемен степен на социјални нееднаквости. Се смета дека главни причинители за нееднаквата распределба на приходите се МНК-(мултинационални компании) кои преку производството во филијалите во земјите во развој, негативно влијаеле врз платите на вработените т.е. висококвалификуваните работници биле добро платени за разлика од нискоквалификуваните сиромашни работници. Исто така, се смета дека МНК создавале олигополски пазари користејќи ги придобивките од слободната трговија .[3]

Меѓутоа после направени истражувања, тестови и анализи од група економисти и нео-класичари може да се утврди дека СДИ-(странски дирекни инвестиции) можат позитивно да влијаат врз зголемувањето на конкуренцијата на домашните пазари. Исто така, СДИ може да влијаат и врз намалувањето на профитните маржи и на цените на производите предизвикувајќи прераспределба на богатството од производителите на потрошувачите. СДИ можат да ја зголемат

[3] Robertson R. (2000), "Trade Liberalization and Wage Inequality: Lessons from the Mexican Experience," World Economy, pg. 23;

нееднаквоста преку зголемување на моќта на висококвалификуваната работна сила на сметка на нискоквалификуваната работа сила. Од друга страна, зголемената конкуренција на домашните пазари како резултат на глобализацијата е во корист на потрошувачите и нискоквалификуваните работници во земјите во развој, а воедно придонесува и за намалување на лихварството со што понатаму води до поголема еднаквост.

Нееднаквоста во распределбата на доходот во земјите во развој најчесто зависи од следните фактори: одземањето на земјата на земјоделците од страна на колонијалните власти создава значителна нееднаквост во дистрибуцијата на доходот во руралните обасти, земјите богати со природни ресурси имаат тенденција на побавен економски раст иако располагаат со поголеми приходи и поголема концентрација на богатството од другите економии, нееднаквата можност за пристап до образование исто така е доста важна причина за нееднаквата распределбата на доходот во земјите во развој, во многу земји во развој во текот на минатиот век приходната нееднаквост била зголемена како резултат на фактори(прецренет девизен курс, воведување на политики кои што негативно се одразиле на земјоделството кое што претставува значителна гранка во економиите на земјите во развој, големиот број на протекционистички мерки, нееднаква распределба на јавните трошоци со привилегија на индустрискиот сектор). Врз основа на горенаведеното се поставува прашањето дали овие фактори за нееднаква дистрибуција на доходот сеуште постојат во земјите во развој? Од големиот број направени студии во земјите во развој може да се заклучи дека и покрај многубројните интервенции кои резултирале со промени во политиките на земјите во развој во последниве 20-30 години, сепак некои од горенаведените фактори за приходна нееднаквост сеуште постојат и тоа во голем број земји во развој.

Ефектот на глобализацијата се чувствува и врз миграцијата на трудот. Од економски аспект, миграцијата на трудот се смета како механизам за подобрување на алокацијата на трудот. Таа има позитивни ефекти бидејќи го зголемува капацитетот на економијата да одговори на новите ситуации. Но, овие користи не се стекнуваат без одредени трошоци. Така, во земјите кои извезуваат работна сила, користите се поврзани со олеснувањето на ситуацијата со невработеноста и со доходот од дознаките; трошоците се подолгорочни и вклучуваат загуба на човечки ресурси и инвестиции во образование. А за земјите увозници на работна сила основната корист е повисоко производство. Имиграцијата има бројни ефекти на распределба. Некои истакнуваат дека таа ги движи надолу домашните плати и дека ја зголемува невработеноста. Други пак сметаат дека ова не мора да биде вистина и дека работната сила всушност може да бенифицира. Достапните емпириски податоци како од ЕУ, така и од САД упатуваат на тоа дека негативните ефекти врз платите и невработеноста се многу мали.

Дали една земја во развој ќе има позитивни или негативни ефекти со влез во глобалната економија зависи од нејзината политика. Институциите на пазарот на труд значајно се разликуваат меѓу земјите. Многумина се плашат дека отвореноста предизвикува ерозија, во најдобар случај, и распад на овие институции во најлош случај. Некои институционални аранжмани се попогодни за раст и вработеност од други. Проблемот тука се наоѓа во системот на колективно преговарање и регулирањето на пазарот на труд. Во однос на системот на преговарање, разликите меѓу земјите имаат тенденција да се фокусираат кон нивото на

концентрација или централизација. Од една страна повисоката концентрација наведува во предвид да се земат секундарните ефекти, од друга страна, ниската концентрација (преговарање на нивото на фирма) наведува кон тоа да се земе во предвид влијанието на конкуренцијата. Регулирањето на пазарот на труд може да има значајно влијание врз растот, а со тоа и врз невработеноста (заштитата при вработување, социјална помош на невработени, даноци на доход и минимални плати). Сепак, постои одредена несигурност на степенот до кој овие фактори (во комбинција со системот на преговарање) влијаат врз вработеноста. И покрај тоа зголемувањето на флексибилноста на многу од споменатите фактори и намалувањето на факторите на трошок поврзани со трудот има позитивно влијание врз конкурентноста, а со тоа и врз вработеноста.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Krueger A., Lary H.B., Monson T. and Akrasanee H., Trade and Employment in Developing Countries, Vol. 1: Individual Studies, Chicago
2. Mittelman, H. James (1996),"The Dynamics of Globalization"
3. http://www.whatiseconomics.org/the-global-economy/
4. Robertson R. (2000), "Trade Liberalization and Wage Inequality: Lessons from the Mexican Experience," World Economy, pg. 23;
5. Robbins D.,"Evidence on Trade and Wages in the Developing World", OECD Technical Paper No. 119;

657.6:[343.148:343.222.2

Проф. д-р Павлина Стојанова, e-mail: pavlina.stojanova@msu.edu.mk
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Проф. д-р Никола Поповски, e-mail: nikopop@yahoo.com
ФОН Универзитет, Скопје, Р. Македонија

ПОТРЕБАТА ОД ФОРЕНЗИЧКА РЕВИЗИЈА КАКО НАДОПЛОНУВАЊЕ НА ТРАДИЦИОНАЛНАТА НЕЗАВИСНА РЕВИЗИЈА ВО ОТКРИВАЊЕТО НА ИЗМАМИТЕ

Апстракт: Погрешно прикажаните податоци во финансиските извештаи не се секогаш резултат на незнаење, немарност или погрешна примена меѓународните сметководствени стандарди туку и на измами кои се случуваат во се поразвиениот, но, исто така, и покомплициран начин на финансиско работење. Надворешната ревизија не е инструмент откривање на измама, ниту пак откривањето на измами претставува главна цел на надворешната ревизија. Во овој контекст, практиката ја потенцира потребата за форензичката (судска) ревизија чија примарната цел претставува превенција, откривање и истрага на измамите. Практиката прикажана преку статистичките показатели на асоцијациите на форензички ревизори и форензички сметководители укажуваат на огромни финансиски штети поради извршени измами. Овој факт укажува на несомнената потреба на појавата на нова гранка на надворешната независна ревизија, т.н. форензичка ревизија.

Клучни зборови: надворешна ревизија, ревизор, форензичка ревизија, форензичко сметководство, измама

THE NEED FOR FORENSIC AUDIT AS A COMPLEMENT TO TRADITIONAL INDEPENDENT AUDIT IN DETECTING FRAUD

Abstract: Incorrectly presented data in the financial statements are not always results of ignorance, carelessness or incorrect application of international accounting standards, but the frauds occurring in more developed, and also more complicated methods of financial operations. The external audit is not an instrument detecting fraud, nor is fraud detection the main purpose of external audit. In this context, the practice emphasizes the need for forensic audit whose primary purpose is prevention, detection and investigation of frauds. Practice as shown through statistical indicators of associations of forensic auditors and forensic accountants suggests about enormous financial damages because of committed frauds. This fact points to the undoubted need for the emergence of a new branch of the external independent audit, so called forensic audit.

Key words: external audit, auditor, forensic audit, forensic accounting, fraud

ВОВЕД

Делокругот и содржината на ревизијата на финансиските извештаи се комплексни и динамични, па оттука ревизијата на финансиските извештаи, како инструмент на успешното носење на деловни одлуки, во денешни услови поприма нова содржина, ширејќи ги границите на традиционалниот концепт кон нов современ концепт, кој се карактеризира со проширување на ревизорските услуги условени од барањата кои ги поставуваат корисниците. Во тој контекст, во последните неколку години, се поголемо внимание се посветува на подрачјето на откривање на измами и форензичката ревизија.

Форензичката ревизија се разгледува како специјализирана активност на ревизијата, чија основна цел е да по пат на специјализиран пристап и методологија ги препознае и прикаже измамите.[1] Форензичкото сметководство има поширока и посеопфатна улога. Истрагата на измамите од аспект на форензичкото сметководство, ја опфаќа ревизијата на сметководствените евиденции, при што основна цел е да се докаже или негира постоењето на измамата. [2]

Измамничкото финансиско известување е дефинирано со Меѓународниот ревизорски стандард (МРС) 240.6 како намерно погрешно прикажување или испуштање на износи или обелоденување во финансиските извештаи за да се доведат во заблуда корисниците на финансиските извештаи. Грешки се ненамерни погрешни прикажувања или испуштања на износи или обелоденувања во финансиските изваштаи. Незаконски дејствија со директен ефект се повреди на законите или прописите од страна на претпријатието или нејзиниот менаџмент или вработени кои предизвикуваат директни или материјални ефекти врз паричните износи во финансиските извештаи. Ревизијата на измами се дефинира како проактивен пристап за откривање на финансиските измами користејќи сметководствена евиденција и информации, аналитички односи и познавања на шемите за извршување и прикривање на измамите.

Финансиското известување кои содржи измами може да вклучи манипиулирање, фалсификување или промена на сметководствените евиденции или соодветните документи од кои се изготвуваат финансиските извештаи; несоодветно презентирање или намерно непрезентирање во финансиските извештаи за настани, трансакции или останати значајни информации; или намерно непримeнување на сметководствените принципи поврзани со износите, класифицирањето, начинот на презентирање или обелоденување.[3] Како најчести сметководствени измами кои можат да се појават во финансиските извештаи се наведуваат:[4]

- Сметководствени измами поврзани со приходи;
- Сметководствени измами поврзани со недвижности, постројки и опрема;
- Сметководствени измами поврани со залихите.

РАЗЛИКИ ПОМЕЃУ ТРАДИЦИОНАЛНАТА ЕКСТЕРНА РЕВИЗИЈА И ФОРЕНЗИЧКАТА РЕВИЗИЈА

Кога правиме разлика помеѓу традиционалната екстерна ревизија и

1 Singleton W. T., Singleton A. A., Bologna, G. J., Lindquist, J. R., Fraud Auditing and Forensic Accounting, 3rd Edition. Hoboken: Wiley, 2006, стр.3
2 Исто, оп.цит., стр.4
3 Schilit H.: Financial shenanigans; McGraw Hill. 2nd edition, New York, 2002, pg.82
4 Исто, оп. цит., стр. 83

форензичката ревизија, мораме да потенцираме, дека традиционалната ревизија тежиштето го става на воочување на грешките и превенцијата како резултат на дејствувањето на интерните контроли, при што ревизорот ја проверува нивната делотворност користејќи примерок, а не целосен преглед на сите трансакции. Екстерните ревизори составуваат белешки за грешките и пропустите, додека форензичките ревизори се фокусираат подеднакво на исклучоците, невообичаените и вообичаените трансакции. Имено, во поединечните области од работењето на деловниот субјект, во кои ќе се појават симптоми или навестувања за криминални дејствија, форензичкиот ревизор детално ќе ги испита повеќето или секоја поединечна трансакција.[5]

Екстерните ревизори го проценуваат нивото на контролниот ризик, додека форензичките ревизори по навика "размислуваат како измамници", како би можеле да ги утврдат начините на кои би можела да бида нарушена интерната контрола во деловниот субјект за целите на вршење на измама.[6]

Традиционалната екстерна ревизија и форензичката ревизија се разликуваат и во однос на материјалноста. Во одредувањето на веројатноста дали ќе има или нема да има материјално значајна грешка во финансиските извештаи, екстерните ревизори се користат со статистика, го оценуваат системот на интерните контроли и ако оценат дека таквиот систем е ефикасен, веројатноста за појава на материјални грешки ќе биде мала. Спротивно на нив, форензичкиот ревизор во својата работа не е усмерен на откривање на материјално значајнинеправилности, туку го открива секое криминално дејствие без разлика на степенот на неговата значајност и големина.[7]

Независната ревизија го усмерува своето внимание на сегашноста, на тековната година за која се спроведува ревизијата на финансиските извештаи и тоа во смисол на ефикасноста на интерните контроли, како и веродостојноста, доверливоста и математичката точност на книжењата. Поради фактот што криминалното работење може долги години да се прикрива во финансиските извештаи, таа не овозможува историска перспектива, која е толку битна за откривање на незаконското работење. При спроведувањето на форензичката ревизија, ревизорот не врши верификација на сетот на финансиски извештаи за одредена деловна година, туку, воден од навестувањето за незаконско работење, ја следии трагата на криминалните дејствија се до нивниот корен или почеток, без разлика на времето кога тие се извршени.

Независната екстерна ревизија сочинува извештај во кој се изразува мислење за тоа дали финансиските извештаи во сите значајни аспекти се сочинети во согласност со општоприфатената рамка за финансиско известување, при што основните елементи на извештајот на традиционалната ревизија се пропишани со меѓународните стандарди. Извештајот на форензичката ревизија, пак, иако за сега нема општоприфатена форма, пропишана со меѓународни стандарди, со својата содршина мора да задоволи определени основни критериуми, кои пред се се однесуваат на неговиот кредибилитет и примена во можна судска постапка.

ЦЕЛИ НА ФОРЕНЗИЧКА РЕВИЗИЈА

Целта на традиционалната независна ревизија на финансиските извештаи е да се обезбеди мислење за тоа дали финансиските извештаи се во согласност

5 Petković, A., Forenzička revizija – Kriminalne radnje u finansijskim izvještajima. Bečej: Proleter, 2010, стр. 12
6 Petković, A., цит. дело, оп.цит., стр. 191
7 Исто, оп.цит., стр. 191.

со општо прифатените сметководствени принципи и дали во сите материјални аспекти фер ја претставуваат финансиската состојба на клиентот.

Сепак, кога станува збор за форензичката ревизија тенка е линијата која ги одвојува традиционалната ревизија од форензичката ревизија. Имено, кога ревизорот во рамките на стандардниот ревизорски ангажман, било во својство на внатрешен или надворешен ревизор, се посомнева или открие сомнително кривично дело, тогаш тоа не е форензичка ревизија. Од друга страна, ако врз основа на сомнеж се ангажира ревизор, кој во слоп на овој посебен ангажман ќе открие или ќе го побие сомнежот за кривично дело, тогаш станува збор за форензичка ревизија.

Форензичката ревизија, како новоформирана гранка на ревизијата, има свои посебни општоприфатените стандарди и таа, сама по себе, не отстапува значително од стандардната ревизија. Попрво би можело да се каже дека се работи за развој на ревизијата во согласност со современите потреби на работењето, каде што се поприсутно е учество на криминогените фактори. Со оглед на тоа дека потребите од форензичка ревизија се се поголеми и фактот дека наодите на форензичките ревизори се почесто завршуваат на суд како материјален доказ, во Америка е веќе покрената иницијатива од страна на Националниот совет за истражување (National Research Council – NRC) за основање на Националниот институт за форензичката наука (National Institute of Forensic Sciences –IFCS). Целта на основање на ваква нституција е да се воведат стандарди за докази и задолжителна програма за сертифицирање, со цел потполно да се уреди оваа област.[8]

Кога станува збор за целта на форензичката ревизија, може да се каже дека главната нејзина цел е да го истражи и да го открие постоењето на криминално работење во финансиските извештаи на компанија која е предмет на таква ревизија без разлика на материјалноста на таквото работење. Овде не е пресудно влијанието на самата криминална активност врз вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи, туку само постоење или непостоење на такво криминално работење и можноста истото да се потврди или побие.

За да може основната цел на форензичката ревизија да се потврди или негира, сами по себе се наметнуваат помали, односно поединечни цели, како што се : откривање на самото криминално работење или шема на криминално работење, откривање на местото на извршување, откривање на сторителот, откривање на времето на извршување и утврдување на штета. По добивањето на доказите за претходно наведеното, форензичкиот ревизор го опишува настанувањето, развојот, како и последиците од криминалното работење кое што е предмет на истрага. Она што мора да се има на ум е дека сите негови наоди може да завршат на суд, така да својот ангажман мора да го одработи со должно професионално внимание.

Форензичката ревизија може да биде (Koletnik 2007, 54):

- » посебна куративна истражна ревизија кај која постои навестување за измама;
- » посебна превентивна истражна ревизија кај која нема елементи на измама.

Форензичката ревизија е стручно истражувачка работа во која истражувачкиот ревизорот применува ревизорски методи и техники на

8 Gray, Dahli, Forensic Accounting And Auditing: Compared And Contrasted To Traditional Accounting And Auditing. American Journal of Business Education – Fourth Quarter, 2008, p. 14

истражување, кои се составен дел на важечката доктрина за стручно постапување на екстерен и/или интерен ревизор. Покрај тоа потребни му се и посебно знаење и вештина за форензичко истражување (Koletnik 2007, 54).

Поради сето изнесено во серијата на дефиниции, кои се однесуваат на целите на форензичката ревизија, доминираат оние кои во судските докажувања, односно во кривичните спорови, ги гледаат вистинските цели за нејзиното постоење. По таа логика, форензичката ревизија и финансиска анализа во праксата се сведени на изедување на докази во споровите, но исто така, и на проверка на сомнително однесување на поедини субјекти. Во оваа смисла, тие стануваат превентивни дисциплини, чие постоење веќе придонесува за намалување на криминалот во деловното работење.

За да во целост се исполни основната цел на форензичката ревизија, ревизорот форензичар, колку што е возможно, треба да ги открие и именува извршителите на криминалното дело, да го открие местото и времето на неговото извршување, да ја пресмета и прикаже материјална штета предизвикана од криминалната активност и, конечно на крај да го опише начинот за нејзино извршување.

За форензичката ревизија и самиот форензички ревизор од големо значење е одредувањето на начинот, односно техниката за извршување на криминалната активност. На овој начин клиентот на форензичката ревизија ги открива слабостите во системот на внатрешна контрола и механизмите со чија што помош истите се заобиколени од страна на сторителот. Врз основа на ова, оштетеното правно лице може во иднина да превземе дејствиа во поглед на зајакнување на системот на интерни контроли и спречување на нови слични незаконитости.

ПОТРЕБАТА ЗА ФОРЕНЗИЧКА РЕВИЗИЈА

За појавата на ревизијата, па и на форензичката ревизија, евидентно е тоа дека праксата ја создала теоријата, а не обратно. Односно, најнапред потребата за доверливи и веродостојни информации (за акционерите, кредиторите и останатите корисници на финансиските извештаи) ги создала првобитните ревизори. Понатамошниот развој на ревизијата изнудил нова потреба, која добила замав во дваесетиот век, посебно при крај на XX век, кога зачестената појава на проневери и останати криминални дејствија ја создала потребата за форензички сметководители и форензички ревизори. Тоа што се наметнува како потреба е едукацијата на кадри у правец на форензичка ревизија и форензичко сметководство, со цел професионално извршување на овие професии.

Одредени форензички постапки можат да се спроведуваат и во рамките на редовната ревизија, без посебен ангажман, превентивно и пред се поради сопствена безбедност на ревизорот и елиминирање на одговорноста за даденото мислење. Ваквите постапки понекогаш се нужни со цел стручно и професионално извршување на работата, па дури и нивно воведување во стандардните ревизорски процедури, во обем кој зависи од обемот на проценетиот ревизорски ризик.[9]

Ревизорското искуство покажува дека сопствениците се почесто се определуваат да бараат подобро расветлување на суштината на определени трансакции, а нереткии се и случаите кога тоа го бараат и самите менаџери на деловните субјекти. Во тој случај станува збор за примена на специјални форензички методи во редовната ревизија, каде сите релевантни информации

9 Koletnik, F., Forenzičko računovodstvo, Zveza računovodstva i revizorora Delatnika Slovenije, Maribor, 2007, стр.54

се користат од постоечките деловни книги и останати евиденции. Суштината е во тоа, форензичката технологија да не се применува само во судските постапки, туку нејзината примена да биде поширока. Заедничко за судската и превентивната улога на форензичката ревизија е тоа што во двата случаи се користат исти методи и техники на работа, а се разликуваат по тоа што нивните резултати се користат за различни цели.

ЗАКЛУЧОК

Форензичката ревизија претставува потполно ново и недоволно истражено подрачје на ревизијата, кое бара ангажирање на професионалци со посебна обука и искуство во борбата против криминалното работење на деловните субјекти.

Основната цел на форензичкта ревизија претставува откривањето на криминалните дејствија во финансиските извештаи на клентот, без разлика на нивната материјална значајност, односно степенот на нивното влијание на вистинитоста и објективноста на финансиските извештаи. Форензичкиот ревизор, доколку е можно, би требало да ги открие и именува сторителите на кривични дејствија, да го одреди местото и времето на нивното извршување, да ја пресмета и искаже материјалната штета настаната поради кривично дело, и на крај, да го опише начинот на неговото извршување.

Потребата која ја имаат корисниците на финансиски извештаи за веродостојни информации, ги створила ревизорите односно самата ревизија. Кога зачестила појавата на проневери и останати економски кривични дела се створила потребата за форензичката ревизија ии форензичките ревизори. Форензичката ревизија не е теорија, туку пракса, односноо дисциплина која е многу прагматична и динамична и која континуирано се менува и надоградува.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Golden, T. W., Skalak, S. L., & Clayton, M. M., A Guide to Forensic AccountingInvestigation, New Jersey: Wiley, 2006
2. Gray, Dahli, Forensic Accounting And Auditing: Compared And Contrasted To Traditional Accounting And Auditing. American Journal of Business Education – Fourth Quarter, 2008
3. Koletnik, F., Forenzičko računovodstvo, Zveza računovodstva i revizorora Delatnika Slovenije, Maribor, 2007
4. Petković, A., Forenzička revizija – Kriminalne radnje u finansijskim izvještajima. Bečej: Proleter, 2010
5. Schilit, H., Financial shenanigans; McGraw Hill. 2nd edition, New York, 2002
6. Silverstone, H., Sheetz, M., Forensic accounting and fraud investigation for non-experts, Wiley, 2 edition, 2006
7. Singleton W. T., Singleton A. A., Bologna, G. J., Lindquist, J. R., Fraud Auditing and Forensic Accounting, 3rd Edition. Hoboken: Wiley, 2006
8. Wells, J.J.T., Corporate fraud handbook: Prevention and detection, Wiley & Son, New York, 2004

334.722(497.7)
001.895(497.7)
339.13.334.72.012.64/.65(497.7)

Проф.д-р Емилија Стевановска, e-mail: emilijastevanovska@yahoo.com
Бизнис Академија Смилевски

Проф. д-р Павлина Стојанова, e-mail: pavlina.stojanova@msu.edu.mk
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Проф.д-р Ленче Петреска, e-mail: mr_petreska@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО И ИНОВАЦИИТЕ И НИВНОТО ВЛИЈАНИЕ ВРЗ ПОДОБРУВАЊЕ НА ПАЗАРНОТО УЧЕСТВО НА МАЛИТЕ И СРЕДНИ ПРЕТПРИЈАТИЈА

Апстракт: Претприемништвото како процес во современата економија, претставува начин за подобрување на економските состојби кои директно влијаат врз целокупната економија на државата, и е еден од клучните економски категории за остварување на профит. Во условите кои ги има домашното стопанство, кога економијата не е во најдобра форма, кога големите претпријатија или веќе не постојат или се разделени на повеќе помали компании во приватна сопственост, претприемништвото и претприемничкото однесување на поединците претставуваат клучен фактор за постигнување на економски развој и благосостојба како и намалување на невработеноста, а исто така се и можност за младите самостојно да го обезбедат својот работен ангажман. Отпочнувањето на еден бизнис бара многу мотивираност, посветеност, одговорност, вештини и пред се самоувереност. Кога овие неколку атрибути би се споиле и поврзале меѓу себе преку совршена организација би дошло до зголемување на степеност на подготвеност за влез во еден бизнис кај секој млад и потенцијален претприемач. Успешен бизнис продава производи или услуги коишто им требаат на купувачите и за кои купувачите се спремни да платат.

Клучни зборови: претприемништво, иновации, идеја, пазарно учество, мали и средни претпријатија

ENTREPRENEURSHIP AND INNOVATIONS INFLUENCE ON MARKET SHARE IMPROVEMENT OF SMALL AND MEDIUM ENTERPRISES

Abstract: Entrepreneurship as a process in the modern economy represents a way of improvement of the economical state, which has direct influence over the state's economy as a whole and is one of the key economical categories for making a profit. In a certain conditions, when the domestic economy is not in its best shape, when the TNCs no longer exist or are divided into smaller companies, which are privately owned, entrepreneurship and entrepreneurial behavior of the people represent a key factor for accomplishing economical development, as well as, decrease of unemployment and an opportunity for young people to establish a business by themselves. Founding a new business demands first and foremost self confidence, motivation, de-

dication, responsibility and skills. If these few attributes are to be combined through a perfect organization, there would be an increase of readiness for every young person to become an entrepreneur. A successful business offers products or services which the buyers need, and which the buyers are ready to pay for.

Keywords: entrepreneurship, innovations, idea, market share, small and medium enterprises.

СУШТИНА И ЗНАЧЕЊЕ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Бизнисот не дозволува преголема унифицираност и стереотипи за да биде инвентивен или поразличен од она што веќе постои. Затоа, единствениот начин за да успешно се конципира бизнисот е потребата од создавање на добра визија. Едно нешто е да се пронајде успешна идеја за бизнис, а сосема друго е да се замисли успешна идеја која е во склад со вештините и сопствените интереси.[1] Многу често, во процесот на создавање на бизнисот е потрено да се користат соодветни техники за нивно анализирање, образожување и селектирање. Процесот на откривање можности и превземање ризик кон истите во согласност со расположливите ресурси во претпријатието, голем број автори и бизнисмени го дефинираат како претприемништво. Отпочнувањето на еден бизнис бара многу мотивираност, посветеност, одговорност, вештини и пред се самоувереност. Кога овие неколку атрибути би се споиле и поврзале меѓу себе преку совршена организација би дошло до зголемување на степеност на подготвеност за влез во еден бизнис кај секој млад и потенцијален претприемач. Иако почетните грешки можат да бидат катастрофални сепак вреди секој да си ја проба среќата и да се обиде. Согледувајќи го ризикот што предстои пред секој оној што навлегува во претприемништвото му влева надеж дека или ќе успее или ќе загуби. Меѓутоа голем број на познати и успешни менаџери како и автори од областа на економијата рекле: "Најголем ризик е кога не ризикуваш".

Суштината на претприемништвото се состои од следниве три карактеристики:

» Иновација
» Преземање на ризик
» Независност во делувањето

Иновацијата на некој начин претставува можеби и основниот двигател во формирањето на еден бизнис, баш заради идејата која ја носи самот претприемач во себе и поради која го формира истиот. Таа се состои од расположливите можности за откривање на нови пазари, нов тип на организација, технолошки новини, воведување нови производи или услуги, откривање нови суровини и воведување нови методи на работа.

Преземањето ризик во претприемачката работа е двигателот на самиот бизнис, зошто ризикот претставува основен дел од карактерот на секој претприемач кој што му ја дава самата независност во работењето.

Независноста во делувањето како карактеристика на претприемачката работа му овозможува на претприемачот да делува како самостоен иницијатор на контролираните промени во претпријатието.За да успее во тоа, тој се потпира на личната моќ и на лидерската способност.

Овој концепциски приод кон моделот за претприемништвото ги објаснува најдобро основните карактеристики за што се е потребно да се биде претприемач, за тоа како треба да се отпочне еден бизнис и за сите потрбни чекори кои треба

1 ase, K. E., Fair, R. C, (2007). Principles of Macroeconomics, Pearson Education Inc., New Jersey, USA.

да се превземат во приод кон истиот. Всушност, претприемаштвото е инструмент за трансформирање на личните и организациски визии во планови, а плановите во реалност. Тоа секогаш се поврзува со иновацијата и подразбира алокација на ресурсите во точките каде што тие даваат поголеми ефекти.

Современата претприемничка економија, насочена кон креирање на нови вредности за потрошувачите и предности во однос на конкуренцијата со стратегии за таквата состојба да се одржи во што подолг временски период, влијае на промената на претприемничкиот менаџмент. Претприемничкиот менаџмент не е повеќе простор за копирање или имитирање на нешто видено, туку креирање на ново.

ИНОВАЦИИТЕ КАКО НОСИТЕЛИ НА ПРЕТПРИЕМНИШТВОТО

Претпријатијата во деведесеттите години на минатиот век се најдоа во нови услови на стопанисување, а со тоа истите мораа да изнајдат начини за преструктуирање на сопствените активности за што побрзо и поефикасно вклучување во новонастанатите околности. Новите пазарни околности ја наметнаа потребата за поагресивно и побрзо реагирање. Големите претпријатија повеќе ја немаат моќта која претходно ја поседувале. Тие се соочуваат со новонастанатата структура на мали претпријатија. Малите претпријатија во изминатите години од транзицијата успешно се наметнаа како значителен економски фактор во земјата.[2]

Преструктуирањето и активирањето на производствените капацитети стануваат предизвик за сите земји во развој, а меѓу нив, помалку успешно се вметнува и Република Македонија. Сите овие промени во бизнис секторот претставуваат нови услови за нивната понатамошна активност во областите на иновирањето. Претпријатијата повеќе немаат институционална поддршка за истражување и развој и се наоѓаат во состојба да одберат, дали и натаму ќе иновираат и успешно ќе се наметнат на пазарот или пак, ќе се одлучат понатаму да не иновираат со што би биле неконкурентни на пазарот. Оние кои во минатото се профилираа во иновативни претпријатија со високо ниво на производство имаат високо ниво на учество во бизнис секторот. Овие претпријатија недвосмислено покажуваат подготвеност за финансирање на активностите од областите на истражување и развој и воведувањето на новите стандарди за квалитет. Од сево ова, може да се синтетизираат општите карактеристики на бизнис секторот како главен носител на иновациското вмрежувањ:[3]

- Интеграција на нивните внатрешни функции, што ја јакне нивната иновативна способност.
- Развој на малите и средни фирми.
- Присуство на странски форми на мултинационалните компании.
- Зголемување на партиципацијата на претпријатијата во финансирањето на истражување и развој.

ПРЕПОЗНАВАЊЕ НА ИДЕЈАТА И НЕЈЗИНА РЕАЛИЗАЦИЈА

Првата работа за која треба да се запрашаме кога сме донеле одлука за водење на сосптвени бизнис е тоа - дали сме всушност подготвени на таков чекор. Бизнисот по фирмирањето носи многу бенефити, но пртходно е потребно да се направи детална анализа на сето она што како негативна појава ќе го пропратува. И несомнено, постојат многу ризик појави кои доаѓаат сами по себе во текот на

2 Asheesh, A., (2003). Financing Your Small Business, First Edition, The SCORE Association, Washington.
3 Stokes, D. (2002). Small business management, Continuum, London.

еден бизнис развој. Да ги споменеме само неколкуте:[4]

- » долгови кон блиските,
- » долгови кон некои банки или финансиски компании кои нудат кредити,
- » неможност за покривање на комуналните трошоци,
- » недостаток на финансии за вработените во фирмата,
- » ретки или чести неуспеси и многу други.

Самото почнување на бизнис, би требало да биде поткрепено со добра понуда на пазарот. Релативна е дефиницијата за тоа што би било добро на пазарот за да се понуди. Единствена е само констатацијата дека нешто ново, досега што не било понудено на потрошувачите, а што истовремено е корисно и инвентивно, носи сигурен раст на бизнисот. Колку пати секој од нас, во обичниот живот, сознавал и покренувал некои нови работи? Се разбира, од мали нозе, секое човечко суштество секојдневно се наоѓа пред нови пречки и предизвици, и самото пронаоѓање на решение и одговарање на секојдневните искушенија ни овоможува да откриваме нови работи.

Самостојното започнување на сопствен бизнис бара одредени знаења, вештина и способност, а пред да се заплива во водите на малиот бизнис, мора да се биде 100% сигурен дека се што е потребно се поседува.

Развивање на идеја за бизнис значи создавање визија, проценка на сопствените силни страни и определување на потребите на пазарот. Би требало да може да се започне со овие три работи:[5]

- » Создавање на визија
- » Определувањена тоа во што сме добри и што сакаме да работиме
- » Проценки за тоа кои се потребите на пазарот

Најчесто е корисно да се погледне околу себе и да се разбере што се сака, а што не, и каде се кријат сопствените таленти. Едно нешто е да се пронајде успешна идеја за бизнис, асосема друго е да се замисли успешна идеја која е во склад со вештините и сопствените интереси. Многу често, во процесот на создавање на бизнисот е потрено да се користат соодветни техники за нивно анализирање, образожување и селектирање. Како често применувана техника во креативна фаза во процесот на донесување одлуки во кој се истражуваат различните можности за остварување на поставените цели е brainstorming. Brainstorming (бура на идеи) се смета за еден од најстарите и најпознати интуитивни креативни методи за генерирање на идеи. Тоа е спонтан состав на креирање на идеи. Се состои од формулирање на проблемот, изнесување на идејата и евалуација на идејата.[6] Проблемот кој треба да се реши може да се дефинира екстензивно или сублимарно.Во првиот случај, често одговорите се непрецизни, но богати со идеи додека, во вториот случај, одговорите се прецизни, но со помалку идеи. Поставувањето цели е клучно за секој бизнис, но особено е важно за претприемачи кои тешко се фокусираат. Целите ја насочуваат работата, даваат нешто кон што бизнисменот се стреми, и служат како мерач на сопствените бизнис успеси.

ЗАКЛУЧОК

Големите претпријатија повеќе ја немаат моќта која претходно ја поседувале. Тие се соочуваат со новонастанатата структура на мали и средни претпријатија.

4 Asheesh, A. (20030. Financing Your Small Business, First Edition, The SCORE Association, Washington.
5 Barry, D.(2006) Succeeding Through Innovation, TSO, London.
6 Arizanovic G., Eric D., Bajric E. (2009). Kreativnost kroz inovacije u rade menadzera", Časopis IMK-14 Istraţivanje i razvoj, broj 32-33, 3-4/, Kruševac, str. 105

Малите и средни претпријатија во изминатите години од транзицијата успешно се наметнаа како значителен економски фактор во земјата. На домашниот пазар во Република Македонија, најчесто проблемот се појавува поради тоа што граѓаните сеуште ги немаат претприемачките особини и доминира отпорот кон промените и инвентивни идеи.

Самостојното започнување на сопствен бизнис бара одредени знаења, вештина и способност, а пред да се заплива во водите на малиот бизнис, мора да се биде 100% сигурен дека се што е потребно се поседува. Развивање на идеја за бизнис значи создавање визија, проценка на сопствените силни страни и определување на потребите на пазарот. Би требало да може да се започне со три работи: создавање на визија, определување на тоа во што сме добри и што сакаме да работиме, проценки за тоа кои се потребите на пазарот.

ЛИТЕРАТУРА

1. Arizanovic G., Eric D., Bajric E. (2009). Kreativnost kroz inovacije u rade menadzera", Časopis IMK-14 Istraţivanje i razvoj, broj 32-33, 3-4/, Kruševac, str. 105
2. Asheesh, A. (20030. Financing Your Small Business, First Edition, The SCORE Association, Washington.
3. Case, K. E., Fair, R. C., Principles of Macroeconomics, Pearson Education Inc., New Jersey, USA, 2007
4. Barry, D. (2006). Succeeding Through Innovation, TSO, London, 2006
5. Stokes, D. (2002). Small business management, Continuum, London.

654.17:658.14/17(497.7)

Д-р Борис Арсов, e-mail: e-mail: borcea.ba@gmail.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

АНАЛИЗА НА ФИНАНСИСКОТО РАБОТЕЊЕ НА ТВ МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 2011-2015 И ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ

Апстракт: Во Република Македонија, долги години во минатото, постоеше само еден медиум, кој функционираше како јавен сервис. Но, со развојот на плурализмот се отвори можноста за појавување на бројни приватни медиуми, поради што се јави силна конкуренција на медиумскиот пазар. Оттаму и појавата на бројни прашања и проблеми со кои се соочуваат електронските медиуми, поточно телевизиите, во своето функционирање и опстојување на медиумскиот пазар. Еден од клучните проблеми со кои се соочуваат општо медиумите во нивното работење претставува прашањето за обезбедувањето извори на средства, потребни како за тековното функционирање на медиумот, така и за нивниот иден развој, со цел да се биде во тренд со потребите на публиката, но и со новите техничко-технолошки новини и промени во оваа област од општествено-економското живеење.

Во овој труд се истражуваат финасиските резултати од работење на ТВ медиумите односно на Јавниот радиодифузен сервис - Македонската Телевизија и на приватните ТВ медиуми, имајќи ја предвид различната структура на изворите на финансирање, што пред се резултира од законски одредби за начинот на финансирање на овие два типа на телевизии.

Клучни зборови: ТВ медиуми, финансиски резултат, приходи, трошоци, радиодифузна такса, рекламирање и спонзорство

ANALYSES OF THE TV MEDIA FINANCIAL RESULTS IN MACEDONIA, 2011-2015 AND RECOMMENDATIONS FOR EFFICIENT WORKING

Abstract: For many years ago, there was only one medium in Macedonia which was functioning as a public service. However, along with the development of the pluralism numerous private media have appeared and this has resulted in a strong competition on the media market. Hence the emergence of great number of questions and problems with which the electronic media as well as the televesions and radios face in their functioning and existing on the media market. One of the key problems with which the media generally face in their working is the question of providing funding sources, necessary both for current media functioning and for their future development in order to be in trend with the audience needs, as well as with the new technical-technological innovations and modifications in this scope of social-economic living.

This thesis explores the financial outcomes of TV media's working of the Public service broadcasting, or the Macedonian Television on one hand, and on the other hand the private TV media considering the different structure of funding sources of

the public service broadcasting and the private televisions that primarily results from the legal provisions for the funding method of these two types of televisions.

Key words: TV media, financial outcome, revenues, expenditures (costs), broadcasting tax, advertising and sponsorship

ВОВЕД

Функционирањето на ТВ медиумите, генерално е условено од повеќе фактори, како што се квалитетот на програмата, начинот на информирање, изворите на финансирање, каде што спаѓаат рекламирањето и спонзорството, потоа трошоците за функционирање и слично. Несомнено сите овие фактори претставуваат посебен сегмент и предмет на интерес од работењето на ТВ медиумите во Република Македонија.

Еден од клучните проблеми со кои се соочуваат општо медиумите во нивното работење претставува прашањето за обезбедување на потребните финансиски средства за непречено функционирање на медиумот.

За доаѓање до подобри финансиски резултати потребно е да се направи оцена на конзистеноста меѓу моделите на функционирање и финансиското работење на ТВ медиумите во Република Македонија, можностите и начините за зголемување на приходите во делот на постоечките извори на финансирање, изнаоѓање на нови извори на финансирање, како и намалување на трошоците со цел подобрување на целокупното функционирање на медиумите.

АНАЛИЗА НА ФИНАНСИКИТЕ РЕЗУЛТАТИ НА ТВ-МЕДИУМИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА ЗА ПЕРИОД 2011 ДО 2015 ГОДИНА

За согледување на резултатите од финансиското работење на ТВ медиумите потребно е да се согледаат приходите, како и трошоците на работење, односно крајниот резултат на работењето: Дали ТВ медиумите остариле добивка или загуба?. Во овој дел од трудот се анализираат резултатите кои ги имаат остварено ТВ медиумите во Република Македонија во период 2011-2015 година и тоа гледано како за МТВ, така и за приватните телевизии сегментирани на 4 нивоа: национално преку терестријален предавател, национално преку сателит, регионално и локално ниво.

Во денари

ТВ-медиум	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	2015 година
Јавниот сервис (МТВ)	382,290,000.00	145,160,000.00	62,180,000.00	48,520,000.00	60,320,000.00
ТВ на нац ниво	280,360,000.00	168,530,000.00	185,160,000.00	45,550,000.00	28,790,000.00
ТВ на нац ниво сателит + (во 2015 преку ЈЕКМ)	-122,200,000.00	-37,350,000.00	-16,630,000.00	-18,320,000.00	-73,770,000.00
ТВ на рег ниво	-68,100,000.00	-29,830,000.00	22,970,000.00	77,460,000.00	-10,060,000.00
ТВ на лок ниво	27,080,000.00	19,290,000.00	9,170,000.00	4,260,000.00	-5,040,000.00
Добивка/Загуба во ТВ индустријата	**499,430,000.00**	**265,800,000.00**	**262,850,000.00**	**157,470,000.00**	**240,000.00**

Табела 1: Остварени финансиски резултати од работењето на ТВ-медиумите во периодот од 2011 до 2015 година (Извор: Пресметани вредности од Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година, Совет за радиодифузија на РМ и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ)

Врз основа на податоците прикажани во Табела 1 се согледува дека во ТВ-индустрија, ТВ-медиумите остварувале променливи резултати во своето финансиско работење во текот на анализираниот период, но генерално заеднички не оствариле негативен резултат. Така на пример во 2015 година ТВ медиумите оствариле најлош резултат, дури само до 240,000 денари позитива. Најдобар финансиски резултат бил остварен во 2011 година од 499,430,000 денари.[1] Во анализираниот период резултатите имаат тенденција на опаѓање.

Во денари

ТВ-медиуми	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	2015 година
МТВ	953,470,000.00	1,069,080,000.00	1,285,110,000.00	1,326,350,000.00	1,284,190,000.00
Нац. ниво терестријани	1,201,730,000.00	1,210,150,000.00	1,290,800,000.00	1,234,330,000.00	1,297,850,000.00
Нац. ниво сателитски+ (во 2015 преку ЈЕКМ)	165,540,000.00	184,990,000.00	88,570,000.00	85,860,000.00	58,620,000.00
Рег. ниво	55,710,000.00	57,540,000.00	194,750,000.00	304,060,000.00	250,590,000.00
Локално ниво	151,910,000.00	145,700,000.00	74,830,000.00	67,820,000.00	35,170,000.00
Вкупно	**2,528,360,000.00**	**2,667,460,000.00**	**2,934,060,000.00**	**3,018,420,000.00**	**2,926,420,000.00**

Табела 2. Вкупни приходи на ТВ-медиумите на ТВ-пазарот остварени во периодот од 2011-2015 година (Извор: Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година, Совет за радиодифузија на РМ и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ)

Во денари

ТВ-медиуми	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	2015 година
МТВ	571,180,000.00	923,920,000.00	1,222,930,000.00	1,277,830,000.00	1,223,870,000.00
Нац. ниво терестријани	921,370,000.00	1,041,620,000.00	1,105,640,000.00	1,188,780,000.00	1,269,060,000.00
Нац. ниво сателитски+ (во 2015 преку ЈЕКМ)	287,740,000.00	222,340,000.00	105,200,000.00	104,180,000.00	132,390,000.00
Рег. ниво	123,810,000.00	87,370,000.00	171,780,000.00	226,600,000.00	260,650,000.00
Локално ниво	124,830,000.00	126,410,000.00	65,660,000.00	63,560,000.00	40,210,000.00
Вкупно	**2,028,930,000.00**	**2,401,660,000.00**	**2,671,210,000.00**	**2,860,950,000.00**	**2,926,180,000.00**

Табела 3. Вкупни трошоци на ТВ-медиумите на ТВ-пазарот остварени во периодот од 2011-2015 година (Извор: Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година, Совет за радиодифузија на РМ и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ)

За подобро да се согледаат причините за остварените финансиски резултати во изминатиот период, се анализираат остварените приходи и трошоци на ТВ медиумите по различни основи. Од Табела 1 може да се констатира дека добивката кај Македонската ТВ опаѓа и тоа од 382 милиони денари во 2011 година па до 60 милиони денари во 2015 година. Истото се случувало и кај Националните телевизиите и тоа од 280 милиони денари во 2011 година, до 28 милиони денари

1 Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година, Совет за радиодифузија на РМ и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ, Скопје

во 2015 година. Кај Телевизиите на локално ниво константното опаѓање дошло дотаму што добивката од 27 милиони денари во 2011 година, во 2015 година преминала во загуба од 5 милиони денари. Според податоците дадени во Табела 2 и Табела 3 се согледува дека константното намалување на добивката од 2011 година до 2015 година пред се е резултат на зголемените трошоци во работењето на ТВ медиумите, додека пак приходите останале константни, со што во 2015 година доаѓа до мала разлика помеѓу остварените приходи и трошоци, односно приходите и трошоците се речиси идентични, со што позитивниот резултат во финансиското работење на Медиумскиот пазар е мал. Единствено Сателитските телевизии бележат константни загуби во анализираниот период.

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ НА МАКЕДОНСКАТА ТЕЛЕВИЗИЈА ЗА ПЕРИОД ОД 2011 ДО 2015 ГОДИНА

Македонската телевизија, како јавен радиодифузен сервис како што се забележува од податоците во Табела 1, во почетниот период остварувала солидна добивка, а причина за тоа биле зголемувањето на приходите остварени од ставката на радиодифузната претплата (такса), [2] односно постоел механизам за наплата на таксата, преку Управата за јавни приходи, со Законско решение, а од друга страна постоеле недоволни средства односно неможност за добивање на средства од Буџетот на Владата на Република Македонија, (Табела 4).[3] Високите трошоци за плати и други надоместоци на вработените на почетокот од анализираниот период, односно превработеност и несоодветна распределба на работните места не влијаеле на остварената добивка.



Графикон 1: Трендот на движење на приходите остварени од радиодифузната такса во 2011, 2012, 2013, 2014и 2015 година (Извор: Анализи на пазарот на радиодифузна дејност за 2015 година, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ, Скопје)

Од 2011 година МТВ започнува во континуитет да работи со добивка која се намалувала од година во година. Постои тренд на зголемување на приходите од 2011г до 2015г што се должи на фактот што радиодифузната такса, како главен

2 Анализи на пазарот на радиодифузна дејност за 2012 г, Совет за радиодифузија, Скопје
3 Анализи на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 г, Совет за радиодифузија, Скопје

извор на финансирање на јавниот сервис Македонска телевизија, почнала да се зголемува (Графикон 1), како и помошта со надополнување на определени финансиски средства од страна на Владата на Република Македонија, од Буџетот на РМ, согласно измените на Законот за радиодифузна дејност (член 145 став 2)[4]. Имајќи предвид дека учеството на пазарот на рекламирање и спонзорирање на програми на јавниот сервис било многу мало, имало потреба од донесување на законските мерки и во делот на наплатата на радиодифузната такса, со што довело истата многу да се зголеми и да се подобри финансиското работење на Македонската телевизија. Во октомври 2010 година се случиле промени во одредбите на Законот за радиодифузната дејност (член 147 став 4),[5] во насока на тоа дека обврските за пресметување, утврдување и наплата на средствата од радиодифузната такса ги презеде Управата за јавни приходи. Континуирано биле вложувани средства во подобрување на програмските содржини кои се емитувале и во зголемување на програми од сопствено производство. Тоа довело до ангажирање на надворешни продукциски куќи, како и надворешни лица – соработници и зголемување на трошоците. Вложување во нова опрема согласно процесот на дигитализација исто така довело до зголемување на трошоците и дополнителна помош од страна на Владата на РМ за реализација на процесот. Сепак до 2015г, МТВ остварувала добивка.

Во денари

Вид на приход	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	2015 година
Радиодифузна такса	474,460,000.00 *1	724,360,000.00 *2	783,760,000.00 *3	858,530,000.00 *4	844,520,000.00 *5
Реклами и телешопинг	11,310,000.00	54,290,000.00	29,440,000.00	49,220,000.00	25,560,000.00
Приходи од Влада за фин поддршка	0.00	10,890,000.00	193,150,000.00	240,000.000.00	240,000,000.00
Приходи од Влада за тех дигитализација	0.00	0.00	0.00	97,090,000.00	122,500,000.00
Приходи од Култура за развој на МАК музика	0.00	0.00	0.00	5,960,000.00	23,250,000.00
Преостанати приходи	467,700,000.00	279,540,000.00	278,760,000.00	75,540,000.00	28,350,000.00
Вкупно приходи	**953,470,000.00**	**1,069,080,000.00**	**1,285,110,000.00**	**1,326,340,000.00**	**1,284,190,000.00**

[1] Овој износ ја претставува фактурираната вредност на радиодифузна такса. Реално наплатениот износ изнесувал 232,09 мил ден.
[2] Исто, фактурирана вредност на радиодифузна такса. Реално наплатениот износ изнесувал 265,93 мил денари.
[3] Исто, фактурирана вредност на радиодифузна такса. Реално наплатениот износ изнесувал 405,58 мил денари.
[4] Исто, фактурирана вредност на радиодифузна такса. Реално наплатениот износ изнесувал 615,18 мил денари.
[5] Исто, фактурирана вредност на радиодифузната такса. Реално наплатениот износ изнесувал 617,52 мил денари.

Табела 4: Структура на приходите на МТВ за период од 2011 до 2015 година (Извор: Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година, Совет за радиодифузија на РМ и Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ)

4 Измени на Законот за радиофизуна дејност, Сл.весник бр. 07-3406/1 од 01.08.2008г. Членот 145 по ставот 1 се додава нов став 2, кој гласи: " За постигнување и одржување на поголем степен на програмски и техничко-технолошки развој на јавниот радиодифузен сервис, можат да се издвојуваат средства и од Буџетот на Република Македонија";

5 Измени на Законот за радиофизуна дејност, Сл.весник бр. 07-4451/1 од 28.10.2010г. Членот 147 став 4 се менува и гласи: " Управата за јавни приходи врз основа на податоците од регистарот на обврзници на радиодифузна такса го утврдува месечниот надоместок, кој обврзникот е должен да го плати најдоцна до 15-ти наредниот месец, во спротивно за секое задоцнување е должен да плати камата утврдена со Закон."

ФИНАНСИСКИ РЕЗУЛТАТИ ОД РАБОТЕЊЕТО НА ПРИВАТНИТЕ ТВ МЕДИУМИ ЗА ПЕРИОД 2011 ДО 2015 ГОДИНА

Анализата на финансиското работење на приватните телевизии е сегментирано на 4 нивоа: национално преку терестријален предавател, национално преку сателит, регионално и локално ниво. Анализата го опфаќа работењето на националните телевизии, како Медиуми со најголемо учество на пазарот на рекламирање и општо на медиумскиот ТВ пазар во секој негов сегмент. При анализата на финансискиот резултат на националните телевизии, првично на четири терестријални, а подоцна од 2013 година на петте национални ТВ-медиуми на ТВ-пазарот може да се види дека оствариле променливи финансиски резултати (Табела 4). Најдобар позитивен резултат постигнале во 2011 година (добивка) од 280 милиони денари, додека пак најлош финансиски резултат сите заедно оствариле во 2015 година добивка од 28 милиони денари.

Гледано по одделни телевизии се воочува дека ТВ Сител остварува највисока добивка во однос на другите телевизии, но истата има тренд на намалување линеарно од 2011г до 2015г, што значи најмала била добивката во 2015г. Единствени ТВ-медиуми кој прикажале негативни резултати (загуби) од сите ТВ-медиуми биле ТВ Телма и ТВ Алфа. Поради остварен нивни негативен резултат, особено во 2014г и 2015г, биле забележително намалени остварените вкупени резултати од страна на сите национални терестријални ТВ-медиуми во 2014 и 2015 година, (Табела 5). Вкупните остварени резултати на националните терестријални ТВ-медиуми зависеле од добрите остварени резултати од остварените приходи од рекламирање.

Во денари

ТВ-медиум	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	2015 година
Сител	184,970,000.00	137,740,000.00	109,340,000.00	78,200,000.00	36,810,000.00
Канал 5	94,520,000.00	28,810,000.00	39,330,000.00	3,410,000.00	-4,500,000.00
Алсат М	460,000.00	1,790,000.00	5,450,000.00	1,780,000.00	100,000.00
Телма	410,000.00	190,000.00	460,000.00	-12,080,000.00	-20,800,000.00
Алфа ТВ[1]	н/а	н/а	30,580,000.00	-25,760,000.00	17,180,000.00
Вкупно	**280,360,000.00**	**168,530,000.00**	**185,160,000.00**	**45,550,000.00**	**28,790,000.00**

[1] Од 01.05.2013г дозволата зас емитување е преименувана од Национална ТВ преку сателит, во Национална ТВ Терестријална

Табела 5: Остварени финансиски резултати на националните терестријални ТВ-медиумите за периодот од 2011 до 2015 година (Извор: Пресметани вредности од Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014 и 2015 година,Совет за радиодифузија па РМ, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ, Скопје)

Во поглед на работењето на приватните национални сателитски телевизии, според податоците во Табела 6 се согледува дека сите оствариле негативни

финансиски резултати, освен ТВ Наша, која на самиот почеток од анализираниот период, остварила позитивен финансиски резултат, со тенденција на намалување, да во 2015г веќе остварила и таа загуба. Најголеми загуби во текот на целиот анализиран период остварувала ТВ Алфа, кога истата имала дозвола за сателитска ТВ, односно до 2013г. Најдобар финансиски резултат во анализираниот период постигнала ТВ Наша, додека пак најлош ТВ Сонце, телевизија со постојана идентична загуба од 2011г до 2015г.

Во денари

ТВ-станици	2011 година	2012 година	2013 година	2014 година	2015 година
ТВ Сонце	-16,380,000.00	-15,310,000.00	-13,430,000.00	-14,240,000.00	-16,530,000.00
ТВ 24 Вести	-27,420,000.00	-33,490,000.00	-24,770,000.00	-18,100,000.00	-23,310,000.00
ТВ Наша	31,720,000.00	12,830,000.00	11,810,000.00	-850,000.00	-12,730,000.00
ТВ Сител 3	-910,000.00	-2,480,000.00	-100,000.00	-1,600,000.00	-4,830,000.00
ТВ Канал 5 Плус	-13,930,000.00	11,830,000.00	9,800,000.00	16,470,000.00	-16,370,000.00
ТВ Алфа	-50,710,000.00	-10,730,000.00	н/а	н/а	н/а
Останати[1]	-44,570,000.00	н/а	н/а	н/а	н/а
Вкупно	**-122,200,000.00**	**-37,350,000.00**	**-16,630,000.00**	**-18,320,000.00**	**-73,770,000.00**

[1] Во оваа група се ТВ-и кои подоцна во 2012г, од финансиски причини, ја губат дозволата за емитување и понатаму непостојат, тоа се: ТВ Пинк 15 и ТВ АБ Канал.

Табела 6: Остварени финансиски резултати на националните сателитски ТВ-медиуми за периодот од 2011 до 2015 година (Извор: Пресметани вредности од Анализите на пазарот на радиодифузна дејност за 2011, 2012, 2013, 2014, 2015 година,Совет за радиодифузија на РМ, Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги на РМ, Скопје)

4. ПРЕПОРАКИ ЗА ПОЕФИКАСНО РАБОТЕЊЕ

Врз основа на анализата во трудот се заклучува дека ТВ-медиумите во Република Македонија во анализираниот период се соочуваат со потешкотии во сопствено работење, па дури и во одредени години и со неможноста за остварување на доволен износ на приходи како би ги покриле сопствените трошоци од работење. Гледано по поодделни видови на ТВ-медиуми се согледува дека најлоша е состојбата кај националните телевизии кои емитуваат програма преку сателит и регионалните телевизии, кои во континуитет работаат со загуби. Како главна причина е тоа што националните ТВ-медиуми преку сателит започнувале со својата дејност како нов вид на медиум на медиумскиот пазар и соодветното прилагодување на истиот, додека пак регионалните ТВ-медиуми се соочиле со поголема конкуренција на медиумскиот пазар при појаваат на националните ТВ-медиуми со емитување на програма преку сателит. Регионалните ТВ-медиуми во тој период емитувале програма само на подрачјето на град Скопје, при што дел од приходите од рекламирање и телешопинг биле префрлени во делот на приходи на националните ТВ-медиуми кои емитувале програма преку сателит.

За позитивна оцена е подобреното финансиско работење кај МРТ од

2010 година па наваму. Тоа се должело главно поради измените во Законот за радиофизуна дејност во делот на начинот на извршување на наплатата на радиофиузната такса, со дефинирани строги казни за непочитување на истата и задолжение наплатата да ја контролира и извршува Управата за јавни приходи.

Слабите финансиски резултати гледано на ниво на ТВ индустрија наведуваат на потребата за преземање одредени мерки за подобрување на ваквата состојба и тоа во насока:

1) Јавниот сервис да обезбедува приходи од реклами врз основа на атрактивноста на понудената програма (независно дали е во сопствена продукција или нарачана од независни продуценти). Со тоа ќе се обезбеди начин МРТВ да остварува приходи од реклами, секако, во рамките на предвидените временски и други ограничувања во новиот Закон за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, како замена на постоечкиот Закон за радиодифузна дејност. Атрактивноста на оваа програма треба да биде на сметка на квалитетот и јавниот интерес што треба да го задоволат програмските содржини емитувани на јавниот радиодифузен сервис. Поквалитетната продукција ќе ги привлече гледачите, односно ќе се зголемат рејтинзите на програмските содржини емитувани на јавниот сервис, што ќе му овозможи на секторот задолжен за маркетинг во јавниот сервис да обезбеди поголема продажба на времето за рекламирање. Не треба да се исклучи можноста да се искористат сите можни капацитети кои ги нуди јавниот сервис. Во тој контекст постои можноста за остварување на дополнителни приходи, со изнајмување на капацитетите со кои располага Македонската радиотелевизија, како што се изнајмување на своите студија за снимање на програмски содржини на други телевизиски или продуцентски куќи. Споменатите капацитети би можеле да бидат искористени и од страна на самиот јавен сервис за определени квалитетни снимања на програмски содржини кои би биле искористени во сопствената програма. Потоа снимените програмски содржини би се продавале на други ТВ-медиуми во земјата и останатите земји. Снимањето на определена ТВ-серија или пак определен ТВ-филм, јавниот сервис да може да го искористи и прикриеното рекламирање, односно во споменатите програмски содржини би можеле да се појават определени производи и услуги кои компаниите ги нудат и продаваат на своите купувачи.

» Приватните ТВ-медиуми треба да се фокусираат на производството на поквалитетна продукција, која ќе ги привлече гледачите, публиката, односно ќе овозможи зголемување на рејтинзите на гледаност на програмските содржини. Тоа, на секторот задолжен за маркетинг, ќе му овозможи да обезбеди поголема продажба на времето за рекламирање. Сите капацитети би можеле да бидат искористени и во контекст на реализација на определени квалитетни снимања на програмски содржини, кои би биле искористени во сопствената програма (сопствена продукција) и овозможување на реклами во истата. Снимените програмски содржини ќе можат да се продаваат и на други ТВ-медиуми и останатите земји, а секако, постои можност за размена на определени програмски содржини, со што би се збогатила програмската шема и постоење на разновидност во истата.

ЗАКЛУЧОК

Телевизијата останува најзначаен медиум за информирање со што поголем

број на граѓани, за домашните и странските настани, секојдневно се информираат од телевизијата. Телевизиите во Република Македонија (Комерцијалните и Јавниот сервис) треба да се фокусираат на емитување на поквалитетна програма, што ќе им донесе поголема гледаност кај гледачите. Зголемувањето на приходите по било кој основ, а исто времено и намалувањето на трошоците овозможува на телевизиите позитивно финансиско работење во текот на една календарска година.

REFERENCES:

1. Adamovic, Z., Milosevic, Z., Kosic, Z., Popovic, L., Bencmarking u Savremenom Poslovanju, Drustvo za Energetsku Efikasnost BiH, Banja Luka (BiH), 2010.
2. Blythe, J., Bennet, R., International Marketing, Strategy planning, market entry and implementation, 2002, Превод од англиски на македонски АРС Ламина ДОО, 2010;
3. Daft, L.R., Management, Thomson Higher Education, USA, 2008.
4. Закон за радиодифузна дејност, Скопје 2005, (Сл. Весник на РМ бр. 07-4190/1 од 09.11.2005, бр. 07-3406/1 од 01.08.2008, 07-4451/1 од 28.10.2010).
5. Miletić, M., Osnove menadžmenta medija . Novi Sad: Filozofski fakultet, 2009.
6. Ratković, Nj.,Radenković, V., International Journal of Industrial Engineering and Management (IJIEM), Management in the Public Broadcasting Service: The reasons for a change of strategy. Beograd, 2010.
7. Совет за радиодифузија, Анализа на пазарот на радиодифузна дејност за 2007, 2008, 2009, 2010, 2011, 2012, 2013 година, Скопје.

658.626(100)
339.137.2:658.626(100)

Проф. д-р Шекеринка Ивановска,
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р.Македонија
e-mail: sekerinka.ivanovska@msu.edu.mk

БРЕНД ИНДЕКСОТ НА ДРЖАВИТЕ КАКО ПОКАЗАТЕЛ ЗА КОМПЕТИТИВНИ ПРЕДНОСТИ НА ГЛОБАЛНИОТ ПАЗАР

Апстракт: Последниве две години се наметнува доминантната улога на истражувања посветени за пресметување на Бренд индекс на државите (Country Brand Index-CBI). Се поставува прашањето зошто расте значењето на овој показател. Како одговор се селектираат повеќе причини и цели: заради заокружување на националниот идентитет на државите, заради креирање клима на иновативност, за раст на можностите за инвестиции, за привлекување на меѓународни настани, за промовирање на туризмот, јакнење на државата преку презентација во странски медиуми, за раст на извозот, за интеграција во глобалното и регионално производство и друго. Успешното остварување на наведените цели бара ваквите истражувања да располагаат со потребните ресурси. Поради овие причини, израснале доволен број на специјализирани светски агенции – компании за оваа намена (Anholt - GfK, Roper, Future Brands, Brand Finance, Reputation Institute, Bloom Consulting), потоа, високо оспособени специјалисти за реализирање на истражувањата, и создавање добра комуникација помеѓу јавните институции и истражителните компании кои треба да продуцираат квалитетни информации. Професорот Симон Анхолт, од универзитетот од Велика Британија е креатор и го развива концептот на овој бренд индекс.

Податоците од рангирањето на бренд индексот за земјите од Западен Балкан меѓу кои: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Словенија и Хрватска треба да придонесат кон подобрување на позицијата на овие држави во иднина, пред се заради силна перцепција во привлекување на инвестиции и како атрактивни туристички дестинации.

Клучни зборови: бренд индекс на државите, јакнење на државата, квалитет на живот, туризам, инвестиции

COUNTRY BRAND INDEX AS INDICATOR FOR COMPETITIVE ADVANTAGES IN THE GLOBAL MARKET

Abstract: The last two years ahighlights the dominant role of research dedicated to calculate the Brand Index of countries or Country Brand Index- CBI. The question is why is there a growing importance of this indicator. In response there are selected multiple reasons and objectives: for the completion of the national identity of countries, so as to create innovative climate, growth investment opportunities, to attract international events, to promote tourism, strengthening of the state through a presentation to foreign media, growth of the exports, for integration in the global and regional production and more. The successful achievement of these objectives requires such research to have the necessary resources. For these reasons, there is raised a sufficient number of specialized news agencies - companies for this purpose (Anholt - GfK,

Roper, Future Brands, Brand Finance, Reputation Institute, Bloom Consulting), then, highly qualified specialists for the implementation of research, and creating good communication between public institutions and specialized companies that need to produce quality information. Professor Simon Anholt, from the University in the UK is the creator and a developer of the concept of the Country Brand Index.

Data from the ranking of Brand index for the countries in Western Balkans, including Macedonia, Serbia, Bosnia and Herzegovina, Slovenia and Croatia should contribute to improving the position of these countries in future, primarily for getting a strong perception in attracting investments as attractive tourist destinations.

Key words: country brand index, strengthening country, quality life, tourism, investment

1.БРЕНДИРАЊЕ НА ДРЖАВИТЕ КАКО ЗНАЧАЕН ПОКАЗАТЕЛ

Бренд индексот на државите станува се позначаен показател во последните години. Првите почетоци за пресметување на овој индекс се најавуваат уште во 2005 година со формирањето на компанијата Анхолт ГфК (Anholt GfK) од страна на професорот Симон Анхолт (Simon Anholt). Тој го развива концептот за Национален бренд индекс. За ова има добиено и нобелова награда во 2009 год. Со текот на времето овој индекс добива поголемо значење и веќе во 2014 година се забележува прибирање на поквалитетни и специјализирани информации. Во повеќе од 13.000 експертски истражувачки локации насекаде во светот постои богата, долга низа на податоци и информации за научни истражувања и искуства. Веќе во последните две години (2015 и 2016) овој показател располага со поквалитетни информации, поткрепени со иновативните технологии и интелектуалната научна база на податоци.

Се поставува прашањето зошто државите би сакале да се брендираат самите себе. Одговорот на ова прашање скоро е заокружен. За тоа постојат повеќе причини и цели:

- за да се заоктружи националниот идентитет на државите;
- да се креира клима на иновативност;
- за да пораснат можностите за инвестиции или привлекување на меѓународни настани;
- да се промовира туризмот;
- јакнење на странските медиуми за презентација на државите;
- за раст на извозот;
- за интеграција на оригиналното производство во регионот или глобално.

Реално, секоја развиена држава се стреми кон стекнување повисок индекс за брендирање на самата себе. Големиот глобален пазар, корпоративната комуникација, јавните институции и специјализирани агенции придонесуваат во развој на менаџирање на условите за поквалитетно пресметување на Бренд индексот за државите.

Подолу прикажаната табела бр. 1, презентира податоци за Бренд индексот на државите спроведени од страна на Анхолт-ГфК агенција која истражувањето го направила врз примерок од 50 држави (развиени и држави во развој).

2016 Индекс на рангирање	Држава	2015 индекс на рангирање	Пресметан резултат разлика 2016-2015
1	САД	1	-1,04
2	Германија	2	-0,96
3	В.Британија	3	-1,31
4	Канада	5	-0,33
5	Франција	4	-0,81
6	Италија	7	-0,54
7	Јапонија	6	-0,88
8	Швајцарија	8	-0,64
9	Австралија	9	-0,25
10	Шведска	10	-0,64
NBI score changes:	Minor+/-0,26-0,50;	Medium+/-0,51-1,00;	Large>+/-1,00

Табела бр.1: 10 топ држави рангирани според Анхолт-ГфК (бренд индекс на државите) (Извор: Anholt-GfK Nation Brand Index 2016, report from December 08, 2016, p.2.

Податоците во табелата се резултати на Бренд индексот на државите за 2016 година споредени во однос на резултатите од рангирањето во 2015 година. САД, Германија и Велика Британија го задржуваат првото, второ и трето место. Велика Британија и САД имаат пад за еден поен (-1,04 САД и -1,31 Белика Британија) во однос на претходната година. Исто така, осум од десетте наведени држави имаат подобрување на нивниот бренд индекс во 2016 година. Врз набљудуваните држави на висината на индексот влијаеле случувањата во светот, немилите настани како и меѓународните конфликти кои се намаетнале со хуманоста и човековите права.

Професорот Симон Анхолт, креаторот на националниот бренд индекс, уште на почетокот на создавањето на својата студија во 2005 година коментирал дека: [1]

,,Најчесто, глобалната перцепција на една држава е неверојатно стабилна, но промените може да влијаат врз промена и заземање на местата. Тоа влијание врз пресметувањето на индексот, така што влијанието на светот ја менува глобалната репутација далеку повеќе од нејзините постигнувања или успеси. А токму тоа е она што ние го разгледуваме. Оние земји кои се вклучени во истражувањата може под тековните светски влијанија да настрадаат во рангирањето во наредната година, од надоаѓањето на меѓународните конфликти и хуманите прашања.,,

Во 2016 година во истражувањето на 50 држави биле следени под следните карактеристики: извозот, владата, културата, народот, туризмот и имиграција или/ инвестиција. Околу 20.353 испитаници биле вклучени во онлајн панел кои биле повозрасни од 18 год. Биле вклучени држави од сите континенти во истражувањето:

1. Северна Америка: САД, Канада и Куба,
2. Западна Европа: Велика Британија, Германија, Франција, Италија, Шпанија, Ирска, Шкотска, Шведска, Данска, Холандија, Швајцарија,

1 Anholt-GfK Nation Brand Index 2016, report from December 08, 2016, pdf, p.5.

Финска, Австрија, Белгија, Грција, Северна Ирска,
3. Централно-Источна Европа: Русија, Полска, Чешка, Унгарија, Турска, Казакстан,
4. Азија и Пацифик: Јапонија, Јужна Кореа, Кина, Индија, Тајланд, Индонезиа, Сингапур, Тајван, Австралија, Нов Зеланд,
5. Латинска Америка: Аргентина, Бразил, Чиле, Перу, Коломбиа, Еквадор,
6. Средно-Источна Африка: ОАЕ, Иран, Египет, Саудиска Арабија, Јужна Африка, Кенија, Нигерија, Катар.

Сите наведени 50 држави биле анализирани преку нивните интерни карактеристики, а како многу поодлучувачки во пресметување на вредноста на Бренд индексот имало влијанието на меѓународните случувања врз атрактивноста како место за вложувања и инвестиции.

2.БРЕНД ИНДЕКСОТ НА ДРЖАВИТЕ КАКО МОЖНОСТ ЗА ПРИВЛЕКУВАЊЕ ТУРИСТИ И ИНВЕСТИТОРИ

Како што претходно истакнавме, повеќе компании и агенции се издиференцирале како стручни за пресметување на Бренд индексот на државите. Помеѓу најпознатите се наведуваат: Анхолт-ГфК, Футур Брендс, Финанс бренд, Блум консалтинг (за туризам) и Блум Консалтинг (за трговија).

Во табела бр.2. презентирани се резултатите од истражувањата на пооделните истражувачки компании кои даваат податоци пооделно за секоја карактеристика на овој бренд индекс: иднината на државата, финансискиот аспект, репутацијата, туризмот, трговијата.

Anholt-GfK Roper (2014)	Future Brands 2014	Brand Finance 2014	Reputation Institute 2014	Bloom Consulting-Tourism 2014-15	Bloom Consulting – Trade 2014-15
Германија	Јапонија	САД	Швајцарија	САД	САД
САД	Швајцарија	Кина	Канада	Шпанија	Кина
В.Британија	Гермаанија	Германија	Шведска	Грерманија	В. Британија
Франција	Шведска	В.Британија	Финаска	Хонг Конг	Хон Конг
Канада	Канада	Јапонија	Австралија	Франција	Сингапур
Јапонија	Норвешка	Канада	Норвешка	Тајланд	Франција
Италија	САД	Франција	Данска	Австралија	Бразил
Швајцарија	Австралија	Индија	Нов Зеланд	Макао	Австралија
Австралија	Данска	Австралија	Холандија	Кина	Индија
Шведска	Австрија	Бразил	Германија	Италија	Канада

Табела бр.2: Резултати за бренд индексот на земјите според агенции, 2014-15 (Извор: Robert A.Saunders, (2016), Popular Geopolitics and the Nation Branding in the Post-soviet Realm, Amazon, p.53.)

Во презентираните резултатите за Бренд индексот на државите во периодот 2014 и 2015 година и т.н. индекс за јачината на земјата (Country Strength Index) се анализирани во однос на неколку карактеристики: владеење на законот, политичката слобода, квалитетот на образование, можности за вложување, квалитет на работна сила, туризмот и слично. Токму тука е релацијата помеѓу

Бренд индексот и можностите за инвестирање во некоја држава. САД се на прво место во три од шесте истражувани карактеристики, потоа е Швајцарија во две истражувачки карактеристики, а следат по нив Германија и Јапонија.

За Швајцарија може да се нотира дека:[2] Швајцарија е победник, таа има добиено 25 нобелови награди и води во светот по апликации за патенти и научни публикации по глава на жител.,, За неа се пишува, дека швајцарските домаќинства располагаат просечно со половина милион франци, повеќе од која било друга нација. Таа ги има во светот двете најголеми банки и 80 други швајцарски банки кои се распростанети со свои филијали во САД, за олеснување и избегнување на даночно затајување.

Индексот за "силата" на земјата се развивал преку понатамошно проширување на бројот на истражувани држави кои достигнал и до 118 држави во светот. Помеѓу другите компании, компанијата Футур бренд, (FutureBrand) била меѓу пионерите во развивање на овој пристап. Таа тргнувала од, истражување на хипотезата дека земјите корисно може да се сфатат како единство и збир на својот идентитет и углед (репутација). Исто како брендовите на производите, силната или слабата страна на перцепцијата на една држава влијае врз одлуките на луѓето да ја одберат како место за посета, за живеење или за инвестиција. Ова претпоставува обезбедување конкурентска предност на глобалниот пазар, преку туризмот, образованието и инвестициите (вложувањата), а тоа бара градење проактивен пристап за управување со бренд индексот. Во текот на последните 5 години, работењето во истражувањата на ова поле ја нагласија важноста на «земја (држава) на потекло» во разбирање на Бренд индексот на "државата како сила".

Овој Бренд индекс, станал водач во изборот на потрошувачот. Во истражувањата во последните години, што не само поради силината на брендовите, но и висината на индексите поврзани преку истражувањата за името на земјата, направиле силна промена во потврда на ваквата перцепција. Бидејќи луѓето активно преферираат производи и услуги кога се од одредени земји, дали се работи за купување автомобил, или вид на храна или носење на бренд облека, сето тоа може свесно да се одземе или намали само преку еден пресметан Бренд индекс на државата. Но, не само тоа, луѓето стануваат се повеќе заинтересирани во барање перцепција за силата и однесувањето кон висината на Бренд индексот. Со други зборови, овој показател многу влијае да може да се донесе конечна одлука: да направите бизнис вложување во некоја држава; да ја препорачате некому; или да ја посетите.

Држава	Рангирање според "Блум Консалтинг" – рангирање според **туризам** 2014 год Место во светот	Рангирање според "Анхолт"-**добар индекс** за државата 2014 год Место во светот
Македонија	152	55
Србија	103	62
Босна и Херцеговијна	133	70
Словенија	55	28
Хрватска	28	46

Табела бр. 3: Бренд индекс на државите од Западен Балкан (Извор: All Country Brand Index, Rankings, www.countrybrandingwiki.org)

2 The Naked Swiss, The Nations Behind 10 Myths, (2016), Amazon., p. 10.

Во приложената табела бр.3 се селектирани државите од Западен Балкан: Македонија, Србија, Босна и Херцеговина, Хрватска и Словенија. Од податоците може да издвоите дека: Хрватска и Словенија имаат подобар рејтинг и Бренд индекс на државата во однос на останатите три држави. Односно, Бренд индекс на државата е: 28 за Словенија и 46 за Хрватска. Македонија го бележи 55-то место за добар индекс на државата во 2014 год, Србија 62, а Босна и Херцеговина 70 место. Во однпос на индексот за туризам од истражувачката компанија Блум Консалтинг, Хрватска го има 28-то место, а Словенија 55 место. Во однос на индексот за туризам Македонија има индекс за 152 место, Босна и Херцеговина 133, додека за Србија постои податок103.

На карјот, тргнувајќи врз основа на претходно изложеното изведуваме неколку заклучоци: 1- повеќе агенции, компании и специјалисти се насочени кон истражување и пресметување на Бренд индексот на државите, 2- Се наметнува хипотезата дека државата може да се разбере во овој глобален свет како единствен бренд кој е збир на нејзиниот идентитет и репутација. Пионер во ова пресметување на податоци е компанијата Футур Бранд, 3- Кај Бренд индексот за „сила на државата" или пак, недостатоци на перцепцијата на државата може да постои силно влијание на изборот на потрошувачот или народот за посета или за инвестиција, 4- Бренд индексот на државата придонесува кон создавање на компетитивни предности на глобалниот пазар, на туризмот, инвестициите и едукација. Така се гради проактивен пристап кон создавање силен бренд и менаџмент за јакнење на брендот на државата. 5- Како конечен аргумент со други зборови кажано, големината на овој индекс е да овозможи силна перцепција која ќе влијае на донесување одлука за инвестирање во таа држава, и одлука за посета на таа здржава. Сепак, државите на Западен Балкан меѓу кои: Македонија, Србија и Босна и Херцеговина, треба повеќе да се посветат на подобрување на резулатите на овој показател, и поместување погоре кон местата со повисоки позиции.

ЗАКЛУЧОК

Бидејќи последните години Бренд индексот на државите се наметнува како значаен показател во одлучувањето каде ќе се вложува и инвестира, или каде ќе се патува, неговото пресметување бара специјализирани компании и специјалисти. Хипотезата дека државата може да се разбере во овој глобален свет само како единствен бренд кој е збир на нејзиниот идентитет и репутација е прифатлив и веродостоен. Пионери во ова се компаниите Анхолт ГфК и Футур Бренд. Ова ги развива компетитивните предности на глобалниот пазар на инвестиции, на туристичкиот пазар и образование и градење на проактивен бренд за менаџирање на државата. Силината на овој индекс е толку голема што овозможува силна перцепција која може да ја менува одлуката на потрошувачот. Државите на Западен Балкан, меѓу кои и Македониај треба да се посветат на подобрување на резулатите на Бренд индексот на државите.

ЛИТЕРАТУРА

1. Anholt-GfK Nation Brand Index 2016, report from December 08, 2016, pdf.
2. F.Go, R. Govers, (2015), International Place Branding Yearbook, Routledge.
3. Kinga Jentetics, (2016), The Creative Aspects of Country Branding", Amazon.
4. Katja Valaskivi, (2016), Cool Nations. Media and Social Imaginary of the Branded Country".Routledge.

5. M.Morley, (2016), The Global Corporate Brand Book, Amazon.
6. M.Roll, (2016), Asian Brand Strategy, Amazon.
7. T.Moilanen, S.Rainisto, (2013), How to Brand Nations, Cities, and Destinations: a planning book, Routledge.
8. Issues in Marketing, (2015) edition, Routledge.
9. Robert A.Saunders, (2016), Popular Geopolitics and Nation Branding in the Post-soviet Realm, Amazon.
10. The Naked Swiss, The Nations Behind 10 Myths, (2016), Amazon.
11. Vitoria Marino, Giada Mainolfi, (2014), Country Brand Management, Amazon.
12. Wang, Cheng Lu, (2014), Brand Management in Emerging markets, theories and practices, Amazon.

657.6-051:174

Доц. д-р Костадин Дуковски, e-mail: kostadin.dukovski@nextlevel.mk
Европски Универзитет, Скопје, Р. Македонија

Проф. д-р Павлина Стојанова, e-mail: p_vitanova@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола, Р. Македонија

Проф. д-р Ленче Петреска, e-mail: mr_petreska@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола, Р. Македонија

ВАЖНОСТА НА ПРОФЕСИОНАЛНИОТ СКЕПТИЦИЗАМ ВО ПРИСТАПОТ НА РЕВИЗОРОТ ЗА ОТКРИВАЊЕ НА МОЖНА ИЗМАМА ВО ФИНАНСИСКИТЕ ИЗВЕШТАИ

Апстракт: Процесот на ревизија се врши од страна на физички или правни лица законски регистрирани, наречени ревизори, кои вршат преглед и оценка на професионален начин, на информациите кои се однесуваат на одреден субјект, користејќи специфични техники и процеси, со цел да се добијат докази, наречени ревизорски докази, со помош на кои ревизорите издаваат документ наречен извештај за извршената ревизија, како и одговорно и независно мислење, со користење на критериумите за евалуација кои произлегуваат од законските прописи или од добрата практика, широко признати во работењето на субјектот. Финансиската ревизија претставува активност на испитување, со цел ревизорите да формулираат мислење за финансиските извештаи, во согласност со ревизорските стандарди. Целта на ревизијата е да му се даде можност на ревизорот да формулира мислење во врска со финансиските извештаи, за тоа дали тие во сите значајни аспекти, се изготвени во согласност со утврдената рамка за финансиско известување. При планирањето на нивната работа, собирањето и оценката на доказите за финансиските извештаи, ревизорите треба да размислат за ризикот од материјално погрешно прикажување кое е резултат на измама или грешка. Одговорен ревизор е ревизорот кој ја планира ревизијата со цел да се здобие со разумен степен на сигурност за присуството или отсуството од материјално погрешно прикажување во финансиските извештаи, кое е резултат на измама и грешки. Примената на професионалниот скептицизам, од страна на ревизорот, е важна во случај кога е насочена кон размислување за ризикот од материјално погрешно прикажување на измамата.

Клучни зборови: ревизија, финансиска ревизија, професионален скептицизам, одговорност, измама

THE IMPORTANCE OF PROFESSIONAL SKEPTICISM IN THE AUDITOR'S APPROACH TO DETECT POSSIBLE FRAUD IN THE FINANCIAL STATEMENTS

Abstrct: The audit process is carried out by the physical or legal persons legally registered, called auditors who inspect and evaluate professional manner, information pertaining to a specific subject, using specific techniques and processes in order to obtain evidence, called audit evidence to allow the auditors issued a document called

the audit report, as well as responsible and independent thinking, using the evaluation criteria derived from legislation or best practice, broadly recognized in the entity›s operations. The financial audit is an activity of investigation, auditors in order to formulate an opinion on the financial statements in accordance with auditing standards. The purpose of the audit is to give opportunity to the auditor to formulate an opinion on the financial statements, whether they are in all significant respects, been prepared in accordance with established financial reporting framework. When planning their work, gathering and evaluating evidence on the financial statements, the auditors should consider the risk of material misstatement which is due to fraud or error. Responsible auditor plans the audit to gain reasonable assurance of the presence or absence of material misstatement in the financial statements, which is the result of fraud and error. The application of professional skepticism by the auditor is important in the event that is geared towards thinking about the risk of material misstatement of fraud.

Key words: audit, financial audit, professional skepticism, responsibility, fraud

ВОВЕД

Одговорноста на ревизорите посебно се разгледува при утврдувањето на измамите и грешките. Порано насоки за овие прашања даваше МРС 240 "Измами и грешки", кој од 2004 година е изменет во правец на новите состојби и проблеми што се појавија во професијата. Меѓународниот стандард за ревизија 240, сега со наслов "Одговорност на ревизорот да ја земе предвид измамата во ревизијата на финансиските извештаи", на ревизорите им дава насоки во поглед на разгледувањето и откривањето на измамите и грешките. Овој стандард преставува камен темелник во опширната програма на IFAC насочена против измамите и поголемата корпоративна одговорност. Иновираниот стандард ги потсетува ревизорите дека треба да ги надминат природните тенденции - како што е претерана доверба во изјавите на клиентот и пристрасност во професионалното расудување, поради што бара на ревизорскиот ангажман да му се пристапи со поголема доза на професионален скептицизам. Професионалниот скептицизам всушност, значи ревизорот во текот на ангажманот, a priori, не треба и не смее да претпостави дека менаџментот е нечесен ниту, пак, да верува во неговата неиспитана и непотврдена чесност. Во манифестирањето на професионалниот скептицизам ревизорот, поради верувањето во чесноста на менаџментот, не треба да се задоволи со ништо помалку од убедливи докази. Во оваа насока, стандардот сугерира како ревизорите можат да научат да прифатат покритичен и поскептичен пристап во своите ангажмани особено за време на планирање на ревизијата и оценка на ревизорските докази. Поконкретно, МРС 240 инсистира "ревизорот да се однесува со професионален скептицизам за време на целата ревизија, препознавајќи ја можноста за постоење на материјално погрешно презентирани податоци како резултат на измами, и покрај неспорниот факт дека неговото акумулирано искуство во работењето со клиентот говори за чесност и интегритет на менаџментот и на оние задолжени за управување". [1]

ПРОФЕСИОНАЛНИОТ СКЕПТИЦИЗАМ И ОТКРИВАЊЕ НА ИЗМАМИ

Statement on Auditing Standards (SAS) No. 99, ја сумира важноста на професионалниот скептицизам во пристапот на ревизорот, за откривање на

1 ISA 240 The Auditorr's Responsibility to Consider Fraud in an Audit of Financial Statements, IASB, IFAC, February 2004, p.10

можна измама, првенствено поради карактеристиките на измамата. Примената на професионалниот скептицизам, од страна на ревизорот, е важна во случај кога е насочена кон размислување за ризикот од материјално погрешно прикажување на измамата. Професионалниот скептицизам, е став кој вклучува донесување на одлуки и критичко оценување на ревизорските докази.

Ревизорот, треба да ја спроведе должноста, со соодветен начин на размислување, за да ја признае можноста за постоење на материјално погрешно прикажување кое се јавува како резултат на измама и кое може да биде присутно, без оглед на минатото искуство со субјектот и без оглед на верувањето на ревизорот за чесност во управувањето и интегритетот.

Понатаму, со професионалниот скептицизам, се настојува да се утврди актуелното испитување, за тоа - дали прибавените информации и докази сугерираат дека материјално погрешното прикажување, поради измамата, се случило.[2] Професионалниот скептицизам, бара објективен став кон достапноста на докази, заради одржување на тврдењата на менаџментот (особено во областите кои се повеќе субјективни), како што е проценувањето на случајните загуби. Професионалниот скептицизам, подразбира да се биде подготвен, на пример, за ревизорски доказ кој му противречи на друг прибавен ревизорски доказ, информација која ја доведува во прашање веродостојноста на документите и одговорите на испитувањата да бидат употребени како ревизорски доказ, состојби кои можат да укажат на можна измама и околности кои упатуваат на потреба за ревизорски постапки, дополнителни на оние кои се бараат со МСР. Одржувањето на професионален скептицизам, во текот на ревизијата, е неопходно ако, на пример, ревизорот сака да ги намали ризиците од:[3]

- Превид, на невообичаени околности;
- Прекумерно генерализирање, при донесување на заклучоци од ревизорските набљудувања;
- Користење несоодветни претпоставки, при утврдување на природата, временскиот распоред и обемот на ревизорските постапки и оценување на нивните резултати.

Професионалниот скептицизам е неопходен за критичко проценување на ревизорскиот доказ. Ова вклучува, испитување на противречни ревизорски докази и на веродостојноста на документите и одговорите од испитувањата и други информации, прибавени од раководството и оние кои се задолжени за управување. Исто така, вклучува разгледување на достапноста и соодветноста на ревизорски докази, прибавени во дадени околности, на пример, во случај кога постојат фактори за ризик од измама и кога единствен документ, кој по природа е чувствителен на измама, е единствениот поткрепувачки доказ за материјален износ од финансиските извештаи.

Ревизорот, може да прифати евиденција и документи, како автентични докази, освен ако ревизорот нема причина да верува во спротивното. Сепак, од ревизорот се бара да ја разгледа веродостојноста на информациите кои ќе се користат како ревизорски докази. Во случаи на сомнеж, во врска со веродостојноста на информациите или на укажувања за можна измама (на пример, ако условите идентификувани во текот на ревизијата се причина ревизорот да верува дека одреден документ не е автентичен или дека одредбите во документот може да се фалсификувани), МСР бараат ревизорот дополнително да ги истражи и да утврди

2 American Institute of Certified Public Accountants, Statement on Auditing Standards (SAS) No. 99,par.13
3 Soltani B., Auditing – An International Approach, Pearson Education, London 2007, p.187

какви модификации или дополнувања на ревизорските постапки се потребни за да се реши прашањето. [4]

Од ревизорот не може да се очекува да го запостави минатото искуство на чесност и интегритет на раководството на ентитетот и оние кои се задолжени за управување. Сепак, верувањето дека раководството и оние кои се задолжени за управување се чесни и имаат интегритет, не го ослободува ревизорот од потребата да го одржи професионалниот скептицизам ниту, пак, му дозволува на ревизорот да се задоволи со помалку од убедливи ревизорски докази, при стекнување на разумно уверување.

Ревизорите, мора да бидат професионални и стручно подготвени за вршење на ефективна ревизија и тие треба да имаат темелно разбирање за компанијата и за нејзината индустрија. Бидејќи, секоја компанија се одликува со посебни карактеристики и уникатност, ревизорите се тие кои треба да ги разберат важните карактеристики на една компанија. Познавањето на компанијата и нејзините комплексни и различни трансакции, претставува кумулативен напор, поради што ревизорскиот тим треба да располага со лица кои имаат посебни вештини и експертиза, а кои се неопходни за справување со голем број техничко-ревизиски области. Голем дел од овие области се доста широки и бараат посебни ревизорски познавања, вклучувајќи ја внатрешната контрола и финансиското известување. Други области, пак, бараат специјализирани знаења за форензичкото сметководство, познавања од областа на даноците, информатичката технологија, сложени сметководствени и финансиски известувања, во областите како што се дериватите и вреднувањата како и статистичките техники. Професионалните стандарди за ревизија, бараат ревизорот да ја задржи независноста, бидејќи тоа е од суштинско значење за професијата со која јавноста пред сè ја одржува довербата во независноста на независните ревизори. За да може да бидат независни, ревизорите мора да бидат интелектуално чесни, а да бидат признаени како независни, мора да бидат ослободени од каква било обврска или интерес кон клиентот, неговото управување или сопствениците.[5]

Во јануари 2003 година, побарано е од страна на Sarbanes-Oxley Act, донесен во 2002 година, SEC да ги утврди правилата за независност на ревизорите, SEC регистранти. Во тие правила, комисијата одредува три основни принципи на независност, во поглед на услугите. Во случај, ако ревизорите не ги почитуваат правилата, ќе доведе до нарушување на независноста на ревизорот, при што на ревизорите нема да им се дозволи да функционираат во улога на управувањето. Исто така, на ревизорите нема да им се дозволи да вршат ревизија на својата работа, и на ревизорите нема да им се дозволи да ги застапуваат нивните клиенти.

Овие општи принципи и посебни правила, за работата на ревизорите, се основани со цел да се зголеми независноста на ревизорите, односно да се обезбеди сигурност дека тие ќе размислуваат и ќе дејствуваат објективно, заради поттикнување на довербата кај јавноста.

Рамката, која ја разгледуваат ревизорите, вклучува професионален скептицизам и неколку други елементи што треба да се земат предвид при оценувањето, од страна на ревизорот, за ризикот од материјално погрешното прикажување, предизвикано од грешка или од измама која гласи:

» S - скептицизам

4 Исто, оп.цит., стр. 187

5 American Institute of Certified Public Accountants, AICPA Professional Standards-U.S. Auditing Standards-AU § 220, Independence, par. 3.

» P - комуникациско испитување
» A - анализа
» D - документација
» E – евалуација.

Скептицизмот нагласува дека ревизорот треба критички да ги оцени ревизорските докази и да го утврди актуелното испитување. Комуникациското испитување, вклучува истрага и дискусија со ревизорскиот тим, персоналот на компанијата и одборот за ревизија. Истрагата и дискусијата, не се единствените средства на располагање за да им се помогне на ревизорите да добијат одредени докази. Кога пребарувањата се проникливи и инкорпорирани со скептицизам, ревизорот е поверојатно да ги добие саканите докази. Анализата, може да обезбеди одлични ревизорски докази во првичното планирање, обемот, проверувањето и ревизијата на проектот. Постојат многубројни видови анализи кои можат да се вршат, како и алатки што можат да се користат за вршење на анализа, а ревизорите мора да бидат свесни за сите нив, со намера да ги користат колку е можно поефикасно.

Документацијата му овозможува на ревизорот да се опише работата, и претставува основа, која е потребна, и должност на ревизорот. Тоа е најдобриот начин да се дозволи соодветна оцена за извршувањето на ревизијата како одговор на ризикот, со кој се соочуваат ревизорите, за понатаму да се утврди - дали дополнителниот ризик кој се јавува е идентификуван за време на извршувањето. Евалуацијата е од суштинско значење, во сите фази на ревизијата, како што е чинот на оценување докази добиени земајќи ги предвид другите фактори околу компанијата, како што се економијата, индустријата и внатрешните контроли. Секој од овие елементи е моќна алатка која треба да ја разгледа и да ја користи ревизорот, во текот на ревизијата.

ЗАКЛУЧОК

Претпоставката на одговорноста за работата што ја вршат ревизорите е репер за квалитетот во професијата. Ревизорите мора да продолжат да ја прифаќаат одговорноста за работата што тие ја вршат и да бидат подготвени да се бранат себе си, доколку дојде до причинување на загуби за клиентот и останатите засегнати страни. Но, прифаќањето на одговорноста за сопствената работа е едно, а прифаќањето на нечија друга грешки или измама, веројатно, нешто сосема друго. Овој момент е особено важен, бидејќи ревизијата, за разлика од другите професии, вклучува давање на мислење за предметот на работа, главно збир на финансиските извештаи, што е подготвен од страна на друго лице. Карактеристичноста на оваа ситуација произлегува од таму што, ревизијата секогаш ќе има инхерентни ограничувања и никогаш нема да биде во можност да понуди целосна гаранција на финансиската состојба на клиентот. Ревизорската професија мора да биде подготвена да одговори на потребите на засегнатите страни и на загриженоста на регулаторите, преку превземање нови одговорности. Професионалниот скептицизам е од фундаментално значење за улогата и ефикасноста на ревизорите. Примената на професионален скептицизам во текот на ревизијата е темелен аспект на квалитетот на ревизијата и интегритетот на процесот на ревизија. Висок квалитет на ревизија од страна на независни и објективни ревизори е клучот за ефективно функционирање на пазарите на капитал и за заштита на инвеститорите и јавниот интерес.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. ACCA, Audit reform: aligning risk with responsibility, May 2011
2. AICPA: Codification of Statements on Auditing Standard, AICPA, New York, 2001
3. Андрић М., Крсмановић Б., Јакшић Д.,: Ревизија – теорија и пракса, Суботица 2004
4. Boynton W.C., Johnson R. N., Modern Auditing, John Willey and Sons, 2006
5. Glover, S.M., D.F. Prawitt, Enhancing Auditor Professional Skepticism, Brigham Young University,2013
6. IFAC Handbook, Technical Pronouncements, IFAC, New York, 2005
7. ISA 240 The Auditorr's Responsibility to Consider Fraud in an Audit of Financial Statements, IASB, IFAC, February 2004
8. Ljutić B., Revizija – Logika, principi i praksa, MBA Press, Beograd, 2005
9. Messier W. F.: Auditing & Assurance Services, A Systematic Approach, Irwin/ McGraw-Hill, Boston, 2000
10. PCAOB, Maintaining and applying professional skepticism in audit, Staff Audit Practice Alert No.10, 2012
11. Sikka P., Financial crisis and the silence of the auditors, Accounting, Organizations and Society, Elsevier Ltd. 2009
12. Sikka P., Globalization and its discontents: Accounting firms but limited liability partnership legislation in Jersey. Accounting, Auditing and Accountabilirty Journal, Vol. 21, Issue 3, 2008
13. Soltani B., Auditing – An International Approach, Pearson Education, London 2007
14. Quick, R., Turley, S. and Wilekens, M., Auditing, Trust and Governance: Developing regulation in Europe. Routledge, London. 2008

005-057.54

Д-р Јордан Ѓорчев
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола, Р. Македонија

Проф. д-р Душан Николовски
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола, Р. Македонија

Доц. д-р Љупчо Вчков
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе - Битола, Р. Македонија

МЕТОДОЛОШКИ КОНЦЕПТ ЗА ИЗБОР НА КОНСУЛТАНТ ЗА СИСТЕМ НА МЕНАЏМЕНТ

Апстракт: Низ историјата на развојот човечштвото се соочува со бројни неизвесности, а со тоа и потребата од ангажирање и избор на консултант за реализација на систем на менаџмент завзема се понагласено место во пазарната економија.Во трудот е објаснет (опишан) меѓународниот стандард ISO10019: 2005 во кои се дадени и насоки за избор на консултант за систем на менаџмент за квалитет и користење на неговите услуги при самата реализација на системот менаџмент за квалитет.Потребата од проекција од методологија за избор на консултант ви поново време, поготово со глобализацијата на пазарот завзема се позначајно место и улога во растот и развојот на економските односи на секоја држава.Воведувањето на институцијата консултант на систем создавање на систем на менамџент, претставува предизвик на придобивка на организациска ефективност.Овој стандард во индустриската пракса при секој избор е со поголема ангажираност на прав,односно компетентен менаџмент.

Клучни зборови: квалитет, систем,менаџмент,консултант, лиценцирање.

METHODOLOGICAL CONCEPT FOR SELECTING A CONSULTANT FOR SYSTEM MANAGEMENT

Abstract: Throughout the history, development of mankind faces many uncertainties, and for that reason, there is the need for hiring and selecting a consultant for the implementation of the management system and which considerably takes place in a market economy. In this paper is explained (described) international standard ISO10019: 2005 in which are given guidelines for selection of a consultant for a system of management for quality and use of its services during the realization of system management for quality. The needs for projection methodology for selection of consultant lately, especially with the globalization of the market takes more significant place and role in the growth and development of economic relations of each country. Implementing of the institution consultant of system management, is a challenge within an achievement of organizational efficiency .This standard in industrial practice in every choice ,is with a greater commitment of correct or competent management.

Keywords: quality, system management, advisor, licensing.

ВОВЕД

Во развојот на бизнис практиката, не е за изненадување и сеуште се сретнува да одредени директори, претприемачи, бизнисмени, како најмалите така и од средните фирми, да не се располага со доволно соодветни информации за процесот „оцена на производот„ не поседуваат доволен квантум на информации за да учествуваат во таков процес, бидејќи за тоа треба да се располага со посебни знаења, но и расположливо време и пари. Ако средствата односно паричните средства сеуште можат да се обезбедат тогаш сигурно е дека на бизнисмените не им недостасува знаење, а со расположливото време тешко може да се пофали било кој во ова динамично време, а најмалку можат да се пофалат оние кои работат и за време на викендот. Кога станува збор за знаење се мисли „компетентност". Знаењето, односно компетентноста за реализација на менаџмент системот, подразбира промена на менаџмент систем. Најчест излез од таква ситуација користењето на корисностите во било која форма на ангажираност. Екстерната консултација е добро дојдена скоро секогаш, а особео е погодна ако станува збор за наечија специфична услуга, производ и слично која носи голем ризик за крајниот корисник.

Екстерната консултанска помош од компетентната институција поготово е потребна ако производот носи голем ризик по безбедноста на крајниот потрошувач на производот. Таков случај се прехрамбените производи, односно производите од прехрамбената индустрија за кои пазарот од производителите бара интегрална примена на сертификација на системот менаџмент за квалитетот и ХАСАП системот или кај производителите кај автомобилската индустрија кај кој кои често се бара интегрирање на дури три системи на менаџмент според стандардите на ISO 9001, ISO /TS 16949 и ISO 14001. Потребата од наметнатата регулатива како потреба за намалување на трошоците или барањата на партнерите, ја наметнуваат потребата една страна на формите се почесто во редовните системи се и системот за управување со безбедноста на своите потреби, односно безбедност при работа според моделот OXCAC 18001.

ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ЗНАЕЊЕ НА СИСТЕМ МЕНАЏМЕНТ

Во процесот на транзицијата, поготово на нашиот пазар, образовната услуга, надвор од регуларниот национален школски систем, ја вршат бројни институции, организации, здруженија и сл. Тоа се врши преку постојани понуди на курсеви и семинари кои се проблематички врзани со управување на квалитетот. Ваквите понуди се доста големи, но сепак се забележува дека таа не е разновидна, а не е доволно и структуирана за да се достигне потребното ниво (обем) на знаење за самостојна примена на системите на менаџментот. На нашиот пазар најчесто се застапени информативните семинари со дозирани информации за стандаирдизирани системи на менаџментот, било да се работи за квалитет или некој ризик со опасност како што е случај со појава на загадување на животна средина (почва, храна, вода, и сл.) повреда во работните средини, а во поново време и теми од областа на управување со ризик.

Од семинарската понуда заинтересираниот менаџер по правило добива реклама за користење на консултантски услуги, и тоа најчесто од самиот предавач на семинарот. Мал е бројот на систематски уредени целовити курсеви кои што навистина му овозможуваат на посетителот да научи што му треба и како да работи покрај тоа што валидноста на понудата на курсевите е најповолна тие

кога се организираат вообичаено траат повеќе седмици, една по друга, а тоа пак активира уште еден ограничувачки факотор посебно кај менаџерите инволвирани во малиот и средниот бизнис. Тие во недостаток на време при што во исто време во фирмата извршуваат повеќе задачи, функции и слично, а заради семинарот треба да одсуствуваат од работа повеќе денови, ја прави атмосферата (климата) за работа напната, бидејќи се во трка со времето. Во светло на ова да не се споменуваат уште потребите со стекнување на знаење до повисоки степени на едукација, а тоа пак бара повеќе пари и време.

СТАНДАРД СИСТЕМ МЕНАЏМЕНТ НА ОРГАНИЗАЦИЈА

Менаџерите на фирмите во денешно време веќе имаат на располагање „ помош" при избор на компетентен консултант на систем менаџмент за квалитет. Услугата за помош е содржана во стандард ISO10019. Како и при секој избор при повеќе можности понудите за консултански услуги за систем на менаџмент ги има повеќе на барањата на нашиот пазар и треба да се насочат кон прав консултант, односно компетентен консултант.

Без разлика од можноста на понудата дали се работи за добивање на тендер за испорака на производ на голем купувач или за поголем удел за целиот пазар или се работи за зачувување на лојалноста на пазарот (купувачот) заради заканување на заканувачката конкуренција во трудот се прикажуваат можностите кои стојат на располагање пред менаџерите во фирмите за да направат прав ибор на консултант за помош при реализацијата на менаџмент системот, однодно интегриран менаџмент систем.

Стандардот ISO10019 се однесува за консултанти на систем менаџмент за квалитет, но критериумите за избор на консултант се доста општи и истите можат да се користат и за релаизација за било кој систем на менаџмент чувајќи го и неговото интегрирање со соодветно прилагодување. Споменатиот стандард е наменет за организации кои настојуваат да го применуваат системот менаџмент консултант, бидејки тој дава упатство за вреднување на компетентноста на консултантот како и стекнување на доверба дека за потребите и очекувањата на организацијата во врска со косултанстакта услуга ќе биде исполнета во целост. Споед стандардот ISO10019 реализацијата на системот менаџмент претставува процес за воспоставување на документација за документирање на таквиот систем базиран врз стандардизирани модели. Во реализацијата на системот менаџмент за квалитет консултантските услуги односно помош се соджани во една или повече активности, а тие се :

- Дефинирање на намените и барање во врска со системот менаџмент за квалитет
- Оценка за појдовната оценка односно вреднување на деловниот систем
- Планирање на процесот на системот за менаџирање на репродуктивните процеси
- Проектирање и развој на системи по пат на дефинирање и документирање на потребните процеси
- Примена на документација на системот и набљудување на системот за промена на документацијата
- Постојана едукација, обука и одржување на континуирано подобрување на менаџмент системот

Консултант за систем на менаџмент според споменатиот стандард е

„стручна основа што помага на организацијата во реализација на системот менаџмент“ давајќи при тоа релевантни совети и информации за предметната работа. Консултантот може да дава совети и информации во врска со целиот збир на актовности при реализација на целиот систем на менаџмент или само за дел од поедини активности, односно поединци од наведените активности. Компетентноста на консултантот по дефиниција наведена во стандардот ISO 9000 е покажаната способност за примена на поседуваното знаење и вештини во врска со консултантски услуги.

ВРЕДНУВАЊЕ НА ИНСТИТУЦИЈАТА КОНСУЛТАНТОТ

Вреднувањето на консултантот се дефинира преку компетентноста на консултантот, а компетентноста се состои од : образование, знаење, вештини и пракса врзани за предметната услуга која може да се вреднува по пат на критериуми. Во стандардот ISO9000 за секој елемент на компетентност се презентирани атрибутивни односно описни критериуми. Вреднувањето на компетентноста на консултантот се врши преку разгледување на следните елементи :

- Личност : лични особини и карактеристики на особата во институцијата „консултант“
- Соодветно формално образование стекнато во националниот систем на државата
- Знаење и вештини специфичн за системот менаџмент за квалитетот на работа
- Работно искуство, односно пракса мерена преку години на работа и менаџмент системот на квалитет
- Професионална етика и деловна комуникација и соработка

Секој елемент се опишува преку збир на критериуми кои што треба да се исполнат заради утврдување на степенот, давањето на лиценци за работа во професијата како консултант во системот на менаџмент со квалитет.Барањата можат да се наметнат како задолжителни затоа постојат низа на критериуми кои треба да ги исполни консултантот за систем на менаџмент.Вреднувањето на секој од наведените елементи со помош на збир од критериуми со доделување на оценка може да се доведе до збирна оцена за компетентност на консултантот.

Ваквата оцена бидејќи произлегува од меѓународен стандард можат согласност за работа како консултанти можат да добијат скоро сите страни кои се заинтересирани за располагање со објективен доказ за компетентноста на консултантот.

Лични особини: Личните особини треба да придонесат за успешност на консултантот во работата.Тие се значајни за делигирано пренесување на знаење и умеење на вработените во организациите кои користат консултантски услуги. Консултантот е учител ,односно лидер на тимот составен од вработени кои треба да се реализира системот на менаџмент за квалитет. Познато е дека системот на менаџмент се реализира по пат на истоимен проект во кој екстерниот консултант треба да ја има улогата на лидер,а не реализатор, односно менаџмент на проектот, кој го избира највисокото раководство во организацијата од своите редови да го води проектот неговата крајна цел.

Во таквиот случај консултантот мора да има такви особини кои ке му осигураат професионално влијание, углед кои се неопходни да се претпоставениот за квалитет од претпријатиетso го насочува тимот кон претпоставената цел.

Таквата улога консултантот ке ја има и најдобро ке ја одигра ако поседува или ги содржи следните лични особини:

» моралност : исполнетост ,како чесност, вистинитост, искреност, со дескретен однос кон клиентот, односно корисникот на услугата
» испоплнетост како соединение за културата и вредностите на организацијата , нејзиното опкружување и нејзините одзиви на побудите од тоа опкружување,
» преникливост, како способност за идентификација и разбирање на потребите за и подобрувње на организацијата,
» прилагодливост: способност за прифатливост на различно влијание во која може да се најде при давање на стручна помош,
» истрајност: како способност за постојаност и среденост за достигнување на крајната цел,
» одлучност: способност за донесување на правовремени заклучоци базирани на логичко резонирање и анализи,
» самостојнст:способност да делува, влијае и да функционира незафисно а воедно да соработува делотворно со другите
» комуникативност: способност делотворно да соработува со вработените на сите нивоа во организацијата
» практичност:способност за воспоставување на реален однос кон работата и ефикасно користење на времето
» одговорност: способност за прифаќање на одговорност да одговара за своите сопствени постапки

Образование: косултантот треба да има одреден степен на образование стекнато преку соодветен систем на школување во националните образовни системи или не помалку од средношколско образование, знаење и вештина. Сегашното знаење и вештина кои треба да ги поседува консултантот на систем на менаџмент треба да се гледаат преку специфичноста на системот на менаџмент, познавањето на системот за стратификацијата и акредитацијата, познавањето на принципите на менаџментот за квалитет,методологија и техника, знаење и вештина специфични за организацијата , познавања на барањата за производи и процеси и организација на работата и праксата на менаџментот во смисла на функција на раководење и сл.

Специфичност: Консултантот треба да е способен да разбере и да ја протолкува примената на релевантните стандарди за системите на менаџментот кој можат да бидат од интерес за организациите корисници на консултантските услуги. Покрај тоа мора да се познава и стандард ISO19011 во кој се опишани насоките за проверка на системот менаџмент како и преостанатаите спрецифични стандарди, а тие се :

» специфични за областа на делувањето на организацијата на која се дава услугат
» за системи на управување со мерење
» процесот на акредитација на дејноста
» оценување на усогласеноста
» за менаџмент на издржаноста
» се исто се однесува на безбедноста .

Консултантот исто така треба да располага со знаење за упатство на организацијата ISO кој таа ги подготвува како дел на стандардизацијата на

пропратна документација за помош и примена на релевантна серија на ISO стандардите , типичен пример е таканаречен пакет на документација за поддршка која се препорачува во примената на стандардот во серија ISO 9000

Консултантот треба да располага со познавање на системите за сертификација и акредитација на знаењата, односно консултантот треба да има општо знаење од областа н а стандардизација на стандардот и систематизација, за сертификација и акредитација на национално меѓународно ниво пример ISO/IES – упатство 62 и друго.

Процесите и процедурите за сертификацијата на производот, системот, и особините на национално ниво.

Консултантот треба да има познавање на принципите за менаџмент и истиот да е способен да ги примени принципите на менаџмент за квалитет, методиката и техниката во практичноста. Поточно консултантот треба да има познавање-способност за примена на принципи, методологија и техника во следните области:

» принципи на менаџмент за квалитет
» алатки и техники за постојано подобрување
» статистички методи и технички алатки за квалитет
» методологија и техника за проверување
» принципи за економија за квалитет
» техника за тимска работа
» методологија за поставување на политика
» методологија на ПДЦА
» техника за мерење на процеси(процесна метода)
» техника за решавање на проблеми
» техника за набљудување на задоволството на корисникот
» техника за собирање на идеи (деловна метода).

ЗНАЕЊЕ И АПЛИКАЦИЈА НА ОРГАНИЗАЦИСКИ БАРАЊА

Знаење: За обезбедување на делотворна консултантска услуга и реализација на системот за менаџмент на квалитет,важно е познавањето апликацијата за регулатива и другите нормативни документи кои се однесуваат на нив.Сепак не може да се очекува од консултантот за систем на менаџмент за квалитет, пред да започне со своите услуги да има и искуство во примената на своето знаење. Вообичаено се бара и очекува познавање на апликацијата за регулатива и другите нормативни документи кои се однесуваат на производите на организацијата како што е случај со стандардите ISO 9001.

Апликација: Консултантот треба да има доволно знаење за производствената организација, нејзините процеси и очекувањата на корисниците , пред за почнување на на своите консултантски услуги.Исто така треба да ги разбере клучните фактори во врска со производствениот сектор во која работи организацијата. Тој треба да биде сособен да го примени своето знаење на:

» утврдување на клучните карактеристики на процесот во организацијата и производите кои се однесуваат на неа,
» разбирање на редоследот и меѓусебното делување во процесот на организацијата и нивното дејство на исполнување на апликацијата за производ,
» разбирање на терминологијата на специфичното сектор во кој делува организацијата,
» разбирање на природата на структурата, функцијата и врската во

организацијата
» разбирање на стратегиската врска помеѓу производствената цел и потребните ресурси за нивното достигнување

МЕНАЏМЕНТ И РАБОТНО ИСКУСТВО

Пракса: Консултантот треба да поседува знаење за соодветната пракса на менаџментот, за да се разбере како системот на менаџмент по квалитет се вклопува во вкупниот систем на менаџмент на организацијата и какво е нивното меѓусебно дејствување вклучувајки ги човечките ресурси.Треба да знае да процени како менаџментот како систем се проектира и развива, заради ефикасно и ефективно остварување на целите на организацијата.

Искуство: Консуктантот треба да има соодветно работно искуство во раководните,професионални или технички аспекти на консултантските услуги кои ги дава.Во случај да поседува диплома за завшено средно образование, треба да има најмалку 6 години работен стаж во струката за која е редовно школуван. Во случај да поседува факултетска диплома во основните, било технички или друштвени ануки, потребно е за две години помалку работен стаж,односно најмалку 4 години работа на струката.Овие се само препораки дадени од стандардите, што значи дека овој елемент може да се вреднува и во други критериуми, поголеми бројчани вредности од дадените.

Релевантното искуство на консултантот може да содржи и комбинација на нешто од следно(и тоа искажано со број на години):

» искуство во струката
» искуство во менаџментот
» искуство во квалитетот на менаџментот
» искуство во проверување на сиостемот на менаџмент квалитетот
» искуство во примената на системот на квалитетот на менаџментот во една или повеќе следни улоги
» давање консултантски услуги
» како претставник на раководството за квалиетот на систем менаџмент
» извршување на функцијата која се однесува на квалитетот на систем на менаџмент

ДОПОЛНИТЕЛНИ ДОКАЗИ ЗА КОМПЕТЕНТОТ

Консултант: Консултант за систем квалитет на менаџментот треба да ја одржува и подобрувасвојата компетентност на начини како што се;доплонително работно искуство,проверување,обука,постојано образование,самоусовршување, обука со ментори, посетување на професионални собири,семинари и конференции.Сигурно континуирано професионално усовршување треба да биде во склад со развојните области во врска со кои се консултантските услуги. Тоа значи дека врв на усовршувањето треба да биде системот на менаџмент за квалитет, односно инфраструктурата за квалитет.

Етика: Моралот на консултантот се истакнува како важна лична особина, која треба постојано да се подобрува.Со моралните норми човекот се учи уште во семејството, потоа на училиште, фирмата и на крајот во општеството.Моралните норми се вредности на социјалното однесување на човекот, кои се длабоко вкоренети во свеста и традицијата на секоја заедница , од семејството до државата. Тие ретко но сепак се менуваат со развојот на општеството, особено политичките

и економските па и културните однпоси на луѓето кои го сочинуваат општеството. Сепак стандардот го потсетува менаџерот дека бара од консултантот експлицитна изјава во врска со следните етички прашања:

- » избегнување на било какви судири на интереси од влијанието на консултантските услуги кои треба да се извршат
- » чување на доверливи информации добиени или земени од организацијата на која се даваат консултантските услуги,
- » независноста од од телата за сертификација на системот за квалитет на менаџментот или акредитираните тела,
- » непристрасноста при изборот на сертифицираните тела од страна на организацијата,
- » давање на реална цена за испорачаните консултантски услуги
- » создавање на непотребна зависност од нивнат ауслуга,
- » искреност во поглед на евентуалните сопствени некопетентности за некои елементи на консултантските услиги.

ЗАКЛУЧОК

Опишаните идеи за вреднување на компетентноста на консултантите , посебно оние кои се однесуваат на специфичните знаења и вештини во врска со квалитетот, можат да се добијат или квалификуваат на друг погоден начин. Исполнување на критериумите во случај на стекнување на лиценца или права за работа во професијата на консултантите, би можело да ги оценува неутрална и независна институција.Стекнување на права, а исто така и губење на правата, би можело да се средуваат со постапката, заснована на утврдените начела и правила.

ЛИТЕРАТУРА

1. Меѓународни стандарди ISO 10019: 2005 Guidelines for the selection of guality management system and use of their services"ISO 2005 Geneva
2. Димов Димко,Менаџерска економија,Прилеп,Економски факултет,1999
3. Николовски Душан ,Деловна организациска култура во процесот на глобализација:Зборник на научни трудови од Втората меѓународна научна конференција „ Меѓународен диалог :Исток – Запад ,(култура,славјанство и економија)"292-297,Свети Николе, Република Македонија:Корпоративен меѓународен славјански универзитет „Г.Р.Державин"2011.
4. Николовски Душан,Менаџмент на иновациски перформанси во организациите,Економија и бизнис (Скопје) 2010
5. Николовски Душан, Организациско однесување -основи,Меѓународен центар за славјанска просвета, Свети Николе 2016

336.14(497.6)

Ibrahim Obhođaš, Ph. D., e-mail: ibrahim.obhodjas@unvi.edu.ba
Sveučilište/Univerzitet "Vitez" Vitez, Bosna i Hercegovina

Hadžib Salkić, Ph. D., e-mail: hadzib.salkic@unvi.edu.ba
Sveučilište/Univerzitet "Vitez" Vitez, Bosna i Hercegovina

PRIMJENA REGRESIONE ANALIZE U UTICAJU FDI, STOPE NAZAPOSLENOSTI NA BUDŽET BOSNE I HERCEGOVINE

Sažetak: Zemlje u razvoju, među kojima spada i Bosna i Hercegovina, su sklone većem zaduženju u cilju izgradnje puteva i razvoja prrivrede. Bosna i Hercegovina posljednjih godina se intenzivnije zadužuje kod međunarodnih kreditora, te je za očekivati da se život građana uz to zaduženje poboljša. Također indiraktori razvoja mogu se mjeriti kroz stopu nezaposlenosti i visinu državnog budžeta. Shodno tom zaduženju, očekivati je da se budžet poveća, a stamim tim stopa nezaposlenosti smanji.

Cilj ovog rada jeste dokazati da proces zaduženja u Bosni i Hercegovini ne teče onako kako bi bilo poželjno, tj. ne smanjuju se negativni trendovi stope nezaposlenosti, a niti se budžeti značajno povećavaju. Ovi negativni trendovi pokazuju da povećanje stope zaduženosti ne utiče na razvoj ekonomije, već ta sredstva uglavnom služe za pokrivanje deficita u budžetu, pa shodno tome ne ostaje prostora za razvojne projekte, koji bi služili za obezbjeđenje vraćanje kreditnih sredstava.

Međunarodni kreditori obezbjeđuju povrat sredstava kroz uvođenje dodatnih poreza, akciza i drugih nameta, što ima negativan uticaj na život građana. Ovi trendovi donose i smanjenje potrošnje, što ima negativn immplikacije na ekonomiju i novčane tokove, a samim tim i na punjenje budžeta od prihoda na osnovu poreza. Iz čega se može zaključiti da mjere koje se poduzimaju dugoročno nisu popularne i sigurno će imati negativne uticaje na ekonomiju.

Regresiona analiza će nam pokazati koliki uticaj imaju državni budžet i stopa nezaposleenosti na zaduženje Bosne i Hercegovine. Ovom analizom će se pokušati dokazati da uticaju zaduženosti i nezaposlenosti na budžet nisu veliki, te da je beta koeficjent nizak, što samim tim pokazuje da zaduženje kod međunarodnih kreditora ne povećava budžet u mjeri u kojoj se zadužuje, niti se stopa nezaoslenosti smanjuje.

Ključne riječi:Budžet, Zaduženje, Analiza, Regresija, Stopa nezaposlenosti.

APPLICATIONOFREGRESSIONANALYSISIN THEINFLUENCEOF THE FDI, UNEMPLOYMENTRATE ON THEBUDGET OFBOSNIA AND HERZEGOVINA

Abstract: Developing countries, among which is Bosnia and Herzegovina, are prone to greater indebtedness in order to build roads and to fuel economic development. Bosnia and Herzegovina in recent years has intensively borrowed from international creditors, and it is expected that the quality of life of its citizens improve. Indicators of development can be measured by the unemployment rate and the amount of the state budget. In accordance with this assignment, it is expected that the budget increase, and thus reduce the unemployment rate.

The goal of this paper is to prove that the process of debt in Bosnia and Herze-

govina does not flow as would be desirable, i.e. It does not reduce the negative trends in the unemployment rate, nor are budgets significantly increased. These negative trends show that increasing the rate of indebtedness does not affect the development of the economy, but these funds are mainly used to cover the deficit in the budget and therefore there is no room remaining for development projects, which would be used to secure the return of loan funds.

International lenders provide a refund through the introduction of additional taxes, excise duties and other levies, which do have a negative impact on quality of citizens' lives. These trends bring a price drops, which have negative implications for the economy and cash flows, and therefore in filling of the budget by the income though taxation. We can conclude that the measures taken are not popular in the long term and will have negative impacts on the economy.

Regression analysis will show us what impact does the state budget and the unemployment rate have on Bosnia and Herzegovina's dept. This analysis will try to prove that the impact of debt and unemployment on the budget is not big, and that the beta coefficient is low, which therefore shows that borrowing from international lenders does not increase the budget to the extent of borrowing, nor the unemployment rate decreases.

Keywords: budget, debt, Analysis, Regression, unemployment rate.

UVOD

Mnoge pojave u poslovanju, privredi i dr. područjima djelatnosti u međusobnoj su vezi. Zajednička promjena pojava zove se kovarijacija. Zadatak statistike je da opisuje stepen i oblik kovarijacije među pojavama. Odnosi između pojava mogu biti funkcionalni i statistički. Ako je odnos između pojava uz date uslove postojan riječ je o zakonitosti koja se izražava nekom funkcijom. Pokušamo li taj odnos izraziti nekom funkcijom doći ćemo do teškoća u njenom tumačenju i primjeni.

Funkcionalne povezanosti između pojava smatraju se najjačim, a statističke slabijim. Cilj istraživanja odnosa pojava jeste da se utvrdi analitički izraz kojim se opisuje statistička zavisnost. U tu svrhu primjenjuju se metode regresione analize, koje se baziraju na modelu (jednačina ili skup jednačina). Oblik modela zavisi od konkretnog slučaja. U našem slučaju, uticaj, državnog budžeta i stope nezaposleenosti, u osnovi, na stopu zaduženja.

U ovom primjeru, stopa javnog zaduženja predstavlja vrijednost zavisne promenjljive (y), a državni budžet i stopa nezaposlenosti predstavljaju vrednosti nezavisne promenjljive (x). Da bi se sprovela statistička analiza modela neophodno je odrediti koja je pojava zavisna, a koja nezavisna, zatim izabrati oblik modela i primjeniti postupke kojima se procenjuju nepoznati parametri i utvrđuju statističko-analitički pokazatelji kvaliteta modela.

REGRESIONA ANALIZA

U regresionoj analizi se po pravilu pretpostavlja da su pojave predstavljene vrijednostima numeričkog obilježja. Uz određene uslove, modelom se može procjeniti vrijednost zavisne promjenljive na osnovu pretpostavljene vrijednosti nezavisne promjenljive. Stepen povezanosti pojava predstavljenih vrijednostima numeričkih promenljivih ispituje se metodama korelacione analize. Kada su podaci o pojavama dati kao oblici redosljeda njihova povezanost će se mjeriti metodom korelacije ranga. Ako su pojave predstavljene oblicima nominalnih obilježja, za analizu zavisnosti upo-

trebiće se mjere asocijacije.

Dakle, osnovni zadatak analize stepena i jačine statističke veze između pojava sastoji se od utvrđivanja odgovarajućih statističkih pokazatelja, odnosno koeficijenata korelacije i asocijacije. Područje regresione i korelacione analize je veliko i veoma važno u ispitivanju poslovnih i opštih privrednih pojava, pa iz tog područja izdvojićemo metode analize odnosa dviju pojava. Parmetri regresionog modela su regresioni koef. b i konst. član a. Konstantni član a predstavlja vrijednost regresione funkcije kada je nezavisna promenljiva jednaka nuli. Regresioni koeficijent b pokazuje koliko se linearno mjenja vrijednost zavisne promenljive ako se nezavisna promenljiva promjeni (poveća ili smanji) za jedinicu mere. Standardna devijacija regresije pokazuje koliko je prosječno odstupanje empirijskih vrijednost zavisne promenljive od regresionih vrednosti u mjernim jedinicama zavisne promenljive, a koeficijent varijacije koliko je to u relativnom iznosu. Koeficijent determinacije je proporcija modelom protumačenog djela zbira kvadrata u ukupnom zbiru kvadrata i kreće se između 0 i 1. Što je bliži jedinici model je reprezentativniji. Rezidualna odstupanja su procjene nepoznatih vrijednosti slučajnih promenljivih. Razlike vrijednosti zavisne promenljive y i regresijskih vrijednosti čine rezidualna odstupanja.

Regresione vrijednosti predstavljaju procjene vrijednosti zavisne promenljive za date vrijednosti nezavisne promenljive. Koeficijent korelacije je standardizovana mjera jačine statističke veze između pojava predočenih dvjema kvantitativnim promenljivama. Ako su pojave predočene oblicima rangiranih promenljivih stepen statističke povezanosti biće izražen koeficijentom korelacije ranga.

ANALIZA UTICAJA DRŽVNOG BUDŽETA I STOPE NEZAPOSLENOSTI NA JAVNO ZADUŽENJE BOSNE I HERCEGOVNE

U narednom dijelu rada, biće urađena analiza primjenom multiplog regresionog modela uticaja državnog budžeta i stope nezaposlenosti na javni dug. Modelom će biti obuhvaćeni svi potrebni testovi u cilju dokazivanja tvrdnje da je predpostvaka uticaja budzeta i stope nezaposlenosti na vanjski javni dug značajna.

Descriptive Statistics			
	Mean	Std. Deviation	N
Vanjski javni dug	6689.5000	851.20262	6
Državni budžet	17324.0000	407.09114	6
Stopa nezaposlenosti	47.1800	.84333	6

Tabela 1. Deskriptivna analiza zavisne i nezavisnih varijabli (Izvor: Obrada autora u statističkom paketu SPSS.20.)

U predhodnoj tabeli objašnjeno je prosječna vrijednost vanjsikog duga zadnjih 6 godna, a koj je izražen u milonima, prema tome, prosječan vanjski dug je 6,689 milijardi. Odstupanje oko aritmetičke sredine je 851 milion, što je izuzetno visoka vriednost, što pokazuje da zadnjih 6 godina, koliko obuhvata ovaj uzorak, javni dug je bio izuzetno dinamičan.

Analiza podataka je pokazala da je prosječan budžet, zadnjih 6 godina bio 17,324 milijarde, a odstupanje oko aritmetičke sredine 407 miliona, što pokazuje prilično da razlike u budžetu, bez obzira na zaduženje (koje ima sve elemente dinamičnog ponašanja), veoma statično.

Prosječna stopa nezaposlenosti iznosi 47,18%, uz malo odstupanje oko aritmetičke sredine. Ovdje se također može zaključiti da stopa nezaposlenosti zadnjih 6 godina nema velika odstupanja.

Correlations				
		Vanjski javni dug	Državni budžet	Stopa nezaposlenosti
Pearson Correlation	Vanjski javni dug	1.000	.871	.917
	Državni budžet	.871	1.000	.778
	Stopa nezaposlenosti	.917	.778	1.000
Sig. (1-tailed)	Vanjski javni dug	.	.012	.005
	Državni budžet	.012	.	.034
	Stopa nezaposlenosti	.005	.034	.
N	Vanjski javni dug	6	6	6
	Državni budžet	6	6	6
	Stopa nezaposlenosti	6	6	6

Tabela 2. Koeficjent korelacije zavinse i nezavisnih varijabli (Izvor: Obrada autora u statističkom paketu SPSS.20.)

Koeficjent varijacije između vanjskog javnog duga i državnog budžeta iznosi 87,1%, što je izuzetno visok stepen povezanosti, uz to ovaj koeficjent je i značajan, jer je $p = 0{,}012 < 0{,}05$. Još veći koeficjent varijacije je između vanjiskog duga i stope nezaposlenosti, koji iznosi 91,7%, a uz to je i značajna, jer je $p = 0{,}005 < 0{,}05$.

Model Summary[b]									
Model	R	R Square	Adjusted R Square	Std. Error of the Estimate	Change Statistics				
					R Square Change	F Change	df1	df2	Sig. F Change
1	.951[a]	.904	.840	340.59779	.904	14.114	2	3	.030
a. Predictors: (Constant), Stopa nezaposlenosti, Državni budžet									
b. Dependent Variable: Vanjski javni dug									

Tabela 3. Skračeni model uticaja budžeta i stope nezaposlenosti na vanjiski javni dug (Izvor: Obrada autora u statističkom paketu SPSS.20.)

Koeficjent korelacije multiple regresije za sve varijable iznosi visokih 95,1%, prema tome, povezanost između svih varijabli je izuzetno visoka. Reprezentativnost modela je, također, veoma visoka, kao i korigovani koeficjent determinacije. Procejnjena greška ovog modela je za blizu 65% manja u odnosu na standardnu devijaciju, pa prema tome, ovaj model multiple regresije daje puno više informacija u odnosu na deskriptivnu staistiku.

ANOVA[a]						
Model		Sum of Squares	df	Mean Square	F	Sig.
1	Regression	3274708.937	2	1637354.469	14.114	.030[b]
	Residual	348020.563	3	116006.854		
	Total	3622729.500	5			
a. Dependent Variable: Vanjski javni dug						
b. Predictors: (Constant), Stopa nezaposlenosti, Državni budžet						

Tabela 4. ANOVA test zavisne i nezavisnih varijabli (Izvor: Obrada autora u statističkom paketu SPSS.20.)

Količnikom prosjekom kvadrata i prosjekom reziduala dobijemo emprijsku vrijednost F testa. Na osnovu veličine uzorka i emprijske vrijednosti F testa dobijemo vrijednost značajnosti, koja u slučaju multiple regresije iznosi 0,03. Anova test testira zavisnu i nezavisne varijablu u cilju utvrđivanja veze između spomenutih varijabli.

U ovom slučaju analiza je pokazala da postoji kompatibilnost zavisne i nezavisnih varijabli, te da je ona statistički značajna. Pa se ne temelju rečenog može zaključiti da navedene varijable imaju visok stepen zavisnosti. Prema tome, postavljena hipoteza je i dokazana, tj. postoji značajna veza između zavisne (javni dug) i neavisnih varijabla(drzani budzet i stopa nezaposlenosti), te je koeficjent determinacije značajan, jer je P = 0,03 < 0,05.

Coefficients[a]						
Model		Unstandardized Coefficients		Standardized Coefficients	t	Sig.
		B	Std. Error	Beta		
1	(Constant)	-36640.984	8526.120		-4.297	.023
	Državni budžet	.836	.596	.400	1.402	.045
	Stopa nezaposlenosti	- 611.419	287.759	.606	2.125	.124
a. Dependent Variable: Vanjski javni dug						

Tabela 5. Koeficjenti uticaja budžeta i stope nezaposlenosti na vanjiski javni dug (Izvor: Obrada autora u statističkom paketu SPSS.20.)

Na osnovu uraađene analize, može se zaključiti da model multiple regresione analize izgleda ovako:

y= - 36640 + 0,836X1- 611,419X2

Na osnovu predhodne funkcije može se zaključiti da, povećanje budžeta državnog budžeta za 1% ima uticaj na povećanje vanjskog javnog duga za 0,836%. Pored toga, potrebno je naglasitida je b konstanta značajana, obzirom da je 0,023 < 0,05.

Na osnovu predhodne funkcije može se zaključiti da, smanjenje stope nezaposlenosti za 1% ima uticaj na povećanje javnog duga od 611 miliona KM. Međutim, potrebno je naglasiti da ovaj koeficjent nije značajan, prema tome ne može se uzeti kao relevantan podataka, jer je 0,124 > 0,05.



rafikon 1. Test normalnosti (Izvor: Obrada autora u statističkom paketu SPSS.20.)

Prethodni grafikon je pokazao da je test normalnos zadovoljen, te da ovaj uzorak, vremensku seriju prati normalna distribucija.

ZAKLJUČAK

Na osnovu urađene analize može se zaključiti da budžet države ima uticaj na javni dug i da je on značajan, što nije slučaj sa stopom nezaposlenosti. Urađeni testovi su pokazali da je koeficjent korelacije izuzetno visok između svih varijabli, te da se one nalaze u liniarnom odnosu, što pokazuje da tstirane varijable prate rast drugih. Prema tome, postavljena hipoteza u ovom radu je polovično dokazana.

Značajno je spomenuti i visok stepen koerelacije između stope nezaposlenosti i javnog duga, stopa nezaposlenosti se povećava sa povećanjem javnog duga, što je svaako zabrinjavajuće. Kao osnovni razlog tome je neplanirano zaduženje, odnosno, sredstva kojima se država zadužuje nisu usmjerena prema razvojnim projektima, te samim tim ne smanjuju stopu nezaposlenosti.

Pored toga, malo povećanje državnog budžeta je upravo zbog dodatnog zaduženja, ali svakako da je zabrinjavajući podatak, da povećanjem budžeta ne dolazi do smanjenje stope nezaposlenosti.

Statistički testovi koji prate ovaj model su pokazali visok stepen reprezentativnosti modela (koefijent determinacije preko 90%), kao i da se zavisna i nezavisna varijabla nalaze u vezi, što je dokazano primjenom ANOVA testa.

REFERENCES

1. Marianne Rosner Klichuk and Sara A. Krasovec, Packaging design, Successful Product Branding from Concept to Shelf, John Wiley&Sons, Inc, Hoboken, New Jersey, 2012.
2. Paul Newbold, William L. Carlson, Betty Thorne, Statistika za poslovanje i ekonomiju, Mate, Zagreb, 2010
3. Philip Kotler, et al., Osnove marketinga, Mate ,Zagreb,2006
4. Roger G. Schoreder, Upravljanje proizvodnjom, MATE Zagreb, Četvrto idanje
5. Wonnacott T.H., Wonnacott R.J.: Inproductry Statistics for Business and Economics.4th Edt. New Jork, Wiley, 1990

614.842/.843

Проф. д-р. Менде Солунчевски, e-mail: mendesolun@yahoo.com
Министерство за одбрана/МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола

Доц. д-р Лидија Стефановска, e-mail: l_stefanovska@yahoo.com
БАС Институт за менаџмент/БАС- Скопје, Битола

Доц. д-р Марија Котевска Димовска, e-mail: marijadimovski@yahoo.com
РЕК-Битола/МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

СТРАТЕГИЈА ЗА ОБЕЗБЕДУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ СО ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА КАКО УСЛОВ ЗА ЗГОЛЕМЕНА БЕЗБЕДНОСТ НА ПРОФЕСИОНАЛНИТЕ ПОЖАРНИКАРИ ВО АКЦИИТЕ ЗА ГАСНЕЊЕ НА ПОЖАРИ

Апстракт: Територијалните противпожарни единици (ТППЕ) за да можат успешно да се справат со пожарите и безбедно ги извршуваат своите задачи треба да се обезбедени со ефективни ресурси. Ресурсите можат да бидат: човечки, физички, материјални, финансиски, информатички итн.

Материјалните ресурси вклучуваат моторни возила, опрема и материјално технички средства. Пожарникарите во ТППЕ можат да бидат добро обучени, но доколку не се опремени со соодветни моторни возила, опрема и МТС успехот во гаснење на пожари ќе изостане.

ТППЕ се опремуваат со опрема, МТС и возила според утврдени критериуми. Пожарникарите пак за извршување на активностите задолжуваат: лична, заедничка и специјална опрема.

Трудот дава приказ на стандардните потреби и опременоста на ТППЕ во РМ со опрема и МТС како услов за креирање на ефективна стратегија за обезбедување на ТППЕ со опрема и МТС заради зглемување на безбедност при работа и ефикасност во гаснење на пожари.

Клучни зборови: стратегија, опрема, материјално-технички средства, пожари.

STRATEGY TO ENSURE THE TERRITORIAL FIRE UNITS WITH EQUIPMENT AND TECHNICAL MATERIALS ASSETS AS CONDITION FOR INCREASED SAFETY PROFESSIONAL IN SHARES FIREFIGHTERS FOR FIRE FIGHTING

Abstract: Territorial firefighting units in order to successfully deal with wildfires and safely carry out their tasks should be provided with effective resources. Resources may behuman, physical, material, financial, information, etc.

Material resources include motor vehicles equipment and material and technical means. Firefighters in territorial firefighting units can be well trained, but if they are

not equipped with appropriate motor vehicles, equipment and material and technical means success in extinguishing fires shall be presented.

Territorial firefighting units be fitted with equipment, material and technical means and vehicles according to specified criteria. Firefighters again to carry out activities borrow: personal, shared and special equipment.

The paper provides an overview of the standard and equipment needs of territorial firefighting units Republic of Macedonia equipment and material and technical means as a condition for the creation of an effective strategy for providing TPPE equipment and material and technical means aimed at increasing the safety and efficiency in extinguishing the fires.

Keywords: strategy, equipment, material and technical means, fires.

ВОВЕД

Основа на секој трансфорамционен процес е комбинација од знаење, вештини опрема и работни методи кои се искористени во организацијата за да се претворат во организациски производ или услуга. Доколку производот или услугата можат да се сметаат како најголема мера на ефикасност во производството и услугите создавање на вредности треба да се смета како мера на ефикасноста. Синџир на вредности претставува специфична серија на активности која создава производи и услуги со вредност за клиентите.[1]

Вредностите кои ја создаваат услугата во ТППЕ ефикасна заштита и гаснење на пожари зависат од повеќе фактори: знаење, вештина на вработените и расположивите ресурси како што се: објекти, опрема, МТС, моторни возила, технологија итн. Опремата и МТС се од голема важност за ефикасно справување со пожари и безбедност при работата. Досегашните сознанија укажуваат дека ТППЕ се обезбедуваат со опрема и МТС преку Дирекцијата за заштита и спасување, но повеќе индивидуално секоја ЕЛС и недоволно. За успешно и долгорочно обезбедување на ТППЕ со опрема и МТС неопходна е Стратегија за развој на ТППЕ каде опремувањето со соодветна опрема и во доволни количини ќе биде еден од приоритетите во развој на пожарникарството на РМ.

Трудот врз основа на теоретски преглед и теренски истражувања во ТППЕ на територијата на РМ дава првичен не детален приказ на опременоста на ТППЕ со опрема и МТС во РМ, како појдовен фактор во креирање на стратегија за обезбедување на ТППЕ со опрема и МТС како функционална стратегија во општата стратегија за развој на пожарникарството.

КАРАКТЕРИСТИКИ НА СТРАТЕГИЈАТА

Стратегијата е најдобриот пат за постигнување на поставените цели. Нејзиното креирање е сложен мисловен процес кој што треба да се потпира на извршена анализа на опкружувањето, како и задоволување на барањата на клиентите, а при тоа на максимално рационален начин да се искористат ресурсите со кои располага организацијата. [2]

Не постои вистински одговор за избор на стратегијата. Но ако членовите на тимот можат да се соединат во смисла на разбирање на правецот по кој нивната институција треба да се насочи тие можат да добијат самодоверба. Тоа чуство

1 Шермархорн, Џ., Менаџмент 11е (Management 11 e) Европа 92 Кочани, 2013, 469.
2 Стефановска, Л., Солунчевски, М., Стратегиски менаџмент, БАС, Скопје-Битола, 2015, стр.16.

дека сите членови на тимот делат исти погледи околу стратегијата придонесува да можат да донесат важни оперативни одлуки со поголема леснотија и смиреност. Ова чувство се провлекува низ цела организациска структура.[3] Во креирањето на стратегиите многу е важно сите вработени да бидат вклучени на соодветен начин. Ваквиот пристап создава чувство на важност на работникот во организацијата.[4]

Стратегијата за заштита од пожари вклучува рапиден развој на детекција и мониторинг на способностите за мерење на емисии на чад од пожарите, развој на системот за здравствено разузнување, десиминација и информирање на сите загрозени делови и вклучувајќи донесување на одлуки и развој на национален план за одговор во вонредни состојби од развој на пожари.[5]

Стратегијата за обезбедување на ТППЕ со опрема и МТС може да се разбере како дел од целокупната стратегија за заштита од пожари, односно стратегија за развој на пожарникарството во РМ. Таа е функционална стратегија која перспективно го дефинира најдобриот пат, начинот и временската димензија на опремување на ТППЕ со ефективна опрема и МТС за зголемување на безбедноста на пожарникарите и ефикасно гаснење на пожарите во РМ.

КАРАКТЕРИСТИКИ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА ПРИ ПОЖАР

Работна средина е простор во кој се извршува работата, работното место, условите за работа, работните процеси, социјалните односи, како и други влијанија на надворешната средина. Средства за работа се работни и помошни простории, опрема за работа, опрема за лична заштита, супстанции и препарати и секое друго средство кое се користи при работниот процес или е на друг начин поврзан со истиот. Опрема за работа е секоја машина, апарат, алат или друга опрема која се користи во работниот процес.[6]

За пожарникарите безбедноста при работа и при пожар претставува основна вредност. Таа претстасвува основен дел од сите активности од планирање до реставрација. Безбедноста на пожарникарите започнува со обезбедување на соодветна безбедносна опрема и обука за секој поединец учесник во борбата со пожари.[7]

ВИДОВИ НА ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА ВО ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Секоја ТППЕ треба да располага со минимална опрема и МТС за гасење на пожари. Минималната техничка опрема и МТС за гасење на пожари со кои треба да располагаат ТППЕ зависи од степенот на загрозеност од пожар, видот на објектите што се заштитуваат, бројот на пожарникарите во ТППЕ и планот за заштита и спасување на општината.[8]

Опремата и МТС во пожарникарството се дели на две групи: лична опрема и колективна опрема. Во личната опрема влегува целата лична заштитна опрема со која пожарникарот е лично задолжен и која му користи за негова лична заштита.

3 Bouman,K., Strategija u praksi, Prometej, Novi Sad, 2003,str.11.

4 Солунчевски. М., Стефановска Л., Бор

5 http://www.fao.org/docrep/015/j9255mk/j9255mk00.pdf (Управување со пожари, (принципи и стратешки акции), МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство, 2013)

6 Закон за безбедност и здравје при работа, (пречистен текст) Службен весник на РМ, бр.53/2013, член 3.

7 http://www.fao.org/docrep/015/j9255mk/j9255mk00.pdf Управување со пожари, (принципи и стратешки акции), стр.16-17

8 Правилник за правилата на вршење на служба како и минималните критериуми за сместување на техничката опрема и средствата за гаснбење на пожари, со кои треба да располагаат противпожарните единици, Службен весник на РМ, 19/2006, член 52.

Во личната опрема влегуват следните работи: облека, обувки, пожарникарски шлем, работен колан и заштитна маска. Во колективна опрема влегува целата опрема која се користи за реализирање на сите оперативно-тактички задачи во противпожарните единици во процесот на гаснење на пожарите. Колективната опрема се дели на: Противпожарни возила и приколки; Работна заштитна облека и обувки; Апарати за заштита на дишните органи; Апарати и уреди за контрола на апаратите за заштита на дишните органи; Рачни и преносни превозни противпожарни апарати за гаснење; Противпожарни црева млазници, разделници, собирници, хидрантски продолжеток; Опрема за добивање на пена; Топови за вода и пена; Скали; Опрема за спасување; Техничка опрема и алат; Опрема за осветлување; Опрема за вентилација; Посебна опрема и Моторни возила.[9]

Видот и бројот на моторни возила и посебна техничка опрема и МТС за гаснење на пожар се дефинирани во посебен Правилник. Некои од позначајните средства ги даваме подолу кои треба да ги поседува ТППЕ. ТППЕ кои во својот состав имаат до 17 пожарникари треба да ги имаат следните моторни возила, опрема и МТС: едно навално ПП возило, една ПП цистерна, едно теренскоио возило, едно комби возило, една приколка, една моторна и една електрична пумпа итн. ТППЕ на секои 8 пожарникари до 32 пожарникари треба дополнително да имаат уште по едно ПП возило (навално или пратечко). ТППЕ на секои 12 пожарникари со над 32 пожарникари треба дополнително да имаат уште по едно ПП возило (навално или пратечко), но и механичка скала на приколка, автомеханичка скали или хидраулична платформа, возило со техничка опрема, возило за гаснење на шумски пожари и возило со сув прав S-2000. [10]

ПРЕГЛЕД НА НАЧИНОТ НА ОПРЕМУВАЊЕ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА

ТППЕ во изминатиов период се опремуваат на два начини: првиот со преземање на ТППЕ од страна на ЕЛС и градот Скопје од МВР. Со преземањето на ТППЕ од страна на 29 ЕЛС-општини и градот Скопје беа преземени и опремата и МТС. [11] Во понатамошниот период ТППЕ се опремуваат од: буџетот на РМ, буџетите на општините и градот Скопје, 12% од наплатените премии за осигурување на имот од пожар, 2% за наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила, средства од наплатени казни за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства од осигурителни друштва, фондации, правни и физички лица, приходди од сопствени извори и извршени услуги. [12]

Истражувањата покажуваат дека во РМ, ТППЕ генерално располагаат со скромна опрема, техника и материјални сретства. Пример: Бригадата за противпожарна заштита на град Скопје (БППЗ) како најголема единица во РМ во споредба со другите единици располага со побројна опрема, техника, материјално технички сретства. Бригадата за справување со пожарите на располагање има 45

9 Правилника за мерките за заштита пожари, експлозии и опасни материи. Службен весник на РМ, број 32/2011 година
10 Исто, член 52-53
11 Закон за пожарникарство, Службен весник на РМ, 67/2004, член 61.
12 Исто, член 49.

возила. Тоа се специјални возила за гаснење на пожари или специјални теренски возила за транспорт на опрема, техника или човечки ресурси. Според тактичкиот распоред или според нивната намена тие се поделени на: навални возила, цистерни, технички возила, теренски возила, хемиско возило, автомеханичарски скали и возила со платформа.

Според мислење на пожарникарите на БППЗ на град Скопје како најголема ТППЕ се добиени следните сознанија: БППЗ не располага со доволно опрема и МТС за гаснење на пожари. Од показателите во графичкиот приказ бр. 16, според добиениот висок процент (90% и 70%) кај двата суп примероци (командири и останати) може да се забележи дека делумно се поседува опрема и МПС за гасење на пожари. Ситуацијата со опременоста со опрема и МТС во останатите ТППЕ е во понезавидна состојба. [13]

ОПРЕМЕНОСТ НА ТЕРИТОРИЈАЛНИТЕ ПРОТИВПОЖАРНИ ЕДИНИЦИ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО ОПРЕМА И МАТЕРИЈАЛНО ТЕХНИЧКИ СРЕДСТВА

Во текот на 2016 година е вршено комплексно истражување на менаџментот на Системот за заштита и спасување (СЗС). Во рамките на СЗС беа истражувани и ТППЕ. Во продолжение ќе изнесеме податоци од анализата на еден исказ и две прашања кои се однесуваат на опременоста на ТППЕ со опрема и МТС и нивно влијание врз работата. Во истражувањето се опфатени 119 вработени во ТППЕ во РМ. Во истражувањето спроведено околу опремувањето на ТППЕ се дадени следните исказ и прашања:Мојата ТППЕ располага со соодветни ресурси за справување со пожари.

1. Мојата ТППЕ располага со соодветни ресурси за справување со пожари
2. Според Вас за успешно функционирање Вашата ТППЕ кои ресурси недостасуваат?
3. Доколку не се чуствувате целосно безбедни на работа, наведете што најмногу Ве вознемирува?



Од одговорите на исказот се гледа дека: повеќе од половината испитаници или 56,3% ценат дека не поседуваат соодветни ресурси за извршување на

13 Цикарски, Т., Организациска поставеност на БППЗ на град Скопје и нејзината подготвеност за ефективно и ефикасно апрување со пожари на територијата на град Скопје, (магистерски труд), МСУ-ФБИ, Битола, 2016, стр.74.

поставените задачи, наспроти 43,7% кои се согласуваат дека поседуваат соодветни ресурси за извршување на поставените задачи. Многу мал е процентот на испитаници 15,1% кои целосно се обезбедени со соодветни ресурси за извршување на работата, односно за гаснење на пожари. Претпоставка е дека тоа се испитаници од ТППЕ во побогатите општини. Во овој сегмент можат да се вбројат и ресурсите за безбедност на пожарникарите при гаснење пожар.

Според графичкиот приказ за успешно функционирање на ТППЕ според истражувањата најмногу недостигаат компетентни работници-пожарникари дури 56,3%, веднаш после тоа се опремата и МТС со 26,9%. Следуваат недостиг или несоодветни објекти 8,4%, недостиг на моторни возила 5,1% и информатичка технологија 3,3%.



Од факторите кои влијаат на безбедноста на работното место кај вработените во ТППЕ истражувањето покажува дека, вработените најмногу ги вознемирува немањето опрема и МТС за заштита при работа. Недоволната, несоодветна и неквалитетна опрема и МТС влијае дури 52,9% од вработените да се чуствуваат небезбедни на работното место. После тоа е перцепирана лошата работна клима

со 21,1% и лошите работни услови со 12,6%. Мобингот на работното место и зачестените инспекции како фактор за вознемирување и стресна состојба кај вработените се минимални. За овие фактори се изјасниле 9,2% односно 4,2%.

ЗАКЛУЧОК

Првичното опремување на ТППЕ во РМ е со опрема и МТС преземена од страна на МВР. Денес ТППЕ се опремуваат со средстав од: буџетот на РМ, буџетите на општините и градот Скопје, од наплатените премии за осигурување на имот од пожар, од наплатени премии за осигурување на моторни возила и осигурување од одговорност од употреба на моторни возила, средства од наплатени казни за сторени прекршоци од областа на заштита од пожари и експлозии, доброволни прилози и други средства.

Истражувањата покажуваат дека за успешно функционирање на ТППЕ, после компетентни кадри втор фактор по важност се опремата и МТС. Актуелната состојба покажува дека повеќе од половината припадниците на ТППЕ не поседуваат соодветна опрема и МТС за извршување на поставените задачи. Недоволната, несоодветна и неквалитетна опрема и МТС влијае повеќе од половината од вработените во ТППЕ да се чуствуваат небезбедни на работното место.

За надминување на оваа слабост неопходно е креирање и имплементација на стратегијата за обезбедување на ТППЕ со опрема и МТС. Во креирањето на стратегиите многу е важно сите вработени да бидат вклучени на соодветен начин. Во набавката на опрема и МТС согласно стратегијата да се да се искористат ефективно и ефикасно сите расоположиви извори на средства.

ЛИТЕРАТУРА

1. Bouman,K., Strategija u praksi, Prometej, Novi Sad, 2003
2. Закон за безбедност и здравје при работа, (пречистен текст) Службен весник на РМ, бр.53/2013 година.
3. Закон за пожарникарство, Службен весник на РМ, 67/2004 година.
4. Правилника за мерките за заштита пожари, експлозии и опасни материи. Службен весник на РМ, број 32/2011 година.
5. Правилник за правилата на вршење на служба како и минималните критериуми за сместување на техничката опрема и средствата за гаснбење на пожари, со кои треба да располагаат противпожарните единици, Службен весник на РМ, 19/2006 година.
6. Солунчевски. М., Стефановска Л., Бор
7. Стефановска, Л., Солунчевски, М., Стратегиски менаџмент, БАС, Скопје-Битола, 2015 година.
8. Управување со пожари, (принципи и стратешки акции), МЗШВ-Сектор за шумарство и ловство, Скопје, 2013 година.
9. Цикарски, Т., Организациска поставеност на БПП3 на град Скопје и нејзината подготвеност за ефективно и ефикасно апрувување со пожари на територијата на град Скопје, (магистерски труд), МСУ-ФБИ, Битола, 2016 година.
10. Шермархорн, Џ., Менаџмент 11е (Management 11 e) Европа 92 Кочани, 2013 година.
11. http://www.fao.org/docrep/015/j9255mk/j9255mk00.pdf

331.463(4-672ЕУ)

Доц. д-р Синиша Цветковиќ,
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Проф. д-р Зоран Трифунов
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ТРЕТМАНОТ НА НОВИТЕ РИЗИЦИ ВО ПОДЕМ ВО СТРАТЕГИИТЕ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Апстракт: Промените на економскиот и социјалниот амбиент на глобален план во изминатите децении, имаа огромно влијание врз условите на работењето и придонесоа да се појават нови т.н. (emerging risks) „ризици во подем" по БЗР. Идентификацијата на новите ризици во подем и посочувањето на соодветната причина за нивното настанување, е битен чекор во намерите истите да се стават под контрола. Во трудот се анализираат напорите за превенција на ризиците во подем низ призма на извештаите за нивното предвидување и нивниот третман во актуелната Стратегија за БЗР (2014-2020) на ЕУ. Превенцијата низ концептот на менаџмент на ризик, како и активностите насочени кон контрола на движечките сили кои влијаат на нивното појавување и делување, се насочени кон намалување на можната штета по БЗР.

Клучни зборови: превенција, ризици во подем, предвидување на ризик, менаџмент на ризик

THE TREATMENT OF THE NEW AND EMERGING RISKS WITHIN THE EU STRATEGIES

Abstract: Changes in the economic and social environment globally in recent decades, have had a huge impact on the working conditions and contributed to occur new or "emerging" risks to health and safety at work. The identification of "emerging" risks and pointing to the appropriate reason for their occurrence, is an important step in the same intentions to bring them under control. This paper analyzes the efforts to prevent emerging risks through the prism of their reports for forecasting and their treatment in the current EU Strategy on OHS (2014-2020). Prevention through the concept of risk management, as well as activities aimed at controlling the driving forces affecting of their appearance and actions, are in order to reduce possible damage to OSH.

Keywords: prevention, emerging risks, risk forecasting, risk management

ВОВЕД

Значајните промени кои се случија на глобален план во изминатите неколку децении резултираа со огромно влијание врз условите на работењето, што придонесе да се појават нови предизвици во однос на безбедноста на работниците и нивното здравје. Овие промени доведоа до состојби кои овозможија да се појават нови т.н. emerging risks „ризици во подем" по БЗР, кои се дефинирани како „било кој професионален ризик кој е нов и се зголемува". [1]

1 https://osha.europa.eu/en/riskobservatory/index_html

Подновостна професионалниот ризик, се подразбирадека ризикот претходно бил непознат а сегашното негово постоење е резултат на воведувањето нови процеси, нови технологии, социјални или организациски промени, нови видови на работни места итн. Од друга страна можно е ризикот да егзистирал подолго време, но сега, поради промени во општествената перцепција кон природата на одредена опасност или поради нови научни сознанија, ваквите долготрајни опасности се идентификуваат како новонастанат ризик. Зголемувањето на ризикот подразбира состојба кога се зголемува бројот на опасностите што го продуцираат ризикот, или пак се зголемува бројот на работниците и нивото на нивната изложеност кон опасноста. Сето тоа може да доведе до состојба да се влошува ефектот врз здравјето на работниците или пак да се зголемува бројот на засегнатите лица. (ERO, 2014)

Оттука, превенцијата на ризиците која вклучува различни видови на активности насочени кон контролирање на движечките сили кои влијаат на нивното појавување и делување, справување со опасностите кои ги носат со себе и ублажување на можната штета по БЗР, се јавуваат како императив во заложбите за подобрување на условите за работа.

ИСТОРИСКИ ОСВРТ НА ТРЕТМАНОТ НА НОВИТЕ РИЗИЦИ ВО ПОДЕМ

Современото општество се развива под влијание на новите технологии, промените во економските и социјалните услови, па според тоа и работните места, работните практики и процеси постојано се менуваат. Овие нови ситуации носат со себе нови ризици и предизвици, како за работниците така и за работодавачите, кои се принудени превентивно да делуваат врз новонастанатите „ризици во подем“ со што ќе се обезбеди и гарантира повисоко ниво на БЗР.

Ваквата состојба на ниво на ЕУ и потребата од соодветен одговор на предизвиците е дефинирана поодамна, уште пред една деценија. Затоа, во Стратегијата на Унијата за здравје и безбедност при работа (2002-2006), се истакнува дека препознавањето на новите ризици во подем и соодветното посочување на причините за нивното настанување е битен чекор во намерите истите да се ставаат под контрола. Поради тоа, потребно е тековно следење на ризиците преку систематско прибирање на податоци и информации и секако научен пристап кон нивната обработка и извлекување на заклучоци што ќе ги формулираат идните стратегии на делување. Така од страна на EASHW[2], формирана е Европската Опсерваторија за Ризик (European Risk Observatory (ERO)), чија задача е да ги идентификува и дисеминира информациите и сознанијата за новите ризици во подем по БЗР, добиени преку систематско прибирање на податоци од земјите во Евро зоната.

Во Стратегијата дополнително се истакнува дека овој вид на анализа е составен дел на „превентивниот пристап“ за решавање и менаџирање на влијанието на новите ризици во подем врз безбедноста и здравјето при работа.

Во следната Стратегија на ЕУ за БЗР за периодот (2007-2012), поставена е општата цел според која, вкупната стапка на инициденцата при работа на 100.000 работници во петгодишниот период на важност на стратегијата да се намали за 25%. Постигнувањето на оваа цел е предвидено да се оствари низ осум главни инструменти, меѓу кои и оној кој се однесува на новите ризици во подем: „финализирање на методите за идентификување и оценување на новите

2 European Agency for Safety and Health at Work

потенцијални ризици“. [3]

Европската Опсерваторија за Ризик (ORA) се посочува како главен двигател на активностите насочени кон предвидување на ризиците кои се поврзани со новите технологии, биолошките опасности, комплексните интерфејси човек-машина како и влијанието на современите демографски трендови. Особено важно за постигнување на овие цели е зголемување на нивото на знаење за БЗР (преку базични и применети истражувања), за подобро да се опишат ситуациите при изложеност на работниците према опасностите и да се идентификуват причините и последиците од тие ризици, а во насока на дизајнирање на превентивни решенија и иновативни технологии. При тоа, се потврдува определеноста дека политичките одлуки ќе се базираат врз сознанијата од резултатите од научните истражувања. Приоритетите за истражување се насочуваат кон ризиците од областа на мускулоскелетните заболувања, психосоцијалните ризици, опасните супстанции, препознавањето на ризиците од репродуктивното здравје, менаџментот на БЗР, ризиците поврзани со организацијата на работата и дизајнот на работното место, ергономијата, изложеноста на физичките и хемиските агенси, потенцијалните ризици поврзани со нанотехнологиите итн.

Во контекст на активностите за справување со овие предизвици, Европската Опсерваторија за Ризик иницира започнување на т.н.„Проекти за предвидување“ на серија сценарија според кои би се истражиле можните влијанија на технолошките иновации врз БЗР до 2020 година. Првичните активности за да се идентификуваат новонастанатите ризици се превземени преку објавување на четири експертски извештаи, во кои се прогнозира појавувањето на новите ризици во подем од областа на: физичките, биолошките, психосоцијалните и хемиските опасности по БЗР.

НОВИТЕ РИЗИЦИ ВО ПОДЕМ ВО ИЗВЕШТАИТЕ ЗА НИВНО ПРЕДВИДУВАЊЕ

Целта на истражувањата во проектите, е раното откривање и идентификација на новите трендови и ризици со цел да се помогне во подобро таргетирање и реалокација на ресурсите и да им се овозможи на засегнатите страни да превземат навремени и ефикасни интервенции за спречување и намалување на штетите по БЗР.

Првиот подготвен извештај е од областа на физичките ризици по безбедноста и здравјето при работа. Извршени се истражувања преку анкетирање на експерти од оваа област за да ги идентификуваат новите највлијателни ризици во овој домен.[4]

Истражувањата се спроведени на неколку групи ризици поврзани со: мускулоскелетните заболувања; бучавата; вибрациите; термичките опасности; ризиците поврзани со јонизирачко и нејонизирачко зрачење; ризиците поврзани со машини, работни процеси и технологии и останати ергономски ризици. Највлијателните ризици во рамките на секоја група се категоризирани како, нови физички ризици во подем, а од страна на експертите се идентификувани и рангирани според највисокиот степен на влијание. [5]

Вториот извештај подготвен од експертската група на (ORA) ги предвидува

3 European Commission, 2007, „Improving quality and productivity at work: Community strategy 2007-2012 on health and safety at work“, Brussels, p.4

4 При истражувањето е користен Делфи методот кој се користи да се креираат прогнози за теми во случаи кога се на располагање несигурни и нецелосни знаења и информации.

5 European Agency for Safety and Health at Work, 2005, „Expert forecast on emerging physical risks related to occupational safety and health“, Printed in Belgium, p.24-45, pp.60-63

новите ризици во подем во доменот на биолошките опасности. Спроведени се истражувања кои ги категоризираат биолошките ризици во групи кои се однесуваат на: ризик од специфична работна супстанца; ризици специфични за работното место и работниот процес; ризици кои произлегуваат од лошиот менаџмент на ризикот и превентивните практики како и ризици поврзани со социјалните и еколошките феномени. [6] Во извештајот се нагласува дека знаењето за биолошките опасности е релативно ограничено и дека ризиците се уште не се соодветно менаџирани на работното место.

Третиот извештај на експертската група ги третира новите психосоцијални ризици во подем по БЗР. Резултатите од анализата ги посочуваат следниве психосоцијални ризици во подем претставени според највисокиот степен на влијание: 1) Несигурни договори за работа во контекст на нестабилните пазари на труд; 2) Зголемена „ранливост" на работниците како последица на глобализацијата; 3) Нови форми на договори за вработување; 4) Чувството на несигурност на работните места; 5) Стареењето на работната сила; 6) Долгите работни часови; 7) Интензивирање на работата; 8) Лон работа и користење на надворешни услуги; 9) Високи емоционални барања на работа; 10) Лош баланс меѓу работата и приватниот живот. [7]

Четвртиот извештај ги предвидува новите ризици во подем во областа на хемиските опасности. Ризиците идентификувани во прогнозата се групирани по теми во следниве категории: честички, прашини и аеросоли; канцерогени, мутагени и отровни супстанции; алергиски и сензибилносни агенси; запаливи и експлозивни материи; новооткриени супстанции и смеси со непознати ефекти врз здравјето; хемиски ризици специфични за работните места и процеси и мултифакторни ризици поврзани со опасни супстанции. [8]

ПРЕДИЗВИЦИ ЗА СПРАВУВАЊЕ СО НОВИТЕ РИЗИЦИ ВО ПОДЕМ НА НИВО НА ЕУ ОПФАТЕНИ ВО СТРАТЕШКАТА РАМКА ЗА БЗР (2014-2020)

Како одговор на појавата и растечката закана на новите ризици во подем по безбедноста на работното место, креаторите на политиките и другите заинтересирани страни за БЗР на ниво на ЕУ и на националните нивоа, започнуваат нови политички иницијативи во насока на подобрување на менаџирањето со новонастанатите ризици во Европа. Имено, евалуацијата на постигнувањата на Стратегијата за БЗР (2007-2012) во своите финални заклучоци во точка 2, го потврдува „идентификувањето на новите ризици во подем по БЗР" како главен предизвик за идното делување на ЕУ. (EC, 2013, p.42)

Во јули 2014 година, донесена е најновата стратегија на Унијата, „EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020", во која повторно се нагласува важноста и посветеноста на унијата да се справува со предизвиците во областа на БЗР. Клучните предизвици за унијата во делот на формулирањето на политиките и активностите за наредниот период се во доменот на зголемување на капацитетот на малите и микро претпријатија за користење на ефикасни и ефективни мерки за превенција на ризиците (со цел подобра имплементација на легислативата) како

6 European Agency for Safety and Health at Work, 2007, „ Expert forecast on Emerging Biological Risks related to Occupational Safety and Health", Printed in Belgium, p.78 – 92

7 European Agency for Safety and Health at Work, 2007, „ Expert forecast on emerging psychosocial risks related to occupational safety and health",Printed in Belgium, p.24 - 27

8 European Agency for Safety and Health at Work, 2009, „ Expert forecast on emerging chemical risks related to occupational safety and health", Printed in Belgium, p.83 – 129

и справувањето со демографските промени. Најголемо внимание се посветува на подобрување на превенцијата на болестите поврзани со работата, преку справување со постоечките и новите ризици во подем. [9]

Со цел да одговори на претходните предивици во своите клучни стратешки цели кои треба да се постигнат во наредниот петгодишен период, Европската Комисија во стратешката рамка на ЕУ за БЗР предлага мерки и активности кои треба да бидат спроведени со заедничка акција и координација на земјите, социјалните партнери и останатите стеикхолдери. Активностите се групирани во седум клучни стратешки цели. [10]

Исполнувањето на поставените цели во најновата Стратегија за БЗР (2014-2020) се предвидува да се подржи преку разни инвестициски фондови[11] на ниво на ЕУ чија цел е да обезбедат финансиска поткрепа за унапредување на националните политики за БЗР.

Во извештајот ESENER[12] се констатира дека постојат значајни разлики меѓу земјите, големината на фирмите и секторите, во поглед на нивото на востановената свест, посветеноста на менаџментот, превземените превентивни активности како и степенот до кој вработените се вклучени во процесот на донесување на одлуки од доменот на БЗР.

Прифаќајќи ја парадигмата на менаџмент со новонастанатите ризици во подем, со цел нејзина успешна имплементација во основа е потребно да се делува кон надминување на недостатоците кои се бариери за процесот, као што се: недоволните ресурси (време, пари, персонал), потоа стручноста и нивото на изградената свесност за БЗР, организациската култура, посветеноста кон БЗР изразена преку техничка поддршка, обуки и прирачници и сл.

ЗАКЛУЧОК

Според постоечката легислатива работодавачот е должен да се грижи за безбедноста и психичкото и менталното здравје на вработените. Вообичаено овие активности опфаќаат постапки за идентификување, елиминирање или минимизирање на новонастанатите ризици на работното место. Најновата стратегија на ЕУ за БЗР за периодот (2014-2020), го потврдува идентификувањето на новите ризици во подем по БЗР како главен предизвик за идното делување на ЕУ. Современите пристапи за градење ефикасни политики за БЗР, потребно е да содржат системски активности за приспособување на работниците и претпријатијата према глобалните промени кои продуцираат нови ризици.

9 European Commission, 2014, „ EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020 ",COM(2014) 332 final, Brussels, pp. 5-7

10 Ibid, pp.5-12;

1) Консолидирање на националните стратегии за БЗР; 2) Поддршка на микро и малите претпријатија за усогласување со легислативата на БЗР; 3) Подобро спроведување на легислативата за БЗР од страна на земјите; 4) Поедноставување на постоечката легислатива за БЗР; 5) Справување со ризиците кои се однесуваат на опасностите од стареењето на работната сила, новонастанатите ризици и професионалните заболувања поврзани со работата; 6) Унапредување на системот за прибирање на статистичките податоци и развој на информационата база; 7) Подобрување на координацијата меѓу ЕУ и меѓународните организации за справување со опасностите по БЗР

11 European Commission, 2014, „EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020", Brussels

За да ги подобрат своите националните политики за БЗР, во моментов 13 земји членки го користат Европскиот социјален фонд (ЕСФ). На располагање за финансирање на активностите поврзани со БЗР за периодот 2014-2020, се и други европски Структурни и инвестициски фондови (ESIF), Новата Рамковна програма на ЕУ за истражување и иновации за 2014-2020 (Horizon 2020), Европскиот регионален фонд за развој (ERDF), Европското партнерство за иновации, активно и здраво стареење итн.

12 European Agency for Safety and Health at Work, 2010, „ESENER - European Survey of Enterprises on New and Emerging Risks", Printed in Belgium, p.11

Одговорите за превенција на новите ризици во подем по БЗР треба да се базираат на инвестиции во домени како што се: модерен дизајн и имплементирање на иновативни и попродуктивни начини на организација на работата, обуки, стручно образование, програми за БЗР, интегрирање на добри практики итн.

Превенцијата на новите ризици во подем, треба да опфати промоција на здравата работна и животна средина на национално ниво, развивајќи и спроведувајќи кампањи кои поттикнуваат и мотивираат здрави навики и стилови на живеење на населението воопшто. Квалитетот на спроведување на легислативата за БЗР, особено кај микро и МСП, потребно е засилено да се мониторира преку зголемена активност на државните инспекторати за труд кои истовремено ќе се грижат за обука на своите вработени и градење на модерна администрација со соодветни знаења од областа на БЗР. Сите активности во доменот на БЗР на национално ниво мора се одвиваат во координација со Советодавниот комитет на ЕУ за БЗР, користејќи современи комуникациски канали, интернет, on-line апликации, социјалните мрежи итн. Важен придонес кон развојот и успешното спроведување на политиките за БЗР, може да даде взаемната соработка и со другите домени на јавните политики, образованието, ИР, јавното здравје, индустриската политика, екологијата итн.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. European Agency for Safety and Health at Work, 2007, „ Expert forecast on Emerging Biological Risks related to Occupational Safety and Health",Printed in Belgium
2. European Agency for Safety and Health at Work, 2007, „ Expert forecast on emerging psychosocial risks related to occupational safety and health",Printed in Belgium
3. European Agency for Safety and Health at Work, 2010, „ESENER - European Survey of Enterprises on New and Emerging Risks", Printed in Belgium
4. European Commission, 2007, „ Improving quality and productivity at work: Community strategy 2007-2012 on health and safety at work", Brussels
5. European Commission, 2014, „ EU Strategic Framework on Health and Safety at Work 2014-2020", Brussels
6. https://osha.europa.eu/en/riskobservatory/index_html

614.83/.84

Доц. д-р Синиша Цветковиќ,
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

БЕЗБЕДНОСНИ МЕРКИ ЗА ЗАШТИТА ОД ЕКСПЛОЗИЈА НА ЗАПАЛИВА ПРАШИНА

Апстракт: Експлозиите на запаливите прашини претставуваат сериозен проблем особено во индустриите кои работат со прашини или кај кои прашините се јавуваат како резултат на одредени производни процеси и постапки. Проблемот на превенцијата и безбедносните мерки за ПП заштита во овие објекти е повеќедимензионален и вклучува повеќе аспекти на делување. Во трудот се нагласува важноста од посериозен третман на оваа проблематика во стопанските субјекти. Покрај спроведувањето на законските обврски, потребно е дополнително преку теоретски, образовни и практични безбедносни методи и протоколи да се превземат соодветни технички и организациски мерки, за едукација, тренинг и обуки на вработените, со цел превенција и намалување на ризикот од експлозија на запалива прашина.

Клучни зборови: запалива прашина, ризик од експлозии, превенција, пп заштита

SAFETY MEASURES FOR THE PROTECTION FROM THE COMBUSTIBLE DUST EXPLOSION

Abstract: Combustible dust explosions are serious problem, especially in industries that work with dusts or where dust occur as a result of certain manufacturing processes and proceedings. The problem of prevention and safety measures of fire protection in these facilities is a multifaceted and includes several aspects of operation. This paper emphasizes the importance of a more serious treatment of this issue in the companies. Besides the implementation of legal obligations, is further necessary through theoretical and practical educational methods and security protocols to take appropriate technical and organizational measures, education, staff training, in order to prevent and reduce the risk of combustible dust explosion .

Keywords: combustible dust, explosion risk, prevention, fire protection

ВОВЕД

При одвивање на многу производствени процеси и технолошки постапки, се користи или се добива прав, кој помешан со воздухот создава дисперзна смеса која се карактеризира со способност за согорување. Ваквата смеса претставува запалива прашина која поседува одредени експлозивни својства. Околу 80% од прашините кои се среќаваат во индустриските процеси се запаливи. Дури и слој прашина од 1 (мм) во затворена просторија, е доволна за да предизвика експлозија во услови кога прашината ќе се извртложи и ќе се помеша со воздухот односно ќе формира облак од ситни честички прав и воздух. Кон ваквата смеса доколку се донесе извор на палење, постои можност да започне процес на согорување кој се одвива со голема брзина и во краток временски интервал поприма карактеристики на експлозија. Овие факти, заедно со фактот дека оние

кои се засегнати за безбедноста и здравјето при работа не се доволно свесни за опасноста (за разлика од опасноста што ја претставуваат експлозиите на гас), ја нагласува потребата од посериозен третман на оваа проблематика, преку теоретски и практични безбедносни методи да се влијае кон намалување на последиците од експлозии на запаливи прашини. Експлозиите на запаливите прашини имаат различни карактеристики од експлозиите на гасовите, но често пати можат да бидат поразорни и поопасни по безбедноста на луѓето и материјалните добра. Главната опасност се состои во тоа што доколку во простор во кој има наталожена прашина се случи мала, локална експлозија, таа може да ја развиори односно да ја подигне наталожената прашина и да создаде облак, кој има потенцијал да предизвика експлозија од поголеми размери. Во зависност од карактеристиките на просторот можно е да се случуваат верижни експлозии така што, секоја наредна експлозија создава нов облак на прашина која понатаму последователно експлодира.

ПОИМ И КАРАКТЕРИСТИКИ НА ЗАПАЛИВАТА ПРАШИНА

Поимот прав се однесува на уситнетите честички од цврста материја кои се создаваат при мелење, обработка, преработка или при ракување со компактна цврста материја. Честичките на материјата се третираат како цврсти тела поради нивната тврда агрегатна состојба. Прашината претставува дисперзен систем во кој дисперзната фаза ја сочинуваат честичките цврста материја, а дисперзионата фаза ја сочинува воздухот или некој друг гас. Вообичаено, оние дисперзни системи во кои големината на честичките е до 10-2mm се нарекуваат прашини. Прашините во основа претставуваат мали цврсти честички кои се присутни (лебдат) во атмосферата, но по извесно време како резултат на сопствената тежина се таложат. Според своите особини прашината се разликува од компактните цврсти тела, затоа што честичките прав се многу ситни и поради тоа располагаат со голема вкупна реакциона површина. Према тоа, како многу важни карактеристики на честичките прав се нагласуваат: нивната висока реакциона способност, склоноста кон вртложење и намалената способност за спроведување топлина. Поради тоа честичките прав во смеса со воздухот или некој друг гасовит оксидатор, создаваат мешавина која ја нарекуваме запалива прашина. Искуството покажува, дека скоро секој фино уситнет материјал помешан со воздухот, доколку е во концентрација во интервалот на запаливост на смесата со воздух, може да гори односно да експлодира, кога од доволно силен извор ќе му се доведе енергија која ќе биде способна да иницира егзотермна реакција што ќе го поддржува процесот на согорување.

Дисперзните системи на цврстите честички се делат во две главни групи: природни и технички прашини. Во инженерската практика, од противпожарен и безбедносен аспект по однос на опасноста од експлозија, од поголем интерес е анализата на техничките прашини. Според одредени истражувања, има околу 140 видови познати супстанции кои продуцираат запаливи прашини, гупирани во следниве области: земјоделски производи и нивни прашини, јаглеродни, хемиски, метални и полимерни прашини.[1]

1 Occupational Safety and Health Administration, 2009, „Hazard Communication Guidance for Combustible Dusts",U.S. Department of Labor, p.3

МЕХАНИЗАМ НА СОГОРУВАЊЕ (ЕКСПЛОЗИЈА) НА ЗАПАЛИВИТЕ ПРАШИНИ

Експлозиите на запаливите прашини се случуваат во различни индустрии кои користат или во своите технолошки процеси произведуваат уситнет цврст материјал: прехранбената, хемиската, фармацеутската, текстилната индустрија, преработувачката индустрија на дрво и разни производи од хартија, рударството и сл. Последиците од експлозиите на запаливите прашини покрај моментните материјални штети, запреното производство, штетите по БЗР (повредени, мртви, и сл.), можат да имаат далекусежни импликации врз економијата на производниот сектор но и на националната економија.

Секој материјал, кој може да гори во присуство на воздух кога е во цврста состојба, може да биде експлозивен кога ќе се доведе во форма на „фина" прашина. Потребните услови за да започне и продолжи процесот на согорување, подразбираат присуство на три неопходни елементи: горивна материја (гориво), оксидатор и извор на палење, во практиката познати како „пожарен триаголник". Меѓутоа, за да се случи експлозија на запалива прашина, дополнително се потребни уште два услова: 1) дисперзија на честичките прашина во доволна количина и концентрација; 2) облакот прашина да се наоѓа во затворен простор. За да се активира „механизмот" за експлозија на запалива прашина, потребно е да бидат задоволени неколку услови во континуитет: прашината мора да биде запалива и доволно ситна (фина) за да може да формира суспензија во воздухот; облакот односно смесата оксидатор-запалива прашина мора да биде во границите на експлозивност (над долната и под горната граница на експлозивност); да постои доволна количина на оксидатор за да се овозможи и поддржи процесот на горење; прашината мора да биде сува; суспензијата мора да биде во затворен простор и мора да постои извор на палење. [2]

Заедно, овие пет услови го формираат т.н. „пентагон на експлозија на запалива прашина". Секако, доколку еден од овие услови недостасува, нема да се случи експлозија на запаливата прашина. Со тоа се наговестуваат и основните насоки и активности за превенција од ризикот на експлозија на запаливи прашини преку елиминирање на претходните услови.

Експлозија на запаливи прашини се случува тогаш кога, фина прашина се меша со воздух создавајќи суспензија која потоа под дејство на извор на палење се запалува. Горењето е експлозивно што резултира со повишување на притисокот и создавање на ударен бран кој има разорно дејство. Ваквиот начин на согорување се нарекува дефлаграција и означува појава на горење со субсонични брзини. Карактеристично за ваквиот тип на горење е тоа што секој следен дел од запаливата прашина се пали како резултат на топлината која се ослободува од претходната реакција.

Експлозиите на запаливите прашини според времето и местото на случување можат да се категоризираат како примарни и секундарни.

Вообичаено место каде што се случува инцијалната односно примарната експлозија, е во затворени простори како што се внатрешноста на пневматските транспортери, циклони, сушачи, елеватори, силоси за складирање или затворени делови од производствените погони. По експлозијата, ударниот бран има толкава снага што може да ги сруши ѕидовите на затворените простори и да овозможи прашината и продуктите на согорување (гасовите од експлозијата) да бидат исфрлени кон надворешната околина.

2 R. Stahl Company, 2014, „Dust Explosion Protection", Germany

Секундарните експлозии се јавуваат како резултат на претходните случувања. Ударниот бран од примарната експлозија може да ги разбранува слоевите на акумулираната и наталожена прашина, која со воздухот создава запалива суспензија, чиј извор на палење се пламенот или продуктите на согорување, односно топлината од примарната експлозија. Секундарните експлозии се случуваат како верижна реакција на примарните експлозии и имаат потенцијал да предизвикаат сериозни оштетувања на околината.

Различни прашини од ист хемиски материјал имаат различна запаливост и експлозивни карактеристики кои зависат од повеќе фактори, како што се: големината и обликот на честичките, концентрацијата на честичките прашина во воздухот, содржината на влага во воздухот и честичките, интензитетот на изворот на палење, количината на оксидаторот која е на располагање за процесот на горење, температурата на палење итн. [3]

БЕЗБЕДНОСНИ И ПРЕВЕНТИВНИ МЕРКИ ЗА СПРЕЧУВАЊЕ ЕКСПЛОЗИЈА НА ЗАПАЛИВА ПРАШИНА ВО ФУНКЦИЈА НА ЕФИКАСНА ПП ЗАШТИТА

Во функција на пронаоѓање и разбирање на општите услови кои придонесуваат за експлозија на запаливата прашина, утврдувањето на нејзините особини, особено склоноста кон палење и експлозивно согорување, се врши преку лабораториски испитувања во специјално дизајнирани апарати и уреди. Преку испитувањата се стекнува увид во нивото и степенот на опасност од запаливата прашина, што понатаму претставува основа за идентификување и превземање на одредени заштитни мерки и активности за спречување на експлозии, пожари и други пропратни несреќи. За таа цел се утврдуваат следниве физички особини на прашината: запаливост, експлозивност, граници на експлозивност, минимална енергија на палење, температурата на палење на смесата воздух-прашина, температурата на тлеење, точката на самозапалување и електричната отпорност на прашината. Со добиените параметри се стекнува поим за нивото на опасност што го претставува запаливата прашина.

Проценката на ризикот од експлозија на запалива прашина, е процес кој се состои од 5 чекори кои ги вклучуваат следниве активности: 1) Идентификување на опасноста; 2) Донесување одлука кој и како може да биде повреден при експлозијата; 3) Оценка на ризикот и воспоставување мерки на претпазливост; 4) Нотирање на наодите и имплементација на мерките; 5) Ревизија на извршената проценка на ризикот и дополнување по потреба.[4]

Со цел превенција на ризикот од експлозија на запаливи прашини, секое претпријатие е потребно да изврши идентификација на следниве опасности за да се процени потенцијалот односно загрозеноста на објектите од експлозија на запалива прашина:

- Присуство на материјали кои се запаливи во форма и гранулација на прашина
- Процеси кои користат или произведуваат запалива прашина
- Отворени области каде запаливата прашина може да формира облак
- Скриени (тешко достапни) области каде запаливата прашина може да се акумулира
- Средства со кои прашината може да биде дисперзирана во воздухот
- Потенцијални извори на палење

3 Kirkwood Community College, 2008, „Combustible Dust: Safety and Injury Prevention", Instructors Manual, p.11
4 http://www.dustexplosion.info/risk%20assessment%20for%20dust%20explosions.htm

Превенцијата на ризикот од експлозија на запалива прашина во основа опфаќа контрола на присуството на запаливата прашина и изворите на палење на работното место. Во таа насока корисно е да се имаат во предвид следниве препораки со цел поголема БЗР.

Препораки за контрола на прашината: спроведување програма за инспекција, тестирање, чистење и контрола на запаливата прашина; користење на соодветни филтри и системи за собирање прашина; минимизирање на истекувањата на прашината од процесната опрема и системите за вентилација; користење работни површини кои овозможуваат лесно чистење и минимално акумулираат прашина; обезбедување пристап за инспекција до сите тешко достапни и скриени подрачја; користење методи за собирање прашина со правосмукалки итн.

Препораки за контрола на изворите на палење: користење електрични инсталации и опрема соодветни за експлозивна средина; контрола на статичкиот електрицитет, вклучувајќи го и заземјувањето, пушењето, отворени пламени и искри, механички искри и триење; одвојување на загреаните површини од прашината; одвојување на системите за греење од прашината; користење на програма за превентивно оддржување на опремата итн.

Препораки за контролира на повредите и оштетувањата: издвојување на опасноста (изолација на растојание); сегрегација на опасноста (изолација со бариера); вентилирање и инертирање на експлозијата; вградување сигурносни противексплозивни вентили на опремата; насочување на отворите за вентилација и релаксација на притисокот далеку од работните места; користење специјализирани системи за гасење на пожар и системи за заштита од експлозија; детектори на искри; усвојување акциски план за итни случаи; одржување на проодност на рутите за излез и евакуација во итни случаи.

Како резултат од проценката на ризикот од експлозија на запаливата прашина, треба да произлезе класификација на опасните места и поделба на просторите на зони врз основа на зачестеноста и времетраењето на појавата на експлозивната атмосфера.

Вработените, мора да знаат правилно да ракуваат со било која запалива прашина присутна во објектот, што мора да биде достапно како информација во Документот за заштита од експлозии. Особено е важно да се воспостави програма за редовна контрола, одржување и чистење на работните површини и опрема, за да се спречи акумулација на запаливата прашина во опасни концентрации. При тоа, во процедурата за чистење задолжително е да се пропише користење на уреди и опрема кои нема да ја развиоруваат прашината или да претставуваат опасност од потенцијално искрење.

На крај, важно е да се напомене дека покрај опасноста од експлозија на развиорената запалива прашина, и наталожената прашина претставува пожарна опасност. Наталожената прашина се карактеризира со низок коефициент на спроведување топлина и претставува добар термички изолатор. Доколку прашината се наталожи врз уредите кои при работа се загреваат, ќе го спречи нивното ладење а загреаните површини може да претставуваат извор на палење. Исто така, доколку прашината се наталожи во подебел слој може да дојде до процес на тлеење, а потоа и до самозапалување на прашината и предизвикување на опасност од пожар.

ЗАКЛУЧОК

Превенцијата на ризикот од експлозија на запалива прашина подразбира примена на мерки и активности насочени кон утврдување на параметрите за нивото на опасност што го претставува запаливата прашина, проценка на ризикот од експлозија, идентификација на потенцијалните опасности за да се процени загрозеноста на објектите од експлозија итн. При тоа, од основно значење е следењето и контролата на присуството на запалива прашина и контролата на изворите за палење. Безбедносните мерки за пп заштита опфаќаат примена на специјализирани системи за гасење на пожар и системи за заштита од експлозија, системи за вентилирање и инертирање на експлозии, вградување на сигурносни противексплозивни вентили на опремата, поставување сигурносни отвори за вентилација и релаксација на притисокот, детектори на искри, бариери за издвојување и изолација на опасноста итн.

Покрај исполнувањето на безбедносните барања од делот на законските обврски, одговорност на работодавачот е да ги обучи работниците кои работат во услови на зголемено присуство на запалива прашина за потенцијалните опасности, спроведувајќи програми за стручно образование и обуки, имплементација на програма дизајнирана за минимизирање на ризикот итн. Ако работниците се обучени да ги препознаат и спречат опасностите, поврзани со запаливата прашина, тие брзо можат да превземат превентивни мерки и активности или да го алармираат менаџментот за зголемениот ризик по БЗР и присутната опасност.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Kirkwood Community College,2008, „Combustible Dust: Safety and Injury Prevention",Awareness Training Program, Instructors Manual
2. Occupational Safety and Health Administration, 2009, „Hazard Communication Guidance for Combustible Dusts",U.S. Department of Labor
3. R. Stahl Company, 2014, „Dust Explosion Protection", Germany достапно на www.dust-ex.stahl.de
4. OSHA, 2013, „Firefighting Precautions at Facilities with Combustible Dust",U.S.Depart. of Labor
5. Scott Stookey, 2006, „Dust Deflagration – Recognizing and Regulating The Hazard", Building Safety Journal
6. OSHA Fact Sheet, „Hazard Alert: Combustible Dust Explosions" достапно на www.osha.gov
7. http://www.dustexplosion.info/index.htm

662.75:005]:502/509

Раце Трајковски, e-mail: trajkovskirace@yahoo.com

Росе Смилески, e-mail: rose.smileski@ugd.edu.mk
Универзитет „Гоце Делчев“ - Штип, Воена академија „Генерал Михајло Апостолски“ - Скопје, Р. Македонија

УПРАВУВАЊЕ СО ГОРИВА, МАСЛА И МАЗИВА

Апстракт:Овој труд се базира на истражување со употреба на разни методи при што се добиени одредени резултати кои во иднина можат да бидат применети во развојот на безбедноста при управувањето со горивата, маслата и мазивата, нивното чување, складирање, транспорт и употреба. Треба да се напомене дека во Република Македонија постоеше и сè уште постои недостаток на информации за целосното штетно влијание на овие средства врз природната околина и здравјето на луѓето што последично води кон недоволна контрола на ракувањето и управувањето со нив, нецелосна имплементација на законските регулативи, мала или никаква реакција на организациите и здруженијата за заштита на животната средина.

Клучни зборови: гориво, масло, безбедност

MENAGAMANT OF FUEL, OIL AND LUBRICANTS

Abstract: This study is based on research by using various methods thus obtained certain results that in the future may be applied in the development of safety management of fuels, oils and lubricants, their keeping, storage, transport and its use. It should be noted that in Macedonia there was and there is still a lack of information on the full adverse impact of these resources on the environment and human health which consequently leads to insufficient control in handling and managing them, incomplete implementation of legal regulations, small or no response of organizations and associations for environmental protection.

Keywords: fuels, oils, safety

ВОВЕД

Опасните и лесно запаливи матери како што се горивата, маслата и мазивата бараат посебни мерки за безбедност и сигурност при нивното складирање, чување, транспорт, како и нивната употреба и ракување, но и управување со отпадот. Интересни се и прашањата врзани со резервните залихи, како што се одредување на големината на резервите, видови на залихите, локација на залихите и управувањето со нивното ракување и употреба. Ефикасно управување со залихите бара сеопфатно планирање со цел да се осигури дека сите активности поврзани со управувањето со резервите функционираат како интегриран систем. Во врска со тоа можеме да зборуваме за заштита на економијата и полесно менаџирање со националната безбедност за време на енергетска криза. Покрај сирова нафта, сите земји чуваат и одредени количини на горива, масла и мазива, па така и Република Македонија располага со одредени количини на гориво кои се чуваат во подземни складови. За нивно чување, одржување и обновување се задолжени одредени приватни претпријатија. Овие количини на горива, масла

и мазива, претставуваат опасност по околината и луѓето, поради што и за нив е потребно правилно и постојано чување и одржување.

1. ГОРИВА

Под горива се подразбираат материјали (како што се јаглен, нафта или гас) коишто при согорување произведуваат топлина или електрична енергија, како и запаливи супстанции или материјали кои се користат за одржување на оган, како јаглен, дрво, нафта или гас, со цел да се создаде топлина или електрична енергија.

Гориво е извор на енергија за мотори, електрични централи или реактори.

Гориво е и нешто што одржува или поттикнува, стимулира одредена активност.

Гориво може да биде и супстанција или материја која се користи за исхрана, храна, бидејќи и тоа им дава енергија на живите суштества.

Горива се и нафтени деривати или производи добиени од сурова нафта при нејзина обработка во рафинерии. За разлика од петрохемиските, кои се сочинуваат од добро дефинирани обично чисто хемиски соединенија, нафтените производи се сложени смеси. Поголемиот дел од нафта е претворена во нафтени производи, кои се поделени на неколку класи на горива. Најголемиот дел од нафтените деривати се користат како «енергетски носители», односно различни видови на дизел гориво и бензин. Тука спаѓаат обичен бензин, супер бензин, керозин, дизел гориво (неколку видови), масло за греење и разни други потешки масла и мазива.[1]

1.1. Транспорт на горивата

Секое возило кое учествува во сообраќај претставува опасност, ризикот е уште поголем доколку се работи за возила кои превезуваат опасни материи.

За опасни материи се сметаат сите материи кои можат, поради нестручно или неодговорно ракување, или некоја незгода при производство, транспорт, складирање или употреба, да предизвикаат штета по здравјето и околината.

Бидејќи горивата спаѓаат во опасни материи, и за нив важат правилата како и за сите останати опасни материи. Транспортот и манипулирањето со опасните материи се регулирани со закон и меѓународни конвенции и упатства за одредени видови и гранки на транспорт. [2] За секој вид на транспорт (патен, железнички, воден, воздушен, цевководен) постојат договори врз основа на препораките на ОН кои ги даваат основните одредби, критериуми и услови за вршење на транспортот на опасни материи.

Во патниот сообраќај[3] можат да се транспортираат бурења и цистерни со гориво, во вид на влечно возило, влекач со полуприколка или влекач со приколка. Моторното возило може да има само една приколка или полуприколка. Транспорт со автоцистерна е најчестиот и побезбедниот вид на патен транспорт на течно гориво. Транспортот треба да ги задоволува следниве услови и прописи:

» Во возилото да се наоѓаат возач, совозач и придружник на товар,
» Возачот треба да поседува:

1. Документ за превоз на опасни материи – товарен лист;
2. Сертификат за исправност на возилото за превоз на опасни материи;

1 https://ironlady003.wordpress.com/2014/05/19/pogonski-materijali-goriva/, пристапено, 15.03.2017 година
2 „Transportovanje tečnog goriva", Tehnička škola Pirot 2011
3 „Transportovanje tečnog goriva", Tehnička škola Pirot 2011

3. Сертификат за стручна оспособеност за превоз на опасни материи;
4. Упатство со посебни мерки за безбедност во случај на незгода;
5. Покрај наведеното можат да бидат пропишани и дополнителни мерки, како следење, одредување на маршрута, дополнителни ознаки и сл.

» Возилото треба да е опремено со уред за одвод на статичкиот електрицитет на патот, и две плочки за приклучок на заземјување, како и издувна цевка за собирање на варници.
» Возилото треба да е прописно и означено со ознаки за транспорт на опасни материи, ознаките се поставуваат на предните и задните страни, а понекогаш и на бочните страни да бидат полесно воочливи и јасно видливи, како што е пропишано според АДР.
» Дополнителна опрема која треба да ја има возилото се состои од мин 2 ПП апарати, 2 рачни батериски ламби со трепкаво или постојано светло со портокалова боја која се гледа на далечина од 150 метри, 2 знака за обележување на запрено возило, 2 знаменца со црвена боја, а црн раб, 2 лопати и крамп, преносна ламба за приклучување на акумулатор, лична заштитна опрема (шлем, ракавици кожни и гумени, рефлектирачко елече, облека која не создава статички електрицитет, заштитни чизми или чевли со челичен врв).

Железницата[4] во однос на заштитата и зачувувањето на животната средина е најмал загадувач на атмосферата, со оглед на тоа дека како гориво во голема мера се користи електричната енергија, произведува помалку шум од другите форми на транспорт, зазема помалку простор од патниот транспорт и енергетски е многу поконкурентна во споредба со патниот и воздушниот сообраќај. Досегашните анализи на железничкиот сообраќај покажуваат релативно голем број на вонредни настани. За да се елиминираат или барем да се ублажат можните причини за хаварија, потребно е законски да се регулира организирано и оперативно следење на превозот на опасните материи, да се направи база на податоци и да се воведе ефикасен систем за управување, поддржан со компјутерска опрема. За безбедноста на превозот на опасни материи во железничкиот сообраќај пред сè влијаат:

» техничката исправност на средства за превоз на опасни материи;
» исполнувањето на пропишаните мерки во зависност од видот на опасни материи и неговите карактеристики;
» квалитетен прием на пратките на опасни стоки за превоз со железница според пропишаната постапка;
» контрола и следење на пратките на опасни материјали низ патеката за транспорт;
» обученост на персоналот за вршење на транспортот на опасни материи, нивното редовно образование во согласност со промените на прописите и периодични проверки на знаењата.

Многу важна улога во транспортот на горивата, а посебно за сирова нафта имаат бродовите специјализирани за таа намена, таканаречените танкери.[5] Денес, најценети се танкерите со носивост од 147000 dwt кои можат да поминат

4 „Značaj i uloga zeleznićkog prometa u zaštiti okoliša sa posebnim osvrtom na prevoz opasnih materija", Bundalo Zoran, Opatija 2002
5 Tankeri, P. Komadina, Rijeka, 1994.

низ Суецкиот Канал и се викаат SUEZMAX танкери.[6] Поради поголема безбедност и заштита танкерите мора да ги задоволуваат следниве норми:

» да имаат двојно дно по целата должина на бродот;
» да имаат двослојни плочи на телото;
» да имаат вградени цистерни за баласт посебни од цистерните за товар.

Целта на овие норми и барања е заштита на морињата и крајбрежјата од загадување со нафта и нафтените деривати.

Транспортот на горивата по воздушен пат денес многу ретко се користи, а најчесто се користи за воени потреби, односно за полнење на воените авиони во воздух, дотур на издвоени бази со гориво што најчесто се врши со хеликоптери кои носат гумени резервоари со гориво или бурија со гориво.

Цевководниот транспорт[7] е релативно млад, но доста експанзивен, се користи за транспорт на течни, разлиени и гасовити товари. Во најголем обем се транспортира земјен гас, нафта и дериватите на нафта. Денес вкупната должина на гасоводите и нафтоводите достигнува 1,8 милиони километри, а повеќе од половина од вкупниот светски промет со тој вид на транспорт отпаѓа на Русија. Цевководниот транспорт може да биде:

» пневматски и
» хидрауличен

Пневматскиот транспорт е транспорт на принцип на воздух и се користи за транспорт на горивата во гасна состојба.

Хидрауличниот транспорт се користи за транспорт на течности, па така и за транспорт на нафта и нафтените деривати. Течноста се транспортира на самотечен принцип (по слободен пад) или на принцип на потисок (со пумпа).

1.2. Управување со горивата на бензинските станици

Бензинските станици како потенцијално опасни места за околината и штетното влијание врз здравјето и животот на луѓето мора да бидат лиценцирани од страна на надлежните институции бидејќи вршат чување и продажба на опасни и лесно запаливи течности. Постапките и мерките за заштита при работа, како и заштитата од пожар и експлозија при преточувањето на запаливи течности од автоцистерна во складишните резервоари за гориво на бензинската станица започнуваат со пристигнување на автоцистерната на бензинската станица. Преточувањето на горивото го следат раководителот на бензинската станица, овластениот продавач и возачот на автоцистерната, при што се внимава да не дојде до неконтролирано излевање на гориво, преполнување на резервоарот, откачување на гуменото црево и прекин на врската помеѓу резервоарот и автоцистерната и други несакани последици со кои би се загрозила безбедноста на бензинската станица.[8]

При полнење на погонските резервоари на моторните возила со гориво, моторот на возилото мора да биде изгаснат, а возилото закочено. При полнење на погонските резервоари на моторните возила со горива, веднаш мора да се отстранат неконтролирано излеаните горива, а површините каде што се излеале да се исчистат.

6 Supertankers, Anatomy and Operation, Dr. R. Solly, London, 2001
7 „Cevni transport", Tehnička škola Pirot, 2010;
8 „Правилник за заштита од пожари и експлозии за Бензиска станица", Закон за заштита и спасување (Сл. Весник на РМ бр. 93/2012);

1.3. Чување на државни резерви на гориво

Во условите на високата енергетска зависност, важно е да се осигури стабилноста на нафта и нејзините деривати. Важна улога во оваа индустрија има складирање на нафтата и нафтените деривати. Имајќи го предвид усогласувањето на македонското законодавство со европските регулативи, Република Македонија има донесено закон за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати и е формирана и Дирекцијата за задолжителни резерви на нафта и нафтени деривати. Најголем дел од горивата се чуваат во подземни резервоари[9] па така за максимално намалување на можноста од загуба на средствата при самото проектирање, инсталирање и ракување со системот на подземно складирање на горивата потребно е:

- Високи критериуми при проектирање и инсталирање со употреба на најсовремени технологии;
- Редовни и детални инвентарски контроли за да се открие навремено секоја загуба на продукти или опрема;
- Редовна контрола на физичко протекување;
- Неодложно преземање на соодветни мерки доколку се забележи кусок на продукти или опрема.

Од аспект на безбедноста при работа, важно е сите работи во складот да се вршат со строго почитување на прописите за безбедно ракување со опасни материи, преземање на мерки за безбедност при работа за лицата директно вклучени во работата, лицата вработени во складот, како и лицата во околината на складот. Сите работи во складот да се вршат строго според законските прописи, а компанијата која го управува складот да ги пропише мерките за безбедност при работа за секоја постапка и работно место посебно.

2.МАСЛА И МАЗИВА

Мазивата, како и маслата се супстанции наменети за намалување на триењето помеѓу површините кои се во меѓусебен контакт, при што на крајот се намалува топлината што се создава кога површините се движат и меѓусебно се тријат.[10] Според изборот на транспортот се врши и соодветно пакување на маслата и мазивата. Транспортот на течните масла се врши во буриња, автоцистерни и контејнери, додека на цврстите мазива се врши во буриња. Маслата се чуваат на суво и во добро проветрени простори и тоа: во подрум, полуподрум (полувкопана просторија), или надземно. На терен маслата може да се чуваат и во стеги, јами или дупки. Течните масла може да се чуваат во резервоари или метални буриња, а мастите во метални херметички затворени буриња, додека користените масла се чуваат посебно поради регенерација. Бидејќи користените, отпадни масла се посебно опасни за околината, сопствениците на отпадните масла се должни да обезбедат собирање и привремено складирање на отпадните масла.[11] Забрането е да се мешаат различни категории на отпадни масла, мешање со друг отпад а посебно со некој друг опасен отпад.[12] Резервоарите за собирање на отпадни масла мора да бидат цврсти, непропустливи и затворени, и да носат ознака за

9 „STORAGE TANK MAINTENANCE R-111", Steel Tank Institute, Lake Zurich, July 2011;

10 „Maziva i podmazivanja", S. Arsić i dr., Jugoma, Zagreb,1986;

11 „Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување податоци",„Службен весник на РМ„ бр. 156, од 26.12.2007 година;

12 „Правилник за постапките и начинот на собирање, транспортирање, преработка, складирање, третман и отстранување на отпадните масла, начинот на водење евиденција и доставување податоци",„Службен весник на РМ„ бр. 156, од 26.12.2007 година;

клучниот број на отпадните масла (Сл.1).

Слика 1. Резервоар за собирање на отпадни масла
Figure 1. Container for collecting waste oil

3.ИСТРАЖУВАЊЕ

Во текот на истражувањето се реализирани неколку анкети, разговори, разгледувања и набљудувања на бензински станици, складови за гориво и неколку сервиси кај што се врши замена на моторно масло, при што преку нивната анализа се добиени одредени резултати и согледувања (Сл.2).



Слика 2. Просек на употреба на заштитна опрема и дополна во храна
Figure 1. Average use of protective equipment and food supplement

Според прикажаниот графикон можеме да констатираме дека од заштитната опрема најмногу се користи работното одело, останатата заштитна опрема како што се очила, капа, маска за дишење, заштита за уши и слично, скоро и да не се користи, дополна во храната која следува при работата со опасни и испарливи материи скоро и да не се добива истата следува според законот, но тоа не се почитува.

ЗАКЛУЧОК

Како што веќе изнесовме нафтата и нејзините деривати се основа на современиот индустриски развој, но за жал, во исто време се и главните загадувачи

на животната средина. Загадувањето на животната средина од страна на нафтата и нафтените деривати е едно од најмасовните и најраспространети загадувања кои се движат од индивидуалните активности на човекот како корисник на моторните возила и другите механички системи, па сè до континуирано влијание од сите гранки на индустријата и сите форми на останатите економски и производни активности. Според сите претходни резултати од истражувања, сите видови на масла и мазива неупотребувани или отпадни, се сметаат за штетни загадувачи на животната средина.

Сите масла, а особено отпадните ја уништуваат микрофлората, а почвата ја прават неплодна и пуста за долг период бидејќи биолошки тешко и бавно се распаѓаат. Дури и во многу мали концентрации водата ја прават неупотреблива за пиење како поради мирисот и поради вкусот, така и поради опасноста по здравјето. Производите од согорувањето се штетни загадувачи на атмосферата, но во случај на отпадните масла, степенот на опасност се зголемува уште повеќе и е во зависност од времето и условите на користењето. Најголемите пропусти на оваа тема, од аспект на заштита при работа и заштитата на животната средина, утврдени при ова истражување во најголема мерка се состојат во нецелосно или никакво имплементирање на законските регулативи и прописи при управувањето со опасните и запаливите материи како што се горивата, маслата и мазивата.

364.622:364.68

V.P. Gavrilova
MSU "G. R. Derzhavin" Sveti Nikole – Bitola

V. N. Bogdanova
Associate assistant at Faculty of Architecture, Ss. Cyril and Methodius, Skopje

ESTRANGEMENT: CREATIVE VIRTUE OF BUILDING PSYCHOSOMATIC HEALTH IN THE CITY

Abstract: Estrangement, as a path towards achieving artistic dimension in the Russian literature of formalism, represents a way of disturbing the neutral ordinary perception of the world. This process of disturbing/awakening of the world view has an essential role in building of the relation between the person and his/her surrounding. The existence of such alternative understanding of reality by the artist and by the observer/reader, inflames an awareness of the need for re-thinking the connection between himself/herself, his/her inside, his/her corporeality and his/her outside world. The city, as his/her home and as a home of the Other, of the outside at the same time, is an inevitable part of his inner self. The dichotomy inside-outside does not possess a real clarity in the individual's world – his inner self is an assembly of choices from external appropriated influences. Thus, the estrangement as art of articulating a dignified distance between the invisible I and the internalized rest of the world, becomes a condition for psychosomatic health of the person, through connection with- and interpretation of the complex home, called the city.

Key words: estrangement, city, healing, connection, creation, internalization

1. ESTRANGEMENT – AN INTENSIVE INTERACTION BETWEEN HOME-SETTLING AND ALIENATION

Estrangement in Russian formalism enables the procedure of creating literariness – an artistic value of literature. The distinction between the language of everydayness and the language of art is inherent in all other fields of art. Each of the arts is facing the challenge of the creative process as a re-thinking of the world of the artist; the creator imprints his/ her statement and his | her attitude towards existence inside the artwork. Estrangement in architecture and urban planning would signify an awakening of the consciousness towards our spatial context – a retrieval, a discovery of the miraculous in the city, and its creative re-thinking, re-creating.

The fact that the city as a specific spatial context is a subject of discussion, not only in its mother discipline, but also in the other arts, points out the crucial importance of the built environment for the inner self of the person. The principal distinction between the artist and the other people is his/her increased capability for estrangement – the intense sensitivity, the observation in depth, the specific openness towards posing questions for the world, towards inhabiting the world and towards abandoning the generally accepted concepts of reality. It is interesting to mention that all this specificities appear in the psychology of the child, between two and seven years.

According to Jean Piaget, few crucial phenomena develop in this cognitive period, including: egocentrism – incapability of re-examining the own worldview and conviction only in his | her own opinion; decentration – at the end of this phase the capability of compassion and a change of the personal perspective is born; animism –

a belief that all things are alive beings [Piaget, 2000]. It seems that this specific qualities of children's psychology work as a metaphor of the psychology of the artist: immersion in his/her inner self, inflammation of the passion for a personal comprehension of the world and its inner translation and interpretation, a treatment of all the things as a living matter, as Other, as Thou. After the 7th year this attributes disappear or are drastically weakened. This crucial condition of estrangement, of curiosity and creative thinking is being re-born through the creative process. There is a remarkable similarity between the children walking through the city and the architects, artists, poets – their look expresses an intense vigilance and interest towards the built environment that gives a home to their bodies. Very often, the border between I and the outside (the animated and appropriated I) is being dissolved to permeability: "Yo soy yo y mi circunstancia" ("I am I and my circumstance") [Ortega y Gasset: 1914].

In a similar way, sings the poet Nikola Madzirov: "I don't know if birds will begin to speak without saying 'a sky'." [Madzirov, 2013]. The city requires disclosure and fresh perception – verbs also necessary for each individual soul settled in the city. According to James Hillman, American psychologist and author of City and Soul, "there is a statistical third in each of us which is craving only for the outside, a diving need without rational basis" [Hillman, 2009:21]. This instinct for periodically abandoning of the city, of the home, of the Earth, points clearly to the innate instinct and need of flying, of change, of being in crisis condition – of loosing the stable ground in the name of a stronger relation with it. The awareness about this instinct is more developed in the creative personalities and therefore they can be named homeless and faithful inhabitants of the city, at the same time.

Analogously, estrangement can be defined as a concept of interplay of closeness and distance between the artist and the observed object, in our case-the city, and at the same time – as a tool for developing relevance of this estrangement of other personalities who perceive the artwork, through the artwork as an archeological trace. This ability for direct, creative explanation of the significance of this innate need to go out encourages the observers of the artwork to remember of and thinking about the moments when estrangement is needed in their life. This overlapping of the condition of voluntary exile and the condition of intensive settlement is an inborn characteristic of each creative personality.

One of the consequences from an improper bonding with the city's organism can be the feeling of negative, forced alienation in the modern city. From here, the strongest poetry for the city as an equivalent of the person's inner being take roots. As in all other times, the creators gifted with a feeling for estrangement and empathy succeed to outlive such conditions as prophets, and, in Adler's words, they are: "the ones who were most successful in entering the trail of human lifestyle. The thing that largely increases our admiration for their artwork is their ability to present the person as an indivisible whole, that lives, dies and acts in the closest relation with the responsibilities of his|her living environment." [Adler, 2016:18].

2. PSYCHOLOGY OF THE IN-BETWEEN: HOME AND HOMELESSNESS OF THE CREATOR

Estrangement begins with creation, and creation begins with question, with wondering. Estrangement in urban design and in the other arts is in a way a virtue of becoming an appreciator. We learn how to recognise the existing values and how to create new places pregnant with meanings and supplemented values. Because of that,

the in-between condition of impartial observer and profound empathizer at the same time is crucial for creating spaces with soul.

We use the term estrangement (way of disturbing the neutral perception) as a term similar to the following words: AWARENESS ("both emotional and cognitive") [Gomez, 2016: 17] | TAMING (Saint-Exupery- to establish ties)/EMPATHY (a way of establishing Buber's I-Thou relationship)/EMPATHIC PROJECTION (the ability to share sensations or emotions "we only know ourselves through such projection; we know ourselves through the other, in embodied communication, situated through architecture and urban space") [Gomez, 2016: 228] ATTUNEMENT (to bring into harmony, to make aware or responsive, a measure how reactive a person is to another's emotional needs and moods. "Our attunement to situation make things relevant to us.")/ENGAGEMENT-a promise, obligation, or other condition that binds. Allegiance towards the earth, and towards all things outside oneself)/ENLIGHTENMENT (to give someone a greater knowledge and understanding about a subject or situation, make aware, open someone's eyes, give someone spiritual knowledge or insight)/DASSEIN (way of being involved with and caring for the immediate world in which one lives, while always remaining aware of the contingent element of that involvement, of the priority of the world to the self, and of the evolving nature of the self itself)/RESISTANCE (being aware of).

Attunement, empathy, engagement are more similar to self-taming and inhabiting, whereas resistance and awareness remind us of something for which a sober mind is needed. This is why we choose the term ESTRANGEMENT as most relevant, not in the sense of alienation (we consider this for impropriate translation), not as something different from the reality or the self, but as awakening, as wondering, as question-creating. How can the creator of places (architect-urban designer) stay intensively inhabited but without prejudices, to stay sober and impartial and yet sensitive in order to comprehend the intellectual acknowledgment in a more wholesome way? Imagination begins with question.

According to Elizabeta Sheleva, a comparative literature critic: "homelessness is a common denominator, and a hypothesis embedded inside the authentic creative existence, which by following its highest characteristics remains central to the creation of a higher, more truthful, more beautiful home. It is precisely the exile-the immanent experience of the poet, the view from above-which makes possible the restoration of his identity and his home, the re-creation of the fatherland as a homeland." [Sheleva, 2005]By investigating the relations with spatial structures in the poetry of Nikola Madzirov, she describes his personality as an assemlby of relations between him and the places, personalities, things that he feels as a specific Otherness, as a Thou. This is what estrangement means in this research: abandoning the Earth in order to inhabit it more intensively. Abandoning the Earth through bonding with the Earth, through developing a consciousness for this relation.

The constant re-thinking of the personal individual concept of home is of crucial importance for the psychosomatic health of the person and his | her well-being. According to Perez Gomez, "We feel well when we are at home … It was the architect's job to make you feel at home in the city, to intensify your sense of purpose and belonging in public, through institutions that framed daily life" [Gomez, 2016:3]. The responsibility of architects and urban planners is directly related with people's lives – the places they create are external reflection of the health condition of people settled in that places, and inversely. Starting point in the design of each good architect is: what is the feeling

that I want to evoke in this space? This requires a compassion – placing oneself in the skin of the other person and a decentration of the own everyday views. It requires an imagination of scenarios, atmospheres, ambient – how can I deeply house one's soul into this space? How to make this space acceptable and desirable? How to create a proposed intervention which understands and complements the spirit of the place?

This way of oriented thinking would involve a concept of home which is wider than only providing a comfort. The meaning of home is understood more thoroughly when we are far away from it. (Nostalgia). Being home should not only provide well-being; it should also embrace the spaces of the desires, believes and fears of the person. How could one built himself/herself into the city's being? How to achieve the feeling of home, not as an imposition, but as a choise of the person? So, home would mean the place where earth and declivity and height come together into our inner self. Architecture should move us, make us aware of the limits of our previous notion of home. The home expands itself with each new attunement, and this means a re-creation of our concept of home, a constant abandoning or reformulation of our own understanding of the word "home". Awareness of spirituality, awareness of verticality, of life and mortality.

Similarly to Hillman, who is working on strenghtening of the tie between city and soul, Perez Gomez is emphasizing the meaning of atmosphere as "pervasive presence that envelops, caresses, embraces us, inside and out, while being utterly invisible". [Gomez, 2016: 17]The meaning of consciousness towards one's own existence and one's own placement in the world becomes more clear and touchable in places inhabited by soul – places that radiate an atmosphere (atmos-vapor, breath, soul). By elaborating dark dystopias from literature, Gomez explains that the cleavage of the relationships between people would bring to indifference towards our own built environment; our attitude towards things is a reflection of our attitude towards the Other. He speaks about the significance of desire and love for the human health and about the significance of designing places of desire: "chora, where the particular and ephemeral meets the ideal and eternal". [Gomez, 2016: 226]. The encounter and love between people leads to mutual fusion and to developing an ability of recognizing the essential. In the dystopian environment, where the personality in individuals are erased and love is considered to be the source of all suffering. The lifetime of such individuals without personality is dedicated to attempts to avoid pain at the expense of burring of curiousity, reality, questions and outside world. "Emotional suffering … it is this suffering that makes us seek the other…. only the freedom of indifference would bring about serenity. … They spend their lives trying to eliminate whatever remains of desire. [Gomez, 2016: 224]Contrary to this scenario could be the creation of atmospheres, creation of places rich in meanings, places which whisper the truth, which cause reassessment inside the visitor's self, which do not lie and do not propagate some ideal future free of pain; places that represent places born according to the human iconic needs, places which develo a consciousness for the meaning of life – not its idealization.

3.ESTRANGEMENT AS AN ART OF HEALING THE WOUNDED HOMES | CITIES | PLACES AND ART OF BUILDING HOLISTIC WELL-BEING (SOUL-BODY-WORLD)

Whoever has to give birth is sick; whoever has given birth, however, is unclean. (...)

You creating ones, in you there is much uncleanliness. That is because you have had to be mothers.

A new child: oh, how much new filth has also come into the world! Go apart! He who has given birth shall wash his soul!

[Niče, 1982:295]

Each creator, architect, urban planner, is responsible for the consequences of the work he | she creates. Creation allows healing of his | her "disease" (overcoming of the incoherence of artist and his surrounding through a personal re-thinking of reality), and at the same time – it contains in itself the risk of possible failure of that re-created place. This is why the estrangement as a creative reading of reality is necessary; it allows a recognition of the real needs of people, a compassion with their destinies, a discovery of the spirit of the existing place and a proposal of design solution which would ennoble the spirit of that place with a new layer of meanings. It is necessary not only to observe the physical configuration of the built environment, but also to understand its social, cultural and psychological dimensions. In order to create a healthy living environment we need a fresh interpretation of the construction place – we need a recognition of its defects and diseases and we need a search for the appropriate cure which would heal the damaged wound. This requires from the creator to be able to detect what the other is feeling or thinking and respond appropriately (to the place investigated and to the people related with that piece of land)."Environment matters … because it is nothing less than a constitutive part of our consciousness… The physical places where we act are of the utmost importance for our wellbeing" [Gomez, 2016:1-2].

This, estrangement in this context is very close to Louise Hay's concept of "willingness for a change" [Hay, 2016:36], or in other words –a readiness for self-criticism, for re-creation of the worldview, for re-creation of the tie between the self and the world, an openess towards posing questions, learning and re-examining of one's own system of beliefs. According to her, the "unconnectedness" between the self and the world is equal to "disease"[25], and the true medical epidemic is the loss of relation with our inner selves [28]. As a way of healing this condition she suggests the meditation as a process of "connecting with the Earth and with all created things" [43]. But is it possible in unhuman and unhealthy urban environments? How can we built a healthy relation with degraded environment? Should we go away from it in order to better understand it? How can create places which give a place to the person to flourish?

Some of the possible strategies for establishing a harmony in re-thinking of the places would be: becoming an creational observer (above and in the place), becoming sensitive to ever-changing rhythms and remain flexible as these change, consistenlty providing a caring, supportive response to cues (of the place and of the people), remembering that persons and places) are unique and so are their needs, staying in the present and pay attention to what is happening at the moment.

It is crucial to emphasize the need of softening the borders between the stereotypical dichotomies: soul-body, inside-outside, emotion-reason. According to Antonio Damassio, a Portugese-American neuroscientist, emotion is an indispensible accompice of reason and it has a crucial role in: ensuring our survival, allowing us to think, evolution of consciousness and a sense of a self. What is more important to stress is that he sees the arts as a field where the consciousness about the crucial role feelings play in cognitive knowledge is on a high level: "Literature (read 'all other fields oF art') may have genetically evolved to do cognitive work precisely by stimulating emotions."[qtd. in Eakin, 2003] If we see architecture as an art, its task would be to provide a dignified home which would radiate Good for our wholesome being and a home for our holistic

health. According to the words of Andrey Tarkovsky, "art is preparing the soul for the perception of Good" [Tarkovsky, 1999] - or in other words – for the essential moment of estrangement which disturbes our everydayness and makes us capable for recognizing and expecting the good and the miraculous in the city. The good for our soul, body, for our Other, for our city is one and the same interest; no route that emphasizes only one of this parts – by violating the balance of the human environment – could be true or correct.

A city of the magnificent spirit is not enough. A city that neglects the soul's welfare makes the soul search for its welfare in a degrading and concrete way, in the shadow of those gleaming towers. Welfare, mainly an inner city phenomenon, is not only an economic ans social problem, it is predominantly a psychological problem. The soul that is uncared for – whether in personal or in community life – turns into an angry child. It assaults the city which has depersonalized it with a depersonalized rage, a violence against the very objects – store fronts, park monuments, public buildings – which stand for uniform soulessness. What city-dwellers in their rage have in recent year chosen to attack (stores and banks and cars), and chosen to defend (trees and old houses and neighbourhoods) is significant. (...) The barbarian is that part of us to whom the city does not speak, that soul in us who has not found a home in its surroundings. The frustration of this soul in face of the uniformity and impersonality of great walls and towers destroys like a barbarian what it cannot comprehend: structures which represent the achievment of mind, the power of will, and the magnificance of spirit, but do not reflect the needs of soul. For our psychic health and the well-being of our city, let us continue to find ways to make place for soul. [Hillman, 25-26]

CONCLUSION

The research of the concept of estrangement as creative virtue of building psychosomatic health in the city, should be elaborated with a sensitivity towards few pathways. Firstly, reasoning through creation means awakening through a creative thinking. The artworks, the poems, the architect's designs help in revealing opinion, in organisng impressions from site-seeing (which always have fragmented nature), in sketching a possible transformation of the observed, in expressing of holistic thought, which they help to be created. Secondy, a holistic approach (engaging and developing the whole person, as different levels, physical, emotional, mental and spiritual) means immersion in oneself and connection between one innerself and the world through the creative act. The healthy enviroment could be achieved only through developing a consciousness which goes beyond visible features – it needs to be comprehended as a phenomena with many levels of complexity. Finally, through estrangement, the exemption from the burden of what we generally name "reality" becomes possible. The exceeding behind the borders of the possible and the craving for the visionary between yesterday and tomorrow means a creative observation, a creative connection with Earth, an inevitabillity of the metaphysical while re-thinking and re-creating the physical.

BIBLIOGRAPHY

1. Adler, A. (2016): Смислата на животот. Gjurgja, Skopje. Tran. Biljana Lazarova from Der Sinn Des Lebens.
2. Buber, Martin. (1937): I and Thou. T. & T. Clark, Edinburgh. Tran. Ronald Gregor Smith from Ich und Du.
3. Gomez, A. P. (2016): Attunement: Architectural Meaning after the Crisis of

Modern Science. MIT Press.
4. Hay, L. with Khadro A. and Dane H. (2016): Сакајте се себеси до совршено здравје. TRI, Skopje. Tran. Velika Shirilova from Love Yourself to Great Health.
5. Hilman, James. (2009): Градот и душата. Nampres, Skopje. Tran. Hristina Miovska, Iskra Dimitrijevska from City and Soul.
6. Ortega y Gasset, J. (1914): Meditaciones del Quijote. Available at:
7. http://www.mercaba.org/SANLUIS/Filosofia/autores/Contempor%C3%A1nea/Ortega%20y%20Gasset/Meditaciones%20del%20Quijote.pdf
8. Madzirov, N. (2013): Remnants of Another Age. Bloodaxe Books. Translated by Peggy Reid, Graham Reid, Magdalena Horvat and Adam Reed.
9. Niče, F. (1982): Tako je govorio Zaratustra. Grafos, Beograd.
10. Piaget, J. with Inhelder B. (2000): Psychology of the Child. Basic Books, New York. Tran. Helen Weaver from La Psychologie de l'enfant.
11. Saint-Exupery, A. (1994): Мали принц. I.P.Luta, Beograd. Tran. Bojana Vukshikj from Le Petit Prince.
12. Shklovsky, V. (1991): Theory of Prose. Dalkey Archive Press, London. Trans. Benjamin Sher from O teorri prozy, 2nd edition (Moskow, 1929).
13. Sheleva, E. (2005): Дом/Идентитет [Home/Identity]. Magor, Skopje.
14. Tarkovsky, A. (1999): Вајање у времену [Sculpting in Time]. Umetnicka druzina Anonim, Beograd.
15. Eakin, E. (2003): I Feel, Therefore I am. Accesed February, 2017. Avaiable at:
16. http://www.nytimes.com/2003/04/19/books/i-feel-therefore-i-am.html

331.45:334.72

Д-р Снежана Малцов
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

М-р Силивија Мироновска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО ДЕЛОВНИТЕ СУБЈЕКТИ

Апстракт: Менаџирањето со безбедноста и здравјето при работа во значителна мерка ги намалува несаканите прекини во текот на работењето и овозможува фокусирање во текот на работа и давање акцент на квалитетен производ или услуга. Затоа приоформување и реализирање на бизнис плановите треба паралелно да се оформува ireализира и менаџирањето со безбедноста и здравјето при работа и таа да се разгледува како интегрален дел од севкупното бизнис делување на еден деловенсубјект и кон него да се пристапи професионално со план, стратегија и ресурси коитреба да бидат и економски и човечки.

Клучни зборови: рентабилност, менаџирање, Безбедност при работа,економија, придобивки

SAFETY AND HEALTH AT WORK AS A PART OF BUSSINES PLANS OF BUSSINES ENTITIES

Abstract: Management of safety and health at work significantly reduces unwanted interruptions during operation and allows focusing at work and giving emphasis on quality product or service. Therefore, when establishing and implementing business plans, the management of health and safety at work should simultaneously be formed and implemented and considered as an integral part of the overall business operations of a business entity which on it's part should be approached professionally by preparing a plan, strategy and resources of economic and human kind.

Keywords: profitability, management, safety at work, economics, benefits

ВОВЕД

Грижата за заштитата на здравјето и безбедноста на работа на вработените се смета дека е битен сегмент од управувањето со деловните субјекти. За секој деловен субјект се потребни здрави работници и работници кои се задоволни од начинот на кој се остваруваат мерките за заштита на нивното здравје. Станува збор за функција која непосредно влијае на индивидуалната и организационата успешност, на трошоците на работење и зачувување на човечките потенцијали во компаниите. Заштитата при работа и заштитата на здравјето на работниците допринесува за поголемо задоволство при извршување на работните обврски на работниците, за поголема продуктивност и за поголема заинтересираност при остварување на целите и интересите на компанијата. Менаџментот на компанијата треба да обезбеди здрави и безбедни услови за работа и за зачувување на физичкото и менталното здравје на работниците. Притоа, менаџментот на компанијата треба да сфати дека севкупното работење треба да биде една целина

која во себе ќе ги содржи сите елементи на деловно работење од планирање, реализација, финансирање и друго но незибежен сегмент од оваа целина треба да биде и безбедноста и здравјето при работа кој исто така треба да се осмисли и реализира и за која треба да се обезбедат соодветни економски и човечки ресурси

ПЛАНИРАЊЕТО НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО КАКО ДЕЛ ОД БИЗНИС ПЛАНОТ

Безбедноста и здравјето при работа треба секогаш да биде приспособена на работникот, т.е. учесникот во работниот процес и само тогаш ќе има смисла и цел нејзината улога во севкупното работење на конкрететен деловен субјект. Без работа нема потреба од преземање мерки за подобрување на безбедноста и здравјето при работа, затоа е потребно прво да се осмисли работниот процес, да се добие идеа за тоа што и како ќе се работи а потоа како интегрален дел од сите деловни планови да се планира и безбедноста и здравјето на работниците. Менаџментот на една компанија има одговорност кон сите вработени но тоа не е доволно, препорачливо е секој индивидуално да работи на подигнување на личната и свеста на пошироката јавност, вклучувајќи ги колегите, соработници и останатите учесници во работниот процес за значењето, правата и обврските во однос на прашањето за безбедни и здрави услови при работа.

Според сопствената пракса и деловните планови на компанијата менаџментот ја утврдува насоката по која ќе се движи компанијата, при што растот и развојот на компанијата зависи од нивните одлуки. Како една од основните задачи на менаџментот се како на пример: поставување на целите на производство, осигурување на квалитетот на производите или обезбедување на клиенти со услуги и други задачи и одговорности. Во нивните одговорности, но не со помало значење е заштитата на работниците од несреќи при работа и професионални заболувања. Менаџментот треба да обезбеди безбедност и здравје при работа на неговите вработени од секој аспект поврзан со работата. Во рамките на одговорности на менаџментот се вбројуваат и преземањето на сите мерки потребни за безбедност и здравје при работа, вклучувајќи заштита од професионални ризици, обезбедување информации и обука и обезбедување соодветна организација и потребни средства. Изјавата за целите и намерите утврдува контекст за пораст, профитабилност а исто така им дава вредност на безбедноста и здравјето на работниците низ целото претпријатие. Системот за управување со безбедност и здравје треба да биде интегриран во рамките на деловната култура и процесите на компанијата.

ПОСВЕТЕНОСТ НА МЕНАЏМЕНТОТ КОН БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО

Менаџментот на еден деловен субјект треба да е посветен на безбедноста и здравјето при работа и таа посветеност треба да ја докажат со зборови и со дела преку политики, постапки и се разбира преку финансиски стимулации кои понекогаш може да бидат и повисоки износи. Во своето управување со претпријатието менаџментот треба да воведе такви заштитни мерки и да избере такви работни и производствени методи кои ќе го подобрат нивото на безбедност и здравје при работа, а ќе се вклучат во сите дејности на работодавачот и на сите нивоа на организацијата. Само тогаш, со целосна посветеност работниците може да бидат сигурни дека работата се извршува безбедно низ целото претпријатие

во текот на целиот работен процес. Она што е од особена важност е дека безбедноста и здравјето при работа не треба да се третира како посебен процес, напротив, треба да се третира како процес кој е интегрален дел на начинот на кој се одвиваат активностите во претпријатието. За остварување на целта за безбедни и здрави услови за работа и работна средина, менаџментот треба да воспостави организациски уредувања кои се адаптираат на големината на претпријатието и на природата на неговите активности.

Одговорноста за безбедност и здравје при работа во рамките на деловниот субјект е на врвниот менаџмент, односно на работодавачот, кој ја организира безбедноста и здравјето при работа во зависност од технолошкиот процес, со примена на научни и стручни методи и во согласност со современите достигнувања. За разлика од нив стручните служби за безбедност и здравје при работа и стручните лица за безбедност и здравје при работа се оние кои ја обезбедуваат безбедната работа. Стручните работи за безбедност и здравје менаџментот треба да му ги довери на работник со стручна подготовка за безбедност при работа или друга стручна подготовка адекватна на технолошкиот процес на работодавачот. За работодавачи кои не секогаш и не секој се во можност или нема соодветни стручни вработени и техничка опременост таквите работи и обврски самостојно да ги извршува имаат законска можност работите и обврските на безбедност и здравје при работа менаџментот може да ги доверат на овластени правни или физички лица . При тоа, ангажирањето на надлежни овластени правни или физички лица за извршување на стручните задачи во врска со безбедноста и здравјето при работа не го ослободуваат менаџментот од неговите одговорности во оваа област. Стручните лица се клучните поединци во целата програма за безбедност и здравје при работа бидејќи тие се во постојан контакт со вработените. Како стручни лица за безбедност и здравје при работа, тие активно учествуваат во администрирање на политиката за безбедност, обезбедуваат технички информации, учествуваат како дел на тимот за процената на ризик на работно место, имаат задача да помогнат околу обуката и да набаваат материјали за програмата за обука на вработените од областа на безбедност при работа. Сепак, успешно спроведена програма за безбедност и здравје при работа на работното е место и во работната средина е возможна само со целосната посветеност на менаџментот кон обезбедувањето на услови за безбедност и здравје при работа. Само кога менаџментот игра позитивна улога, работниците ги сметаат таквите програми за исплатлива и одржлива активност.

Посветеноста на менаџментот кон безбедност и здравје при работа може да се прикаже на неколку начини. За да може правилно да функционира програмата и планот за безбедност и здравје при работа потребно е распределување на доволно ресурси и тоа ресурсите не треба да бидат само од финансиски аспект, напротив треба да се земат во предвид и човечките ресурси. Паралелно е потребно да се воспостават организациски структури заради поддршка на менаџерите и на вработените при извршување на нивните должности за безбедност и здравје при работа.

ОРГАНИЗИРАЊЕ И ФУНКЦИОНИРАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Процесот на организирање и функционирање на системот за безбедност и здравје при работа бара значителни капитални инвестиции. За да се управува со

безбедноста и здравјето при работа ефикасно, адекватните финансиски ресурси мора да бидат распределени во рамките на деловните единици како дел од вкупните трошоци. Менаџерски тим кој раководи со една работна единица мора да ја сфати вредноста која корпоративните лидери ја придаваат на обезбедување на безбедно место за извршување на работните обврски на вработените. Менаџерите на деловните субјекти пред да започнат било каква деловна активност најчесто планираат односно поставуваат цели, средства и време за ниво извршување. Планирањето на деловните активности е примарна функција на менаџерскиот тим во управувањето со деловниот субјект каде се донесуваат одлуки за целите и политиката на управување. Предизвик е да се уреди безбедноста и здравјето при работа во рамките на процесот на деловно планирање со донесување на план и програма како таа ќе се проведува и со обезбедување на финансиски, технички и човечки ресурси. Сите задачи опфатени со планот треба да бидат материјално, кадровски, и финансиски избалансирани, односно да постојат објективни услови за нивна реализација. Безбедноста и здравјето при работа е комплексен систем на еден деловен субјект каде планирањено на истата претставува само еден сегмент од овој систем кој е многу значен за понатамошниот тек на системот. Меѓутоа, не секогаш се потребни големи и капитални инвестиции во овој сектор, понекогаш само со подобра организација на работниот процес, со мали измени во работниот простор за кои се потребни многу мали или скоро и да не се потребни финансиски средства може да се постигна значителни резултати. Доволна е посветеност на менаџментот, на стручните лица за БЗР и вработените оние кои се активно вклучени во работниот процес, во текот на секојдневните работни активност да се направи планирање на безбедноста и здравјето при работа.

Треба секогаш да се има во предвид дека само со обезбедување на адекватни организациони мерки може да се воспостави успешна контролата на опасностите при работа и професионални заболувања. Со оглед на фактот дека е скоро невозможно да се создаде совршен модел на организациска структура, мора со внимателно разгледување на предвидените предности и недостатоци на различните системи да се направи избор со цел да се дојде до оптимално решение. Водечки принцип при организацијата треба да биде умереноста и пристапот чекор по чекор кој принцип е секогаш поуспешен од преамбициозен модел кој не дозволува прилагодување со промените кои неминовно ќе настанат.

ПРИДОБИВКИ ЗА ДЕЛОВНИОТ СУБЈЕКТ ОД ДОБРО ВОВЕДЕНИОТ СИСТЕМ ЗА БЗР

Добро испланиран и воведен систем за безбедност и здравје при работа во еден деловен субјект значи дека деловниот субјект е општествено одговорен, ја штити и ја подобрува бренд сликата и бренд вредноста на истиот, ја зголемува продуктивноста на работниците со што се создава покомпетентна и поздрава работна сила, ги намалува трошоците на работењето и ја поттикнува работната сила да остане подолго во активен живот. Секој деловен субјект може да ужива значителни придобивки преку инвестирање во безбедноста и заштитата при работа. Со

едноставни подобрувања може да се зголеми конкурентноста, профитабилноста и мотивација на вработените. Спроведување на систем за управување со заштитата при работа во еден деловен субјект обезбедува ефикасна рамка за да се спречат или минимизираат несреќите при работа. Иако

принципите на добрата организација на безбедноста и здравјето при работа се однесуваат на секоја организација, сепак комерцијалните политики можат да бидат многу различни за големите и малите деловни субјекти.

Дел од компаниите веќе долго време ја препознаваат важноста на нивниот имиџ и репутација во деловниот свет. Големите деловни субјекти се очекува постојано да демонстрираат повисоки стандарди на корпоративно управување . Комбинација на работење во пазарно управувана економија заедно со општество кое е свесно за ризиците кои можат да настанат на работното место значи дека многу претпријатија имаат значителни придобивки направени од интегрирање на заштитата при работа во нивните комерцијални политики. Придобивките се гледаат од подобрување на сликата и угледот на деловниот субјект, доставување на општествена одговорност на претпријатијата, одржување и промовирање на довербата на инвеститорите, и придобивање на нови акционери.

Многу мали и средни претпријатија исто така, почнуваат да ги признаваат трошоците од непостоењето или лошата организација на безбедноста и заштитата при работа и да ги согледуваат придобивките од добро интегрираниот систем за безбедност и заштита при работа. Ова најмногу се забележува во однос на исполнување на барањата на деловните клиенти или партнери со цел да добијат нови или да задржат веќе договорени деловни контакти, губење на клучниот персонал и мотивирање на вработените со цел задржување на нивното работно место. Зголемениот тренд на користење на услуги од други компании, како и се поголемата осетливост на јавноста околу прашањата поврзани со безбедноста и здравјето при работа, допринесоа голем број на фирми при изборот на деловни партнери со кои склучуваат договори еден од клучните фактори да биде безбедното и здраво опкружување. Нови и растечки деловни субјекти бараат да се постигне одржлив раст на продуктивноста и ефикасноста како и одржување на стабилноста и рентабилноста. Кон ова голем придонес има и интегрирањето на безбедноста и заштитата при работа во секојдневното деловно работење како дел од деловното планирање. Потребата од одговорно однесување на деловните субјекти, исто така, води кон барањата кои се поставени од страна на нивните деловни партнери или потенцијални инвеститори. Инвестирање во добар систем за безбедност и заштита при работа ја зголемува конкурентноста на деловниот субјект, а воедно, се зголемува потенцијалот да ги задржат постоечките клиенти и да освојат нов простор каде би ги прошириле своите деловни активности.

Неквалитетен систем за безбедност и заштита при работа има непропорционално влијание на малите деловни субјекти. Но, деловни субјекти со инкорпориран добар систем за безбедно извршување на работните задачи во тековните деловни активност можат да ја зголемат продуктивноста и да добијат одредени бенефициии. Се обезбедуваат побезбедни методи на работа кои им овозможуваат на работниците работата да ја извршат побрзо и со помалку луѓе при што се намалуваат стапките на несреќи, инцидентите и нарушено здравје, се намалува отсуство од работа поради болест и се зголемува мотивација на вработените со што се задржуваат работните места на квалификуваниот персонал.

Пораката е јасна: добар систем на безбедност и заштита при работа придонесува за подобар финансиски резултат. Деловните субјекти во своите краткорочни и долгорочни деловни планови треба да ги вклучат и плановите за безбедно извршување на работните задачи и да се подигне свеста на клучните носители на одлуки во рамките на организацијата за важноста на безбедноста и

здравјето при работа.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Фотев, Н. „Безбедноста и здравјето при работа во функција на профитабилноста на компаниите", Магистерски труд Прилеп 2013
2. Шуклев, Б. "Менаџмент на малите бизниси" Економски факултет Скопје 2006
3. Спасић, Д. "Економика заштите на раду". Ниш, 2003
4. Трајкоски, Б. "Деловни финансии со финансиски менаџмент" Економски факултет Прилеп, 2002.
5. Petersen, D.: "Safety Management: A Human Approach" – American society of safety engineers 2004.
6. http://osha.europa.eu/topics/business/performance
7. http://www.ohsas-18001-occupational-health-and-safety.com/

331.456(497.7)

Д-р Снежана Малцов
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

М-р Силивија Мироновска
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ИДНИТЕ СТРАТЕГИИ И МОДЕРНИТЕ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ НА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Апстракт: Овој труд се задржува и ги анализира спецификите на македонскиот систем на безбедност и здравје при работа опфаќајќи ја правната рамка на системот. Трудот има за цел да ги посочи главните проблеми во уредувањето и спорведувањето на системот на БЗР во национални рамки, како и предлози за идни решенија de lege ferenda. За таа цел во опфатот на трудот влагуваат некои македонски нормативни решенија како и состојби од практиката, а вооедно ќе се анализираат и некои европски и меѓународни правни системи. Авторот користејќи ги правниот, компаративниот, како и индуктивниот и дедуктивниот метод дава сопствени заклучоци во насока на потребна реформа на македонскиот правен систем на безбедност и здравје при работа како и за негова идна соодветна практична имплементација.

Клучни зборови: заштита на здравје, безбедност при работа, правен систем, работно место, закон за безбедност и здравје при работа.

FUTURE STRATEGIES AND MODERN CHALLENGES BEFORE MACEDONIAN SYSTEM OF HEALTH AND SAFETY AT WORK

Abstract: This paper retained and analyzing the specific of Macedonian system of health and safety at work covering the legal framework of system. The paper has aim to indicate the main problems in the arrangement and realization of the system of HSW in national framework, and to give the proposals for future solution de lege ferenda. For this reason in the paper covered same Macedonian normative solutions as well as condition from practice, and will analyze some European and international legal systems. The author using legal, comparative, inductive, and deductive method gives own conclusions in terms of necessary reform of the Macedonian legal system of safety and health at work as well as for its future proper implementation.

Key words: protection of health; safety at work; legal system; work place; law for safety and health at work.

„а светот е минлив и похотите негови,
а оној што ја извршува волјата Божја, останува довека"
1Јн 2:17

ДИНАМИКА НА СИСТЕМОТ НА ЗАШТИТА НА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА

Во рамките на различните правни системи посебно место завзема системот на заштита на здравје и безбедноста при работа, кој воедно е посебен подсистем на трудово-правниот систем во земјата. Еволуирајќи од систем на заштита при работа до систем на заштита на здравјето и безбедност при работа, покрај терминолошките измени, дојде и до соджински и суштински промени на самиот систем. Овие промени пред се извираат од динамиката на модерните работни односи кои го пратат трудот во последните децении на XX век и почетокот на XXI век. Модерните работни односи се производ на флоктуацијата помеѓу глобализацијата на коорпоративната економија и задржување на достоинствената работа како основен трудово-правен концепт. Во тие

„тензии", системот на безбедност и здравје при работа го бара своето место придвижувајќи се де кон коорпоративната матрица, де кон социјалната и хуманистичка природа на трудот сватен низ социјалната-заштитна парадигма, која пак длабоко извира од своите есхатолошки (божествени, духовни) корени[1].

Уште од појавата на заштитата на здравјето и безбедноста при работа на вработените, па се до денес во центарот на интересирање, или ако сакате централна заштита е човекот, човекот-работник, неговото здравје и психо-физичкиот интегритет. Но, причините за заштита не се секогаш од алтруистичка и хумана природа, туку и од економкска. Во минатото овие причини преовладуваа, за да денес се повеќе се дава до значење на хуманиот пристап при заштитата, иако и економската логика не изостанува.

Заштитата при работа воопшто, денес е директно поврзана со заштитата на личноста на работникот, неговото достоинство и морал и како таква претставува нераздвоен дел од основните социјални и трудови граѓански права. Исто така денес оваа заштита не може да не се гледа во симбиотичко единство со еколошките аспекти на заштита на работникот во работен однос како и неговата заштита воопшто, глобално. Тие преставуваат две страни на иста медалја.

Предвидувањето или особено не примената на заштитата при работа на вработените отвара низа на прашања како од социолошки и економски аспект, а особено од социајлно-правен. Така во случај на повреда при работа или професионална болест речиси без исклучок се „активира" социјалниот систем на земјата. Самата непримена или пак погрешните и несоодветни законски решенија покрај тоа што имаат социјални и економски последици кои ги чуствуваат сите членови на општеството, тие имаат разорни последици за вработените. Таквите последици за вработените понекогаш значат доплнителна маргинализација на пазарот на труд, а понекогаш и целосна исклученост.

Заштитата на здравјето и безбедноста при работа не смееме да ја гледаме само низ призмата на страните на кои се однесува и кои се одговорни за нејзино постоење и спроведување. Таа е импликативна за секој граѓанин во општеството и општеството во целина. Токму затоа сметаме дека заштитата на здравјето и безбедноста при работа која се однесува и ги опфаќа сите вработени претставува основен и можеби најзначаен трудово правен институт, или негов дел, ако сакате, изразена во нејзината поливалентна содржина и појавност. Поливалентноста се однесува пред се напостоењето на повеќе „енергии" внатре во самата општа заштита, како и нејзините значења во општеството. Заштитата на здравјето и безбедноста во себе покрај трудово-правниот елемент длабоко се потпира на

моралните вредности на заштитата на човекот како битие и етиката на трудот. Тука се и економската ефикасност и целиисходност, социјалните мерки изразени преку превенцијата и санацијата на повредите и професионалните болести. Сето ова ја прави суштината на динамиката на системот на заштита на здравјето и безбедноста при работа, која треба да обезбеди достоинствени работни услови тежнеејќи кон крајната цел на среќни и ослободени личности[2].

АКТУЕЛНА СИСТЕМСКА ПОСТАВЕНОСТ НА ЗАШТИТАТА НА ЗДРАВЈЕТО И БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА

Системот на безбедност и здравје при работа во Република Македонија претставува посебна целина која како поливалентна научна област допира до техничките, правните, економските, еколошките, социјалните и етичко-моралните сегменти на разлините научни области. Заштита при работа претставува пред се трудово-правен феномен кој во последните 140 години перманентно се развива најнапред на европско тло, а потоа и како глобаен меѓународен инситут без кој не може да се замисли трудот и работните односи[3].

Денес во Република Македонија постои посебен нормативен систем кој ги уредува прашањата на заштитата на здравјето и безбедноста при работа. Пред се тоа е Законот за безбедност и здравје при работа кој се донесе во 2007 година[4]. Тој претставува основен закон во кој темелно и соепфатно се уредени прашањата од безбедноста при работа и заштитата на здравјето на вработените во сите гранки и области во Македонија. Тоа значи дека се однесува како на приватниот, така и на јавниот сектор на трудот. Сепак, овој закон претствува lex specialis во однос на Законот за работните односи [5], како и во однос на Законот за вработените во јавниот сектор [6] и Законот за административните службеници[7], иако последниот нема одредби кои упатуваат на посебниот Закон за безбедност и здравје при работа. Од друга страна пак, Законот за работните односи преку членот 42 директно упатува на примена на посебните прописи кои се однесуваат на обезбедување на безбедна работна средина, како и обука за оставрување на истстата. Исто така и Законот за вработените во јавниот сектор преку членот 29 упатува на правото на заштита за вработените во јавниот сектор која треба да се спроведе преку посебниот закон. Од ова разбираме дека Законот за безбедност и здравје при работа има круцијална и централна улога во нормативниот ситем на заштита при работа и е основен извор преку кој се уредува и спроведува заштита и безбедноста на работното место.

Покрај посебниот, специјален закон кој ја уредува заштитата на здравјето и безбедноста при работа нужно беше да се донесат и низа на правилници кои дополнително ја доуредуваат и разработуваат оваа област. Всушност досега донесени се 30 правилници и две уредби кои опфаќаат разни области и сектори од заштитата на здравјето и безбедноста при работа како што се физички ризици, хемиски агенси, зрачења, правилници за технички услови, за минимални барања за заштита и сл.[8] Сето ова упатува на заклучокот дека системот на заштитата на здравјето и безбедноста при работа е обемен и прилично разгранет, што е очекувано и потребно од аспект на неговата значајност и целиисходност.

Во однос на примената на системот за заштита при работа носечка улога има јавната власт изразена преку инспекцискиот надзор кој се извршува од страна на

Државниот инспекторат за труд. Овој орган има посебно оделение кое е задолжено за надзор врз примената на заштитата и безбедноста при работа на сите правни субјекти.

Покрај посочениот орган и самите субјекти во работниот однос имаат обврска за почитување и спроведување на одредбите за безбедност и здравје при работа, а кои недвосмислено се инкорпорирани преку Законот за работните односи во членот 32, кој се однесува за работникот, и членот 42 кој предвидува обврска за обезбедување на безбедни работни услови на работното место од страна на работодавачот. Оттука работодавачот, самиот работник, но и синдикатите[9] како организации на работниците имаат директна и значајна улога во обезбедувањето на функционалност на системот.

Од друга страна, македонскиот правен систем претставува дел од меѓународниот систем на заштита на здравје и безбедност при работа изразен преку активноста на Меѓународната организација на трудот[10] и комунитарното европско право[11]. Таа припадност се огледа преку инкорпорирање на меѓународните и европските стандарди во нашето законодавство. Овој процес е во тек и не е целосно завршен, а истиот веруваме дека ќе продолжи и во следните години земајќи ги во предвид македонските специфики и изразувајќи ги сопствените национални потреби за безбедни и здрави работни места и работна средина. Меѓународните стандарди предвидуваат две основни поделби на системот на заштита при работа, и тоа првата, на заштита со оглед на материјата која се опфаќа, или заштита ratione materia, а втората во однос на лицата кои се опфаќаат, односно субјектите, или заштита ratione personae. И двете поделби во себе содржат подподелба која може да биде општа заштита и посебна заштита.

Земајќи го во предвид сегашниот систем за безбедност и здравје при работа, пред се од правен аспект, а длабоко проникнувајќи во практичните потреби, сакаме да укажеме на одредени недоследности помеѓу тоа како е и како треба да биде.

ГЛАВНИ ПРЕДИЗВИЦИ ПРЕД МАКЕДОНСКИОТ СИСТЕМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА И МОЖНИ СТРАТЕГИИ ЗА ИДЕН РАЗВОЈ

Во однос на прашањата кои се проблематични и претставуваат слаби точки на системот на заштита на здравјето и безбедноста при работа во продолжение би издвоиле неколку. Исто така во оваа прилика би сакале да укажеме на одредени можни решенија кои би биле адекватни за надминување на предизвиците кои се исправаат пред македонскиот систем на заштита при работа.

Во однос на субјектите кои се носители на права и обврски по основ на заштита при работа постои диверзитетност која повеќе се огледа во однос на евентуалната улога на државата како актер, не само при нормирањето, туку и при контролата и надзорот на заштитата при работа наспроти релативно автономните органи кај самиот работодавец, или формирани како независни тела и институции.

Заштитата на здравјето и безбедноста при работа во себе содржи посебен систем и структура кој оваа заштита ја држи како целина. Заштитата при работа на вработените ги засега сите субјекти во општеството, а најповеќе самите групи на работници. Државата и работодавачите исто така треба да бидат битно заинересирани за постоење и развивање на овој вид на заштита, односно за определување на зголемен обем на права за заштитита на здравјето и безбедноста на работните места. Тој интерес се огледа преку значењето на оваа заштита,

кое значење се дефинира како правно, социјално, економско и еколошко, кое соодвествува на последиците во случај на непримена. Ова значење, односно последици во слулчај на непримена ги чуствуваат сите членови на една земја и општество.

Значајна улога во однос на примената на нормите за заштита на здравјето и безбедноста при работа има инспекцијата на трудот наспроти улогата на социјалните парнери. Во Македонија инспекцијата на трудот не може функционално и квалитетно да ја изврши контролната функција на примената на нормите. Оттука треба што поскоро да се свати значењето и улогата на севкупниот систем на заштита на здравјето и безбедноста при работа, како и улогата на инспекцијата на трудот во Македонија, која треба да има зголемување на дискреционите права, да одлучува мериторно за одредени повреди на правата од заштита на здравјето и безбедноста при работа, наместо досегашната претежно надзорна функција.

За да се постигне ова потребно е проширување на содржината на заштитата при работа која треба да го надмине тесното сваќање кое се темели на заштитата во техничко-технолошка смисла, туку да се свати како севкупна заштита на личноста на работникот во работниот однос. Тоа треба да подразбира заштита на физичкиот и духовниот интегритет на работникот. Оттука во иднина треба заштитата на здравјето и безбедноста при работа да се гледа како наразделен дел од еколошката работна средина, а нормативниот концепт да се темели на поврзаноста на еколошката работна средина со животната работна средина.

Исто така дефинирањето на заштитата на здравјето и безбедноста при работа воопшто треба да се свати како комплекс на норми од технички и правен карактер. Техничките норми може да се гледаат и како мерки, но севкупниот систем на заштита во никој случај не е само мерки.

Во иднина потребно е да се први терминолошка диференцијација и да се има спознание за терминолошката дефинираност на поимите во системот на безбедност и здравје при работа. Така, поимот посебна заштита при работа е поширок термин од заштита на здравејто и безбедноста при работа за посебни категории вработени, и се однесува на сите вработени, па затоа нужно е нивно разликување. Од друга страна не треба да се прави суштинска содржинска разлика помеѓу термините „заштитата на здравјето и безбедноста при работа“ и „заштита при работа“.

Во однос на спроведувањето на системот на заштита државата треба да се јави само како гарант за спроведување на истата преку посебен инспекцискиот надзор со надлежности само во делокругот на заштитата на здравјето и безбедноста при работа. Затоа, одредените органи формирани кај работодавачот, а кои се грижат за спроведување на заштитата на здравјето и безбедноста при работа треба директно да се под контрола и надзор од посебниот инспекциски надзор, а не од страна на работодавачот.

Прашањето на ризикот при работа е всушност основното и централното прашање при градење на системот на заштита. Без ризик на работата и работното место не би имало смисла воопшто да се говори за заштита на здравјето и безбеднопста при работа. Токму постоењето на ризик факторите кои влијаат на здравјето на работниците при работа го определуваат и системот на заштита. Трудот (работата) речиси без исклучок содржи во себе ризик. Тој се јавува како објективен ризик и како ризик кој што е поврзан со самиот работник, односно зависи од работникот. При тоа субјективниот критериум овде е пресуден така

што на некои работни места за некои работници постои ризик, а за други тој ризик е минимален. Ова треба да го гледаме како од аспект на секој вработен, а особено од аспект на посебните категории вработени кои заради субјективните карактеристики често пати се група со зголемен ризик при работата.

Од поливалентноста на ризиците во нивниот појавен облик се издвојуваат ризици кои се клсифицираат според тоа каков учинок имаат на здравјето на работникот, но и ризици кои се поврзани со индивидуалните карактеристики наработникот како што се инвалидност, бремноста, возраста. Треба да се подвлече дека работодавачот е тој кој што ја има централната улага на препознавање на ризиците и нивно превенирање. Отука и неговата одговорност е најголема при што недвосмислено се укажува на потребата од помош која што треба да ја пружи заедницата на работодавачите во насока препознавање и на што поголемо спречување на повредите и професионалните болести на работното место.

Токму затоа во иднина да се развива адекватен систем на препознавање и евидентирање на ризиците на работа. Тој систем мора де се темели на активната улога на сите социјални партнери, а пред се на организациите на работниците кои треба да имаат клучна улога во алармирањето за некој ризик на работа. Исто така треба да се зголеми улогата на едукацијата и информирањето за ризиците при работа како кај самите субјекти во трудот, така и пошироко, со што полесно би се прифатила одговорноста и значењето на ризик факторите при работа. Особено треба да се зголеми едукацијата на работодавачите во врска со препознавањето на ризиците и нивната клучна улога во спречувањето. Клучно е да се зголеми свеста за ризиците при работа кај работодавачите и дека „замижувањето" пред одреден ризик и негово не спречување или превенирање во крајна линија им штети на нивните деловни успеси и интереси.

Во иднина посебно треба да се посвети внимание на превенцијата како ефикасен и подобар начин во справувањето со ризиците при работа наспроти системот на репарација. Всушност станува збор за поставување мерки и давање предност помеѓу превенцијата како трудово правен сегмент, или пак спротивното, на санирање на последиците, кое спаѓа во доменот на социјалното право. Сметаме дека клучна улога денес, а особено во иднина ќе имаат превентивните мерки како дел од заштитата при работа. Превентивната функција на системот на заштитата на здравјето и безбедноста при работа значи вложување во здравјето на работникот и превенирање на повредите при работа и професионалните болести. Тоа значи превенирање на професионалните ризици. Превентивната улога опфаќа мерки и постапки кои се економски поисплатливи за работодавачот и државата. Во светот, а особено во македонски рамки не се посветува доволно внимание на превентивната улога и функција на заштитата на здравјето и безбедноста при работа. Во светски рамки податоците се поразителни во однос на тоа колку многу средства се трошат на лекување на професионалните болести и поврдите при работа отколку на превенирање[12].

Социјалната превенција и превентивната функција на заштитата на здравјето и безбедноста при работа прават една целина. Тие меѓусебно се поврзани и влијаат една на друга. Социјалната превенција е поширок термин од заштитата на здравјето и безбедноста при работа. Заштитата при работа е само еден сегмент од социјалната превенција, но клучен од аспект на намалување на професионалните ризици како што се повредите при работа и професионалните болести. Со социјалната превенција се создава нов и поинаков концепт на социјална сигурност

и заштита со што не само од трудово-правен, туку и од социјален аспект се штити здравјето и безбедноста при работа.

Цврсто стоиме на ставот дека превенцијата и превентивните мерки треба да бидат столбот на кој ќе се потпира заштитата на здравјето и безбедноста при работа во иднина во Македонија. За тоа ќе биде потребно постапно зголемување на улогата на социјалните парнери при заштитата на работа како и вложување во здравјето на работникот. Социјалната превенција ќе треба преку нормативни решенија да се вклопи во трудово-заштитниот систем, а тоа ќе значи и менување на концептот на социјално осигурување и заштита од„репаративен" во превентивен.

Веќе споменавме, но за крај би сакале да подвлечеме дека социјалното осигурување и социјалната заштита преставува системски и нарезделен дел од заштитата на здравјето и безбедноста при работа. Тој се применува во случај ако системот на заштита на здравјето и безбедноста при работа не ги заштити добро или доволно работниците, или не ги превенира професионалните ризици. Како основни професионални ризици кои се и осигурани ризици се професионалната болест и повредата при работа. Врз основа на нив се користат неколку права од социјалното осигурување меѓу кои право на парични надоместоци, право на професионална рехабилитација, право на инвалидска пензија и правото на скратено работно време.

Во Македонија социјалните права врз основа на професионална болест и повреда на работа бележат тенденција на намалување и стеснување. Постојат одредени нејаснотии што опфаќа професионалната рехабилитација. Овие права се уредени со Законот за пензиско и инвалидско осигурување[13], Законот за здравствено осигурување[14] и Законот за здравствена заштита[15]. Правото на професионална рехабилитација е рестриктивно уредено и ретко кој инвалид ќе може целосно да ги исполни условите за рехабилитација и успешно да се рехабилитира. Не се предвидува систем на зачувување на работни места по успешна професионална рехабилитација така што рехабилитираниот работник не мора да значи дека ќе се вработи.

Македонскиот социјален систем пред се е поставен во функција на санарање на последиците, а не на превенција на ризиците. Социјалната превенција преставува непознатица за македноската пракса, но и наука. Тоа претставува голем недостаток на системот кој што веќе бележи негативни тенденции во однос на неговата одржливост, односно системот економски е прескап, а од друга страна има зголемување на бројот на повреди при работа и професионални болести кои често завршуваат и со смрт.

Токму затоа потребен е поинаков пристап во сваќањето на потребата од социјалните права и напушатње на финансиско-економскиот поглед на прашањето. Потребен е зголем обем на заштита на работниците со делумен или целосен инвалидитет од аспект на социјалното осигурување, а посебните категории вработени треба да уживаат повеќе социјални права во Македонија како што е зголем паричен надомест, пониски критериуми за професионална рехабилитација; задолжително вработување доколку инвалидноста настанала на работното место и лицето може да работи; зголемен износ на инвалидска пензија и посебна инвалиднина доколку лицето е целосно неспособно за работа. Исто така потребен е посебен систем на социјални права за посебните категории вработени доколку настане некој осигуран ризик, наспроти општиот систем на заштита и безбедност при работа.

Во иднина социјалниот систем треба нормативно, но и научно да се постави и развива од аспект на социјална превенција наместо социјална санација, бидејќи социјалната превенција е повеќе прифатлива како од етички и морален аспект, така и од социјален и економски, па и правен. На крајот треба да се свати и прифати дека заштитата на здравјето и безбедноста при работа и социјалниот систем, односно права преставуваат целина и взаемно се надополнуваат и условуваат градејќи единствен трудово-социјален систем.

ЗАКЛУЧОК

Заштитата на здравјето и безбедноста на работното место е поливалнта матрија која е поврзана со социјалните права и сржта на здравата работна средина која е дел од еколошката средина. Кај најголем број на вработени заштитата на здравјето и безбедноста при работа е од врвно значење кое навлегува во основните права на лицата и прашањето за базичната егзистенција. Овој институт значи заштита на физичкиот и духовниот интегритет на вработениот, а со тоа и заштитата на личноста, достоинството и моралот на работникот и граѓанинот. Според тоа заштитата на здравјето и безбедноста при работа претставува едно од основните социјални и граѓански права. Без постоење на адекватна рамка за заштитат при работа во никој случај не може да стане збор за социјална и еколошка држава сватена низ европската парадигма.

Хуманите услови при работа во иднина ќе бидат основно прашање на интерес на работниците, а од друга страна поширок општествен проблем доколку не се адекватно решени, но сепак, интензитет на значењето ќе варира од повеќе фактори. Така каква што е ситуацијата во последните години, при постоење на економски кризи, се чини работниците повеќе се грижат за сигурноста на работното место и исплаќањето на платите. Затоа сметаме дека и во иднина ќе продолжи тој тренд на итерес, а условите за работа се уште ќе имаат условно „второстепено“ значење, што негативно ќе се одрази на системот.

Од друга страна иако одредени емпириските податоци говорат за огромен број на повреди на работа и професионални болести, како и непочитување на правата и необезбедување на здрава работна средина, сепак постои зголемен тренд на интерес кон заштитата на здравјето и безбедноста при работа. Ова особено е видливо во рамките на Европските законодавства и Европската Унија. Во последните години како на нормативен план, така и на ниво на политики и мерки се повеќе се посветува внимание на заштитата при работа. Оваа тенденција ќе продолжи и во иднина особено во однос на заштитата при работа на некои посебни категори вработени како што се инвалидите и постарите работници.

Треба да имаме во предвид дека заштитата на здравјето на здравјето и безбедноста на работните места правопропорционално се развива со развојот на модерните индустриски односи, иако не со исто темпо. Значи заштитата при работа нормативно ги следат индустриските односи и новите технологии, но со релативно и делумно доцнење. Ова доцнење е предизвикано од висината на економските трошоци потребни за инкрпорирање на нови стандарди за заштита на здравјето и безбедноста при работа. Доцнењето е особено видливо кај земјите во развој и земјите од регионот на Југоисточна Европа каде дури имаме и обратнопропорционален процес, но не во сите сегменти.

Земајќи ги во предвид овие наши вистини и факти, како и одредени размисли, веруваме дека на крајот преку добиените сознанија ќе успееме да помогнеме во

создавање на повисока свест за значењето и улогата на заштитата на здравјето и безбедноста при работа, наспроти огомниот број на болести, повреди, стрес и смртност на работата и поврзани со работата, а се со цел да се создаде поубав, поздрав, почист и похуман роботен однос и работно место како дел од глобалниот дом за сите нас наречен планета Земја.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. За глобалните промени повеќе може да се види во: Globalization and the future of labour law, John D.R. Craig; S. Michael Lynk, Академски печат, Скопје,2009.
2. Трудот и неговата надворешна манифестација има сопствена духона компонента, односно своја духовност, која е дел од личноста која ја извршува работата. Сепак за ослободување преку трудот може вистински да говориме доколку подлабоко ни се познати духовните извориштa на дефиницијата зошто човек работи. Преку нив дознаваме дека човек е слободен само преку Бога. Спореди: Битие 3:17-19.
3. Повеќе кај: Лазар Јовевски, Систем на безбедност и заштита на здравје при работа, Скопје, 2015.
4. Закон за безбедност и заштита при работа, Службен Весник на РМ бр. 92/07; прочистен текст Службен Весник на РМ бр. 53/13 и понатаму.
5. Службен весник на РМ бр. 62/05 и понатаму.
6. Службен весник на РМ бр. 27/14 и понатаму.
7. Службен весник на РМ бр. 27/14 и понатаму.
8. Види на: http://www.mtsp.gov.mk/pravilnici.nspx
9. Улогата на синдикатот во рамките на спроведување на системот и давање на свои предлози за негово унапредување е регулиран согласно Законот за безбедност и здравје при работа, член 27.
10. Види кај: Бодивоје Шудериќ, Право Меѓународне организације рада, Београд, 2001.
11. Повеќе кај B.A. Lubarda, Evropsko radno pravo, CID, Podgorica, 2004.
12. Стистичките податоци со кои располагаме велат дека на светско ниво околу 4% од бруто светскиот производ одат во насока на санирање на последиците од ризици на работно место како што се повреди при работа, професионални болести и смртност. Повеќе на: www.who.int
13. [Службен весник на РМ бр. 98/12 и понатаму.
14. Службен весник на РМ бр. 65/12, прочистен текст.
15. Службен весник на РМ бр. 43/12 и понатаму.

331.45:613.63

Д-р Снежана Малцов
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

НАЧИН НА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТЕЊЕ СО ОПАСНИ ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИ

Апстракт: Во овој труд е претставен моделот за проценка на ризик и зголемување набезбедноста при работа на работни места каде што се ракува со опасни хемиски супстанци. Со примена на моделот се врши детална анализа на сите аспекти од работењето со опасни хемиски супстанци, со цел да се детектираат критичните точки, а притоа да се дадат препораки како истите да се надминат. Денес, постојат огромен број упатства, правилници како и законски акти кои налагаат почитување на одредени правила и стандарди, но и покрај нив, секојдневно се случуваат несреќи чиишто размер може да варира, од индивидуална повреда до колективна несреќа. Поради тоа е изработен моделот чијашто главна цел е да го намали ризикот, а воедно да ја зголеми безбедноста и ергономијата при работење со опасни хемиски супстанци.

Клучни зборови: модел, опасни хемиски супстанци, безбедност при работа, проценка на ризик

SAFETY INCREASING WHILE WORKING WITH HAZARDOUS CHEMICALS

Abstract: In this paper a model for risk assessment and safety increasing on workplaces where working with hazardous chemicals is presented. With use of the model a complete analyze is performed, with which all the shortcomings are detected and based on them, recommendations are generated.

Today, although there are numerous guidelines, regulations and legislations requiring observance of certain rules and standards, we witness daily occurrence of injuries when working with hazardous chemicals, whose size can be from individual to a collective fault accident. Therefore, the model is created, whose main objective is to lower the working risk and increase the safety and ergonomics while working with hazardous chemicals.

Keywords: model, hazardous chemicals, safety at work, risk assessment, ergonomics

ВОВЕД

Работењето со опасни хемиски супстанци налага детална организација на работните системи во насока на безбедноста и здравјето на работниците. Работењето со опасни хемикалии се смета за високоризична активност и налага почитување и придржување до строгите правила со цел да се спречи појава на грешка којашто може да се движи во границите од индивидуална несреќа до колективна катастрофа. Денес постојат многубројни упатства за правилно работење со опасни хемикалии, меѓутоа секојдневно се случуваат несреќи и повреди на работните места и покрај нивното постоење.

При анализа на моменталната состојба, во насока на проценката на ризик

при работење со опасни хемиски супстанци има низа важни прашања кои треба да бидат одговорени за да се понудат соодветни препораки за контрола на состојбата. Некои од нив се:

1. *На кои супстанци се изложени работниците и кои работници се во контакт со истите?*

» Листа на сирови материјали, супстанци коишто се генерираат или емитираат во текот на процесот или кај финалниот производ.

» Анализа на сите вработени кои можат да бидат под влијание на хемиските супстанции, на пример, операторите, работниците на одржување, хигиеничарите, посетителите и други.

2. *Каква штета можат да предизвикаат?*

» Информациите за штетностите на хемиските супстанци се наведени на пакувањето. Исто така, може да се добијат од безбедносните листи или од добавувачите.

» Дали постои ризик од појава на експлозија или пожар?

3. *Кои ризици мора да се контролираат?*

» Дали изложувањата на хемиските супстанци се големи? Тоа зависи од времетраењето и фреквенцијата на изложувањата, како и на концентрацијата на супстанциите.

» Кои се последиците од изложувањата?

» Кои се најголемите закани доколку настане појава на пожар и експлозија?

За да се контролираат овие ризици мора да се идентификуваат релевантните мерки и да се провери дали тие се спроведуваат во праксата. [5]

За успешно справување со ризиците, мора да постојат адекватни контролни мерки. Законите најчесто предложуваат овие мерки да бидат запишани, односно идентификувани. Најчесто, законските обврски, вклучувајќи низа правилници и стандарди за безбедност и здравје при работа, содржат препораки од типот: "Носете соодветна респираторна заштита", меѓутоа никаде нема конкретно наведено, кога, каде и каква треба да биде таа заштитна опрема. Уште еден пример е: "Користете соодветна вентилација", а никаде детално не е објаснето што точно се подразбира под зборот 'соодветна'.

Ефектите од изложеноста на опасни материи можат да бидат моментални, или пак да се провлекуваат во подолг временски период во вид на иритација на очите или пак хронични белодробни заболувања (акутни и хронични). Некои од последиците по здравјето причинети од хемиски материи се:

» Изгореници на кожата или иритација како резултат на контакт со корозивна течност;

» Зашеметеност или комплетно губење на свеста при вдишување на отровни испарувања;

» Појава на акутни симптоми, како што се главоболка или гадење при вдишување;

» Труење со апсорпција на отровни супстанци преку кожата;

» Асма;

» Дерматитис;

» Рак кој се појавува после долгогодишно работење со отровни супстанции;

» Генетско оштетување на потомството како резултат на долгогодишно работење со мутогени супстанции итн.

Токму поради горенаведените последици кои можат да се појават на

работните места каде што се вклучени опасни хемиски супстанци, работодавачите мора да се придржуваат до строго определените правила за работење, но исто така и работниците секојдневно мора да ги почитуваат безбедносните мерки.

Кога се работи со хемиски супстанции, опасности и штетности не се појавуваат само на тоа работно место каде што тие се употребуваат или изработуваат. Опасности и штетности се појавуваат на сите места каде што хемикалиите поминуваат за на крајот да станат или да се вградат во финалниот производ. Тие се појавуваат при нивниот транспорт, нивното складирање, како и при нивна дистрибуција и рециклирање. Токму поради тоа во моделот за зголемување на безбедноста при работа со опасни хемиски супстанци, којшто е презентиран во овој труд, се опфатени сите тие аспекти со цел да се детектира и превенира и најмалиот постоечки ризик.

Целта на моделот е преку комуникација со корисниците, да ги детектира критичните точки во работниот систем, кои можат да бидат потенцијални ризици, но истовремено да даде соодветни препораки за надминување на слабостите во насока на зголемена безбедност.

Моделот е составен од повеќе различни модули коишто се во корелација со корисникот во зависност од хемикалијата со којашто работи, како и од работното место на коешто ракува со избраната хемикалија.

По изборот што ќе го изврши корисникот, во однос на хемикалијата и работното место, се пополнуваат податоци кои се однесуваат на начините за чување, ракување, опасностите, заштитата при работење, обуките, организацијата на работното место и околина итн. За да се постигне тоа, креирани се бази на податоци коишто се меѓусебно поврзани. Со помош на информациите за карактеристиките на хемикалиите, може да се изврши проценка на ризикот, на тој начин што ќе се увиди дали работењето се одвива кон препораките кои произлегуваат од различните хемикалии. Тоа значи дека за дадената хемикалија, моделот прави проверка дали се користат соодветни алати, дали вработениот ги има поминато сите потребни обуки, дали хемикалијата се складира на правилен начин, каква заштитна опрема се користи, какви активности се извршуваат итн. Излезот на моделот ги лоцира сите критични точки кои произлегуваат од влезните информации и притоа дава препораки за намалување на ризикот на сите влијателни фактори во работниот систем (обуки, чување, ракување, заштита, одржување, ергономија итн.). Покрај препораките коишто ќе ги генерира моделот, истовремено врши и одредување на нивото на ризик, така што за секој ризик, доделен е тежински фактор, во зависност од веројатноста на случување и последиците.

Преку примена на препораките кои ги генерира моделот, добиениот ризик ќе биде сведен на прифатливо ниво, работните места ќе бидат безбедни за работење, ќе се подобри ергономијата на задачите и работните места, а со тоа и ќе се зголеми продуктивноста на работниците. Во моделот се опфатени сите мерливи фактори

коишто влијаат врз безбедноста и здравјето на работникот, како и сите фактори коишто на кој било начин влијаат на појавата на грешка. За секој од нив е дадена мерлива единица, која помага во крајната пресметка на севкупниот ризик на даденото работно место.

КОРИСТЕНА МЕТОДОЛОГИЈА

Моделот за зголемување на безбедноста врши квантитативна оценка на севкупниот ризик на работните места каде се ракува со опасни хемиски супстанци и согласно нивото на ризик, се генерираат препораки како истиот да се надмине. Со примена на моделот, лесно се ќе детектираат недостатоците кои се дел од секојдневното работење со опасните хемикалии и тоа преку детална анализа на сите аспекти од работењето.

За интеграција на информациите во модел за практична примена, искористена е квантитативната метода, со која ќе бидат направени алгоритамски врски на програмските модули, со цел да се добие алатка која ќе влијае на зголемувањето на безбедноста во сите индустрии, каде што се врши обработка на опасни хемиски супстанци. Со примена на предложениот модел, се добиваат резултати, со чијашто понатамошна анализа се добиваат информации за успешна рационализација на процесите. Математичкиот модел на графици е основа на поврзувањето на базите на податоци во моделот за проценка на ризик на работни места каде што се користат опасни хемиски супстанци, а пресметката на ризикот се врши врз основа на математичкиот принципи на тежински фактори. За изработка на базите на моделот за проценка на ризик, користен е Microsoft Access, кој е најкомпетентен за креирање на вакви и слични решенија.

СТРУКТУРА НА МОДЕЛОТ ЗА ЗГОЛЕМУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА СО ОПАСНИ ХЕМИСКИ СУПСТАНЦИ

Работењето со опасни хемикалии налага детална организација на работните системи и притоа предвид мора да бидат земени сите аспекти од работењето. Во моделот за зголемување на безбедноста се опфатени следните опасни хемиски супстанци: оксидирачки, корозивни, токсични, запалливи и согоруваки, експлозивни, компресирани гасови и реактивни, како и условите за работење со истите. За секоја група постојат различни правила за соодветно ракување, чување, заштитна опрема, обуки, медицински тестови, прва помош, справување со незгода итн. Токму затоа, со моделот се прави детална анализа на сите аспекти од работењето со секоја група хемикалии, каде предвид се бидат земени:

1. Обуките кои работникот мора да ги помине (различни за секоја група хемикалии)
2. Медицинските тестови (различни за секоја група хемикалии)
3. Микроклиматските услови (различни за секоја група хемикалии)
4. Ергономијата на работниот простор
5. Ергономијата на работните зафати
6. Начинот за ракување (различни за секоја група хемикалии)
7. Начинот на чување (различни за секоја група хемикалии)
8. Работната опрема (различни за секоја група хемикалии)
9. Заштитната опрема (различни за секоја група хемикалии)
10. Опасностите и штетностите (различни за секоја група хемикалии)
11. Чистењето (различни за секоја група хемикалии)
12. Отстранувањето на отпад (различни за секоја група хемикалии)
13. Дејствувањето при појава на незгода (различни за секоја група хемикалии)
14. Првата помош (различни за секоја група хемикалии)
15. Законската регулатива итн.

За секоја од наведените точки има низа правила кои мора да се почитуваат и

секојдневно применуваат при работењето со опасни хемиски супстанци. Сите тие се детално истражени од светските интернационални асоцијации и организации за безбедност и заштита при работа, како што се OSHA, WHMIS, AICHE, NIOSH и други. Покрај интернационалните стандарди и правила, направен е детален преглед на низа правилници наложени од Министерството за труд и социјална политика во Р.Македонија. Некои од нив се: "Правилникот за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на хемиски супстанци„ (Службен весник на РМ, бр.46/2010), "Правилник за личната заштитна опрема која вработените ја употребуваат при работа„ (Службен весник на РМ, бр.116/07), "Правилник за знаци за безбедност и здравје при работа„ (Службен весник на РМ, бр.127/07), "Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на работниот простор„ (Службен весник на РМ, бр.154/08), "Правилник за минималните барања за безбедност и здравје на вработените кои се потенцијално изложени на ризик од експлозивни атмосфери„ (Службен весник на РМ, бр.74/2009), "Правилник за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со изложување на канцерогени, мутагени или супстанци токсични за репродуктивниот систем„ (Службен весник на РМ, бр.110/10) итн.

За секоја група опасни хемиски супстанци постојат одредени опасности, како и начини за правилно ракување, со цел да се избегне ризикот од несакана појава која може да биде и кобна, како по здравјето на работникот, така и по неговата околина. Поради тоа, моделот за зголемување на безбедноста преку комплексните врски и големиот број на податоци, е составен од неколку модули, чијашто содржина надминува повеќе од 1000 прашања.

1. Моделот за зголемување на безбедноста при работење со опасни хемикалии се состои од повеќе различни модули:Модул за работник (каде што се опфатени компетентноста, образованието, полот, искуството, возраста, медицинските тестови, обуките итн.)
2. Модул за работно место, во зависност од тоа дали станува збор за ракување или чување на хемикалијата, се дели на лабораторија и магацин. (Кај модулот за работно место, во зависност од хемикалијата со којашто се ракува или чува, се врши проверка дали се превземени сите безбедносни мерки. Притоа се врши анализа на температурата, влажноста, осветлувањето, вибрациите, компатибилноста на материјалите, помагалата, алатите итн.)
3. Модул за ергономија (се врши детална анализа на организацијата на работниот простор, со што се утврдува дали е потребно да се направат корекции во насока на подобрување на ергономноста, но исто така се анализираат и оптоварувањата, движењата, заморот, паузите и сите останати фактори кои влијаат на благосостојбата и здравјето на работникот)
4. Модул за опасности и штетности (се врши проценка дали работниците се запознаени со опасностите и штетностите кои се јавуваат при ракување со одредената хемикалија)
5. Модул за заштитна опрема (се врши анализа за правилното користење и одржување на заштитната опрема која е различна кај сите групи на опасни хемикалии)
6. Законска регулатива (се врши проверка дали се почитуваат обврските кои работодавачите и работниците ги имаат кон законската регулатива - поставување знаци, ограничување на изложеноста, обезбедување два

излези каде што е потребно, поставување чешми и тушеви итн.).

Преку комуникација со корисниците се добиваат информации од сите модули, за на крај да се откријат недостатоците и врз основа на нив се генерираат препораки со чијашто примена се надминуваат постоечките ризици.

ЗАКЛУЧОК

Сведоци сме на секојдневното зголемување на употребата на многу хемиски супстанци во различни дејности. Покрај во хемиската индустрија, каде се финален производ, овие материјали се употребуваат во градежништвото, рударството, прехранбената индустрија, фармацијата итн. Токму поради широката примена на хемикалиите во производните процеси, презентираниот модел може да се користи во сите оние дејности каде што се користат хемиски супстанции, кои не само што можат сериозно да го загрозат здравјето на вработените, туку и да предизвикаат еколошка катастрофа.

Моделот ги опфаќа сите влијателни фактори на работното место и околина, работните активности, средствата за работа, вклучувајќи го и самиот работник.

Со користење на моделот се намалуваат постоечките ризици, истовремено се генерираат препораки за безбедна работа и за елиминирање на критичните точки за појава на грешка. Преку примена на препораките кои ги генерира моделот, работните места ќе бидат побезбедни по здравјето на работниците и ризиците за појава на грешка ќе бидат сведени на минимум

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Р.Поленаковиќ, Ј.Чалоска, Б.Наумовска: "Ергономија", МФС, 2011
2. Canadian Centre for Occupational Health and Safety: "WHMIS 2015 – Hazard Classes and Categories", OSHA Fact Sheet, 2015
3. Соња Зајкова: "Теорија на графови", ФЕИТ, 2011
4. Essential Guide: "Evolution of Windows Azure SQL Database", Tech Target, 201
5. NIOSH: "Risk Assessment of Chemical Hazards", Health and Safety Authority, 2004
6. British Columbia's Department of Risk Management Services: "Laboratory Chemical Safety", The University of British Columbia, 2013
7. Tatyana A. Davletshina, Nicholas P. Cheremisinoff: "Fire and Explosion Hazard Handbook of Industrial Chemicals", Noyes Publications, New Jersey, USA, 1998
8. Government of Alberta: "Best Practices Guidelines for the Assessments and Control of Chemical Hazards", 2011
9. University of Wollongong: "Storage of minor quantities of hazardous substances in laboratories", School of Chemistry, 2009
10. William Bridges: "Selection of Hazard Evaluation Techniques", Process Improvement Institute, Inc. USA, 2008
11. P.K.Marhavilas, D.Koulouriotis, V.Gemeni: "Risk analysis and assessment methodologies in the work sites", Journal of Loss Prevention in the Process Industries, 2011
12. Code of Practice: "Managing Risks of Hazardous Chemicals", Safe Work Australia, 2014
13. Department of Hazard Identification and Evaluation Task Force of the

American Chemical Society's Committee on Chemical Safety: "Identifying and Evaluating Hazards in Research Laboratories", USA, 2013
14. "Правилник за минималните барања за безбедност и здравје при работа на вработени од ризици поврзани со озложување на хемиски супстанци", Сл. Весник на РМ, 46/2010

656.96:331.45

Д-р Снежана Малцов
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

ЛОГИСТИКАТА ВО ОБЛАСТА НА ЗАШТИТА ПРИ РАБОТА

Апстракт: Целта на трудот е да ја прикаже состојбата на безбедноста во областа на логистиката, како и да даде приказ на можностите за превентивно делување како би се зголемила безбедноста во рамките на логистичките процеси со што би се придонело до намалување на бројот на несреќите кои се случуваат во светот. Значај на овој проблем е препознаен во текот на последната деценија кога е и воведен стандардот за безбедност на синџирот за снабдување ISO 28000. Во трудот е претставена статистичка анализа која се однесува на несреќите при работа кои се завршуваат со смртни последици со посебен осврт на несреќите во транспортниот сектор, производството и прометот на материјали како и можноста за превентивно делување во потсистемот за складирање како мошне важен сегмент на логистиката.

Клучни зборови: безбедност, логистика, превентивно делување, несреќа

AT WORK IN THE FIELD OF LOGISTICT

Abstract: The aim of study was to review the security situation in the field of logistics, as well as the presentation of prevention possibilities to security within the logistics systems increased and contributed to reducing the number of accidents that happen every moment throughout the world. The significance of this problem is recognized over the last decade when it was introduced the standard for security of supply chain ISO 28000 provides that in addition to the flow of safe and secure flows of goods and competitive advantage in the market. The paper also presents statistical data related to occupational accidents ending in death, then the most common causes that lead to such consequences. It also shows the statistics of accidents related to the transport sector, the production and movement of material and the possibility of preventive action in the storage subsystem, which forms an important segment of logistics. In essence, the work focuses partly on increasing the security of cargo flows, and partly on safety at work in the field of logistics.

Keywords: safety, logistic, preventive action, accident

ВОВЕД

Стрес означува необични, непријатни и тешки доживувања кои се случуваат на луѓето во текот на животот или на работното место. Според актуелните научни сознанија, стресот е било кое емоционално искуство или психолошко барање кое ја нарушува природната рамнотежа на организмот која води до реакција на прилагодување, следена со различни физиолошки и психолошки манифестации кои што можат да доведат до појава на болест. Состојбата на стрес настанува под влијание на различни емоционални искуства или психолошки барања кои претставуваат стресори или стресогени фактори.

Хроничниот стрес поврзан со работата кој настанува при пролонгирана експозиција на стресогените фактори на работното место претставува штетен

или емоционален одговор на организмот во услови кога притисоците и барањата на работното место не се совпаѓаат со знаењата, способностите, капацитетите или потребите на работникот. Со други зборови, стресот поврзан со работата се опишува како емоционална, когнитивна, бихејвиорална и физиолошка реакција на несаканите и штетните аспекти од работата, работната средина и организацијата на работата .

Стрес поврзан со работата е еден од најголемите предизвици во областа на здравје и безбедност на работа со кој се соочува современиот свет. Според Европската агенција за безбедност и здравје при работа EU OSHA (European Agency for Safety and Health at Work), стресот е втор најчесто регистриран здравствен проблем поврзан со работата, кој засега околу 22% од работниците во 27 земји на Европска Унија, а повеќе од 50% од изгубените работни денови се поврзани со него. Според истражувањето во 2005 година број на работници кои страдаат од состојбите поврзани со стрес, предизвикани или влошени од работата постојано се зголемуваат.(1)

Резултатите од истражувањата на Northwestern National Life укажуваат дека една четвртина од вработените сметаат дека работата е најзначајниот стресоген фактор во нивниот живот, а 40% од нив истакнуваат дека нивната работа е многу или екстремно стресна. Во Македонската студијата спроведена во 2004 година од страна на Институтот за медицина на трудот на РМ, Колаборативен центар на СЗО, како најзначајни стресогени фактори кај здравствените работници од различни профили и дејности се истакнуваат: работата со пациенти со непредвидливо однесување, работата со неизлечиви болести, ниското вреднување, малите можности за напредување, работата со болни со инфективни болести и недостатоците во организацијата на работата. (2) Во истражувањата реализирани во 2004 и 2007 година во Р. Македонија се реферира за емоционални промени кај половина од иследуваните медицински сестри од хируршката дејност и кај здравствените работници од стоматолошката дејност. (3,4)Резултатите од студијата, 2014, која Институтот ја реализираше во рамките на меѓународниот FP7 Проект "Подобрување на квалитетот и безбедноста во болниците: поврзаност помеѓу организациската култура, синдромот на согорување и квалитетот на здравствените услуги" (ORCAB) (http://orcab.web.auth.gr) укажуваат дека факторите од работното место кои предизвикуваат стрес кај здравствените работници, доведуваат и до намалување на квалитетот на здравствените услуги за пациентите.(5)

Промените во доменот на работата ги зголемуваат барањата од работниците како и потребата за флексибилноста во знаењата и вештините, доведуваат до почесто користење на привремени договори за работа, се зголемува несигурноста на работа,работното оптеретување, притисокот, а и несоодветна рамнотежа меѓу животот

и работата се чести фактори кои придонесуваат во развојот на стресот поврзан со работата. Повеќе студии сугерираат дека стресот е фактор кој е причина за 50-60% изгубени работни денови..Ова води до големи загуби како во нарушувањата на здравјето на работниците така и во намалувањето на економскиот перформанс на претпријатието. Пресметаните економски трошоци

причинети од стресот поврзан со работата во 15 земји на ЕУ изнесуваат околу 20 милиони евра.(1)

Карактеристики на работата и работното место и карактеристиките на

работникот ги детерминираат психосоцијалните фактори –стресори кои влијаат на развојот на стресот поврзан со работата и неговите последици (ризик од повреди и болести на работа).

Врз база на истражувањата и искуството во областа, експертите од National Institute for Occupational Safety and Health (NIOSH) од САД, го развија моделот на стресот поврзан со работа.Тие истакнуваат дека условите на работното место играат примнарна улога во предизвикувањето на стресот поврзан со работа, но исто така потенцираат дека не смеат да се игнорираат индивидуалните фктори.

Според моделот на NIOSH , експозицијата на стресните услови на работа (job stressors) може да имаат директно влијание врз безбедност и здравјето на работа. Овој модел на стресот поврзан со работа покажува дека индивидуалните и други ситуациони фактори може да интервенираат во смисол на јакнење или слабеење на ова влијание.

МОДЕЛОТ–СТРЕС НА РАБОТА СПОРЕД NATIONAL INSTITUTE FOR OCCUPATIONAL SAFETY AND HEALTH- NIOSH,(6)

Според Leka S, Griffiths A, Cox T,од Institute of Work, Health & Organizations, од Велика Британија, 2004 (7) како најважните стресогени фактори на работа се издвојуваат :

- содржината на работата (монотони, непријатни и нестимулирачки работни задачи, работни задачи кои предизвикуваат одбивност)
- работно оптоварување и брзина на работат (премногу или премалку работа, работа под временски притисоци)
- работно време (строг и нефлексибилен распоред на работните задачи, долго , невообичаено и непредвидливо работно време)
- учество и контрола (недостаток на учество во одлучувањето, недостаток на влијание над работните задачи, методите на работа или работното време)
- напредување во кариерата, статусот и платата (незвесноста во иднината, недостиг на можности за напредување, нессодветно унапредување во иоднос на заслугите,работа од „ниска општествена вредност“)
- улога во работната организација (нејасна улога, одговорноста за луѓето, постојано соочување со проблемите на други луѓе)

- меѓучовечки односи (лоши односи со колегите и претпоставените, мобинг и насилство на работното место, изолирана работа)
- организациска култура (лоша комуникација, лошо управување, недостаток на јасни цели и јасна структура во организацијата на работата)
- Врска помеѓу домот и работата (конфликт помеѓу барањата во домашната и работната средина, недостаток на поддршка на работното место за домашните проблеми, недостаток на поддршка во домашната средина за проблемите од работното место)

Куси или ретки епизоди на стрес претставуваат мал ризик по здравјето на експонираните работници. Но кога стресните ситуации не се разрешуваат и се повторуваат, телото е во постојана состојба на одбранбена акција, што го исцрпува биолошкиот систем и води до оштетувања, а способноста на телото за одбрана и опоравок е компромитирана. Како резултат на ова, се зголемува ризикот за повреди и болести.

Во последниве 30 години, многу студии укажуваат на поврзаноста меѓу стресот на работа и различни несакани здравствени ефекти. Нарушувањата во однесувањето и сонот, стомачните тегоби, главоболката и нарушените односи со роднините и пријателите се примери на проблеми поврзани со стресот кои се чести и брзо се развиваат. Тоа се рани знаци на стресот и лесно се препознаваат. Но ефектите на стресот поврзан со работа врз хроничните заболувања се потешко препознаваат, се развиваат подолго време, а врз нивната појава влијаат покрај стресот и многу други фактори. Најкарактеристични се здравствени проблеми од овој тип се кардиоваскуларни заболоувања, мускулоскелетни и психолошки нарушувања и повреди на работа.

Ефектите на стресот поврзан со работата се јавуваат врз работниците и организација во работата.(7)

Ефектите врз работниците се манифестираат како:

- емоционални проблеми (анксиозност и депресивност, чувство на безнадежност и беспомошност),
- когнитивни проблеми (потешкотии во концентрацијата, учење нови работи, донесување одлуки),
- бихејвиорални промени (негативен став кон луѓето, животот и работата),
- одделни невроендокрини, биохемиски и хемодинамски промени. Ефектите врз организација во работат се манифестираат како:
- зголемен апсентизам на вработените
- намалено залагање на работниците
- зголемена промена на персоналот
- нарушени перформанси
- зголемена стапка на несреќи и повреди при работа
- зачестени поплаки од клиентите и потрошувачите
- нарушен имиџ на организацијата

Како резултат на хроничен пролонгиран одговор на стресогените фактори на работното место се развива синдром на согопрување - Burnout syndrome. Овој психолошки синдром кој вклучува пролонгирана реакција на психолошките барања и хронични интерперсонални стресори на работа е последица на

вложувањето на големи напори при работењето со недостаток на соодветни периоди на закрепнување. Maslach Cet all, 2001, истакнуваат дека синдром на согорување се развива поради спреченост за справување со стресот поврзан со работата или прекумерна употреба на енергијата и ресурси кои доведуваат до чувство на неуспех и исцрпеност.(7)

На појава на синдромот на согорување влијаат факторите од работа: карактеристики на работата (временски притисоци; премногу или премалку работа, барања на работното место; недостаток на ресурси за работа; недостаток на учество во одлучувањето), професија (контакти со луѓе, решавање на туѓи проблеми итн.), организација на работа (можности за напредување во кариерата, статусот и платата; хиерархиска поставеност на претпоставените; флексибилност во работењето; севкупна организациска култура), и факторите од страна на работникот: демографски карактеристики (возраст; пол; образование; брачен статус), карактеристики на личноста (димензии на личноста; степен на самодоверба)а и однесувањето на работното место очекувања во текот на работата, можноста за постигнување успех).

Синдромот на согорување се јавува кај сите дејности ориентирани кон луѓето, при што приоритетот е потребата на другите. Тоа се вработените во здравствената заштита, просветна дејност, банкарство, војска, полиција и сл.

Негативните ефекти на овој синдром се манифестираат врз работата (намалена продуктивност и ефикасност, апсентизам) и врз здравјето на работниците (физиолошки ефекти, психички нарушувања, злоупотреба на супстанци-цигари, алкохол, лекови итн.).

Синдромот на согорување се јавува во три димензии:

» емоционална исцрпеност-се однесува на чувството на испразнетост на емоционалните и физичките сили
» цинизам или негативен став кон работата-се однесува на интерперсонални релации, негативен, рамнодушен став кон работата, обид да се направи дистанца помеѓу работникот и корисниците на услуги преку активно игнорирање на сопствените квалитети
» намалена ефикасност или редукција на личниот успех-димензија на самооценување, со чувство на некомпетентност и недостаток на продуктивност и успех на работното место

Истражувањата на проблемот на стресот поврзан со работа укажуваат на потреба за развој на здрави организации, при што здравата организација се дефинира како онаа со ниска стапка на болести, повреди и неспособноста за работа на нејзините вработени , но и исто така компетитивна на пазарот. Организационите карактеристики кои ја дефинираат здрава работна средина се врзуваат за здравата , малку стресна работа и за високо ниво на продуктивност. Такви карактеристики се на пример препознавање на работници за добра работа, можности за напредување во кариерата, организациона култура која го вреднува индивидуалниот работник, соодветни менаџмент акции итн.

Во рамките на превенција на стресот поврзан со работа, според EU OSHA и NIOSH, (1,6) со цел да се елиминираат или намалат ефектите од стресот поврзан со работата неопходно е спроведување на :

» Програма за управување со стресот (стрес менаџмент)

» Организациски промени

Програма за управување со стресот (стрес менаџмент) е насочена кон работниците.

Таа вклучува информирање, тренинг и едукација на работниците за природата на стресот и факторите кои доведуваат до неговата појава, како и обука на работниците за начините за справување со стресот, односно елиминација или редукција на стресот поврзан со работата. Со оваа програма се зајакнуваат индивидуалните способности на работниците за справување со барањата на работното место. Предностите на програмата се лесна изводливост и ниски трошоци, а недостатоците се краткотрајни ефекти и со делување исклучиво на работникот, а не и на работната средина.

Организациски промени се однесуваат на активности насочени кон промените во работната средина со делување директно на основните причини за стресот поврзан со работата. Овој процес може да вклучи промени во работните практики или промени во организациската структура.

Организациските промени започнуваат со идентификацијата на проблемот, односно перцепциите на работниците во врска со условите, барањата и ресурсите на работното место, стресогените аспекти од работата и задоволството од работата и водат до подготовка на Стратегија за намалување или елиминирање на стресогените фактори од работната средина. Следните чекори продолжуваат во имплементација на организациските промени-интервенции во пракса. Процесот продолжува со евалуација и проценка на сработеното преку објективни парамтери на влијанието на стресот врз здравјето на работниците, вклучително стапка на отсуства од работа, здравствени трошоци, cost-benefit анализа.

Превенција и успешно справување со стресот поврзан со работа е континуиран процес, кој бара интегриран пристап со насочени активности кон работникот и работната средина со цел за обезбедување здраво и безбедно работно место за секој работник како и зголемување на ефикасноста и продуктивноста во работата.

Трудот претставува придонес на Институтот за медицина на трудот на РМ кон започнатата Европска кампања, на Европската агенција за безбедност и здравје при работа EU OSHA, 2014–15 Healthy Workplaces Campaign:Healthy Workplaces Manage Stress која има за цел да ја:

» зголеми свесноста и подобри разбирањето за стресот и психосоцијалните фактори на работно место
» да обезбеди водење, поддршка и практични инструменти за справување со ризик
» да го истакне бенефитот од справувањето со психосоцијалните ризици за работниците и бизнисот.(8)

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. European Agency for Safety and Health at Work. OSH in fiures:stress at work — facts and fi gures. Bilbao; 2009. https://osha.europa.eu/en/tools-and-publications/publications/reports/TE-81-08-478-EN- C_OSH_in_figures_ stress_at_work (пристапено, 26.08.2015)
2. Караџинска-Бислимовска Ј, Мијалков Б, Груневска В и сор. Специфични професионални ризици кај здравствените работници - инфективни и психосоцијални штетности. Проект бр. 40116101/0. Скопје: Министерство за образование и наука; 2004.

3. Basarovska V, Karadzinska-Bislimovska J, Stoleski S, Mijakoski D. Surgical nurses, stress at work and burnout syndrome. In: GOHNET Special. Addressing psychosocial risks and work-related stress in countries in economic transition, in newly industrialized countries, and in developing countries. Geneva: World Health Organization; 2007.
4. Karadzinska-Bislimovska J, Risteska-Kuc S, Mijakoski D, et al. Stress at work and occupational risk of infection among Macedonian health care workers. In: Book of abstracts. Kitakyushu: The 6th ICOH International Conference on occupational health for health care workers 2004; 74-75.
5. ORCAB. Improving quality and safety in the hospital: The link between organisational culture, burnout, and quality of care. SEVENTH FRAMEWORK PROGRAMME, THEME [FP7-HEALTH-2009], [Theme title: HEALTH-2009-3.1-2, Improve quality and safety of hospital care], Grant agreement No: 242084; 2009- 2014.(http://orcab.web.auth.gr/orcab/Index.html)
6. Leka S, Griffiths A, Cox T, Institute of Work, Health & Organizations. Work Organization and stress: systematic problem approaches for employers, managers and trade union representatives. Geneva: World Health Organization (WHO); 2004.
7. National Institute for Occupational Safety and Health-NIOSH,Stress at Work. http://www.cdc.gov/niosh/topics/stress/ (пристапено,28.08.2015)
8. European Agency for Safety and Health at Work. 2014–15 Campaign: Healthy Workplaces Manage Stress
9. https://osha.europa.eu/en/healthy-workplaces-campaigns/healthy-workplaces-manage- (пристапено,28.08.2015)

331.45(497.7)„2011/2014“

Д-р Снежана Малцов
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија

СИСТЕМОТ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Апстракт: Во светот постојат повеќе системи за безбедност и здравје при работа кои се имплементирани низ државите. Во Република Македонија со донесувањето на Законот за безбедност и здравје при работа и со сите негови досегашни измени се дефинира одреден систем за безбедност и здравје при работа кој треба да се имплементира на територијата на Р.Македонија. Овој систем функционира веќе осум години и досега би требало да даде некои првични резултати за тоа дали може да се имплементира во целост и какви се резултатите од имплементирањето. Поради обемноста на истражувањето во овој т руд ќ е б идат и стакнати с амо н екои од основните начела на кои треба да се потпира системот, стручните лица за безбедност при работа, овластените здравствени установи по медицина на труд и инспекцискиот надзор. Добиените резултати кажуваат дека колку и да сакаме во целост да го примениме поставениот систем, сепак постојат објективни пречки кои не спречуваат во негова целосна имплементација.

Клучни зборови: систем, имплементација, безбедност, здравје, работа

THE SYSTEM SAFETY AND HEALTH AT WORK IN THE R. MACEDONIA

Abstract: In the world there are many security systems and health that have been implemented across countries. In the Republic of Macedonia with the adoption of the Law on Safety and Health at Work and all its previous amendments define a system for safety and health at work to be implemented in the territory of Macedonia. This system worked for eight years before it should give some initial results whether can be implemented in full and what are the results of the implementation. Because the sheer volume of research in this study will be displayed only some of the basic principles that need to rely on the system, experts for occupational safety, the authorized medical institutions and labor inspection. The obtained results show that how we want to fully apply the given system there are no objective obstacles that prevent the full implementation.

Keywords: system, implementation, safety, health, work

1. ВОВЕД

Овој труд има за цел да прикаже дел од функционалноста на системот за безбедност и здравје при работа, од донесувањето на Законот за безбедност и здравје при работа (ЗБЗР), кога се поставени новите темели на оваа област. Бидејќи можноста за целосна имплементација отпочнува со доделувањето на првите овластувања на правните лица на 27.09.2010 година (како последен чекор – обврска на државата) и периодот од 1 година како преоден период за првични валидни резултати, анализите се базирани на податоците за 2011-2014 година. Во системот за безбедност и здравје при работа поставен во Р.Македонија главната

улога ја имаат: работодавачите, работниците, инспекциските служби, стручните лица за безбедност при работа и овластените здравствени установи по медицина на труд. Оваа ситуација не е поразлична и во другите земји околу нас, но и пошироко во ЕУ. Секој систем кој се поставува има за цел регулирање на одредена област и поставување на рамки по кои треба да се движат актерите во системот. Показатели на успешноста на системот се параметри кои произлегуваат од начелото, зошто е поставен системот. Системот за БЗР е поставен за зачувување на безбедноста и здравјето на вработените во Р.Македонија. Нормално успешноста на системот се одсликува преку бројот на несреќи односно фрекфенцијата на несреќите во текот на годините. Но овој труд нема за цел да го испитува целиот систем туку е насочен кон анализа на функционирањето на некои сегменти од системот, стручните лица за безбедност при работа, овластените здравствени установи по медицина на труд и инспекцискиот надзор, преточени низ законските решенија. Се поставува дилемата дали и колку реално, како што е поставен системот, овие „актери" можат да дадат позитивни резултати при нивното работење.

За да можеме да ги анализираме резултатите мораме да дефинираме на што овие субјекти дејствуват. Така во Табела 1 се претставени бројот на компании во РМ со број на вработени каде што евидентно е дека наголем број на компании се со 1-9 вработени.

Година	Вкупно	0)*	1-9	10-19	20-49	50-249	250+
2011	73 118	6 674	60 620	2 754	1 698	1 187	185
2012	74 424	7 158	61 053	2 937	1 795	1 280	201
2013	71 290	4 415	60 599	2 989	1 787	1 291	209
2014	70 659	3 972	60 215	3 092	1 869	1 305	206

** Вклучувајќи и деловни субјекти со неутврден број на вработени*

Табела 1. Број на активни деловни субјекти

Во Табела 2 се прикажани бројот на вработени во Р.Македонија во последните квартали низ годините.

Година	Вкупно	Приватна сопственост	Друга сопственост
2011	639 340	475 274	164 066
2012	657 849	496 794	161 055
2013	685 479	527 549	157 930
2014	696 046	534 580	161 466

Табела 2. Број на вработени

2.АНАЛИЗА И ДИСКУСИЈА

2.1 Стручни лица за безбедност при работа

За да ја утврдиме применливоста на Законот за безбедност и здравје при работа во делот на стручни лица за безбедност при работа најпрво да ги споменеме членовите каде се дефинира потребата од стручно лице, не навлегувајки во деловите за неговото место во правниот субјект, неговите обврски, начинот на едукација или полагање на стручен испит и друго.

Член 3 став 1

- "Стручно лице за безбедност при работа" е вработено стручно лице кај работодавачот назначено од него за извршување стручни задачи поврзани со безбедноста при работа (во понатамошниот текст: стручно лице)....

Член 18 став 1 и 2

1.Работодавачот за вршење на работите од областа на безбедноста при работа мора да назначи едно или повеќе стручни лица.

2.Работодавачот ќе го одреди бројот, видот и степенот на стручно образование во согласност со член 46 став (2) од овој закон, како и:

» организацијата,
» природата и обемот на работниот процес,
» бројот на вработените вклучени во работниот процес,
» бројот на работните смени и
» бројот на одделни работни единици.

Член 19 став 2

(2) Стручното лице може да ги врши задачите наведени во ставот(1) алинеи 3,4,5 и 9 на овој член, доколку ги исполнува условите од членот 46 на овој закон.

Член 46

(1)Министерот надлежен за работите од областа на трудот со правилник ги утврдува условите за вработените, организацијата, техничките и другите услови кои треба да ги исполни правното или физичкото лице за вршење на стручните работи.

(2)Министерот надлежен за работите од областа на трудот со правилник ја утврдува висината на трошоците за спроведување на постапката од ставот (1) на овој член."

Ако добро ја погледнеме приложената важечка законска регулатива јасно е дека постои една голема небулоза. Односно се поставуваат неколку прашања.

1. Како работодавачот ќе го спроведе член 18 став 2, односно по кои критериуми ќе го назначи стручното лице?
2. Дали стручните лица кај работодавачот треба да имаат положено стручен испит за безбедност при работа?

Во одговорот на првото прашање уште на старт се сретнуваме со една интересна констатација дека оваа законска одредба е неприменлива, односно со измените објавени во Службен весник бр.164/2013 и измената на член 46 оневозможена е примената на оваа одредба. Како што може да се види, сега ставот 2 од член 46 се однесува на висина на трошоци, а не на бројот, видот и

степенот на стручно образование на стручните лица.

Одговорот на второто прашање останува нејасен се додека надлежните органи не дадат официјално толкување. Да претпоставиме дека секое стручно лице за безбедност при работа мора да има положено стручен испит, а со тоа секој работодавач односно секој активен деловен субјект мора да има, или да назначи стручно лице за безбедност при работа (да вработи или пак да ангажира овластено физичко или правно лице).

Број на активни деловни субјекти	Број на стручни лица	Работни денови во текот на годината	Број на деловни субјекти за едно стручно лице	Часови кои ги посветува едно стручно лице за еден деловен субјект годишно
70659	550	230	128	14

Табела 3. Анализа на состојбата со стручните лица

Во табела 3 се анализирани податоците за 2014 година каде што бројот на активни деловни субјекти е 70659, бројот на стручни лица е околу 550, а бројот на работни денови 230 дена со вклучен одмор од 15 работни дена. При пресметката колку активни деловни субјекти треба да опслужува едно стручно лице за безбедност при работа, добиваме дека едно вакво лице треба да опслужи околу 128 деловни субјекти односно годишно да посвети по околу 14 часа на еден деловен субјект. Во ова време е вклучено и времето за пат меѓу деловните субјекти при посетите. Ова е груба пресметка, не земајки во предвид дека, голем број од овие стручни лица работат во по една поголема компанија, што значи дека бројот на стручни лица кои се слободни да опслужуваат други компании е многу помал, реалното активно работно време и други параметри кои влијаат на работењето на стручните лица за безбедност при работа и нивните обврски дефинирани со закон и подзаконски акти. Да не ги заборавиме и другите обврски на стручните лица (обуки, проценки на ризик, мерења на параметри во работна средина, испитување на опрема за работа) кои треба да ги вршат на работните места.

2.2. Овластени здравствени установи

Обврската на секој работодавач да ангажира овластена здравствен установа за вршење на стручни задачи за здравје при работа е дефинирана во членот 17 од ЗБЗР. Обврските и начинот на работењето се дефинирани во членовите 20-22 и со подзаконски акти. Согласно овие одредби секој вработен мора да оди на здравствен преглед најмалку на секои 24 месеци. Ова се однесува на работните места кои не се со зголемен ризик. Вработените кои работат на работните места со зголемен ризик треба да одат на периодичен преглед на секои 12 месеци и претходен преглед пред вработување. Да не ги заборавиме и насочените прегледи. Покрај овие обврски овластените здравствени установи ги имаат и следните обврски:

» обезбедување на медицински услуги за вработените со професионални болести,

» организирање и спроведување на обука за прва помош на вработените,
» утврдување и проучување на причините за инвалидност и професионални болести во врска со работењето и повреди при работа, предлагање на соодветни безбедносни мерки и мерки за лекување, учество во извршувањето на соодветна професионална рехабилитација и консултација за изборот на посоодветни работни задачи,
» давање предлози и мерки на работодавачот за заштита на здравјето на вработените кои се изложени на голема опасност од повреда или нарушување
на здравјето,
» водење на евиденција и прибирање на податоци за здравјето на вработените во согласност со посебните прописи,
» учество во секоја проценка на ризиците, безбедноста и здравјето на работното место и на работната средина и
» да ги запознава вработените со ризиците кои се поврзани со нивната работа, нивното работно место и вршење на едукација.

Се поставува едно прашање: Дали спроведувањето на сите овие обврски е реално имајки ги во предвид состојбите во РМ? Имено во последниот квартал на 2014 година имало 696046 вработени, што не е далеку од просекот за оваа година, а од друга страна има 40 овластени здравствени установи и 230 работни дена во 2014 година.

Број на активни деловни субјекти	Број на овластени здравствени установи	Работни денови во текот на годината	Број на прегледани лица за ситематски преглед во еден ден	Потрошени минути за еден вработен за систематски преглед
70659	40	230	38	12

Табела 4. Анализа на состојбата со овластени здравствени установи

Доколку се прават само систематски прегледи на 24 месеци тогаш секоја овластена организација дневно треба да прегледа по 38 вработени или по 5 секој час во текот на денот, или секоја установа троши по 12 минути за еден вработен (Табела 4). Но доколку кон ова го додадеме само бројот на вработени во градежништво (49663) и рударство (3960) каде се очекува дека има зголемен ризик и прегледите се прават на една година, тогаш добиваме дека секоја овластена установа дневно треба да прегледа по 41 вработен или секоја установа троши по 11 минути за еден вработен. Мора да се напомене дека ова се идеални бројки, во реалноста параметрите се поинаку и зависат од многу фактори особено организациски. Ова е време само за прегледите на вработените, но што станува со другите обврски на овластените здравствени установи?

2.3. Инспекциски служби

Надзорот над спроведувањето на одредбите на Законот за безбедност и здравје при работа го врши министерството надлежно за работите од областа на трудот, а инспекцискиот надзор во областа на безбедноста и здравјето при работа го врши Државниот инспекторат за труд според ЗБЗР и Законот за инспекцијата

на трудот (ЗИТ). Истражувањето во овој дел треба да покаже дали она што е напишано во законските одредби во однос на бројот на инспектори и бројот на активни деловни субјекти е реално спроведливо.

Во ЗИТ во член 13 стои „ Инспекторот е должен најмалку еднаш годишно да изврши инспекциски надзор над примената на прописите за работни односи и заштита при работа кај работодавците во областа на индустријата, трговијата, градежништвото, земјоделството, шумарството, сообраќајот, комуналните дејности, занаетчиството, угостителството и во училишните и факултетските работилници и лаборатории за практична настава, а кај другите работодавци, според програмата за работа, најмалку еднаш во три години."

Ова значи дека според податоците за активни деловни субјекти кои треба да се посетат секоја година, треба да се посетат 41233 активни дековни субјекти (не сметајки ги оние кои се на секои 3 години).

Број на активни деловни субјекти	Број на инспектори	Работни денови во текот на годината	Број на инспектирани деловни субјекти во еден ден	Потрошени минути за еден деловен субјект
41233	48	230	3, 8	11 8

Табела 5. Анализа на состојбата со инспекцискиот надзор

Имајки во предвид дека има околу 48 инспектори (вклучувајки ги и интегрираните), секој инспектор дневно треба да посети по 3,8 деловни субјекти, односно за секој субјект да одвои по околу 2 часа, сметајки го и превозот од еден до друг субјект (Табека 5). Меѓутоа работата на инспекторите не е само посета на деловни субјекти туку и постапки по несреќи при работа, учество во судски процеси, разни видови на едукација, подготовка на известувања и сл. Во овие бројки не се анализирани другите состојби како опременост со возила, ресурси и сл. Останува прашањето, дали физички може да се постигнат обврските од член 13 од ЗИТ?

ЗАКЛУЧОК

Од претходно анализираните податоци, и повеќе од јасно е дека, колку и да се сака да се исполнат обврските дадени со законите, физички е невозможно да се постигне истото а при тоа да има задоволителни резултати. Односно:

» 14 часа годишно е премногу кратко време за било кое стручно лице да може да опслужи една компанија, или сведено на месец, 1 час и 10 минути. За да се задоволи законот останува само задоволување на формата со потпишување на договори со овластено правно лице, што не дава некои позитивни резултати.

» Бројот на вработени на кои една овластена здравствена установа треба да им изврши превентивен здравствен преглед е 41 во идеални случаи, или 11 минути за секој вработен што дава сомнеж за извршените

прегледи, особено поспецификичните, и не остава време на докторите по медицина на труд да ги извршуваат другите обврски согласно ЗБЗР

» Инспекторите неможат да ги исполнат своите законски обврски од ЗИТ односно тие на секоја компанија треба да посветат неполни 118 минути, што реално физички е невозможно и се одразува на квалитетот на надзорите.

Сето ова укажува дека во моментот во РМ имаме систем на безбедност и здравје при работа кој нереално функционира, не функционира, или не е исполнет во целост. Ова може да предизвика неисполнување на законските обврските, зголемување на несреќите при работа, зголемување на бројот на деловни субјекти на кои им се изрекува глоба, а реално системот не им овозможил исполнување на обврските и сл.

Анализата на состојбата на само три чинители од системот за безбедност и здравје при работа, доколку сакаме да постигнеме поголеми позитивни резултати во оваа област, укажува на потребата од системски промени.

ЛИТЕРАТУРА

1. Закон за безбедност и здравје при работа
2. Закон за инспекција на труд
3. Статистички годишници и извештаи од Државниот завод за статистика
4. Податоци од web страна на државен инспекторат за труд

331.45:62-192

Мартин Савевски
МСУ „Г. Р. Державин“ Свети Николе-Битола, Р. Македонија
e-mail: martin.savevski@msu.edu.mk

ТЕХНИЧКАТА ДИЈАГНОСТИКА ВО ФУНКЦИЈА НА БЕЗБЕДНОСТА ПРИ РАБОТА

Апстракт: Брзиот развој на технологијата доведува до создавање и користење на сложени технички системи, а без правилна обука на вработените за користење на тие системи или недостатокот на резервни делови за репарирање или одржување на тие системи во голема мера се зголемува веројатноста за повреди на работно место. Во овој труд е опишана техничката дијагностика во функција на безбедноста и здравјето при работа, која во голема мера би ја зголемила доверливоста на техничките системи. Доверливоста како нова научна дисциплина бара правилно и безбедно користење на техничките системи, со цел да нема застој во производството и материјални загуби, но сепак примарната цел на доверливоста на системите е нивната фукција во безбедноста и здравјето при работа.

Клучни зборови: Техничка дијагностика, доверливост, технички системи, безбедност при работа

TECHNICAL DIAGNOSTICS IN FUNCTION OF SAFETY AT WORK

Abstract: The rapid technology development leads to creation and use of complex technical systems, so without a correct formation of the employees for the use of those systems or the absence of reserve parts for repairing or maintaining of those systems, in large amount increases the possibility for injuries on the working place. This scientific paper describes the technical diagnostics in function of the safety and health at work, which in a big part would increase the reliability of technical systems. Reliability, as a new scientific discipline demands proper and safe use of technical systems, in order to not have slowdown in production and material loss, but however the primary goal of the reliability of systems is their function in the safety at work and health safety.

Клучни зборови: Technicl diagnostics, reliability, technical systems, safety at work

Важен дел од технологијата за одржување на техничките системи претставува и техничката дијагностика.[1] Зборот дијагностика (или дијагноза) се врзува за медицината и се користи за утврдување за тоа од што боледува пациентот. Истата примена ја има и техничката дијагностика во индистријата и производството.

Техничката дијагностика е техничка дисциплина со која е можно да се оствари контрола, испитување и утврдување на моменталната состојба на техничките системи, па затоа е тесно поврзана до доверливоста на техничките системи. Техничката дијагностика користи параметри за состојбата на системите.

1 Потекнува од грчкиот збор „diagnosis“ што означува препознавање, заклучок, проценка

Параметрите за состојбата се најчесто мерливи физички параметри. Врз основа на функционалната намена на техничките системи можно е да се предвидат одредени откази, кои можат да се појават во текот на експлоатацијата (користењето) на техничките системи. Според овие откази се предвидуваат параметри за состојбата, со чие пратење може да се контролира состојбата на техничкиот систем. Одбраните параметри треба да овозможат постојана и повремена контрола за состојбата на системот, по потреба или по избор на конструкторот. Со следење на состојбата се добиваат податоци за состојбата на техничкиот систем и можност за одлучување за потребните активности кои треба да се преземат за да не дојде до отказ на системот или пак до повреда на работно место. Ваквите ситуации исто така можат да предизвикаат и поголеми хаварии и материјални штети на техничките системи, повреда на луѓе кои се наоѓаат во непосредна близина на објектот, еколошка катастрофа или други слични несреќи.

Дијагнозата е прва фаза во секоја постапка за одржување на техничките системи. Дијагнозата може да се изврши на две различни нивоа и тоа:

» Ниско ниво – кое претставува прво ниво за утврдување дека системот откажа, кој негов дел е расипан и како треба тој дел да се поправи;
» Високо ниво – утврдување на причината која го предизвика дефектот и како таа причина би се избегнала во иднина.



Слика 1 – Пример за движењето на избраните параметри во дозволените граници – техничка дијагностика

Според методите, техничката дијагностика може да се подели во две групи и тоа:

» Методи на функционалната дијагностика;
» Методи на тест или повремена дијагноза.

Функционалната дијагностика кај техничките системи има вградени средства за перманентно (стално) дијагностицирање или пратење на состојбата преку параметрите. Температурата на парните котли, притисокот на пареата во котлите или други можат да бидат избрани како параметри кои постојано се набљудуваат. За избраните параметри се одредува горна и долна граница, односно опсег во кој

состојбата помеѓу овие две вредности се смета за нормално функционирање на техничкиот систем (пример е даден на слика 29 погоре).

Кај хидрауличните системи пак, параметрите кои се следат се притисокот на флуидот, протокот на флуидот или неговата температура и според овие параметри се одредува состојбата на техничкиот систем. За секој технички систем се дефинираат параметрите за состојбата, нивните граници, средствата за дијагностицирање на состојбата и постапките за реагирање ако дојде до излегување од зададените граници за оптимално функционирање на техничките системи. Ако нема адекватна реакција на лицето (работникот) задолжен за пратење на параметрите за состојбата (во случаи кога нема автоматизиран систем) настапува појава на ризик со несакани последици.

Кај функционалната дијагностика добро би било да се предвиди барем периодичното запишување за состојбата на набљудуваните параметри во одредени временски интервали. Ова овозможува создавање на услови за математичко моделирање на промената на параметрите со цел да се предвиди движењето на набљудуваниот интервал во иднина.

Функционалната дијагностика во процесот на управување со техничките системи остварува три основни функции:

» Прибирање на информации;
» Обработка и анализа на информациите;
» Припрема и донесување на команди – одлучување.

Обезбедувањето на информации за состојбата на техничките системи се остварува со мерење на избраните дијагностички параметри. Обработка и анализа на информации претставува споредба на измерените вредности со дозволените параметри, а со тоа е можно подоцна со математичко моделирање да се прогнозираат остатоците од ресурсите за работната исправност на системите.

Функционалната дијагностика се користи за управување со ризикот кај техничките системи. Вградените средства за дијагностицирање на состојбата на техничките системи преку одбраните параметри стално испраќаат сигнал со нивните вредности. Кога вредностите на сигналот се во предвидените дозволени граници, техничкиот систем работи нормално според зададените параметри. Ако дојде до излегување на некој од контролираните параметри од дозволените граници се активираат поставените уреди кои ќе ја прекинат работата на техничкиот систем. Со прекинот на работата на техничкиот систем се заштитуваат работниците и околината од несакани последици. Функционалната дијагностика во вакви случаеви презема улога за управување со безбедноста (ризикот) на техничкиот систем, со тоа што со прекинот на работата го штити системот од поголеми оштетувања.

Прашањето за користење на резултатите од функционалната дијагностика кај сложените технички системи се однесува на организацијата на системи за дијагностицирање.

Врз основа на резултатите од дијагностиката се врши влијание на објектите на дијагностиката и на условите за нивно производство и одржување. Со резултатите од дијагностиката се примаат и остваруваат решенија за натамошно користење на техничкиот систем. Тоа всушност одговара на процесот на управување, кој го опфаќа процесот за дијагностицирање на состојбата како свој составен дел.



Слика 2 – дијагностички систем за управување со ризик

Системите кои го реализираат процесот на управување со ризикот кај техничките системи и кои во својот состав имаат систем за дијагностицирање на техничката состојба се нарекуваат системи за правување со ризик. Уредите за управување кај овие системи врз основа на сите влијанија и резултати претставуваат клучни елементи за управување со ризикот кај техничките системи. Нивната улога е да го заштити техничкиот систем (исклучи од употреба) во случаеви кога доаѓа до надминување на дозволените параметри.

Методот на тест или повремена дијагноза може да се подели на две групи на методи:

» Субјективни;
» Објективни.

Кај субјективните методи се користат главно човечките сетила и тука не е неопходна техничка дијагностика на средствата.

Објективните методи се базираат според повремени мерења на избраните параметри и средствата за дијагноза кои можат да дадат реална слика за моменталната состојба на техничкот систем. И со примената на тест за дијагностика се користат предвидувања за настанување на откази врз основа на претходни искуства или технички познавања за структурата и начинот на функционирање на техничките системи. Исто така се формираат термин – планови за мерење на одредени параметри посебно.

Се подготвуваат одредени формулари или електронско водење евиденција и записи за извршените мерења, се создава датотека и историја за промените на одреден параметар.

За мерење на одредени параметри може да се изврши подготовка на техничкиот систем, така што може да бидат вградени читачи на местата за мерење или да се подготват места за поставување на читачи, кои ќе пренесуваат информации заедно со мерните инструменти.

Пример за користење на тест дијагностика со цел предупредување за ризик од протекување или експлозија на цевководот кај парен котел поради зголемен притисок е многу значајно за безбедноста на работниците и околината.

Ова мерење – контрола може да се оставарува и со ултразвучна метода.

Промена на дебелината на деловите за конструкција поради корозија во агресивните средини може да се контролира со ултразвучната метода. За контрола на заварените спојки кај садовите под притисок или цевководите се користи метода со зрачење итн.

Техничките системи кои со своето користење претставуваат значаен ризик по безбедноста и здравјето на луѓето при нивното користење подлежат на посебни барања. Законските регулативи пропишуваат начини и време кога и како треба да се врши проверка врз таквите системи. Техничките системи кои се под притисок во периодот на нивната експлоатација се контролираат постојано или периодично.

Резервоарите или цевководите под притисок се подложени на периодични временски контроли кои се однапред пропишани. Средствата за вертикален транспорт и нивните елементи (сајла, кука) периодично се контролираат и после нивната утврдена исправност се издаваат соодветни документи – атести кои тоа го потврдуваат. Оваа документација важи само за времето додека се работи на конкретниот случај. После истекот на дозволениот рок, овие контроли се повторуваат. Периодичните проверки од овој тип значително го намалуваат ризикот од хавариски оштетувања на имотот, како и ризикот кон безбедноста и здравјето на луѓето кои работат со техничкиот систем.

Методите на тест дијагностика во примена при утврдување на состојбата на техничките системи при периодични проверки (атестирања) се различни во зависност од потребите. Периодичните проверки за утврдување на состојбата и издавањето на атест за исполнување на пропишаните барања можат да ги извршуваат лица и организации кои се овластени и обучени за таа работа.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. Грујиќ Р. Н: Technical systems diagnostics and environment protection, Техничка дијагностика, Белград, 2004.
2. Гроздановски, А: Доверливост и безбедност на технички системи (скрипта за интерна употреба) – Свети Николе, Битола, 2014.
3. Регодиќ, Д: Технички системи, Универзитет „Сингидунум“, Белград, 2011.
4. Rausand M, Hoyland A: System reliability theory, Wiley & Sons, New Jersey, 2004.

629.76.036.5-049.5

Д-р Слободан Бундалевски
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија
e-mail: bobobundalevski@yahoo.com

БЕЗБЕДНОСНИ АСПЕКТИ ПРИ ЕКСПЕРИМЕНТАЛНО ОДРЕДУВАЊЕ НА СИЛАТА НА ПОТИСОКОТ НА РАКЕТНИ МОТОРИ

Апстракт: Во овој труд се прикажани типовите на ракетни мотори како еден од најважните делови на ракетните проектили. Главната енергетска компонента на ракетниот мотор е ракетното гориво и врз основа на неговата геометрија разликуваме во основа три начини на согорување на ракетните горива. Извршени се експериментални мерења на силата на потисокот на два типа на ракетни мотори со неутрално и прогресивно согорување. Приложена е мерната опрема и дадени се резултатите од мерењата. Прикажан е безбедносниот ризик од ваквиот вид на експерименти, како и мерките за заштита на луѓето, опремата и околината. Посочени се и два метода за оценка на ризикот.

Клучни зборови: ракетни мотори, сила на потисок, безбедносен ризик, методи за оценка на ризикот

SAFETY ASPECTS IN EXPERIMENTAL DETERMINATION OF THRUST OF ROCKET MOTORS

Abstract: This paper shows the types of rocket engines as one of the most important parts of the rocket missiles. The main energy component of the rocket motor is propellant and based on its geometry distinguishes basically three ways of combustion of rocket fuel. Experimental measurements of the thrust of two types of rocket engines, with neutral and progressive combustion, have been performed. Enclosed measurement equipment and the results of the measurements are given. The security risk of this type of experiments is shown, as well as measures to protect people, equipment and environment. Two methods for risk assessment were appointed.

Key words: rocket motors, thrust, crisis, security risk, methods for assessing the risk

ВОВЕД

Ракетниот мотор е еден од главните делови на сите видови на ракети. Без разлика дали се работи за боеви ракети или ракети за цивилна апликација, разликуваме: гасно, течно и цврсто ракетно гориво, како погонски дел. На територијата на Република Македонија, долги години се произведуваат и користат градобијни ракети, како дел од системот за градобијна заштита кој е под надлежност на Управата за хидрометеоролошки работи на Република Македонија.

Долго време, единствен производител на градобијни ракети во Република Македонија беше компанијата Макпетрол-Темко, која во својата производна палета имаше поробусни градобијни ракети (слика 1) од типот МТТ 8, а подоцна и ракети со помал калибар како МТТ 9 (кркушка), МТТ 10 (штука) и МТТ 12 (јагула) (слика 2).

Слика 1: Шематски приказ на градобијна ракета

Слика 2: Типови на градобијни ракети МТТ 8, МТТ 12 и МТТ 10

Експерименталното одредување на силата на потисокот на ракетните мотори е постапка од висок безбедносен ризик при која се можни, како оштетувања и хаварии на опремата, загадување на околината, така и повреди на луѓето, односно персоналот одговорен за спроведување на експериментите, но и за луѓето кои се необезбедени во околината, впрочем како и кај секој случај при работа со опрема и машини.

РАКЕТНИ МОТОРИ

Ракетните мотори се погонскиот дел од ракетата и нивната задача е единствено да ги однесе ракетите каде што е потребно, односно да совладаат одредено растојание. Главни делови на ракетните мотори се: (слика 3)



Слика 3: Шематски приказ на ракетен мотор

- тело на моторот (комора)
- ракетно гориво
- припала
- млазничен потсклоп

Главна улога на комората е да ги обедини сите делови на моторот во функционален склоп и да ги издржи сите напони, притисоци и напрегања. Се изработуваат од различни материјали во зависност од апликативноста, така што може да бидат челични, композитни, стаклопластични...

Припалата има задача да го припали горивото и да го донесе моторот во

номинален режим на работа. Се состои најчесто од: тело, облога, електрична запалка, помошна припала, основна припала. Припалите се пиротехнички состави и треба да обезбедат: висока топлинска вредност, рамномерно согорување со постојана брзина, стабилни карактеристики при долготрајно чување, мала осетливост на топлотни и механички дејства како и тоа да во составот нема токсични и дефицитарни компоненти.

Млазникот е топлински најоптоварениот дел на ракетниот мотор и затоа материјалот од кој е направен мора да биде со висока ерозивна постојаност изложен на високотемпературната гасна струја која со себе носи цврсти честички. Од тие причини, најчести материјали од кои е направен млазникот се: молибденот, силиконскиот графит и волфрамот кои во текот на работата на ракетниот мотор обезбедуваат константен пречник на млазникот особено во критичниот пресек. Површината на критичниот пресек на млазникот може да се одреди од равенката на гасниот биланс:

$$A_{kr} = \frac{\sqrt{\lambda \cdot f_p} u_s \rho_g S_s}{\varphi \cdot N \cdot p_s}$$

Каде:

$$N = \left(\frac{2}{n+1}\right)^{\frac{n+1}{2(n-1)}} \sqrt{n}$$

u_s, S_s - средна брзина и површина на согорување

r_g - густина на горивото

$f_p = RT_o$

$\lambda \leq 1$ - коефициент кој го зема предвид губитокот на температурата на гасовите кон телото на моторот

$\varphi = 0{,}95 \div 0{,}98$ - коефициент кој го зема предвид собирање на струјата на гасот во критичниот пресек

Ракетните горива се хемикалии кои продуцираат енергија и се користат да предизвикаат пропулзија на проектилите. Кај ракетните горива се продуцира гас под притисок кој истекува низ млазницата и создава потисок како движечка сила.

Постојат различни типови композиции на цврсти горива:

» еднобазните горив аимаат нитроцелулоза како главна експлозивна состојка.
» двобазните горива имаат нитроцелулоза со нитроглицерин или додадени други течни органски нитратни експлозиви.
» тробазните горива се состојат од нитроцелулоза, нитрокванидин, нитроглицерин или други течни органски нитратни експлозиви.
» композитните горива не содржат нитроцелулоза, нитрокванидин, нитроглицерин или други течни органски нитратни експлозиви, туку обично се состојат од гориво како алуминиум, сврзувач и оксидатор како амониум перхлорат.

Во основа постојат три начини на согорување на ракетните горива, а различната геометрија (внатрешна балистика) влијае на обликот на дијаграмот на

силата на потисок3: (слика 4)

- » прогресивно – кога во текот на работата на моторот постојано се зголемува површината на согорување и потисокот.
- » регресивно (дегресивно) – кога површината на согорување и потисокот се намалуваат.
- » неутрално – кога опстојува константна површина на согорување и потисок.

Слика 4: Начини на согорување на ракетните горива

Но, можни се и други геометрии и согорувања, како на пример ѕвезда



полнењето (слика 5), кое покажува дегресивно-прогресивно согорување со појава на седло во средината на дијаграмот или повеќестепена работа на ракетните мотори.



Слика 5: Ракетен мотор со ѕвезда полнење

ЕКСПЕРИМЕНТАЛНИ ИСТРАЖУВАЊА И АНАЛИЗА

Извршени се експериментални истражувања на силата на потисокот на два типа на ракетни мотори со неутрално и прогресивно согорување. Блокот гориво се вметнува во челична комора, специјално направена и адаптирана за таа прилика, се поставува на стенд (постоље) (слика 6), ситуирано во цврста градба, оградено со високи земјени градобрани и покриено со челична решетка од безбедносни причини. Системот за аквизиција се состои од давач на сила, мерна ќелија, засилувачки уред и персонален сметач со програма за следење.

Системот за аквизиција за мерење на ракетниот мотор со неутрално согорување се состои од Mobile Integrated System for Data Acquisition and Control (type DAQ INF-Mobile BB89) кој како аналоген влезен интерфејс користи High-performance analog input board Burr-Brown PCI-20089W-1A, и адекватен систем

за кондиционирање на сигналот, давачот на силата е Omega LCH Serie low profile load cell (type LCH-1K), додека користениот софтер е Data Acquisition Software LAKI ver. 2.1, Software for Analysis & Data Reduction BATES ver. 1.0.

Системот за мерење и аквизиција на ракетниот мотор со прогресивно согорување се состои од мерна ќелија тип HBM HLCB1C3/1.1t, мерно засилувачки уред тип HBM Spider 8 SR55 и персонален сметач со програма за следење на измерените вредности CATMAN (слика 7).



Слика 6: Стенд (постоље)



Слика 7: Шематски приказ на мерниот систем

Резултатите од мерењата на силата на потисокот се прикажани на следните дијаграми (слика 8.



Слика 8: Сила на потисок на ракетни мотори со неутрално и прогресивно согорување

Резултатите од измерената сила покажуваат вредности и до скоро 3.000 N. Температурата на издувните гасови може да се одреди со помош на математичко моделирање и таа достигнува високи вредности (>1.000 oC).

Имајќи ги предвид овие вредности, може да констатираме дека ваквите експерименти претставуваат безбедносен ризик како за луѓето, така и за опремата и околината. Можни несакани последици би можеле да бидат:

» физички повреди на луѓето (дури и фатални)
» оштетување на органите за слух
» оштетување на органите за вид
» труење од издувните гасови
» оштетување на опремата за мерење
» оштетување на околината (од можна експлозија и висока бучавост)
» предизвикување пожар
» загадување на околината

Со цел да се заштитат луѓето и опремата и превентивно да се влијае на заштита на околината, потребно е да се следат одредени безбедносни процедури и да се превземат одредени мерки, како што се:

» персоналот кој управува со испитувањата да ракува од безбедно место и растојание, да користи заштитни очила, слушалки и маска
» да се следат процедурите за ваков вид на експерименти
» физички и акустички да се обезбеди местото како превенција од можни оштетувања, бучавост, пожари и загадување на околината

Во вакви случаи може да се направи и проценка на ризикот, користејќи некој од методите, како што се Kinney и AUVA методите. Според Kinney методот, нивото на ризик R се одредува со формулата:

$$R=PxCxF$$

Каде P е веројатност за несреќа или штета, C е сериозност на последиците, а F претставува зачестеноста на појавата на опасности и штетности. Според AUVA методот, нивото на ризик LR се одредува со формулата:

$$LR=RPxRV$$

Каде RP ја претставува веројатноста на несаканата појава, а RV е можната тежина на повредата. За различни случаи, некој од методите може да биде попрецизен и подоверлив во однос на други методи.

ЗАКЛУЧОК

Прикажани се различни видови на ракетни мотори како еден од најважните делови од ракетниот проектил. Основните делови на ракетниот мотор се: тело на мотор (комора), ракетно гориво, припала и млазничен потсклоп. Постојат различни типови композиции на цврсти горива. Во основа има три начини на согорување на ракетните горива: прогресивно, регресивно (дегресивно) и неутрално.

Опишана е експерименталната опрема за мерење на силата на потисокот на два типа на ракетни мотори, извршени се експерименти и добиени се резултати.

Прикажан е безбедносниот ризик од ваквиот вид на експерименти како и можните мерките со цел да се заштитат луѓето и опремата и превентивно да се влијае на заштита на околината. Исто така посочени се два метода за оценка на

ризикот.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. M.N. Drezgić, Ž.M. Janković, 1994, Zaŝtita na maŝinama i uređajima
2. O. Vučurović, 2003, Osnovi Projektovanja Raketa, monografija
3. С. Бундалевски, 2013, Влијание на геометријата на ракетното гориво врз обликот на дијаграмот на силата на потисок, 3ТРМ 2013
4. F. Di Matteo, 2011, Modelling and simulation of liquid rocket engine ignition transients, PhD
5. G. Young, 2003, Modeling of Rocket Motor Ballistics for Functionally Graded Propellants, Proceedings of the 40th JANNAF Combustion Meeting
6. Pravilnik o izradi procjene opasnosti, „Narodne novine Republike Hrvatske", br. 48/97, 114/02, 126/03.
7. Babut, G.B., Mararu, R.I., Cioca, L.I.: Kinney – type methods: Useful or harmful tools in the risk assessment and management process?. International conference on manufacturing science and education, vol. II (2011), pp. 315-318-268.
8. M. Stanković, V. Stanković, 2013, Comparative analysis of methods for risk assessment-"Kinney" and "AUVA", Safety Engineering, Vol 3, No3 (2013) 129-136

504.6:534.322.3

Д-р Дејан Крстевски
e-mail: dkrst@hotmail.com

БУЧАВАТА КАКО ЕКОЛОШКО ЗАГАДУВАЊЕ

Апстракт: Иако бучавата не е погубна за човечкиот живот, сепак нејзината важност не може да се игнорира, бидејќи постојаната изложеност на бучава ги намалува часовите и квалитетот на одмор, а со тоа и продуктивноста и ефикасноста на човечкото суштество. Тоа влијае за мир на умот и навлегува во приватноста на луѓето. Важноста на бучавата како проблем од животната средина добива на важност поради негативните ефекти на бучавата врз здравјето на луѓето и животната средина кои стануваат се поевидентни со секој изминат ден.

Бучавата претставува сериозно прашање и е еден од најчестите еколошки проблеми. Претставува најголем фактор на пречење како во живеалиштата така и во работната средина. Претераната бучава може значајно да го оштети слухот, а може да се јави на работните места и на места за рекреација како што се дискотеките.

Клучни зборови: Бучава, еколошки проблеми, здравје на луѓето, квалитет на живот, загадување.

THE NOISE AS ECOLOGICAL POLLUTION

Abstract: Althugh noise is not balefully for life od the people, quality od life, however their important can't ignore, because constant exhibit of noise to reduce time and quality of relaxation, and with it productivity and effectivation of the people. It to work for peace to mind and to enter in private of the people. The important of noise as problem od health of the people to obtain for important because of negative efects of noise over health of the people what to happen more express with every day.

The noise present serious question and is one of the honourest ecological problems. It present the biggest factor for problems as in homes and in work area. The bigger noise can importantly to damage sense of hearing, and can to be in work area and in places for recreation as in musical clubs.

Keywords: The noise, ecological problems, health of the people, quality of life, pollution.

ВОВЕД

"Ќе дојде ден кога буката ќе стане голем непријател на човекот, против која ќе се бори како некогаш што се борел против чумата и колерата" се зборови на нобеловецот Роберт Кох, кои од ден на ден добиваат се поголема значајност. Околу 80 милиони од европското население е изложено на неприфатливи високи вредности на бучава која доведува до низа различни здравствени проблеми. Се проценува дека 170 милиони луѓе живеат во ткн "сиви подрачја" (55-65 децибели) каде што бучавата предизвикува сериозни проблеми. Во 1990 година 30 милиони американски работници биле изложени на бучава која надминува 85 децибели. Сите овие ефекти од бучавата денеска ја сместуваат како едно од најважните еколошки прашања и дел од јавното здравје, а голем дел од европските земји губењето на слух го класифицираат во професионалните болести на работно

место. Сепак на овој проблем со бучавата, се уште се посветува релативно мало внимание првенствено поради фактот дека бучавата не делува непосредно и моментално врз човекот, освен во екстремни случаеви..

Статистички бројките велат дека 30% од жителите на ЕУ се изложени на неприфатливо високи вредности на бучава, а производот на тоа може да се движи од пореметен сон па до низа негативни влијанија на човековото здравје. Економскиот трошок предизвикан од бучавата претставува најмалку 0,35% од БДП.[1] Генерално, бучавата од аспект на животната средина и здравјето е рангирана во најважните проблеми веднаш по влијанието на квалитетот на воздухот, но со потенцијал да стане уште поважен доколку не се превземат соодветни мерки. Првите проценки укажуваат дека најмалку 1.600.000 DALY (Disability Adjusted Life Years) се губат годишно, каде 1 DALY[2] преставува загубена една година на здрав живот.

Загадувањето предизвикано од бучавата преставува звук вештачки создаден од страна на човекот кој може да го оштети екосистемот и квалитетот на животот. Секој човек има удел во загадувањето предизвикано од бучава возејќи автомобил, слушајќи гласно музика, користејќи гласна опрема. Истражувањата покажуваат директна врска на ова загадување со намаленото времетраење на одмор и сон кај човекот и животните, зголемувајќи го стресот, стимулирајќи низа болести помеѓу кои и менталните болести. Бучавата предизвикана од гласните мотори на бродовите предизвикува кардиоваскуларни заболувања кај рибите.

НАЈЗНАЧАЈНИ ИЗВОРИ НА БУЧАВА

Изворите на бучава можат да бидат многубројни и класифицирани по разни основи. Општо земено, загадувањето на бучава има два извора, односно индустриски и неиндустриски. Изворот во индустрискиот сектор вклучува бучавата од различни индустрии и големи машини кои работат на многу голема брзина и имаат висок интензитет на бучава. Неиндустриски извор на бучава вклучува бучава создадена од страна транспорт (возила и сообраќај) и соседството. Бучавата, според настанокот може да биде поделена во две категории: природна и вештачка настаната од човекот. Повеќето водечки извори на бучава спаѓаат во следниве категории: сообраќајници, авиони, железнички пруги, градежништвото, индустријата, бучава во згради и производи за широка потрошувачка. [3]

Во праксата, пред се поради фактот дека природните извори на бучава не предизвикуваат ниту потешки ниту трајни последици, под поимот бучава се подразбираат звуци настанати по вештачки пат од страна на човекот. Вака дефинираната бучава понатаму може да се подели на бучава предизвикана од извори од работна средина и бучава предизвикана од извори од животната средина. Во извори на бучава од работната средина влегуваат сите машини, системи, постројки, апарати на кои директно работи човекот, сите останати уреди, како и бучава предизвикана од непроизводните уреди (уреди за вентилација и климатизација) и сл. Како извори на бучава од животната средина во прв ред влегува сообраќајот, уличната бучава од различно потекло (кафулиња, игралишта и сл.), бучава од домаќинство (елетрични и електронски уреди) итн.

1 European Commission (2015). The EU Policy on environmental noise. Превземено на 17 април 2015 г. http://ec.europa.eu/environment/noise/home.htm

2 World Health Organizatoin (2015). Health statistics and information systems. Превземено на 15 јуни 2015 г. http://www.who.int/healthinfo/global_burden_disease/metrics_daly/en/

3 Noise Pollution (2015). Sources of noise pollution. Превземено на 14 јуни 2015 г. http://noisepollution.weebly.com/sources-of-noise-pollution.html

ЕФЕКТИ ОД ЗАГАДУВАЊЕ СО БУЧАВА

Бучава отсекогаш била дел од човековата цивилизација, но таа никогаш не била толку очигледна, толку интензивна, толку распространета како што е во последните години. Комплексното дефинирање и самото влијание на бучавата врз човекот, започнува уште од моментот кога се смета дека бучавата претставува звук кој поединци може да го сметаат како штетен звук, додека на друг дел воопшто не им пречи. Но, бучавата не претставува само еден вид на пречка во комуникацијата, туку може да претставува голема опасност кон здравјето на човекот. Влијанието од бучавата не се базира само врз индивидуалната перцепција дали звукот го сметаме за бучава или не, туку постојат одредени нивоа кои доколку се надминат доаѓа до губење на слухот и низа други здраствени проблеми.

Ефектите од загадувањето со бучава можат да бидат врз човекот, вегетативниот свет, животните и имотот. Бучавата е генерално штетна и сериозна опасност по здравјето на човекот. Негативните влијанија на бучавата врз здравјето на човекот се бројни и опфаќаат повеќе витални центри: централниот нервен систем, кардиоваскуларниот систем, ендокриниот систем итн. Бучавата има низа последици кои можат да се поделат на три групи: физички, физиолошки и психолошки ефекти врз човекот.

Психолошки манифестации

Прекумерната бучава во работните области како што се канцеларии, градежни објекти, барови, па дури и во нашите домови може да влијае на психичко здравје. Истражувањата покажуваат дека појавата на агресивно однесување, нарушување на спиењето, постојан стрес, замор и хипертензија може да биде поврзана со прекумерно ниво на бучава. Ова, за возврат може да предизвика повеќе сериозни и хронични здравствени проблеми подоцна во животот. За издвојување се следниве психолошки манифестации причинети од бучава:

- Депресија и замор, кои значително ја намалуваат ефикасноста на една личност
- Несоница како резултат на недостаток на непречен и освежувачки сон. Гласна бучава, секако, може да го попречи ноќниот план на спиење и може да доведе до иритација и непријатни ситуации. Неквалитетниот ноќен одмор и сон може да доведе до проблеми поврзани со замор и пад на перформансите на човекот како во канцеларија, така и дома.
- Истенчување на сетилата и иритантност како резултат континуирана бучава од мотори, аларм од будилници, sвона повик, телефонски sвонења и мелодии и сл.
- Влијание на психомоторните перформанси од ненадеен гласен звук.
- Емоционални нарушувања.
- Проблеми во комуницирање.

ЗАКЛУЧОК

Човекот денеска е опкружен со звуци од секојдневниот живот. Гласната музика, телевизијата, зборувањето на мобилни телефони, сообраќајот, дури и звуците од домашните миленичиња се с`е поприсутни за време на ноќта. Сите овие работи се дел од урбаната култура и се поретко ги доживуваме како вознемирувачки. Во реалноста, кога звукот од телевизијата не држи будни цела

ноќ или кога сообраќајот ни предизвикува главоболка, тогаш престанува да биде само звук и се претвора во загадување предизвикано од бучава. За многумина концептот загадување се однесува само на природата и нејзините ресурси, но звукот кој влијае врз природниот биоритам секако влегува во категоријата на загадувачи. По дефиниција загадувањето од бучава се јавува кога постои вишок на бучава или непријатен звук кој моентално го нарушува природниот баланс. Ова толкување на бучавата првенствено се однесува на звуци кои се неприродни, било по нивното создавање или гласноста. Станува се потешко да се избегне оваа вештачка бучава. Огромен удел на ова има недостатокот на урбанистички план.

Иако оваа форма на загадување може да изгледаат безопасно, тоа всушност носи далекусежни последици. Штетните ефекти врз здравјето на животната средина се доста сериозни. Не само што локалната флора и фауна се погодени од загадувањето, туку исто така и луѓето се соочуваат со голем број проблеми поради тоа.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Cvetkovic., D., Prascevic., M. (1998). Buka I Vibracije-zbirka zadataka sa teorijskim osnovama, Izdavacka jedinica Univerziteta u Nisu.
2. Дукоски., С. (2014). Заштита од бучава и вибрации. Меѓународен Славјански Факултет, Битола.
3. Bruel. P.V., Kjaer., B. (2003). Brüel & Kjær PULSE: Getting Started. Brüel & Kjær Sound & Vibration Measurement A/S, Denmark.
4. European Commission (2015). The EU Policy on environmental noise. Превземено на 02 февруари 2015 г. http://ec.europa.eu/environment/noise/greenpap.htm
5. Gabor E., Pravica, P.. (1984). Zbirka zadataka iz tehnicke akustike, Faklutet tehnickih nauka, Novi Sad.
6. Garcia. A. (2001). Environmental Urban Noise (Advanced in Ecological Sciences). Computational Mechanics, Inc.
7. Соња., Р., Ана., С. (2011). Прирачник како до енергетски ефикасна општина. Влада на Република Македонија, Генерален Секретаријат.

331.45:658.8]:303.62-057.15

Проф.д-р. Алексадар Гроздановски
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
e-mail: alek_grozdanovski@yahoo.com

КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА ЗА ПОДИГАЊЕ НА СВЕСТА КАЈ РАБОТОДАВАЧИТЕ И ВРАБОТЕНИТЕ

Апстракт:За подигање на свеста на работодавачите и работниците за значењето на превенцијата во безбедност при работа е најдобро да се користи метод за постигање на успех за одредување превенција и едукативни програми, кои преку маркетинг кампањи побрзо и поедноставно ќе ја постигне целта, како и соочување на работодавачите и работниците со опасноста од такви неочекувани настани и сл. Успешноста на маркетинг кампањата ќе се мери со успешната превенција во безбедноста и спречување на штетни настани и тоа со редуцирање и превенции на повредите при работа.

Клучни зборови: безбедност, здравје, работа, маркетинг кампања

CAMPAIGN FOR SAFETY AND HEALTH AT WORK AWARENESS AMONG EMPLOYERS AND EMPLOYEES

Abstract: Awareness of employers and workers about the importance of prevention in safety is best to use a method for achieving success for determining prevention and educational programs, through marketing campaigns faster and easier to achieve the goal, and confronting employers and workers with the risk of such unexpected events etc. The success of the marketing campaign will be measured by the successful prevention safety and prevention of adverse events and the reduction and prevention of injuries at work

Keywords: safety, health, work, marketing campaign.

ВОВЕД

Вработените во организациите имаат право на безбедност и здравје при работа и сигурност на нивните работни места и истите тие права се со закон регулирани.

Во тој контекст со Законот за безбедност и здравје при работа се утврдени мерките за безбедност и здравје при работа, обврските на работодавачот и првата и обврските на вработените од областа за безбедноста и здравје при работа, како и превентивните мерки против професионалните ризици, отстранување на ризични фактори за несреќа, информирање, консултирање, оспособување на работниците и нивните претставници и нивно учество во планирање и преземање на мерки за безбедност и здравје при работа.

КАМПАЊА ЗА ЛОБИРАЊЕ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Менаџерите мора да изработат посебна програма во согласност со законските одредби за безбедност и здравје при работа и сигурност на работното место. Потребно е и да изврши едукација на вработените за превенција, а при тоа

користејќи попристапни примери до засегнатите, со спроведување на маркетинг кампањи. Успехот на таа програма и спроведувањето на маркетинг кампањата ќе се мери со успешната превенција во безбедноста и спречување на штетни настани и тоа со редуцирање и превенции на повредите при работа, зголемување на бројот на инсталирани уреди, функционалност на детекторите за чад и сл.

Најдобриот метод за постигање на успех е одредување на превенцијата и едукативни програми, кои преку маркетинг кампањи побрзо и поедноставно ќе ја постигне целта за подигање на свеста на луѓето, за значењето на превенцијата во безбедност при работа, како и соочување на вработените со опасноста од такви неочекувани настани и сл..

Како пример може да се наведе дека во Европа на секои 3 и пол минути умира по еден човек како резултат недоволна безбедност на работното место.

Во кампањите да се користат практични вежби и квизови со цел вработените да бидат спремни и свесни за евентуалните опасности од повреда на работното место.

ПОТРЕБА ЗА СПРОВЕДУВАЊЕ НА МАРКЕТИНГ КАМПАЊА ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Важните пораки за безбедност и здравје при работа кои треба да се споделат со останатите вработени, најефикасно се остварува со организирањето на кампања.

За спроведување на кампањата може да се користи:

» Информирање
» Инспирирање
» Мотивација и
» Едукација.

Маркетинг кампањите се корисни затоа што може да допре до голем број на работодавачите и работниците од различни профили и места.

Кампањата која се фокусира на помала група тогаш треба да се користат следните начини: семинари, тренинзи, информативни електронски пораки, телефонски повици во зависност од тоа што е предмет на кампањата. Јасна цели коа треба да се испратат се основите на секоја кампања се силните пораки за безбедност и здравје при работа. Тоа помага да се открие за кого е наменета кампањата и најдобриот начин да се допре до тие за кои е наменета.

Во маркетинг кампањите најчесто се вклучуваат и се користат следните начини за добивање на публицитет:

» медиумски средства за комуникација и тоа: прес конференции, јавни пресови, интервјуа, медиумски партнерства и сл.
» Настани – тренинзи, саеми, наградни натпревари интернет настани.
» Промоции – брошури, постери, директна електронска пошта, презентации во Power Point, научни публикации и сл.
» Веб/мобилни –веб страни, онлајн банери, мобилен маркетинг, електронска пошта со потписи.

Вообичаено со маркетинг кампањата повеќе се посветува внимание на превенцијата отколку на едукацијата на јавноста. Во делот на едукација на јавноста повеќе внимание се обрнува на менување на однесувањето и навиките на работодавачите и работниците во подигање на свеста и водење на посигурен живот со избегнување на дејствија кои би предизвикале некој штетен настан.

Во делот на спроведувањето кампањата се вклучуваат и спроведуваат правила кои треба да се применуваат во објектите и во просториите со цел околината да биде заштитена и сигурна од други штетни настани.

Во делот пак на инженерингот се вклучуваат превентивни мерки уште при самото проектирање на градбите и објектите за истите да бидат во прилог на сигурноста и превенцијата од штетни настани. Инженерингот вклучува вградување на заштитни системи поврзани со алармни системи со цел да го зголемат нивото на заштита на зградите. Најефикасната програма за превенција е онаа која би ги вклучила сите три компоненти со цел да се зголеми што е можно повеќе нивото на заштита и се за поголема сигурност на граѓаните како и на целото општество.

Потребно е да врши едукација на вработените за превенција, а при тоа користејќи попристапни примери до засегнатите, со спроведување на маркетинг кампањи.

Кампањата треба да овозможи информирање на голем број заинтересирани за областа од безбедност и здравје при работа. Таа треба да се фокусира на работодавачите, вработените, преку организирање на семинари, тренинзи и др. Со маркетинг кампањата треба да се испратат силни пораки и јасни цели за подигање на свеста за безбедност и здравје при работа, пред сé на работодавачите и вработените.

Промоцијата е еден од првите елементи со кои се манипулира затоа што лесно може да се приготват разновидни комуникациски материјали за да се убедат или потсетат работниците за усвојување на побезбедни работни практики. Работниците поверојатно ќе станат свесни за потребата за безбедност кога безбедносните пораки ќе им бидат доставени на конвенционални и на неконвенционални локации.

За подобро анализирање на кампањата за безбедност и здравје при работа, е спроведено истражување со анкетен прашалник преку лично интервју со вработени лица. Прашалникот е направен така да анкетираните изберат степен на задоволство според поставените тврдења. На тој начин се настојува поблиско сознание за мислењето на вработените за кампањата.



Според резултатите од истражувањето се гледа дека 50% од испитаните вработени во целост се сложуваат со добра медиумската кампањата за безбедност при работа, додека 30% се сложуваат со тоа, а само 12% се неодлучни, додека 6%

не се сложуваат и 2% целосно не се сложуваат. Анализираните резултати кажуваат како менаџментот во компанијата ги запознава вработените со медиумската кампањата за безбедност при работа. Во компанијата се свесни како во оваа област треба да се води сметка бедејќи се работи за компании во која потребно е да се работи на ова.

Според резултатите видливо е дека 32% од испитаните вработени во целост се сложуваат дека маркетинг кампањата дава добри резултати за подобра безбедност при работа, а 47% се сложуваат, додека 20% се неодлучни, не се сложуваат и целосно не се сложуваат.



Само 5% целосно се сложуваат дека е доволен бројот на маркетинг кампањи за безбедност при работа, а 45% сметаат дека е доволен бројот на маркетинг кампањи за безбедност при работа, а 35 % се неодлучни, а 15% не се сложуваат или целосно не се сложуваат. Секако тоа зависи од едукацијата на вработените.



Само 22 % од испитаниците мислат дека со кампањите ќе се намалат повредите и незгоди при работа, 35 % се сложуваат, додека 38 % се рабнодушни, а 5% не се сложуваат и целосно не се сложуваат дека со кампањите ќе се намалат повредите и незгоди при работа

ЗАКЛУЧОК:

» За подобра безбедност и здравје на вработените, потребно е сите заинтересирани страни да учествуваат во промоцијата и да ги промовираат нејзините клучни пораки.
» Едукација за застапувачките и лобирачки вештини и пренесување на добра пракса од досегашно искуство за маркетинг кампања.
» Зајакнување на вештините за застапување и лобирање за усвојување на правото на безбедна и здрава работна средина.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Гроздановски, А. Петковски, М. Ристевска, В.: Студија за функционирање на бипартитниот дијалог за безбедност и здравје при работа во компаниите и улогата и профилот на претставниците на вработените за безбедност и здравје при работа во Република Македонија, издавач: МЗЗПР, Скопје 2016г.
2. Бенџамин, О. А.:„Основни принципи за здравје и безбедност при работа“, Меѓународна канцеларија на трудот, Женева, 2011
3. Bajraktarević, S. / Jeleč, N. / Osmanović, A.: „Zastita na radu“, Parlamentarna skupštine Bosne i Hercegovine, Sekreterijat/zajednicka sluzba, Istrazivacki sektor, Broj: 03/10-50-4-84-15/11, Sarajevo,2011

331.45:061.2(497.7)

Проф.д-р. Алексадар Гроздановски
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе - Битола
e-mail: alek_grozdanovski@yahoo.com

НАЧИНИ НА УНАПРЕДУВАЊЕ НА БЕЗБЕДНОСТА И ЗДРАВЈЕТО ПРИ РАБОТА

Апстракт: Безбедноста и здравјето при работа се едни од најценетите индивидуални и општествени вредности. Нема ништо повредно од животот на човекот, од борбата за обезбедување на здрави и безбедни услови за работа во една нормална животна средина.

Унапредувањето на безбедноста и здравјето при работа може да се разгледува од повеќе аспекти: лобирање на граѓанските организации за имплементација на стандарди за безбедноста и здравјето при работа, развивање на култура за превенција во областа за безбедноста и здравјето при работа и зголемување на профитабилноста.

Клучни зборови: безбедност, здравје, работа, граѓански организации, претпријатие.

WAYS OF IMPROVING THE SAFETY AND HEALTH AT WORK

Abstract: Safety and health at work are among the most respected individual and social values. There is nothing more valuable than human life, the struggle to provide healthy and safe working conditions in a normal environment.

The promotion of health and safety at work can be viewed from several aspects: lobbying by civil society organizations for the implementation of standards for health and safety at work, developing a culture of prevention in the field of safety and health at work and increase profitability.

Keywords: safety, health, work, civic organizations, enterprise.

ЛОБИРАЊЕ НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ ЗА ИМПЛЕМЕНТАЦИЈА НА СТАНДАРДИ ЗА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Граѓанското општество во Република Македонија има мало, но во пораст влијание врз националните политики и само мал дел од граѓаните учествуваат во активностите на граѓанското општество. Граѓаните на нашата земја немаат или ретко ја покажуваат својата моќ, односно немаат ефикасен механизам за реализација на нивната одговорност, согласно човековите права за подобрување на животот во заедницата. Загрижувачки се податоците за малиот број на граѓански организации чија дејност се однесува на полето на безбедноста и здравјето при работа. Моментално постојат само три активни граѓански организации во оваа област.

Сојузот на Синдикати во Република Македонија има спроведувано обуки за зајакнување на капацитетите на вработените за безбедност и здравје при работа, како и работодавачите за основни стандарди за безбедноста и здравјето при работа, вештини за застапување и лобирање, пренесување на добра

пракса и искуство од Европската Унија за функционирање на дијалогот помеѓу вработените и работодавачите. Целта на обуките е да се унапреди улогата на вработените за безбедноста и здравјето при работа во однос на зголемување на капацитетите и подобрување на безбедноста и здравјето при работа со дијалог во компаниите, како и запознавање со начелата на ефективните системи за лобирање, застапување и унапредување на знаењата за безбедноста и здравјето при работа. Обуките овозможуваат и да се поттикне соработка и партнерство помеѓу граѓанското општество и државните институции во промоција на безбедни и здрави работни места, да се согледаат проблемите на работниците и работодавачите во работната средина, како да се подигне свеста за безбедноста и здравјето при работа. Од обуките произлегле бројни препораки во насока на подобрување на дијалогот помеѓу вработените и работодавачите и истите понатаму биле доставени до надлежните институции со цел подобрување на условите за работа на вработените, намалување на професионалните заболувања и повреди при работа и унапредување на безбедноста и здравјето при работа во нашата земја.

Според неофицијалните извештаи во 2015 година се случиле 144 несреќи при работа од кои 39 со фатален исход, со што стапката на смртни случаи во Република Македонија изнесува 5,44 односно на секои 100.000 вработени, загинуваат 5-6 вработени. Оваа стапка е во благ пад доколку се спореди со 2014 година, но доколку се направи компарација со Велика Британија, каде стапката изнесува само 0,5, ќе констатираме дека нашата земја има прилично висока стапка на фатални несреќи при работа.

И покрај претходно наведеното, неопходно е да се поттикне свеста на граѓаните за улогата и значењето на безбедните и здравите услови при работа, што би довело до појавување на активности од нивна страна, во смисла на основање на повеќе граѓански организации од оваа област. Исто така, потребно е и зајакнување на партнерството помеѓу граѓанското општество и државните институции во креирање и унапредување на правото за безбедна и здрава работна средина. Граѓанските организации како еден вид „мост" помеѓу граѓаните од една страна и владата од друга страна, треба да се стават во улога на овозможување на информации и совети за животните и работните услови, индустриските односи и промените кои настануваат во оваа област, со цел да се овозможат подобри услови за живеење и работа. Соработката и синергијата меѓу владиниот сектор, граѓанските организации, синдикатите, здруженијата на работодавачите, инспекторатот за труд, стручните лица за безбедноста и здравјето при работа можат да обезбедат нормални услови за работа.

Оспособеноста и компетентноста на претставниците на граѓанските организации, за препознавање на ризици на работно место и применување на стратегии за заштита треба да се споделат и со сите останати граѓани на Република Македонија. Соработката со професионалци од областа на безбедност и здравје при работа, инспекторите за труд, синдикатите, здруженијата на работодавачите може да биде од исклучително значење за подобрување на културата за превенција.

Неопходно е лобирање на граѓанските организации за интегрирање на безбедноста и здравјето при работа во образованието. Во соработка со образовните институции и работодавачите потребно е да се реализира кампања за едукација на учениците и студентите од областа за безбедност и здравје при

работа. Потребна е и континуирана обука на трудовите инспектори, стручните лица за безбедност и здравје при работа и вработените. Обуката на трудовите инспектори, стручните лица за безбедност и здравје при работа и другите кои се директно вклучени во подобрувањето на условите за работа и работната средина треба да ја земе во предвид зголемената сложеност на работните процеси. Со воведувањето на нова или подобрена технологија, постои потреба од обука во однос на методите за анализа за да се идентификуваат и измерат опасностите, како и во однос на начините за да се заштитат работниците од овие опасности.

Учеството на граѓанските организации во формирање на работни групи и тимови за воспоставување или подобрување на соработка во областа за безбедност и здравје при работа, на меѓународно, национално и меѓу секторско ниво, позитивно ќе влијае врз експанзија на културата за превенција. Па така, неопходна е и поголема соработка и координација помеѓу нашите и граѓанските организации на меѓународно ниво од областа на безбедност и здравје при работа. Покрај промоција на стандардите за безбедност и здравје при работа пред граѓанското општество од една страна, граѓанските организации може да имаат влијание и врз имплементацијата на стандардите на безбедност и здравје при работа преку комуникации со институциите и организациите одговорни за овие мерки.

КУЛТУРА ЗА ПРЕВЕНЦИЈА ВО ОБЛАСТА БЕЗБЕДНОСТ И ЗДРАВЈЕ ПРИ РАБОТА

Културата за превенција во областа за безбедност и здравје при работа подразбира подигање на свеста на сите нивоа на организирање на работа (работодавачи и вработени) во смисла на промоција за проценка на професионалните ризици, што се постигнува со воспитување, образование, оспособување и други видови на едукација. Културата за превенција во областа за безбедност и здравје при работа обезбедува:

- подобар статус на организациите во општеството и атрактивност на пазарот на труд и
- поголема профитабилност и поголема социјална и економска корист за општеството во целина (намалување на бројот на повреди при работа и професионални болести).

Со новата политика се промовира покрај останатото:

- вклучување на безбедноста и здравјето при работа во образовниот систем (основно и средно образование);
- континуирана едукација/обука на стручните и одговорни лица за безбедност и здравје при работа и други лица;
- промоција на културата за превенција и примери за добра пракса во областа за безбедност и здравје при работа.

Помеѓу останатите цели, поединечна цел во остварувањето превенција на полето на безбедност и здравје при работа е промоција на култура за превенција и примери од добра пракса во областа на безбедност и здравје при работа, на сите нивоа на организирање на работодавачите, вработените, образовните установи и државата.

Создавање на здраво работно опкружување подразбира зголемување на знаењето во областа на безбедност и здравје при работа на секој поединец. Тоа значи дека треба да се создаде пристап, кој истовремено ќе биде и глобален и

превентивен и ќе ја промовира добрата состојба при работа. Оспособеноста во областа на безбедност и здравје при работа треба да се изведе така што ќе се користат различни средства, прилагодени на специфични услови, на пр. во мали и средни претпријатија или кај работодавач. Треба да се направи сите вработени и работодавачи да бидат свесни за потребите за оспособување на млади за влез во светот на вработените, со посебен осврт на создавање на безбедни и здрави работни услови. Развојот на културата за превенција има големо значење за иднината на нашата економија и општество, заради тоа културата на превенција, има највисоко стратешко значење во спроведување на безбедност и здравје при работа. Образованието има клучна улога во подигнувањето на свеста за култура на превенција од повреда при работа, професионални болести и превенција во секојдневниот живот. За подигнување на свеста од најраната возраст, за важноста за сопственото здравје и безбедноста, неопходно е со оваа тематика да се опфатат и основното и средното образование во целина. Учениците во основното и во средното образование мора да бидат информирани за потребата од негување на култура за безбедност и здравје при работа и да имаат потребни знаења од оваа област. Учениците од основните и средните училишта, а посебно од средните стручни училишта (машинска, градежна, хемиска, медицинска насока итн.) треба да стекнат основни знаења за безбедност и здравје при работа во текот на своето образованите, по што би започнале во својата професионална кариера. Подигнување на свеста за значењето на безбедноста и здравјето при работа во образовниот систем е еден од новите елементи на превентивен пристап во нашата земја, кој кај идните работодавачи и вработени ќе овозможи преземање на соодветни мерки на работното место и работната средина. Соодветните образовни програми, може да бидат еден од факторите кои влијаат врз позитивната состојба во областа за безбедноста и здравјето при работа. Подигнување на свеста за значењето на оваа област во образовниот систем, означува интеграција на областа која се занимава со безбедноста и здравјето при работа и образованието. Тоа означува потреба за воспоставување на соработка на институциите кои се занимаваат со безбедност и здравје при работа со институциите кои се занимаваат со образование. Начинот и моделот за вклучување на безбедноста и здравјето при работа во образовниот систем треба да се согледа низ правната рамка, со учество на сите заинтересирани страни како дел на доживотно учење, обука на наставниот кадар во училиштата, интерактивни и флексибилни образовни методи, директна поврзаност со работните места. Во училишните програми потребно е да се воведе и програма за безбедност и здравје при работа која треба да опфати заеднички активности на училиштето, родителите и единиците на локалната власт насочени кон развој на свеста за спроведување и унапредување на безбедност и здравје при работа. Покрај формалното образование во областа за безбедност и здравје при работа важен сегмент за унапредување на знаењето и стекнувањето на вештини треба да бидат и континуираните обуки, кои треба да бидат прилагодени на условите на секојдневна работа и специфичностите на работното место.

ЗГОЛЕМЕНА ПРОФИТАБИЛНОСТА СО ДОБАР СИСТЕМ ЗА БЕЗБЕДНОСТ ПРИ РАБОТА

Добро инкорпориран систем за безбедно извршување на работните задачи во тековните деловни активности, може да ја зголеми профитабилноста на претпријатието. Потребата менаџерите да се одлучат да имплементираат

мерки и активности за подобрување на безбедност и здравје при работа, а со цел зголемување на профитабилноста е поголема кога имаат соодветни сознанија за економските придобивки од таа инвестиција. На тој начин се обезбедуваат побезбедни методи на работа кои им овозможуваат на работниците работата да ја извршат побрзо и со помалку луѓе. Се намалуваат стапките на несреќи, инциденти и нарушено здравје, се намалува отсуството од работа поради болест и се зголемува мотивацијата на вработените, со што се задржуваат работните места на квалификуваниот персонал.

Многу претпријатија почнуваат да ги признаваат трошоците од непостоењето, или лошата организација на безбедност и здравје при работа и да ги согледуваат придобивките од добро интегрираниот систем за безбедност и здравје при работа. Потребата од одговорно однесување на деловните субјекти, води кон барања кои се поставени од страна на нивните деловни партнери или потенцијални инвеститори. Инвестирањето во добар систем за безбедност и здравје при работа, ја зголемува конкурентноста на деловниот субјект. Јавниот имиџ на претпријатието се подобрува доколку има помалку или нема несреќи и повреди на работното место. Од "добриот глас" за претпријатието зависи и како тоа ќе котира помеѓу потенцијалните инвеститори, деловните субјекти и општеството воопшто.

Лошите услови за работа може да имаат негативен ефект врз работата на деловните субјекти преку зголемување на трошоците. Вредноста од воведување на систем за безбедност и здравје при работа во едно претпријатие не смее да се потцени. Развојот на работните услови кои пред сé се однесуваат на безбедни услови за работа, како и подобрувањето на контролата на производството се фактори кои директно влијаат врз намалувањето на загуби при производство, чија крајна цел е зголемување на профитабилноста. Доколку на едно работно место се исполнети основните барања од аспект на добри работни услови, безбедност на работно место, добар однос на релација работник, работодавач, мотивираност на работникот тогаш претпријатието може да се фокусира на факторите кои ќе ја зголемат профитабилноста. Добар систем за безбедност и здравје при работа придонесува за подобар финансиски резултат. Деловните субјекти во своите краткорочни и долгорочни деловни планови, треба да ги вклучат и плановите за безбедно извршување на работните задачи.

Добриот систем за безбедност и здравје при работа овозможува:

- намалување на бројот на повреди и болести како резултат на условите на работното место;
- намалување на трошоците кои произлегуваат од повредите и заболувањата на работното место;
- зголемување на профитабилноста во работењето и
- овозможување на квалитетни работни услови.

Здравјето на работниците не претставува само нивна индивидуална преференција, туку сериозна задача и предизвик и за работодавачите, како резултат на позитивната релација помеѓу човечкиот капитал и деловниот успех на претпријатието. Покрај законските обврски и хуманистичкиот аспект за имплементација на системот за безбедност и здравје при работа, инвестициите во овој домен придонесуваат за зголемен профит на претпријатието преку:

- намалување на стапката на отсуства од работа поради болест и повреди, намален број на промени на кадарот по работни места, подобрен имиџ

на претпријатието, подобрени шанси за нови деловни соработки, зголемување на моралот, мотивот и задоволството од работата на вработените и сл.;

» намалени трошоци за осигурување и премии за надомест на штета, намалени трошоци за судски постапки, намалени трошоци за боледување, помали прекини во производството, намалување на производните и материјалните штети, повисоки стапки на продуктивност итн..

Не постои единствен патентиран метод за имплементација и мониторинг на инвестициите во безбедност и здравје при работа, пред сè поради различните услови во кои се одвиваат деловните активности на претпријатијата. Истовремено, ефектите од вложените инвестиции се комплексни и често немерливи во физички големини што претставува дополнителна тешкотија за воспоставување на директна зависност помеѓу висината на трошоците и добивката од инвестициите во безбедноста и здравјето при работа. Оттука, се наметнува потребата за користење алатки и инструменти кои ќе ја потврдат оправданоста од инвестициите во зголемената безбедност и здравје при работа, односно ќе генерираат информации за трошоците и ефикасноста на интервенциите во областа на безбедноста и здравјето при работа.

Инвестирањето во безбедност и здравјето при работа е инвестиција која се враќа, бидејќи е евидентно постоењето на јасна и директна врска, помеѓу социјалното однесување на една корпорација и неговата вкупна вредност.

ЗАКЛУЧОК

» Интензивирање на соработката и размената на искуства со државните институции во регионот на планот на промовирањето и заложбите за унапредување на дијалогот помеѓу работодавачите и работниците.

» Подобрување на соработката помеѓу граѓанските организации, синдикатите, работодавачите и државните институции во промоција на безбедна и здрава работна средина.

» Подигнување на свеста за значењето за безбедноста и здравјето при работа во образовниот систем.

» Унапредување на културата за превенција во остварувањето на безбедноста и здравјето при работа со примена на современи технички, ергономски, здравствени, образовни, социјални, организациони и други мерки.

КОРИСТЕНА ЛИТЕРАТУРА

1. Гроздановски, А. Петковски, М. Ристевска, В.: Студија за функционирање на бипартитниот дијалог за безбедност и здравје при работа во компаниите и улогата и профилот на претставниците на вработените за безбедност и здравје при работа во Република Македонија, издавач: МЗЗПР, Скопје 2016г.
2. Бенџамин, О. А.:„Основни принципи за здравје и безбедност при работа“, Меѓународна канцеларија на трудот, Женева, 2011
3. Bajraktarević, S. / Jeleč, N. / Osmanović, A.: „Zastita na radu“, Parlamentarna skupštine Bosne i Hercegovine, Sekreterijat/zajednicka sluzba, Istrazivacki sektor, Broj: 03/10-50-4-84-15/11, Sarajevo,2011
4. Linhard, J.B.:"Understanding the return on health, safety and environmental investments" Journal of safety research, 2005.

332.146.2:005.51]:519.8

Доц. д-р Жанета Сервини, e-mail: hzaneta@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

М-р Јани Сервини, e-mail: serjani@yahoo.com
СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола, Р. Македонија

РАЗВОЈ НА АНР МОДЕЛ (ХИЕРАРХИЈА) НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИОРЕТИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Апстракт: Предметот на истражување на овој труд е процесот на донесување на одлуки во доменот на стратешкото планирање (СП) на одржливиот развој (ОР) на општините од аспект на неговата ефективност и ефикасност при одредувањето на приоритетните проекти за решавање на приоритетните проблеми. Во рамките на трудот авторите даваат оригинален модел на критериуми и поткритериуми за селекција на проекти при спроведување на ЛА21 методологијата во локалните заедници. Беа земени предвид најважните критериуми и поткритериуми за утврдување на приоритетноста на проектите. Проблемот на изборот меѓу алтернативите е решен со користење на еден АНР модел за утврдување на приоритетните проекти, генериран во рамките на трудот. Од страна на авторите, кои се со повеќегодишно искуство во домен на ЛА21, развој на системи за поддршка на одлучувањето (СПО) и примена на АНР методологијата, се дадени препораки за развивање на соодветен модел на систем за поддршка во одлучувањето со соодветен наменски софтвер, кој освен во фазите за утврдување на приоритетни проблеми и акции, ќе се користи и во фазата на утврдување на приоритетни проекти во општината.

Клучни зборови: приоритетни проекти, стратешко планирање, одржлив развој, ЛА21, системи за поддршка на одлучувањето, АНР методологија

DEVELOPMENT OF AHP MODEL (HIERARCHY) OF CRITERIA FOR PRIORITIZATION OF PROJECTS

Abstract: A research subject of this paper is the decision-making process in the field of strategic planning (SP) of sustainable development (SD) in municipalities in terms of its effectiveness and efficiency in determining priority projects for priority problems resolving. In the frame of this scientific paper the authors gave an original model of criteria and sub-criteria for projects selection during the implementation of LA21 methodology in local communities. The most important criteria and sub-criteria for determining the priority of projects were considered. The problem of choosing between the alternatives has been solved using generated AHP model for priority projects determining within this paper. Recommendations for development of an appropriate model for decision support system with appropriate software are given by the authors, who have years of experience in the field of LA21, designing decision support systems (DSS) and the application of AHP methodology. That system, beside in the stage for determining the priority issues and actions, can be used in the stage of identifying the priority projects in the municipality.

Keywords: priority projects, strategic planning, sustainable development, LA21, decision support systems (DSS), AHP methodology

1. ВОВЕД

Функционирањето на општините и нивната организациска структура е дефинирана со Законот за локална самоуправа и Статутот на секоја општина, но за жал, во нив не постои јасно дефинирана работна рамка за донесување на одлуки. Од овие причини, програмските документи со стратешко значење, како и подготовката и изборот на проектите, кои ќе бидат финансирани и реализирани од страна на локалните власти, се прават на несистематичен и нетранспарентен начин. Инвестициските проекти и предлог акциите и стратешките планови често се изработуваат во тесни кругови, заради што многу е мал бројот на граѓани кои се добро запознаени со сите нивни карактеристики. Помеѓу учесниците недостасува соработка и баланс и најчесто се игнорирани мислењата и аргументите на оние кои мислат на различен начин. Ова често предизвикува ситуации во кои се реализираат одредени неприоритетни и недоволно важни за општината проекти, без претходна дискусија со граѓанскиот сектор, или интеракција помеѓу експертскиот тим, општинската администрација и советниците. Ваквата ситуација на наметнување на (не)формалната моќ над аргументите, потребите и желбите на граѓаните кои размислуваат поинаку, доведува до тоа „ургентни" проекти и акции, поддржани од (не)формалните, политички и бизнис елити, да имаат предност пред проектите кои се навистина актуелни бидејќи ги одразуваат вистинските потреби на граѓаните.

Во овие услови евидентна е потребата од развивање на рамка, која ќе ги дефинира процедурите, улогите, меѓусебните односи и ограничувањата во процесот на донесување на одлуки. Се претпоставува дека општинската власт, која е свесна за постоењето на овој проблем, има мотив, желба, знаење и волја за да ја смени ваквата ситуација и да инвестира време и напор за да се најде соодветно решение.

Патиштата за високо квалитетно одлучување можат да бидат многу различни. Во донесувањето на одлуки во локалната самоуправа треба да се одговори на различните желби и потреби на голем број на учесници и затоа соработката и стремежот кон достигнување на консензус е без сомнение вистинскиот пат. Искуствата покажуваат дека напорите, вложени во постигнувањето консензус се наградени со подобри, поиновативни и ефикасни решенија, кои се вистински прифатени од клучните учесници.

Имајќи ја во вид ваквата ситуација, со овој труд се планира да се даде придонес во подобрувањето на квалитетот на донесените одлуки во однос на приоретизирањето на проектите кои ќе се реализираат во одредена општина.

Предметот на истражување на овој труд е процесот на донесување на одлуки во доменот на стратешкото планирање (СП) на одржливиот развој (ОР) на единиците на локалната самоуправа од аспект на неговата ефективност и ефикасност при одредувањето на приоритетните проекти за нивно решавање. Локална Агенда 21 (ЛА21) е процес кој има цел да го имплементира одржливиот развој на локално ниво. Него го сочинуваат механизми за интегрирање на локалниот економски и социјален развој и заштитата на животната средина.

2. УТВРДУВАЊЕТО НА ПРИОРИТЕТНИ ПРОЕКТИ ВО СП НА ЛОКАЛНИОТ ОДРЖЛИВ РАЗВОЈ, ДОНЕСУВАЊЕТО НА ОДЛУКИ И АНР МЕТОДОЛОГИЈАТА

Имајќи ја во вид сеопфатноста на ЛА21, треба да се препорачаат поголем број на акции за достигнување на генералните и конкретните цели. Од друга страна, ограничените човечки и финансиски ресурси обично диктираат потреба од фокусирање врз неколку приоритетни акции, како и врз неколку приоритетни проекти, кои треба да се реализираат.

Заради ограничените финансиски и технички ресурси, како и временското ограничување, наспроти поголемиот број на предложени проекти, потребно е да се направи избор на конечни проекти. Тоа треба да се изврши со вреднување на секој проект според соодветни критериуми за евалуација кои обезбедуваат основа за селектирање меѓу поголемиот број на предложени проекти. Евалвацијата ќе овозможи да се утврди можноста за реализирање на проектот, како и неговата релативна предност во споредба со други проекти, како на пример фактот дека со проектот се постигнуваат видливи резултати.

Донесувањето на одлука кој проект е попогоден за реализација во однос на друг, не е едноставна работа, посебно кога се знае дека проектите се од различен вид, во различен домен, со различно времетраење и потребни финансии. Во врска со ова проектите можат да се рангираат според заеднички договорени критериуми и поткритериуми. Во овој труд се предложени критериуми и поткритериуми кои можат да се употребат за одредување на приоритет на проектите кои треба да се реализираат.

Донесувањето на одлуки е когнитивен процес што води кон избор на

насоки на дејствување помеѓу одредени алтернативи. Систематскиот процес на донесување одлуки се состои од четири фази: разоткривање, дизајн, избор и имплементација. Суштината на процесот на одлучување е фазата на дизајн, во која се формулира модел за идентификуваниот проблем за одлучување. Во принцип, различни видови на модели бараат различни видови на методи за донесување одлуки. Аналитичкиот хиерархиски процес (АНР) е техника за моделирање на одлуката, која овозможува разгледување и земање предвид и на квантитативните и на квалитативните аспекти на одлуките. Таа ги сведува сложените одлуки на серија на споредби во парови, а потоа ги синтетизира резултатите. Во рамките на овој труд се предлага формирање на мултиатрибутен модел на одлучување (MADM) модел и тоа конкретно моделот АНР, бидејќи во стратешкото планирање се работи за постоење на една цел, а повеќе критериуми.

3. ФОРМИРАЊЕ НА АНР МОДЕЛ НА ПРОБЛЕМОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕ (ХИЕРАРХИСКИ СТРУКТУРИ)

За да се генерира АНР модел, потребно е да се дефинираат цел, критериуми, поткритериуми и алтернативи. Во рамките на претходен труд на авторите се дефинирани 2 АНР модели, и тоа едниот за рангирање на приоритетните проблеми, а вториот за рангирање на приоритетните акции. Во рамките на овој труд се предлага трет, нов оригинален АНР модел за рангирање на проекти. Овие 3 модели се потребни за целосно да се спроведе процесот на стратешко планирање на локалниот одржлив развој со примена на СПО, со што се зголемува неговата ефективност и ефикасност.

4. АНР МОДЕЛ (ХИЕРАРХИЈА) НА КРИТЕРИУМИ ЗА ПРИОРЕТИЗАЦИЈА НА ПРОЕКТИ

Целта на овој АНР модел е утврдување на приоритетните проекти во конкретната единица на локална самоуправа, за која се изработува Стратешки план за локален одржлив развој. Критериумите се:

- Физибилност и ризик – т.е. дали проектот е квалитетно подготвен, дали е направена студија на физибилност (реална остварливост, издржаност на проектот) и дали постојат ризици за неговата реализација,
- Релевантност – дали проектот е компатибилен (во согласност) со стратешките цели за развој на општината и дали решава проблем, кој граѓаните го чувствуваат како приоритетен
- Успешност - колку проектот го решава проблемот и дали ефектите се пропорционални со потребните ресурси за реализација на проектот
- Одржливост - дали проектот е одржлив од еколошки, економски и социјален аспект, т.е. дали економските проекти не ја загадуваат/ загрозуваат животната средина и сл. и дали проектот е одржлив и по неговото реализирање, т.е. кои се перспективите за долгорочна одржливост на проектот, што значи ако проектот биде поддржан од надворешни средства, дали може да опстане и по престанокот на надворешната поддршка,
- Применливост - дали проектот може да се примени и во други општини и дали постои проблемот и во други општини.

Слика 7.3 Генерален хиерархиски модел за одредување на приоритетност на проекти

За критериумот Физибилност и ризик се дефинирани три поткритериуми, и тоа:

- квалитет на подготовка на проектот дали проектот е квалитетно подготвен (со јасни цели, акции, нивна одржливост, партнерства, поддршка од ЛС, БС, реален буџет и сл.)
- физибилност- реална остварливост, изводливост, издржаност на проектот и

» ризик - дали постојат ризици за неговата реализација (во однос на капацитет (човечки, материјален, технички и сл.) политички ризици и сл.). Дали постојат сознанија за претходно искуство со проектот– пр. ако е реализиран во друга општина, потоа дали има потенцијални заинтересирани донатори и др.

За критериумот Релевантност на проектот се дефинирани два поткритериуми:

» дали проектот е компатибилен (во согласност) со стратешките цели за развој на општината, дефинирани во нејзините стратешки планови, т.е. дали е во согласност со целите и колку придонесува кон нивното остварување. За ова потребно е оценувачот да има листа на стратешки цели на општината.
» дали решава проблем, кој граѓаните го чувствуваат како приоритетен (приоритет на проблемот кој го решава, за што ќе има донесувачот на одлуки - оценувачот податок од претходно генерираната листа на приоритетни проблеми).

За критериумот Успешност на проектот се дефинирани два поткритериуми:

» колку проектот го решава проблемот
» дали ефектите се пропорционални со потребните ресурси за реализација на проектот (ефективност и ефикасност) (benefits/costs анализа)

За критериумот Одржливост на проектот се дефинирани два поткритериуми:

» дали проектот е одржлив од еколошки, економски и социјален аспект, т.е. да-ли економските проекти не ја загадуваат или загрозуваат животната средина и сл.
» дали проектот е одржлив и по неговото реализирање, т.е. кои се перспективите за долгорочна одржливост на проектот, што значи ако проектот биде поддржан од надворешни средства, дали може да опстане и по престанокот на надворешната поддршка),

За критериумот Применливост на проектот се дефинирани два поткритериуми, и тоа:

» дали проектот може да се реализира без потешкотии и во други општини и
» дали проблемот кој се решава со проектот постои и во голем број други општини).

Со цел да се искористи овој модел за рангирање на приоритетните проекти, потребно е да се одредат тежини на главните критериуми и поткритериуми. На дното на хиерархијата се дефинираат проектите, чии приоритети треба да се одредат. Тежините на критериумите и поткритериумите ќе се пресметуваат со помош на софтвер, базиран на споредби на парови на релативните тежини (важност) на секој критериум и поткритериум.

Листата на проекти, на кои треба да им се утврди приоритетот се формира од страна на претставници на донесувачите на одлуки од локалната самоуправа и на експертите на еден состанок, на кој ќе се анализираат сите готови предлог проекти или сите проектни идеи, за кои тие мислат дека треба да се најдат на таа листа за оценување. Се избираат проекти кои во најдобар случај се веќе изготвени како готови апликации, кои се во согласност со стратешките цели на општината и со приоритетните проблеми, со цел фокусирано да биде одлучувањето. На една таква листа се спроведува процесот АНР и се добива конечниот приоритет, кој ќе донесе консензус без недоразбирања на долги и тешки состаноци, без губење на

непотребно време, финансиски трошоци и други ресурси. Со примената на АНР методологијата се зголемува и ефективноста и ефикасноста. Ефективноста заради тоа што ќе се добие реален приоритет, кој ќе го отсликува мислењето на секој меродавен оценувач, кој има и знаење и моќ, т.е. експерт и донесувач на одлуки во општината, а ефикасност заради тоа што се скратуваат сите ресурси, а посебно времето за донесување на одлуки на минимум. Квантитативните критериуми се споредуваат, зависно од нивните вредности, а кај квалитативните критериуми, тежините се дефинирани врз база на Saaty-евата скала на интензитети или друга скала со 3 или 5 нивоа, зависно од критериумот.

5. РАЗВОЈ НА МОДЕЛ НА DSS

Како следна фаза е процесот на развој на модел на систем за поддршка на одлучувањето (СПО). Целта на моделот во општ случај е да му ја покаже насоката на донесувачот на одлуки како практично да ја реализира фазата на процесот на одлучување, потоа да му го олесни процесот на донесување на комплексни одлуки со примена на математички методи и техники и да допринесе во донесувањето на квалитетни одлуки. Моделот за решавање на комплексни проблеми во одлучувањето е ориентиран кон проблемите кои се јавуваат во организациските и институционалните системи и тоа на различни хиерархиски нивоа. По дефинирањето на комплексниот проблем, донесувачот на одлуки неопходно е да знае на кој начин поставениот проблем може да се реши. Постои широк спектар на методи и техники за решавање на одредени проблеми, како и голем број софтверски алатки кои можат да се применат. Во рамките на овој труд се даваат препораки за развивање на соодветен модел на систем за поддршка во одлучувањето со соодветен наменски софтвер, кој покрај фазите за утврдување на приоритетни проблеми и акции, ќе се користи и за приоритетни проекти во општината.

6. ЗАКЛУЧОК

Заради ограничените финансиски и технички ресурси, како и временското ограничување, наспроти поголемиот број на предложени проекти, потребно е да се направи избор на конечни проекти. Тоа треба да се изврши со вреднување на секој проект според соодветни критериуми за евалуација кои обезбедуваат основа за селектирање меѓу поголемиот број на предложени проекти. Евалвацијата ќе овозможи да се утврди можноста за реализирање на проектот, како и неговата релативна предност во споредба со други проекти, како на пример фактот дека со проектот се постигнуваат видливи резултати.

Во рамките на трудот се генерира АНР модел на критериуми за селекција на приоритетни проекти во стратешкото планирање (СП) на локалниот одржлив развој, кој ќе се применува од донесувачите на одлуки со користење на АНР методологијата. Овој труд е оригинален мултидисциплинарен спој на повеќе области – ЛА21, стратешкото планирање, одржлив развој, донесување на одлуки (Теорија на одлучување), АНР методологија и моделирање на СПО. Со неговото генерирање се дава скромен придонес во подобрувањето на процесот на СП на ЛОР со примена на СПО и се отвораат многу можности за идни истражувања во овој домен. За идните истражувања предлагаме користење на теоретските резултати од овој труд во практиката преку развој на WEB базиран групен СПО со

примена на AHP методологијата, кој ќе овозможи оценување на алтернативите со користење на современи WEB технологии.

ЛИТЕРАТУРА

1. Сервини J. (2004). Локална Агенда 21 – водич, Министерство за животна средина и просторно планирање, Скопје.
2. Saaty, T.L. (2008). Decision making with the analytic hierarchy process, Int. J. Services Sciences, Vol. 1, No. 1, pp.83–98.
3. Servini Z., Nedelkovski I. and Servini J. (2011). Development of AHP based models and DSS for strategic planning of local sustainable development. International Symposium on the Analytic Hierarchy Process 2011, Sorento, Italy
4. Simon, H.A. (1977). The New Science of Management Decision, Prentice-Hail, Englewood Cliffs, New Jersey, USA.
5. Sprague, R.H. and Watson, H.J. (1993). Decision Support Systems: Putting Theory into Practice, 3rd Edition, Prentice-Hall, London
6. Turban, E., Aronson, J.E. and Liang, T.P. (2005). Decision Support Systems and Intelligent Systems (Seventh Edition), Pearson prentice Hall, New Jersey.
7. Yoon, K. and Hwang, C.L. (1995). Multiple Attribute Decision Making: An Introduction, Sage Publications, London.
8. Yang & Shi, 2002, Applying Analytic Hierarchy Process in Firm's Overall Performance Evaluation: A Case Study in China. International journal of business, 7(1), 2002 issn:1083-4346 a Department of Management, Georgia College & State University & School of Economics & Management, Northwest University China

332.146.2:005.51]:519.8

Доц. д-р Жанета Сервини, e-mail: hzaneta@yahoo.com
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

М-р Јани Сервини, e-mail: serjani@yahoo.com
СОТУ „Ѓорѓи Наумов" - Битола, Р. Македонија

МОДЕЛ НА СИСТЕМ ЗА ПОДДРШКА НА ОДЛУЧУВАЊЕТО (СПО) СО МУЛТИДИСЦИПЛИНАРЕН ПРИСТАП

Апстракт: Стратешкото планирање на локалната власт е широк процес, кој вклучува донесување на одлуки од страна на повеќе засегнати страни. Во овој труд е развиен модел на групен систем за поддршка на одлучувањето (GDSS) за стратешкото планирање на развојот на општината, кој може да се користи со соодветна софтверска поддршка.

Идентификуван е проблемот на недоволна ефективност и ефикасност на донесувањето на одлуки во спроведувањето на стратешкото планирање (СП) на локалниот одржлив развој (ОР) преку процесот Локална агенда 21 (LA21). Искористен е мулти-критериумскиот модел за донесување одлуки, или поконкретно, AHP методологијата (методологијата на аналитичкиот хиерархиски процес) за развој на моделот. Со примена на AHP методологијата се зголемуваат и ефективноста и ефикасноста на процесот. Ефективноста, бидејќи ќе бидат идентификувани вистинските приоритети, кои ќе го одразуваат мислењето на секој оценувач (експерт и донесувач на одлуки во општината), кој има знаење и моќ, како и ефикасноста, бидејќи сите ресурси се сведени на минимум, а особено времето, потребно за донесување на одлуки.

Клучни зборови: модел на групен систем за поддршка на одлучувањето (ГСПО), стратешко планирање, одржлив развој, Локална Агенда 21 (LA21), AHP методологија

MODEL OF DECISION SUPPORT SYSTEM (DSS) WITH MULTIDISCIPLINARY APPROACH

Abstract: Strategic planning of local government is a broad process, which involves decision making by multiple stakeholders. A model of a group decision support system (GDSS) for strategic planning of municipal development is proposed in this paper. It can be used with the appropriate software support.

The problem of insufficient effectiveness and efficiency of decision making in implementing strategic planning (SP) of local sustainable development (SD) through Local agenda 21 (LA21) process is identified. A multi-criteria decision-making model, specifically, the analytical hierarchy model (AHP) methodology for model development is used. Effectiveness and efficiency are increased by applying AHP methodology. Effectiveness, because a real priority will be identified, which will reflect the opinion of each evaluator, who has the knowledge and power, i.e. expert and decision-maker in municipality, and efficiency, because all resources are reduced to minimum, especially

time, needed for decision making.

Keywords: a model of group decision support systems (GDSS), strategic planning, sustainable development, Local agenda 21 (LA21), AHP methodology

1. ВОВЕД

Географски, Преспанската Котлина е поставена така што северната граница ја има на 41 степен и 25 минути, јужната на 40 степени и 40 минути северна

географска широчина, источната е на 21 степен и 16 минути, а западната на 20 степени 49, минути и 40 секунди источна географска должина. Од источната страна граничи со Пелагониската Котлина, од западната со Охридската Котлина, од северната со Охридската и Демир-Хисарската Котлина и од јужната со Костурската, Билиштанската и Корчанската (Горичката) Котлина.

Котлината има издолжена, неправилна форма во меридијален правец, со облик на круша. Најголемата должина е 60,00 km, а широчината изнесува од 7,00 до 30,00 km. На јужниот дел на котлината, е природната акумулација Преспанско Езеро, со надморска височина при максимално ниво на водата 851,83 метри. При пониско ниво езерото со планината Сува Гора и песочниот превлак „Гладно Поле" (во насока с. Раби-с. Перово) е поделено на Големо и Мало Преспанско Езеро. Површинска врска помеѓу двете езера е Перовска Река, која има максимална должина до 300,00 метри при ниско ниво, а при максимално не постои и се поплавува песочниот превлак. Големото Преспанско Езеро има површина на воденото огледало од 275,2 km^2, а Малото Преспанско Езеро има површина од 50,7 km^2. Вкупната површина на Преспанското Езеро изнесува 325,9 km^2.

Во Големото Преспанско езеро има два острови: Голем град или Св. Петар и Мал град. Островот Голем Град е прогласен за строг природен резерват заради специфичните геоморфолошки карактеристики, карактеристичната флора и фауна и поради своето историско минато. Островот Голем град е долг 750 м, а широк 450 м, со највисок дел 50 м над езерото. Островот Св. Павле е помал - долг е 300 м, а широк 150 м со 25-30 м највисок дел на езерото. На Голем град секоја година се вршат археолошки испитувања, постојат археолошки наоѓалишта од ранохристијанскиот период и базилика од словенскиот период. Островот е ненаселен.

Бистрата езерска вода со температура од 24-28°C, долгите песочни плажи, присуството на многу сончеви денови, немањето магловити денови, свежите ноќи, еколошки чистата средина, планините со бујна вегетација и туристичките капацитети, претставуваат солидна основа за развој на туризмот во Преспа, кој за жал и покрај компаративните предности не е во доволна мера застапен. Една од причините, барем во изминатиот период, беше и недоволно квалитетната вода во езерото, пред се, како резултат на притисоците предизвикани од многубројните елементи кои сериозно влијаат во насока на негово загадување, загрозување и деградација.

ДЕГРАДАЦИСКИ ПОЈАВИ И АКТИВНОСТИ

Во основа, Преспа претставува екосистем од глобална важност, кој во текот на изминатите децении се соочува со бројни предизвици, кои во голема мера го деградираат и го нарушуваат природниот развој и одржливоста на екосистемот.

Само во текот на последниве 15-20 години, на Преспанското Езеро му се случија големи осцилации на езерското ниво, проследено со одлив на огромни количини вода, што целокупниот екосистем го претвори во исклучително ранлив систем, мошне чувствителен на хидролошките услови, како и на користењето на водите.

Дополнително, на појавата на значителен одлив на езерска вода, кој предизвика огромни последици во сите сегменти од опстојувањето на екосистемот на Преспанското езеро и доведе до состојба на вистинска еколошка катастрофа, системот и неговата елементрна одржливост се соочуваат и со бројни

други предизвици, условени од многубројните деградациски елементи, појави и активности.

Графикон 1. Движење на езерското ниво во последните шест децении

Преспа, со површина од околу 715 км2 и со население од речиси 17.000 жители, распоредени во градот Ресен и уште четириесетина рурални населби, произведуа значителни количини отпадни води од домаќинствата. Истовремено, како елементи кои вршат силен притисок врз животната средина и генерално врз екосистемот, се цврстиот отпад од најразличен вид (комунален, индустриски, земјоделски итн.), како и особено присутниот агрохемиски отпад од земјоделските површини предизвикан од бројните земјоделски активности во Преспа.

Покрај отпадните води од домаќинствата кои главно се третираат низ системите за изнесување на отпадните води (фекални, атмосферски, индустриски итн.) со какви што располага градот Ресен и поголем број рурални населби, приклучени на северниот, источниот и западниот крак на колекторскиот систем, притисокот врз животната средина и нејзиното загрозување во значителна мера го врши и цврстиот отпад од најразличен вид, од кој еден добар дел завршуваше во најголемиот преспански воден тек (Голема река) како и во останатите водотеци во Преспа, од кои директно или индиректно водата завршува во главниот воден реципиент, Преспанското Езеро, вршејќи силна деградација врз неговиот екосистем.

Според мерењата направени за потребите на проектот „Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион“, вршени од страна на Општина Ресен и ЈКП „Пролетер“ во периодот од 2013 до 2015 година, вкупните количини на цврст отпад во кои влегуваат сите подвидови (хартија и картони, стакло, пластика, метали, дрво, биоразградлив отпад, отпад од кујни и кантини, градинарски отпад, земја и камења, мешан комунален отпад, отпад од пазари итн.) се движат од 7.794 тони во 2013, 9.074 во 2014 до 9.915 тони во 2015 година вкупно произведена количина отпад. Од нив во 2013 година третирани (депонирани) се 4.658 тони, во 2014 – 6.765 и во 2015 година 7.690 тони. Очигледна е разиката помеѓу количините на создаден (произведен)

и изнесен (третиран, депониран) цврст отпад на годишно ниво. Тие количини главно завршуваа во водотеците во Преспа, а оттаму индиректно во водите на Преспанското Езеро. Таму завршуваше и индустрискиот вид отпад, но особено деградирачки делуваше отпадот од земјоделските активности (скапаните јаболка, отпадот од пакувањата на заштитните препарати-пестицидите, вештачките ѓубрива и сл.), како и агрохемискиот отпад од земјоделските активности (третирање на овошките, ѓубрењето итн.) кој преку системот на подземни води се слева во водните текови и во езерото.

	2013	2013	2014	2014	2015	2015
Вкупно комунален отпад	7.794	4.658	9.074	6.765	9.915	7.690
	Создаден	депониран	создаден	депониран	создаден	Депониран

Табела 1. Количини на создаден и депониран комунален отпад во периодот 2013-2015

Преспанскиот регион е најголем производител на јаболка во Република Македонија и во поширокиот регион. Годишното производство се движи од 100.000 до 150.000 тони јаболка. Меѓутоа, активностите врзани за ваквиот вид производство од своја страна создаваат и сериозни проблеми во насока на загрозувањето на животната средина. На годишно ниво, во Преспа се создаваат помеѓу 20.000 и 30.000 тони скапани јаболка, од кои најголем дел завршуваа на дивите депонии или директно во водотеците, што создаваше силен притисок врз одржливоста на екосистемот на Преспанското езеро, од причини што таквиот вид отпад завршуваше токму таму. Истовремено, ваков притисок во голема мера вршеше и неконтролираното расфрлање на отпадот од пакувањата од пестицидите и другите токсични средства за заштита на овошките, кои исто така се расфрлаа насекаде, па дури и директно во водотеците. Заедно со останатите загадувачи и драстичното повлекување на езерското ниво, притисокот врз екосистемот на Преспанското Езеро предизвикан на ваков начин, придонесе, во одреден временски период, водата во езерото да се загади со присуство на деградирачки материи до ниво на постоење опасност од загрозување на опстанокот на самото езеро и доведување во прашање на неговата елементарна одржливост. Од тие причини, кога состојбата стана алармантна, од страна на Општина Ресен, а со финансиска поддршка на швајцарската агенција за соработка и развој-SDC и канцеларијата на UNDP во Република Македонија, беше изготвена проектна документација и потоа реализиран мега-проектот за заштита на Преспанското езеро, опфаќајќи серија долгорочни крупни мерки и активности во функција на спречување, намалување и ублажување на сите деградациски елементи и појави, а со цел заштита на езерото и негово доведување во состојба на одржливост и ставање во функција на развојот на туризмот.

АКТИВНИ ЕКОЛОШКИ МЕРКИ И АКТИВНОСТИ

Состојбите кои го доведоа Преспанското Езеро до ниво на нарушен еколошки статус, неодминливо бараа еден силно изразен интегрален пристап во насока на обновување на езерскиот екосистем. Стручно и професионално изработената

Програма имаше свој еволутивен напредок и строго контролирана динамика на реализацијата. Така, периодот од 2004-та до 2012-та година, беше период во кој се вршеа неопходните планирања, истражувања, реализација на бројни пилот-проекти, како и јакнење на капацитетите, со цел успешна реализација на Програмата во наредниот период. Во овој период се изработени бројни студии, стратегии, планови, програми и друг тип техничка документација.

По успешно спроведените активности од првата проектна фаза, почнувајќи некаде од 2013-та година, реализацијата на проектот влезе во фаза на крупни инвестициски зафати. Во овој период се реализирани бројни паралелни инвестиции во земјоделството, шумарството, рибарството, управувањето со отпадните води и цврстиот отпад, обновувањето на реките, контролата на индустриското загадување и сл. Истовремено, мобилизирано е населението и формирани се партнерства со сите засегнати страни, како резултат на што, значително се намалени притисоците врз водните екосистеми.

Програма е заснована на Планот за управување со сливот на Преспанското Езеро со цел да ги намали притисоците од: земјоделството, ерозивните површини, загадените притоки, отпадните води, цврстиот отпад итн. Во делот на зајакнувањето на капацитетите, спроведена е нова организациско-институционална поставеност во Општина Ресен, со формирање на Сектор за животна средина со одделенија за води и справување со отпад, а напоредно со тоа е воведен и редовен мониторинг.

АНАЛИЗА НА ПОСТИГНАТИТЕ РЕЗУЛТАТИ

Во делот на мерките и активностите реализирани во областа на земјоделството и шумарството, постигнати се значителни резултати на планот на намалувањето на притисоците од земјоделските површини и од севкупните активности поврзани за процесот на зејоделско производство. Во тој контекст, изградена е и ставена во функција Агрохемиска лабораторија со софистициран систем за испитување на квалитетот на почвата и присуството/отсуството на различни елементи во неа. Испитувањата кои за потребите на земјоделските производители се вршат во лабораторијата покажуваат кои микро и макро елементи недостигаат во почвата и со тоа ѓубрењето на овоштарниците стана максимално рационално, избегнувајќи го неконтролираното ѓубрење кое беше појава порано. Со ова, денес во значителна мера се намалени количините вештачки ѓубрива кои се користат во процесот на производството, а со тоа и притисокот врз животната средина од тој аспект се доведени во поднослива состојба. Со изградбата на седумте Агрометеоролошки станици во Преспа (регионално распоредени), а особено со воведувањето на системот за sms-дојави до производителите во врска со следењето на развојот на болести, штетници и зарази кај овошките, исто така се постигнаа значителни резултати. Придобивката од овој процес е евидентна, бидејќи со тоа се постигна максимална рационалност во бројот и периодите за третирање на овошките и се избегна неконтролираното прскање, со што и бројот на третирања на ниво на цела Преспа, а со тоа и интензитетот на загадувањето, значително се намалија.

Исто така, подигнат е и Опитно-демонстративен насад, со примена на сите најсовремени агро-еколошки мерки, кој послужи како позитивен пример за многу овоштари во Преспа кои изминативе години целосно се преструктуираа кон примена на овие мерки и начини на производство. Во моментов, над 200 хектари обработливо земјиште веќе се засадени со т.н. „интензивни насади“ кои се високоприносни, но и бараат употреба на многу помали количини, како заштитни

препарати, така и ѓубрива. Истовремено, Општина Ресен, во соработка со SDC и UNDP организира бројни обуки за земјоделците, со цел едуцирање во делот на примената на современите агро-еколошки мерки во производството, а со цел истите дополнително да ги стимулира, секоја година доделува и вредни грантови за најуспешните овоштари.

Во делот на шумарството, се врши редовна контрола на ерозијата, преку подигање расадници и пошумувања на површини кои се загрозени од ерозивните процеси.

Во контекст на мерките и активностите поврзани со справувањето со цврстиот отпад, во изминатиот период е работено интензивно, особено во делот на зајакнувањето на капацитетите на ЈКП „Пролетер" на кое една од основните дејности е токму тоа. Набавени се неколку возила и работни машини за изнесување и депонирање на цврстиот отпад од најразлични категории и потекло (отпад од домаќинствата, индустриски отпад итн.), а во функција е ставена и механизација за селектирање и рециклирање на најразлични видови отпад (пластичен отпад, хартија и картони, метален отпад и сл.), со што силно се потенцира примената на селекција и рециклажа на отпадот, што понатаму се насочува и во комерцијални цели.

Сепак, најголемиот чекор во справувањето со цврстиот отпад е направен со изградбата и ставањето во функција на капацитетот за производство на органско ѓубриво-Компостарата. Главни суровини во процесот на производството на компостот се скапаните јаболка, кокошкиниот отпад, пилевината, трската итн. Во Преспа на годишно ниво се собираат помеѓу 20.000 и 30.000 тони скапано и неупотребливо јаболко, количини кои пред тоа завршуваа или на дивите депонии, или во водотеците. Кокошкиниот отпад од Живинарската фарма во Ресен, во најголем дел завршување или на диви депонии, или во водотеците или пак неконтролирано се расфрлаше по овоштарниците. Сличен беше случајот и со пилевината од дрвно-преработувачките капацитети во Преспа. Денес, најголем дел од овој вид отпад со добро менаџирање од страна на ЈКП „Пролетер" кое стопанисува со Компостарата се дотура таму, каде служи како основна суровина за производство на органско ѓубриво-компост, кое понатаму се продава на земјоделците и на земјоделските стопанства и сето тоа веќе функционира на комерцијална основа. Значи, оние отпадни елементи кои вршеа огромен притисок врз екосистемот на Преспанското Езеро, денес се користат како суровинска база во процесот на производство на компост.

Во областа на изнесувањето и справувањето со комуналните отпадни фекални води, во изминатиов неколкугодишен период изградени се неколку системи за изнесување на фекалните води во селата Горна и Долна Бела Црква, во Дрмени како и во Наколец, каде е изградена и ставена во функција и пречистителна станица. Со изградбата на овие системи, во значителна мера е намален притисокот од фекалните отпадни води, кои директно се влеваа во водите на Преспанското Езеро. Истовремено, во насока на претходно споменатото, извршено е проширување на постојните системи за фекални води во градот и во неколку рурални населби.

Со цел дополнително прочистување на значително прочистената вода која излегува од колекторскиот систем и низ Долно-езеренското поле се движи кон својот влив во Преспанското Езеро, во моментов се одвиваат градежно-изведбени работи за реставрација на блатниот систем, каде по пат на поплавување и

задржување на водата извесен период, ќе се овозможи процес на допречистување и ослободување на преостанатите количини фосфор низ пределот под трска во тој дел на Преспа, што претставува еден од најзначајните проектни зафати на тој план.

Едно од четирите заштитени подрачја колку што ги има на преспанската територија и по што Преспа е единствена во поширокі рамки е Паркот на природата Езерани, своевиден природен резерват, во кој живеат над 150 ендемски видови птици. Деградациоиите процеси во паркот се одвиваат во повеќе насоки, од кои најизразени се дивата и неконтролирана експлоатација на песок од крајезерскиот брег, неконтролираната сеча на шумскиот појас кој се протега паралелно со брегот, неконтролираниот улов на риба итн. Со цел да се спречат ваквите загрозувачки процеси, во рамките на општинските служби формирана е ренџерска служба, набавено е теренско возило и воспоставен е редовен мониторинг на паркот, со што за кус временски период драстично е намален обемот на споменатите деградациони појави, што овозможува одржливост на севкупниот биодиверзитет во резерватот.

Напоредно со веќе споменатите крупни инвестициски зафати, во текот на изминатиот период, а како дел од мега-проектот за заштита на Преспанското Езеро, во Преспа се реализирани и други проектни зафати, во вид на мали инфраструктурни проекти главно од областа на наводнувањето, комуналната сфера и водоснабдувањето; изградба на енергетски ефикасни објекти; изградба на десетина детски забавни паркови во градот и во руралните населби на места каде пред тоа постоеја диви депонии итн.

Реализацијата на целиот проект не би била целосно заокружена без обезбедување соодветен мониторинг, со цел да се следат состојбите и да се регистрираат постигнатите резултати. Во тој контекст, во село Стење е изграден и ставен во функција Мониторинг центар, во чии рамки функционираат: еко-брод со платформа и пристаниште и со најсовремена апаратура во делот на испитувањето на езерските води и современа лабораторија со најсофистицирана опрема за следење и контрола на квалитетот на водата во Преспанското Езеро. Во лабораторијата работат стручни лица со определена динамика во процесот на следењето и контролата на езерската вода.

Радува фактот што испитувањата кои се вршат во временски период од речиси три години покажуваат драстично подобрување на квалитетот на водата во Преспанското Езеро, за разлика од периодот пред да биде имплементирана серијата мерки и активности насочени кон заштита на екосистемот на езерото. Ова од своја страна целосно ги оправдува повеќегодишните инвестициони вложувања и целиот проект го издигнува на едно исклучително високо стручно и одржливо ниво.



Графикон 2. Мониторингот покажува значителни резултати во подобрувањето на квалитетот на езерската вода

ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА

Истражувањата направени во врска со реализацијата на Проектот за заштита на Преспанското Езеро доведуваат до одреден сублимат од заклучни согледувања. Тие недвосмислено укажуваат на следното:

- Проектот претставува еден од најнапредните модели за интегрално управување со водните ресурси во регионот;
- Постигнато е значително намалување на притисоците од различни извори на загадување;
- Добивките за локалната заедница и главните сектори (туризам, земјоделство, рибарство, здравствена заштита, водоснабдување...) се големи;
- Потребно е сеопфатно проучување на причините за промените на состојбата во животната средина (мониторинг и истражувања);
- Инвестирањето во планирањето се исплаќа на долг рок, но потребни се одредени пилот-проекти за да се одржува посветеноста на засегнатите страни;
- Проектите се онолку успешни, колку што ќе се обезбеди нивна одржливост од страна на нивните корисници;
- Улогата на локалната самоуправа е огромна во ефикасната реализација на активностите и одржливоста на резултатите;
- Со постепено јакнење на капацитетите, се отвораат можности за повеќе и поголеми инвестиции;
- Кофинансирањето засновано на препораките на планската документација ги издигнува резултатите на многу повисоко ниво;
- Потребно е континуирано да се инвестира во развојот на човечките ресурси, за да се одговори на предизвиците на управувањето со водите и животната средина.

РАБОТНА БИБЛИОГРАФИЈА

1. Проект за заштита на Преспанското Езеро, Ресен, 2004
2. Проект Подготовка на потребни документи за воспоставување на интегриран и финансиски самоодржлив систем за управување со отпад во Пелагониски, Југозападен, Вардарски и Скопски регион, Скопје, 2013-2015
3. Restoration the Prespa Lake Ekosystem, UNDP/GEF, 2012
4. Phosphates Surface Concentration, UNDP/GEF, 2014-2015
5. Fich Accemblage Per Species at F3-Konjsko, 2015
6. Surface Concentratiot of Chlorophyll a Vs Transparenty SP1, 2014-2015
7. https://mk.wikipedia.org/wiki

628.47

Мартин Савевски, e-mail: martin.savevski@msu.edu.mk
МСУ „Г. Р. Державин" Свети Николе-Битола, Р. Македонија

Бојан Михајловски, e-mail: bojan.mihajlovski@uklo.edu.mk
Универзитет Св.Климент Охридски – Битола, Р. Македонија

НОВ ПРИСТАП ЗА ОТСТРАНУВАЊЕ НА ОТПАДОТ И ФУТУРИСТИЧКА ГАРБОЛОГИЈА

Апстракт: Во овој труд се опишани некои футуристички погледи околу справувањето со отпадот, кој од ден на ден се зголемува и претставува сериозен загадувач на животната средина, а депониите веќе зафаќаат голем дел од обработливото земјиште, кое наместо да биде искористено за потребите на човекот, животните и растителниот свет, покриено е со огромни купови на отпад. Меѓутоа таквиот отпад има и други негативни последици кон животната средина, посебно за време на дожд и снег, кога штетните материи се измиваат од купот со отпад и завршуваат во почвата под отпадот, а со тоа и во подземните води кои се искористуваат од живиот свет. Во трудот се понудени некои идеи за трајно справување со отпадот во иднина со што во голема мера би се заштитила животната средина, а притоа би се отвориле и нови работни места.

Клучни зборови: Отпад, животна средина, околина, здравје, рециклирање, депонирање

A NEW APPROACH FOR WASTE DISPOSAL AND FUTURISTIC WASTE DISPOSAL SCIENCE

Abstract: This scientific paper describes some futuristic views on waste management, which day by day increases and represent a serious pollutant of the environment, where the landfills already occupy a large part of the farmland, which instead of being used for the needs of people, animals and plant life, it is covered with huge piles of waste. However, that kind of waste has other negative consequences to the environment, especially by time of rain and snow, when the toxic substances are washed from the piles of waste and end up in the soil under the waste, after that in the underground water which is consequently used by the wildlife. This scientific paper offers some ideas for permanent managing of the waste in future, from which in huge part the environment would be protected, and by the way, that would open some new working positions.

Key words: Waste, environment, surroundings, health, recycling, landfill

Потребни се методи за отстранување отпад коишто ќе овозможат на човечката раса да живее на оваа планета во хармонија со природата, зачувувајќи ги нашите ресурси и живеалишта и оставајќи наследство за нашите деца и внуци што нема да им ги ускратува можностите. Тие промени нема да дојдат лесно, тие ќе бараат објасненија и предвидувања. Постојат три генерални принципи за одржлив развој. Овие генерални принципи можат да се применат за создавање практични инструкции – прво, за надминување на недостатоците на постојните

депонии и второ, да се најдат други, иновативни методи за отстранување отпад кои ќе бидат во согласност со одржливиот развој.

ПРИНЦИПОТ ЗА ЗДРАВЈЕ И ОКОЛИНА

Човечкото здравје и околината мора да се заштитуваат, и сега и во иднина. Овој принцип е основен и поставува ограничувања на лоцирањето и дизајнирањето на објектот за отпад и на формата на отпадот. Овој принцип може да се задоволи на два начина: со намалување на токсичноста на отпадот за тој да претставува минимален ризик или со задржување на отпадот за тој да не може да избега и да предизвика штета. Во некои случаеви, вториот метод вклучува контрола на протекувањето со стапка со која околината може да го прими протекувањето, без долготрајно деградирање.

ПРИНЦИПОТ НА ИДНИТЕ ГЕНЕРАЦИИ

Обврска за секој е да се најде решение за справување со отпадот за на идните генерации да не се остави товар и да се лишат од можности што ги имаат сегашните генерации. Постојат два начини со кои може да се спречат првото и третото влијание. Прво, волуменот и токсичноста на отпадот може да се намали за тој да не претставува ризик. Алтернативно, отпадот може да се заробува и да се изолира од деградирачките сили за да не му биде потребно одржување и да се осигура дека отпадот во иднина нема да избега.

ПРИНЦИП НА ЗАЧУВУВАЊЕ

Необновливите ресурси мора да се чуваат. Иако овој принцип изгледа едноставен, неговото применување доведува до голем број важни упатства. Со отстранувањето на отпадот се влијае врз три ресурси:

» земјиштето кое се употребува за развој на депонија;
» загадување на водата од протекувањето на флуидите;
» ресурсите се поврзуваат со самиот отпад.

Кои се недостатоците на депониите:

» Многу постари депонии, кои главно, се конструирани без брани во областите селектирани за погодноста на употребувачите, истекуваат во водните системи.
» Поновите депонии, кои вклучуваат модерни инженерски бариери, на крајот сепак ќе протечат, веројатно 50 или 100 години по нивното затворање.
» Депониите испуштаат гасови кои предизвикуваат локални и глобални еколошки проблеми.
» Депониите содржат вредни ресурси, како хартија, метали и пластики, кои треба да се обноват за рециклирање и повторна употреба, како и необновливи материјали коишто може да бидат согорувани во печки за да создадат енергија. Затоа депониите се ресурс.
» Многу депонии не го собираат депонискиот гас – трошење многу вреден енергетски ресурс.
» Депониите, особено модерните, се наддаваат над околното земјиште и се изложени на корозија. Затоа ќе им биде потребен надзор и продолжително одржување во вековите што доаѓаат.
» Депониите зафаќаат големи површини земја која може да биде подобро

искористена од страна на општеството.

Сумирано депониите генерално даваат само краткотрајна безбедност. Доколку се разгледуваат на долги патеки, тие ги кршат сите три основни принципи потребни за постигнување одржлив развој.

Иако компјутерите доминираат во сите аспекти на животот, особено образованието и забавата, општеството сепак, сè уште произведува реален, а не виртуелен отпад. Се смета дека оставањето на овој отпад на депониите претставува ризик за природата. Програмите на владите се веќе воспоставени и со нив предвидено е систематски да се ископаат старите депонии и да се обноват елиминирајќи го ризикот од загадување на водата и дозволувајќи земјата да биде употребена за други потреби. Овие проекти извлекуваат корисни работи, како метали и стакло, а остатокот генерално се согорува. Голем број депонии почнале да ја возобновуваат хартијата, употребувајќи нова технологија која ја раздвојува хартијата од целулозата, продукти од мешаниот отпад. Јавноста е задлабочена во археолошките аспекти на овие програми за минирање на депониите и често се забавува со фасцинирачки погледи на животите на нивните предци. Луѓето особено во денешно време се интересираат за работите што биле отфрлени во минатото и кои со години се наоѓаат на депониите. Собирањето на гасот од депониите станало задолжително и сите останати депонии, главно постарите, имаат системи за собирање гас. Иако примарната цел е спречување на гасовите да го загадуваат воздухот, гасот, исто така, снабдува вредна енергија. Повеќето од објектите создаваат електрицитет, а дел од нив го продаваат директно на блиските индустриски или комерцијални корисници, кои ги употребуваат нивните бојлери на гас. Се пресметува дека депониите во Северна Америка придонесуваат повеќе од 5000 мегавати енергија, заштедувајќи значителна сума фосилно гориво и испуштање на гасот во атмосферата.

Со слични количини отпад, сега е лесно да се транспортира отпадот на големи далечини. Како последица, депониските локации се регионални, служејќи им на многу градови, а не на индивидуалните општини како во минатото и денес во некои помалку развиени земји. Има помалку депонии отколку во било кој момент во минатиот век. Доставата на отпадот преку железничкиот сообраќај станува рутина и депониите имаат специјална опрема за истоварање на железничките возила и пренос на отпадот до отворените ќелии.

Многу региони се завртени кон закопување на отпадот длабоко под земјата. Тоа било благодат за областите, како за САД, каде што земјишниот простор е во недостиг. Отпадот се прима преку површински трансферни станици и се носи преку транспортери до отворите за отпад, каде што се исфрла во големи јами, околу 150 метри под површината на земјата. Минирачката машинерија преместува, поставува и го гмечи отпадот. Штом ќе се наполнат јамите, предвидено е отворите да се затворат со бетон.

Карпестиот агрегат кој се создава со минирање на подземните јами, може да се употребува при градба на патишта и други цивилни инжинерски проекти. Создавањето на цементот, агрегатите и другите профитабилни бизниси, само придонело за оптоварениот индустриски парк што е ситуиран над овие депонии. Цементот и агрегатот, исто така, се употребуваат за заробување на некој отпад, особено пепелта од печките за согорување отпад, во долготрајни форми, што личат на карпи, пред нивното поставување под земја. Покрај тоа, истражувањата резултирале со нови употреби на пепелта од печките за отпад, вклучувајќи

изградба на патишта, бетонски пристаништа и други морски структури. Иако многу помалку отпад завршува на депониите, создавањето енергија од метанот не се намалило значително поради ефикасноста со која гасот може да се собира во потповршинските објекти. Големиот бенефит од заминување во вселената, сепак е безбедноста. Повеќе би немало поплаки за загадување на водите или за лоши миризби поврзани со депониите.

Неколкуте останати надземни депонии, најчесто постарите, би функционирале како биореактори. Се прави секаков можен напор да се промовира брзото, анаеробично разложување на отпадот. Значителни истражувања на биосферата на анаеробичната сварливост биле извршени во минатата декада и тоа довело до големи напредоци во науката и проектирањето на депониите. Сега е возможно да се елиминираат органските соединенија за помалку од 20 години, зголемувајќи го производството на метан за време на тој период. Флуидот се собира и никаква негова количина не завршува во канализација. Двојните или тројните брани би биле стандардни за спречување на протекувања и пропустливите или полупропустливите покривки би се употребувале за контрола на влезот на вода во депонијата за време на овој период. Штом биореакторот ефективно ја зготвил органската содржина, пропустливите покривки ќе можат да се заменат со херметички затворени покривки, флуидот би се испумпувал и депонијата би останала во сува, закопана состојба, чекајќи ред да биде минирана.

Со елиминирањето на депониите, објектите за рециклирање на материјалот би станале главна потпора на системот за справување со отпадот. Целиот отпад првенствено би одел до објектите за рециклирање на материјалот, каде што рециклирачките материјали се одвојуваат и се пакуваат за продажба. Би постоеле машини за експресно раздвојување на различни видови рециклирачки материјали. Една машина би ги разделувала различните видови пластики со технологија на бар – кодови за читање на пластичните симболи. Друга машина би го одвојувала стаклото по големина и по боја. Се би било механизирано и остатокот би бил многу мал. Финалните продукти би се балирале и би се пакувале како што излегуваат од сортирачките ленти, во иста големина и спецификација каква што им е потребна на потрошувачите.

Обработувањето на рециклирачки материјали би станало растечка индустрија. Најпаметните и најкреативните мажи и жени би избирале кариери во развивање нови рециклирачки техники и дизајнирање нови продукти од рециклираните материјали.

Интересен развој би имале индустриските паркови кои би биле раширени околу големите објекти за справување со отпадот. Десетина мали индустрии би се поврзале со рециклирачките центри и со проектите за минирање на депониите, во симбиотичка врска која би ја продолжила етиката на зачувување. Овие компании би биле многу иновативни и претприемнички во возобновување, освежување и одново продавање на секој вид зачуван материјал, вклучувајќи делови од автомобили, бела техника, како фрижидери и печки, метал, мали направи и електроники. Малите произведувачки индустрии би произведувале најразлични продукти, употребувајќи рециклирани материјали за намалување на нивната цена и давајќи им натпреварувачки дух.

Овие „улични“ индустрии, во заедништво со многу детални рециклирачки програми и со согорувањето, би правеле мала количина отпад кој би завршил на депониите. Создавањето на енергија, или со согорувањето на метан или при

процесот на согорување на отпадот, исто така би имало придонесувачки фактор за развојот на овие индустриски паркови. Би имало работни места на електраните и евтината енергија би привлекла индустрии кои можат да употребуваат само депониски гас за нивниот процес.

Охрабрувачки би делувал фактот дека отпадот од валкан, миризилив и несакан бизнис би се поврзал со индустријата и дека би придонело за нови работни места и за почиста животна средина.

КОНСУЛТИРАНА ЛИТЕРАТУРА

1. Бауд, И.(2014),Управување со цврст отпад и рециклирање, Kluwer, Холандија
2. Тамемаги, Х.(2009),Криза со отпадот, Oxford University, UK
3. Бедфорд, Д.Ј.(2005),Справување со отпад, Smart Apple Media, UK

632.088.7

Ю.В. Алтабаева
ТГУ им. Г.Р.Державина – Тамбов

ОЦЕНКА ПРИМЕНИМОСТИ МЕМБРАННЫХ НОСИТЕЛЕЙ В КАЧЕСТВЕ СРЕДСТВА ПРОБООТБОРА И ТРАНСПОРТИРОВКИ БИОМАТЕРИАЛА РАСТЕНИЙ ДЛЯ ДНК-ДИАГНОСТИКИ ФИТОПАТОЛОГИЙ

Аннотация: В статье приведены данные о исследование применимости мембранных носителей к биоматериалу растений.

Ключевые слова: мембранный носитель, ДНК, фитопатологии, ПЦР

THE EVALUATION OF MEMBRANE MARKERS AS SOURCES FOR SELECTION AND TRANSPORT OF PLANTS BIOMATERIALS FOR DNA- ANALYSIS OF PHYTOPATHOLOGIES

Abstract: The article presents data on theresearch to apply the technology of membrane markersto biomaterial of plants

Keywords: membrane markers,DNA,Phytopathology,PCR

Ежегодные потери урожая в мире оцениваются в 75 млрд. долл. Это эквивалентно 35% потенциально возможного сбора урожая. Указанная цифра потерь-складывается из потерь от вредителей сельского хозяйства — 30 млрд. долл., от болезней растений — 25 млрд. долл. и от действия сорняков — 20 млрд. долл.В нашей стране потенциальные потери урожая от вредителей, болезней и сорняков составляют 26 % валовой продукции земледелия и оцениваются в 16 млрд руб. [1].

Для уменьшения потерь урожая обширно используют различные фитосанитарные препараты. Фитосанитария – применение на практике мероприятий, разработанных наукой и направленных на защиту от рисков, возникающих в связи с проникновением, закреплением или распространением вредных для растений и продукции растительного происхождения организмов и на оздоровление окружающей среды[2].

В настоящее время, в связи с ростом числа заболеваний, связанных с неблагоприятным состоянием окружающей среды, проблема качества пищевой продукции выдвигается на передний план. При этим значительный вклад в ухудшение экологической обстановки вносит сельскохозяйственная отрасль, в частности, в связи с массовым, непродуманным использованием токсичных фитосанитарных препаратов, например, пестицидов.

Пестициды — это химические вещества, используемые в сельском хозяйстве для защиты сельскохозяйственных культур от насекомых, грибков, сорняков и других вредителей.

Но пестициды являются токсичными и для людей. Они могут приводить к неблагоприятным последствиям для здоровья, таким как рак, последствия для репродукции, иммунной или нервной системы. Перед тем как санкционировать

использование пестицидов их необходимо протестировать на все возможные последствия для здоровья[3].

Защита растений и в сельском, и в лесном хозяйстве всегда была и остается особой сферой деятельности, отличающейся многообразием и сложностью регулирования.

Сегодня, существуют различные методы диагностики, позволяющие снизить использованиетоксичных фитосанитарных препаратов. Наиболее современными и точным являются молекулярные методы диагностики, в частности, метод ПЦР, обладающий высокой степенью чувствительности, а также выступающий как экспресс-метод. Ему свойственно высокая технологичность и надежность, возможность количественного определения патогенных микроорганизмов в исследуемом материале.

Полимеразная цепная реакция - экспериментальный метод, позволяющий добиться значительного увеличения малых концентраций определённых фрагментов нуклеиновой кислоты (ДНК) в биологическом материале (пробе).

Это изящный метод, имитирующий естественную репликацию ДНК и позволяющий обнаружить единственную специфическую молекулу ДНК в присутствии миллионов других молекул. Открытие метода полимеразной цепной реакции стало одним из наиболее выдающихся событий в области молекулярной биологии за последние десятилетия[4].

Главным направлением развития рынка ДНК-диагностики является диагностика инфекционных заболеваний. В отличие от иммуноферментного анализа (ИФА), который широко используется в этой области, ДНК-диагностика позволяет определять непосредственно возбудителя заболевания. С помощью усовершенствованных схем постановки ПЦР можно выявлять патогенные микроорганизмы в очень низкой концентрации [5].

Но, следует отметить, что данный способ является довольно дорогостоящим и трудоемким.

В настоящее время на рынке присутствуют решения для сухого хранения и транспортировки биоматериала человека и животного. Однако для задач фитосанитарии подобных продуктов не предлагается,что существенно усложняет ПЦР-диагностику фитопатологий

Решением может являться использование мембранных носителей в качестве средства пробоотбора и транспортировки проб. Мембранный носитель может хранить на себе биоматериал в течении нескольких лет. Данный способ позволяет избежать многоступенчатого процесса извлечения и очистки биоматериала. Носитель уже пропитан химическими реагентами, которые разлагают клеточный материал, фиксируя и сохраняя ДНК и РНК в пределах матрицы волокна.

Кроме того, мало отправить исследуемый материал на ПЦР- диагностику, необходимо получить инструкцию, что дальше делать с ее результатами: Как их преобразовать в стратегию защиты растений? Всё это доступно для узкого круга фитопатологов.

Метод использования мембранных носителей в качестве средств пробоотбора и транспортировки проб имеет ряд преимуществ по сравнению с традиционным отбором:

- Простота отбора пробы
- Минимальное количество образца
- Длительное хранение образца

Мембранный носитель можно использовать для пробоподготовки в «полевых» условиях и доставлять образцы в лабораторию без использования холодовой цепи .

Таким образом,предложен новый формат для применимости мембранного носителя для пробоподготовки, транспортировки , хранения и анализа сухих растительных образцов.

Методам ПЦР тестировали образцы томата и картофеля в нативном виде, а также образцы томата и картофеля с применимостью мембранного носителя производителя «Иммуновед» (ООО«Иммуновед», Россия,г. Москва). В обоих методах результаты анализа с использованием мембранного носителя полностью совпали с результатами, полученными с использование нативного материала.

Проведение анализа на обнаружение и идентификации ДНК растений исследуемых образцов «томат» и картофель», проводился с помощью метода ПЦР в режиме Real-Time. В его основе лежит принцип флуоресцентной детекции продуктов ПЦР непосредственно в ходе амплификации. Детекция продуктов амплификации проводится прямо в реакционной среде через стенки или крышку закрытой пробирки, что позволяет избежать контаминации и таким образом резко уменьшить число ложноположительных результатов [4].

Основными перспективами развития классического метода ПЦР, в первую очередь, ПЦР с детекцией в режиме «реального времени» являются:

Технологические аспекты

- Автоматизация
- «Пакетные» исследования
- Мультиплексность
- Создание комплексного лабораторного пространства
- Интеграция в информационные системы
- Высокая производительность и снижение себестоимости единичных параметров при пакетных исследованиях

Современное развитие ПЦР в направлении полной автоматизации процесса позволяет максимально оптимизировать условия работы лаборатории, увеличить ее пропускную способность и повысить качество проводимых исследований

На каждый образец (картофель ,томат) делалось три постановки.

1. Биоматериал в нативном виде, поставлена реакция.
2. Биоматериал нанесен на полоску, высушен 1 час при комнатной температуре, осуществлен смыв биоматериала с полоски, поставлена реакция.
3. Биоматериал нанесен на полоску, высушен 1 час при комнатной температуре, помещен в термостат на 4 дня при температуре +42 С, осуществлен смыв с полоски, поставлена реакция.

Для получения образцов биоматериала конец мембранной полоски, входящей в состав карточки для отбора образцов «Иммуновед» погружался на глубину 2–3 мм в образец биоматериала (картофель, томат) под наклоном около 45° и выдерживают до полного смачивания полоски.

ПЦР в режиме реального времени проводили с помощью амплификатораA-BIStepOnePlus (AppliedBiosystems, США) с удобным и функциональным интерфейсом и оптическим блоком, позволяющий детектировать флуоресценцию внутри реакционной пробирки в ходе реакции.

В качестве интеркалирующего красителя использовался SYBR Green.

Особенностью красителя является его способность образовывать комплекс

только с двухцепочечной молекулой ДНК, которая существует в процессе полимеразной цепной реакции только на стадии отжига (праймер-матрица ДНК) и элонгации.

Для проведения ПЦР-реакции использовали набор реагентов «ДНК-Экстран» для выделения геномной ДНК (Синтол, Россия)

С помощью наборов для выделения геномной ДНК серии «ДНК-Экстран» можно выделить ДНК из разнообразного биологического материала: крови, культур бактериальных и животных клеток, свежих, замороженных или высушенных тканей животных и растений[6].

На основании проведенных экспериментов можно констатировать, что растительное ДНК в тестируемых мембранных носителяхносителях сохраняется, как в течение 1 часа, так и в течение четырех суток. Что говорит о принципиальной возможности использование их для хранения растительного материала с целью выявления ДНК различных агентов методом ПЦР.

Исследование выполнено при поддержке Фонда содействия развития малых форм предприятий в научно-технической сфере «УМНИК» договор № 0033620

ИСПОЛЬЗУЕМЫЕ ИСТОЧНИКИ

1. http://ru-ecology.info/term/9058/
2. http://vestnik.iczr.ru/supplement/pdf/s10.pdf
3. http://www.who.int/features/qa/87/ru/
4. http://www.ibmc.msk.ru/content/Education/w-o_pass/MMoB/10.pdf
5. http://www.dna-technology.ru/files/images/metodichki/OsnoviPCR.pdf
6. http://www.syntol.ru/catalog/nabory-reagentov-dlya-vydeleniya-dnk-i-rnk/nabory-reagentov-dnk-ekstran-dlya-vydeleniya-genomnoy-dnk-.html